Филозофски Факултет
Скопје
Бр. К III 7078

ФИЛОЗОФСКО - ИСТОРИСКИ
ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ
КАТЕДРА ЗА ИСТОРИЈА

# ЕГЗАРХИЈАТА И МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНООСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ (1893 - 1908) ГОДИНА

МАЈ 1975 ГОДИНА

ПОДГОТВИЛ :
АЛЕКСАНДАР ТРАЈАНОВСКИ

K III 708

# ЕГЗАРХИЈАТА И МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО ОСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ
(1893-1908)

(Магистерски труд на Александар Трајановски )

Скопје, 11.XII.1974 год.

# У В О Д

Проблематиката што ја обработуваме во магистерскиот труд: Егзархијата и Македонското националноослободително движење 1893-1908 година е мошне значајна етапа во историјата на македонскиот народ. За да можеме да одговориме на проблемската поставеност на темата што ја третираме, беше потребно паралелно да ги следиме двете основни компоненти во трудов: Егзархијата и македонското ослободително дело, секогаш антагонистички расположени една спрема друга. Во таа смисла најпрво се позабавивме со прашањето за основање и организацијата на бугарската национална црква - Егзархијата, нејзиното еволуирање и проширувањ на територијата туку речи во цела Македонија. Потоа мошне доста простор во темава ѝ посветивме на нејзината црковно-просветна, а поред сѐ на нејзината национално -политичка програма во Македонија и на нејзината основна интенција преку својата еволуциона дејност да создава Бугари од Македонците, а Македонија поползека да ја култивира како бугарска земја. Со тоа неминовно моравме да ја истакнеме констатацијата дека Егзархијата претставувала орудие и експонент на големобугарската буржоазија,за реализирање сонот на Сан Стефанска или Голема Бугарија.

Втората битна компонента во темава,врз која неприменно моравме да се задржиме, беше нашето следење на отпорот против егзархиската асимилаторска дејност во Македонија од страна на македонските маси. Во таа смисла ги регистриравме многубројните антиегзархиски движења и борби од страна на македонските црковно-училишни општини, македонското граѓанство,еснафство

а пред сè од страна на македонската интелигенција вклучена во редовите на ТМОРО како и на другите претставници на македонското националноослободително движење.

Од методолошка гледна точка трудов го поделивме на три основни дела, меѓусебно органски поврзани, кои сочинуваат една целина.

Првиот дел претставува уводен дел од темава и го третира прашањето на егзархиската пенетрација во македонските епархии и црковно-училишни општини, потоа егзархиската црковно-просветна, а пред сè национално-политичка дејност во нив и отпорот против асимилаторската и денационализаторската политичка дејност на Егзархијата во Македонија.

Вториот дел посебно ја третира систематски спроведуваната улога на Егзархијата во Македонија во култивирањето на Македонците во Бугари, како најефикасно средство за приклучување на Македонија кон Бугарија. Во овој дел поопширно се задржувам врз отпорот против егзархиската дејност во Македонија манифестиран преку бројните судири, конфронтации и отворени борби против севкупниот егзархиски апарат во Македонија и претставниците и сомислениците на вооруженото македонско националноослободително движење.

И во третиот дел од трудов продолживме да ги следиме судиритите, конфронтациите помеѓу егзархистите и претставниците на ТМОРО, македонските социјалисти, училишната младина, општините и севкупната македонска општественост.

Во проучувањето и изложувањето на некои проблеми бевме соочени со доста потешкотии, зашто за поедини гла-

ви и моменти во трудов не располагавме со достаточна изворна документација. Во такви случаеви бевме принудени односниот проблем да го обработиме врз основа на литературата.

При разгледувањето на некои проблеми, кои делумно или целосно се обработени во македонската историографија, или кои стојат понастрана од предметот на нашата обработка, бевме принудени да не навлегуваме во онаа длабочина, која ја заслужуваат, но само патем ги иницирвме и поставивме како тези, кои ќе бараат понатамошно посебно проучување.

Сметаме дека при поблагопријатни услови, кога би биле пристапни севкупните изворни материјали за односниот проблем во временскиот интервал од околу 4о-тина години, колку што Егзархијата била присутна во Македонија, кога би се консултирале сите домашни па и некои странски архиви, а најмногу, се разбира, кога би имало можност за испитување на бугарските архиви, би можело да се даде една посолидна студија и да се прикаже во права светлина севкупната егзархиска дејност во Македонија.

## Осврт на изворите и литературата

### а) И з в о р и

При обработката на споменатиов труд во најголема мера се трудевме да ги искористиме постоечките и достапни извори кои потекнуваат од архивските материјали, објавени и необјавени. Исто така за односниов проблем се користевме со обемната изворна материја од публицистички карактер, како и со обемната литература пишувана како во македонската, српската, па и во европската , а се разбира најмногу во бугарската историографија. Од нивната заемна обработка, студија, надополнувања и надоврзувања на односните извори и литература и од бројните консултации со професорот Љубен Лапе, д-р Манол Пандевски, д-р Кръсте Битоски и др. научни работници го напишавме овој труд.

Се разбира дека од сите овие материјали за нашето проучување најголема важност имаат н е о б ј а в е н и т е а р х и в с к и м а т е р и ј а л и. Нив пред сѐ ги користевме во изводоци или преписи од Централниот државен исторически архив (ЦДИА), Егзархиска архива, Софија. Навистина немавме можност истите да ги користиме во Софија, впрочем во дадениот момент додека истите егзархиски материјали се држат под ембарго, невозможно е нивно ползување. Оваа аномалија ја потполнивме преку користењето на дел од тие архивски материјали преку личните прибелешки од егзархиската архива на ЦДИА, Софија, направени пред неколку години од страна на д-р Славко Димевски. Именованиот ми овозможи користење на дел од нив, за што топло му се заблагодарувам.

Бројни изводоци на документи од ЦДИА, од егзархиската архива во Софија, во вид на микрофилмови (во III ролни) и фотокопии (во VI кутии) се чуваат во Архивот на Македонија (АМ) -Скопје односно во Архивското одделение на Институтот за национална историја (А-ИНИ)- Скопје. Овде сакам да подвлечам дека истиве ги користев максимално и сметам дека мојот магистерски труд во најголема мера почива на нивната студиозна обработка.

Богата егзархиска документација за односниов проблем се наоѓа и во Архивот на Македонија -Скопје. Истиов архив располага со обработени фондови на егзархиските митрополии од самиот терен во Македонија, потоа на егзархиските архиерејски намесништва, црковно-училишните општини, училишните настојателства и слични други фондови. Во Архивот на Македонија исто така постои посебен фонд: Бугарска егзархија - Училишен оддел, Цариград.

Во Архивот на Македонија исто така ги користевме документите во микрофилмови снимени од фондовите на Министерството за надворешни работи на Кралевина Србија и тоа на Политичко-просветното одделение, потоа документите од Архивот на СИП, Београд - фонд: Српски конзулат - Скопје, Српски конзулат - Битола и Српски конзулат - Солун.

За Егзархијата и македонското националноослободително движење во македонската и бугарската историографија постои доста о б ј а в е н а   а р х и в с к а   д о к у м е н т а ц и ј а, што истава најде примена во нашиов труд. Во прв ред во таа смисла најпрво ќе ја спомeнеме збирката на документи: Документи за дејноста на бугарските владици во

Македонија до 1912 година, Скопје, с.а., (Преписи на документи во ИНИ). Нејзината вредност пред сѐ е во тоа што се тоа извадоци на оригинални документи од егзархиската архива на ЦДИА во Софија. Споменатава збирка ги содржи следниве архивски фондови: Фонд № 176 на Министерството на внатрешни работи и исповеданијата, фонд № 246 на Бугарската егзархија и фонд № 321 на Бугарскиит дипломатски агент во Цариград. ~~Негативност~~ Слабоста на оваа збирка е што овие документи не се дадени во својата целина, а само во извадоци и поважни делови од некои документи, кое нешто ја намалува нивната реална вредност. Вакви слични оригинални документи содржи зборникот: Пламъкът на Солунския светилник.- (Сборник од статии, спомени, документи и други материјали по - случай 9о години от създаването на Солунската българска гимназия и 5о години от съществуването ѝ в Благоевград), София, 197о. Особено од важност за нашиов труд преставува последниот дел од зборникот, каде се објавени 15 документи, рапорти, училишни писма и списоци и други акти, а кои го обфаќаат временскиот период од 188о до 1935 година. Во најголем број случаеви, споменативе документи потекнуваат од Централниот државен исторически архив, егзархиска архива во Софија, фонд № 246 на Бугарската егзархија.

За раниот период на егзархиската пенетрација во Македонија од особена важност за темава се документите публикувани од Михаил Арнаудовъ. - Къмъ историята на българската Екзархия. I. Документи отъ 1881 до 189о година, Годишникъ на Соф. университетъ, том XL, (год. 1943-1944, София), 1944, 27-15о и Константинъ Стоиловъ и Българската Екзархия въ 188? година, Годишникъ на Соф. университет, XXXVII (194о-1941),

Софија, 1941, 3-23. Особено од голема важност за односниов проблем се вторите документи преку кои можеме да ја следиме егзархиската политика на Бугарското кнежевство спрема Македонија веднаш по неговото конституирање. Се разбира дека таа великобугарска политика во Македонија се креирала преку Егзархијата како експонент и орудие на бугарската буржоазија и двор, која и "по својата положба и врски, најдобро била поставена за да може "да ја одигра таа улога. Споменативе документи обилуваат со многубројни податоци за македонските црковно-училишни општини, потоа со богати податоци за финансиските средства што Бугарското кнежевство ги одделувало за својата пропаганда во Македонија.

Документи кои исто така потекнуваат од софиската егзархиска архива публикувани се од Данчо Зографски под наслов, Неколико докумената о приликама и догађајима у Македонији 19о3 године, Архивист, III/1-2, Београд, 1953,5-17. Особено за нас претставува од интерес првиот документ, преку кој го согледуваме званичниот однос на Егзархијата спрема македонското националноослободително движење во предвечерието на Илинденското востание.

При обработката на овој труд користиме и српски архивски материјали. Нив во најголема мера ги публикувал Љубен Лапе во неколку негови публикации. Така во првата збирка, Извештаи од 19о3 година на српските конзули, митрополити и училишни инспектори во Македонија, Скопје 1954, 395, Лапе објави 8о нови документи од српските црковно-просветни органи во Македонија. Споменативе документи претставуваат драгоцен из-

ворен материјал за политичката, стопанската, црковно-школската и културната историја на македонскиот народ од почетокот на XX век. Во втората збирка документи, Ехото на илинденските настани во извештаите на српските дипломатски претставници во Бугарија, Г- ИНИ, XVII/2, Скопје 1973,185-235, Лапе објавува 19 извештаи на српските дипломатски претставници во Бугарија. Во првиот документ од оваа збирка на документи можеме да го согледаме односот на Егзархијата и бугарските дипломатски кругови за зголемувањето на егзархискиот буџет за обемната егзархиска културно-просветна и верско-пропагандна дејност во Македонија.

Потоа ги користевме следните публикации со документи од дипломатските српски претставници и органи на Кралевина Србија: Димевски д-р Славко и Растислав Терзиоски, Исписи од Архивот на СИП, Скопје, 1962,154 (Исписи на документи во ИНИ). Како што не упатува и самиот наслов на документите, тоа се шифровани депеши, телеграми, дипломатски извештаи и други акти на српските црковно-школски органи во Македонија во вид на исписи од Архивот на СИП, кои главно се однесуваат за дејноста на српските школски општини во Македонија, за српската црковно-просветна пропагандна дејност во Македонија и др. Во таа смисла се засегнува и прашањето на егзархиската црковно-просветна дејност во Македонија. Слична тематика содржи обемниот зборник на документи од српските дипломатски претставници, Дипломатска преписка Краљевине Србије, Књига прва (1 јануар 1902 - 1 јуни 1903), Београд, 1933.

Вредност за историската наука и тематикава што ја третираме претставува и книгата на Сава Грујиќ, Како је постала Бугарска Егзархија , Београд,1897. Таа го опфаќа временскиот период од 1869 до 1875 година, а која се однесува на жестоките грчко-бугарски црковно-дипломатски борби околу создавањето на Егзархијата и нејзината експанзија надвор од природните граници на Бугарија, т.е. борбата за мешаните епархии во Македонија за кои се отимале Егзархијата и Патријаршијата. Презентираните 81 документ потекнуваат од српските дипломатски кругови во Цариград.

За односот на ТМОРО кон Егзархијата и самиот егзарх по илинденската катастрофа во Македонија, драгоцени податоци наоѓаме во документите објавени од Љубен Лапе, Документи за положбата во Македонија и во Организацијата во првата половина на 1904 година, Г-ИНИ,V/2, Скопје, 1961, 245-277.

Политиката на Македонскиот таен револуционерен комитет кон македонското националноослободително движење , неговиот однос кон учителството и свештенството, македонската емиграција, црквата(Егзархијата и Патријаршијата) и друго е третирано во книгата на Данчо Зографски, Македонскиот таен револуционерен комитет и "Отм'штение", Скопје, 1954, 76.

Прилично голема примена во трудов најдоа изворните материјали публикувани од Љубен Лапе во зборникот на документи за македонската историја, под наслов, "Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ" дел II, Скопје,1965,492. Љубен Лапе е автор уште на 48 нови документи објавени во Илинденски зборник 1903-1953, Скопје,1953, 3-151. Тоа се првокласни мате-

ријали, извор од прва рака кои потекнуваат од самиот терен во Македонија а се однесуваат за Илинденското востание во Македонија. Дел од нив, особено Зо-етиот претставуваше драгоцен изворен материјал за нашиов труд и беше целосно искористен.

Австриските архивски материјали ги користевме главно преку збирките на документи публикувани од Данчо Зографски, Извештаи од 19о3-19о4 година на Австриските претставници во Македонија, Скопје, 1955 и од Томо Томоски, Документи од Виенската архива за Македонија од 1879-19о3, Скопје, 1955. Во првиот зборник Зографски објавува 49 конзуларни извештаи, телеграми и други дипломатски акти од австриските претставници во Македонија, додека во вториот случај Томоски објавува 46 документи од Виенската архива за временскиот период од 1879 до 19о3 година. Во споменативе збирки, особено во втората, прилично доста простор му е посветен на меѓусебните односи на Егзархијата и македонското национанноослободително движење, на ставот на големите сили кон Егзархијата и нејзината улога во Илинденското востание и друго.

Документи од турските официјални власти ги користевме преку збирките документи објавени од битолчанецот Панче Дорев: Костурско въ македонската революция. Официални документи изъ турскитѣ държавни архиви на Великото везирство и на Хилми паша, (София, 1937) и Документи за българската история, том IV, София, 1942. Од особена важност за нашиов труд претставува втората збирка, во која Дорев објавува 5о3 документи од турската државна архива, кои го опфаќаат временскиот период од 1863 до 19о9 година. Во дел од овие документи во вид на прото-

коли, заповеди, дипломатски решенија, шифровани телеграми и друго, можевме да го согледаме односот на официјалната турска дипломатија кон Егзархијата, за егзархиската дејност во Македонија, потоа за односот на Портата кон Македонското националноослободително движење и друго.

Еден друг исто така изворен материјал во врска со темава го предизвика нашето внимание. Станува збор за с п о м е н и т е на познатите дејци во македонското националноослободително движење, публикувани во Бугарија под непосредна редакција на бугарскиот филолог Љубомир Милетиќ во специјалната серија под наслов "Материјали за историјата на македонското освободително движение", кн. I-XI. Споменативе изворни материјали, блиски на мемоарите, меѓутоа, страдаат од ~~нужната~~ недостатокната критичност и обеjективност, заради што е потребно критичко пријдување при нивното користење.

Во овие спомени ообено е засегнат проблемот на меѓусебните односи, врски и судири помеѓу Егзархијата од една страна, македонските црковно-училишни општини, ТМОРО и други групи и струи во македонското националноослободително движење, од друга страна. Во таа смисла ги користевме спомените на Даме Груев, Пандо Кљашев, Никола Петров - Русински, Иван Хаџи Николов, Славејко Арсов, Анастас Лозанчев, Христо Татарчев, Христо Шалдев, Никола Киров Мајски, Ѓеорги Поп Христов, Борис Сарафов, Иван Гарванов и други. Особена важност за тематиката што ја обработуваме во нашиов магистерски труд претставуваат спомените на Ѓорче Петров, кои се полни со богати, проверени, од најавтентични места црпени и од прва рака извори, кои даваат длабоки

и осмислени образложувања за најразлични настани и личности од македонската историја. Во своите спомени Ѓорче Петров успејал длабоко да навлезе во битот и психата на македонските маси, кое му овозможило да биде најдобар хроничар и толкувач на болките, стремежите и интересите на својот народ. Без сомнение Ѓорче Петров дал најцелисходна анализа на планираната егзархиска пенетрација во Македонија, на обидот на егзархиската монополизација на македонското црковно-училишно дело и култура и на борбата на Егзархијата со претставниците на македонското национално-ослободително движење, чиј актер во таа антиегзархиска борба бил и самиот.

При обработката на овој труд исто така обемно бев ангажиран во истражувањето и проучувањето на п е р и о д и к а т а за односниот проблем. Во таа смисла најмногу бев свртен кон обработката на егзархиските органи: "Новини", "Вести", "Право", "Ѕърковенъ вѣстникъ", и др. весници и списанија. Исто така во значителна мера ги користев цариградските весници: "Македонија", "Зорница", солунските: "Единство", "Право", "Конституционная заря", а се разбира најмногу софиските : "Балкан", "Борба", "Глас Македонски", "Дѣло", "Куриеръ", "Македонски преглед", "Македонски вести", "Македоно-одрински преглед", " Политическа свобода", "Революция", "Революционенъ листъ", "Реформи", "Прогресъ" и "Илюстрация Илинденъ" и др. Споменативе истражувања и проучувања ги обавив во библиотеката на Институтот за национална историја - Скопје (БИНИ), Националната библиотека на Македонија "Климент Охридски", Историскиот семинар на Филозофско историскиот факултет во Скопје, Библиотеката на Архивот на Ма-

кедонија во Скопје и други библиотеки и институции.

б) Л и т е р а т у р а :

Што се однесува до л и т е р а т у р а т а таа е исто така обемна. Како во македонската, така и во бугарската па и српската и европската историографија доста е пишувано за односниов проблем. Во таа смисла најмногу е пишувано во бугарската историографија. Ќе наведеме само неколку поважни публикации:

Најголем простор во двапати издаваната книга "Възраждание на Българския народ.- Църковно-национални борби и постижения, София, 1971, 4o3, Проф. д-р Петър Ников им посветува на грчко-бугарските црковни борби за слободна бугарска црква. Доволен простор во книгата Ников им посветува и на бројните истапи, протести и борби на македонскиот народ против неподносливата Грчка цариградска патриаршија од 6о-те и 7о-те години на минатиот век. Меѓутоа, поаѓајќи од познати великобугарски позиции, антипатријаршиските борби на македонскиот народ авторот ги ~~деклариra~~ претставува како борби и желби на македонскиот народ за создавање на Бугарска егзархија, како своја црква.

Во книгата,Българската екзархия в Одринско и Македония след освободителната война 1877-1878, том първи, (1878-1885), книга първа, София, 1969, 751, Кирил патриарх български се осврнува накусо за текот на воените настани во Бугарија 1877-1878 година, да би опширно се произнесе за егзархиската дејност во Македонија и Одринско пред војната (1877-1878 година) а особено по конституирањето на Бугарското кнежевство 1878

година,потоа за бројните тешкотии што ја придружувале Егзархијата околу нејзиното останување со седиште во Цариград. Патријархот Кирил во својата обемна книга особено внимание им обрнал на усилените напори на Егзархијата и бугарската дипломатија околу понатамошното останување на истата со седиште во Цариград. Историски факт е впрочем дека доколку Егзархијата и бугарската буржоазија не успејале во истото, Егзархијата па преку нея и официјална Бугарија не ќе можеше да рефлектира кон епархиите во Македонија и Одринско. Во тие судбоносни денови за Егзархијата и бугарската експанзионистичка политика кон Македонија, Егзархијата требаше да одигра пиjемонтска улога за присоединувањето на Македонија кон Бугарија. Зашто спрема патриархот Кирил Егзархијата преставувала "орган на бугарските политички стремежи" кон Македонија и Одринско, со основна интенција засилено раширување на Егзархијата во "егзархиските диоцези" - Македонија и Одринско. Поради сето ова не е потребно да даваме суд за авторовите великобугарски аспирации кон Македонија, така видливо нагласени во целата книга.

Основна цел во едно од своите последни дела, Българското население в Македония в борба за създаване на Екзархията, София, 1971, на бугарскиот патријарх Кирил, била да ги прикаже борбите на македонскиот народ за црковна еманципација од Цариградската патријаршија, како борби, желби и стремежи на македонскиот народ за пристапување кон Бугарската егзархија. Тематски делото го опфаќа временскиот период од првата половина на XIX век сè до една година по основањето на Егзархијата. И следнава публикација на бугарскиот патријарх Кирил, Екзарх Антим (1816-1888), София, 1956,953, е напишана во великобугарски

дух. Истата претставува монографски труд за животот и дејноста на првиот бугарски егзарх Антим. Книгата го опфаќа временскиот период од почетокот на втората половина на XIX век, па сè до конституирањето на Бугарското кнежевство. Низ целата книга манипулирано е со бројни црковно-училишни настани во Македонија, кои авторот ги вклопува во склопот на бугарската национална историја, декларирајќи ги обидите и борбите на македонските маси за своја слободна црква, како обиди и борби на истите за создавање на Егзархијата.

Монографски труд за животот и делото на вториот бугарски егзарх , Јосиф I, напишан во великобугарски дух,дава Арнаудов Михаил во книгата, Екзархъ Йосифъ и българската културна борба следъ създаването на Екзархията (187о-1915), том първи, София, 194о, 666. Во монографијата особено е подвлечено прашањето за улогата на егзархот Јосиф околу организационото зацврстување на Егзархијата по конституирањето на Бугарското кнежевство, за успехот на егзархот Јосиф за понатамошното задржување седиштето на Егзархијата во Цариград, за постепеното егзархиско проширување во Македонија и друго.

Следната публикација, Йосифъ I екзархъ Български (1877-19о2). - Юбилеенъ Сборникъ, София, 19о4,275 , претставува памфлетиран монографски труд за животот и дејноста на егзархот Јосиф I по повод неговото 25 годишно егзархување. Вториот дел од Зборникот содржи бројни телеграми, поздравни писма и друго од егзарховите подведомствени органи,кои му ја искажуваат неговата приврзаност. Споменативе материјали не претставуваат некаква изворна вредност од значение за нашиот труд.

Потребно е да подвлечеме дека севкупната бугарска литература за Егзархијата и нејзината дејност во Македонија, пати од необјективност и е проткаена со националистички тенденции да се прикаже Македонија како бугарска земја, а Егзархијата како црковна установа на Бугарите и Македонците, кои треба да се обединат кон една Голема Бугарија од Црно до Бело Море. Заради тоа во бугарската литература асимилаторската и денационализаторската дејност на Егзархијата во Македонија главно или не се споменува или се оправдува, дури за таквата дејност Егзархијата се накитува со најпофални зборови и памфлети.

И во српската историографија, главно од великосрпски позиции се објавени неколку книги и студии во кои се допирнува и проблемот на Егзархијата и нејзината дејност во Македонија. Најпрво во тоа смисла ќе го спомнеме делото на Иван Иваниќ, Из црквене историје Срба у Турској у XVIII и XIX веку, Београд и Нови Сад, 1902, 157. Во книгата Иваниќ го засегнува прашањето на создавањето на Егзархијата и жестоките грчко-бугарски црковни борби. Меѓутоа, во најголем дел од својата книга авторот се задржал на егзархиската црковно-просветна односно политичка дејност во Македонија и дел од Србија. Книгата го опфаќа временскиот период од првата половина на XIX век до 1884 година а понекогаш бегло и до 1901 година. Делото на Иваниќ како претходно напомнавме е проткаено и преполнето со големосрпски позиции и дух во докажувањето на српскиот карактер на Македонија.

Книгата, Постанак Егзархије Турска, Русија и Србија, Скопље, 1936 напишано од Алекса Јовановиќ - Коца, ја

вбројуваме во редот на предвоената великосрпска историографија, заради тоа што целото дело е напишано во тој дух, а и самиот автор, иако од македонско потекло, дебарчанец, се чувствувал како таков. Споменатава книга преставува доста опширна студија за текот на жестоките грчко-бугарски црковни борби за создавање на Егзархијата. Истата го опфаќа временскиот период од грчко-бугарските црковни борби од најстари времиња, сѐ до 1897 година. Во своите ~~изнесувања во книгата~~ искажувања Јовановиќ со симпатии се однесува кон српската и руската политика и став околу прашањето за создавањето на посебна бугарска црква а многу критизерски кон улогата на бугарската и турската дипломатија за создавањето на Бугарската егзархија.

И д-р Јован Хаџи Васиљевиќ во своите неколку дела, пишувајќи за Бугарската егзархија, стоел на доста видливи великосрпски позиции, третирајќи ја Македонија како српска земја. Во таа смисла се занимаваат следните негови дела: Јужна стара Србија - историска, етнографска и политичка истражувања. - Кумановска област, Књига прва, Београд, 1909, 528; Бугарска егзархија и њен утицај на Балканске словене, Београд, 1913, 30; Патријаршисте и егзархисте у скопској епархији, Београд, 1938, 41. Меѓутоа, како споменативе негови дела воглавно се однесуваат за период од создавањето на Егзархијата па некаде сѐ до формирањето на ТМОРО, кој период најде послаба примена во нашиот труд, па спрема тоа споменативе негови дела ги ползуваме во послаба мера.

На најжестока критика е подвргната ненародната егзархиска дејност во Македонија, од страна на основоположникот на ТМОРО, Петар Поп Арсов во неговата брошура под наслов, Стам-

болoвщината въ Македония и нейнитѣ прѣдставители, Виена, 1894, 64. Во неа Поп Арсов ја подложил на безпоштедни критика стамболовата експанзионистичка политика во Македонија, потоа Егзархијата, Училишниот оддел на Егзархијата во Цариград, егзархиските органи во Македонија и севкупниот егзархиски антураж во Македонија. Брошурата на Поп Арсов, претставува праворазредно сведоштво за револтот и протестот од страна на македонските маси против асимилаторската и денационализаторската егзархиска политика во Македонија, во обидите на егзархиската монополизација на македонското црковно-училишно дело, спроведувани преку егзархискиот свештенички и просветен апарат. Споменатава брошура на Поп Арсов претставува исповремено правокласен извор за отпорот на македонските маси против натрапливата егзархиска дејност во Македонија, а од друга страна и документ за дотогашното самоуправување и автономноста на севкупниот црковно-училишен и културен живот во Македонија, во лицето на македонските црковно-училишни општини.

Иако цензурирана од бугарските државни органи за време на публикувањето во Бугарија, книгата на велешанецот Петар Бошнаков, Българската пропаганда въ Македония и Одринско, София, 19о2, 32, исто така жестоко ја жигосал ненародната егзархиска дејност во Македонија. Покрај неа, Бошнаков на оштра критика ги подвргнал и останатите егзархиски органи во Македонија како : бугарските егзархиски владици во Македонија, егзархиските пропагандни весници " Вести" и "Новини", бугарските трговски агентури во Македонија и друго.

За дејноста односот на македонските учители и егзархиската пропагандна политика дејност во Македонија се зборува во научно- популарната брошура на Манол Пандевски, Учителското движење во Ма-

кедонија (1893-1912), Скопје, 1962, 164. Во друга една научно-популарна брошура, Петар Поп Арсов во национално-револуционерното движење на македонскиот народ (1868-1919), Скопје, 1963,155- Петар Стојанов го осветлува ликот на еден од најголемите,покрај Горче Петров, критичари на егзархиската дејност во Македонија, и еден од основоположниците на ТМОРО Петар Поп Арсов.

Предмет на политичката егзархиска просветна дејност во македонското просветно дело е статијата на Љупчо Копровски, Неколку белешки за училишната политика на Егзархијата во Македонија во втората половина на минатиот век, Просветно дело, XII/5-6, Скопје,1956,230-296.

Книгата на Доне Илиевски, Автокефалноста на македонската православна црква, Скопје, 1972,242 - преставува кратка историја на македонската православна црква од најстари времиња до денес. Во својата книга Илиевски накратко се осврнува на антиегзархиското движење во Македонија и за судирите помеѓу претставниците на македонското националноослободително движење и Егзархијата. ~~Негативност~~ Слаба страна на книгата е што не е поткрепена со научна апаратура, толку потребна за едно научно дело.

Ангел Динев во својата двотомна , Илинденска епопеја, Софија, 1945,450 и Илинденската епопеја, Скопје, 1949,558 прилично простор им посветува на борбите помеѓу Егзархијата и претставниците на македонското националноослободително движење (прв том, с.63-85; том втори , с.14-41,304-369). Особено Динев дава опширни изнесувања на жестоките судари помеѓу Струмичкиот егзархиски митрополит Герасим и Струмичкиот окружен револуционерен комитет (прв том с.97-103). Динев жестоко ја

жигосува егзархиската дејност во Македонија, Спрема него Егзархијата преставува пропаганден орган на бугарскиот двор, која најрано од другите пропаганди и објави војна на ТМОРО.

И Христо Силјанов во, Освободителнитѣ борби на Македония, том първи , София, 1933 , 451 и том втори, София, 1943 568, накусо се занимава со егзархиската дејност во Македонија. Во првиот том (с.119-123) Силјанов зборува за езгархиската централистичка политика во областа на црковно-просветното дело во Македонија. Во вториот том во таа смисла во своите изнесувања е поцелосен. Особено во вториот том забележуваме еден тенок слој на гаење прикриени симпатии кон Егзархијата, и покрај тоа што Силјанов се труди во своите излагања да биде коректен и толерантен. Меѓутоа, и покрај сетоова а во недостаток на изворни материјали особено за поилинденскиот период, во поедини моменти бевме приморани на неколку пати да се послужиме со вториот том од Силјанова.

За политиката на Егзархијата во Јужна Македонија и отпорот на македонскиот народ против нејзината асимилаторска и великобугарска дејност, се зборува во книгата на Данчо Зографски, Ѓорѓи Абаџиев, Анастас Митрев и Михајло Керимитчиев, Егејска Македонија во нашата национална историја, Скопје, 1951,391 (стр.137-157 напишани од Ѓорѓи Абаџиев и стр.196-2о8 напишани од Анастас Митрев).

Доста опширна примена во нашиов труд најде последната публикација на Манол Пандевски, Националното прашање во македонското ослободително движење (1893-19о3), Скопје, 1974, 318. Во споменатата монографија Пандевски ја следи основната

нишка - борбата на македонскиот народ за национално-политичко единство и вклучувањето на различните заедници и групи во истата. Пандевски доста студиозно и аргументирано се произнесува за отпорот сред македонските маси од политичката дејност на Бугарската егзархија. Пандевски го истакнува незадоволството на македонските маси против севкупниот егзархиски апарат, против посегнувањето на Егзархијата неконтролирано да раководи во црковно-училишните работи во Македонија и нејзиното инфилтрирање во црковно-училишните општини и одземањето на нивната внатрешна самостојност и автономност.

Во македонската историографија за Егзархијата и нејзиниот однос кон македонското националноослободително движење најмногу има пишувано д-р Славко Димевски. Неговите публикации и статии, некои од нив иако од историско-популарен карактер, сепак фрлаат светлост на односниов проблем, а Егзархијата ја претставуваат како оружие на великобугарската идеја за Голема Бугарија на бугарската буржоазија и двор. Во таа смисла ќе се осврнеме само на неколку негови дела од нас делумно или целосно ползувани.

Најблиска на нашиов труд како содржински така и концепциски е брошурата на Славко Димевски, Македонското национално ослободително движење и Егзархијата (1893-1912), Скопје, 1963, 109. Истава ни послужи како појдовна во првобитниот момент на нашата научно истражувачка работа за да и не упати на основните изворни податоци а воедно послужи при запознавањето со основниот предмет и третман на нашиов труд. ~~Негативност при~~ Слабост на брошурата е тоа што таа е од научно-популарен карактер, што по-

веќе настани се третирани глобално, без да се навлегува во некаква научна по длабока студиозност.

И следната публикација на Славко Димевски, Просветната политика на Егзархијата и училишните бунтови во Македонија, Скопје, 1960,100, е од научно-популарен карактер. Истава е поделена на два дела. Во првиот дел авторот се осврнува на просветно асимилаторската политика на Егзархијата во Македонија, додека во вториот дел, како резултат на ненародната егзархиска дејност во просветното дело во Македонија, Димевски се задржува врз бројните протести, судири,незадоволства, истапувања на македонската училишна младина пред сѐ средношколската. Во таа смисла Димевски не упатува на бројните организирани тајни училишни револуционерни кружоци и бројните училишни бунтови во македонските егзархиски училишта, кои ја потресувале Егзархијата за цело време од 42 годишно нејзино ~~[illegible]~~ постоење во Македонија.

Еден вид монографски труд пак од научно-популарен карактер претставува следниот труд на Славко Димевски, Митрополитот Теодосиј - живот и дејност (1846-1926), Скопје, 1965, 205. Истава преставува кратка историја за животот и делото на истакнатиот скопски егзархиски митрополит Теодосиј Гологанов, Македонец од с. Т'рлис, Неврокопско, еден од најжестоките непријатели противници на Егзархијата.

Во книгата, Црковната историја на македонскиот народ, Скопје, 1965, 231 д-р Славко Димевски покрај другото се произнесува за егзархиската распространетост во Македонија, потоа за егзархиската дејност, пред сѐ на еволуционистичка политика во Македонија. Димевски особено се осврнува на антиегзархиското движење во Македонија од почетокот на 90-те години на XIX век. Недост-

таток на книгава е тоа што истата не е поткрепена со научна апаратура.

Во статијата,Некои моменти од борбата на Велешкото граѓанство со Егзархијата, Г-ИНИ, III/1, Скопје,1960,173-196 Славко Димевски се осврнува на некои форми и моменти од жестоките борби на прогресивното велешко граѓанство, интелигенција, велешката црковно-училишна општина, велешкиот револуционерен комитет , велешките социјалисти против егзархискиот митрополит Авксентиј и севкупниот егзархиски апарат во Велешката егзархиска епархија.

Во ~~следната~~ друга една статија, Некои моменти од антиегзархиското движење до создавањето на ВМРО, Г-ИНИ, V/2,Скопје, 1961 179-2oo, Славко Димевски зборува за антиегзархиското движење во Македонија, спроведувано од страна на македонските црковно-училишни општини, македонското граѓанство и интелигенција од создавањето на Егзархијата до формирањето на ТМОРО.

Статистички податоци за егзархиската црковно просветна рашireност во Македонија, ги користевме главно преку неколку званични бугарски и егзархиски статистики, во кои истиве се обиделе да го прикажат етничкиот црковно-просветен бугарски карактер на Македонија. Станува збор за следниве публикации: D.M.Brancoff (Димитар Мишев), La Macédoine et sa population chrétienne, Paris, 19o5,257 ; О.М. и Б., Поглед върху дѣтелностьта на Българската Екзархия . 1877 - 19o2 год. (По поводъ на 25-годишния Юбилей на Н.Блаженство Българския Екзархъ Йосифъ I) Leipzig, 19o2, 166; Васил Кънчов, Избрани произведения , том I София, 197o, 533 и том втори, София, 197o, 678.

Цитираниве публикации даваат етнографски и црковно-просветни податоци на Македонија во временскиот период од 1877 до 1904 година. Разгледувајќи ги овие статистики констатираме дека помеѓу нив постојат разлики, поради што е потребно научно- критичко пријдување при нивното ползување. Меѓутоа, веќ во недостиг на други статистички податоци во моментов мораме да се задоволиме со истите. Сепак сметаме дека односниве статистички податоци ја даваат приближната етнографска и црковно-просветна слика на Македонија во почетокот на XX век.

# I Д Е Л

## ДЕЈНОСТА НА БУГАРСКАТА ЕГЗАРХИЈА ВО МАКЕДОНИЈА ОД НЕЈЗИНОТО ОСНОВАЊЕ ДО ФОРМИРАЊЕТО НА ТАЈНАТА МАКЕДОНО-ОДРИНСКА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОРГАНИЗАЦИЈА

## 1870 - 1893 ГОД.

1. Општествено-политичките прилики во Отоманската империја и Македонија во втората половина на XIX век

Периодот од крајот на XVIII и првата половина на XIX век е исполнет со крупни промени во сите области во Отоманската империја. Тоа е период на распаѓање на турскиот тимаро-спахиски феудален систем и постепено продирање на капиталистички елементи во огромната Турска империја. ~~Капитулациите на~~ Продирањето на капиталистичките елементи во Турција особено се евидентни од половината на XIX век, после Кримската војна. Западноевропските капиталистички производи ги преплавиле турските пазари. Нивната девиза се состоела во евтино набавување на македонските и турските аграрни производи, а скапо продавање на своите индустриски производи и полуфабрикати во Отоманската империја. Овој продор на европските индустриски стоки многу штетно се одразил врз понатамошниот развиток на домашното стопанство во Отоманската империја. Во силната конкуренција тоа не можело и понатаму да се носи со индустриските стоки на западноевропските конкуренти и капиталисти, постепено стагнирало а со тоа бил спречен неговиот полет да постепено и само прерасне во фабричко и индустриско стопанство.

Неможејќи да се одупри на силниот прилив на европските индустриски производи, Отоманската империја постепено се претворила во аграрно суровинска база на европските капиталист Таа била и самата принудена да го трасира понатамошниот брз продор на капиталистичките елементи во својата империја, преку овозможувањето изградби на модерни патишта, железници, телеграфски линии и слично. Од друга страна задолжена на европските држави, пливала во финансиски долгови и се наоѓала пред банкротство.

Македонија зазема мошне важна географско-стратешка и политичко-економска положба на Балканското полуострово. Поради тоа таа отсекогаш играла важна улога во политиката на големите сили и соседните земји, отсекогаш била предмет на освојувања и заграбувања.

И овој временски период - втората половина на XIX век - за кого на кратко ќе се осврнеме, Македонија претставувала важна компонента во политиката на големите сили и балканските соседни монархии, во склопот на познатото во историографијата - Источно прашање. ~~Имено, и во втората половина на XIX век во Македонија се наоѓа во склопот на Отоманската империја.~~ Таа заземала централно место во Европска Турција. Битола /Монастир) бил средиште на Румелискиот ејалет. Во административно-управен поглед таа се делела на три вилаети: Солунски, Косовски (подоцна Скопски) и Битолски.

Првата половина на XIX век и почетокот на втората половина на истиот век, во Македонија се забележувал силен полет и развиток на македонското стопанство, сточарство, занаетчиство, трговија, рударство и др. Тоа е време кога во македонските градови имаме силен прилив на македонско селско население, време кога македонскиот град добива словенски изглед - се македонизира[1]. Тоа пак од друга страна ќе повлијае за засилување на македонскиот граѓански елемент, кој бил во постојан пораст.

Со развитокот на занаетчиството и трговијата, македонското граѓанство ја осеќало потребата од културно преобразување на својот елемент. Се наложувала потребата од превземање

---

1) /Катарџиев Иван, Македонизирање на градовите во Источна Македонија во XIX век, Разгледи, II/3, Скопје, 1959, 29о-297.

туѓинската превласт над културно-просветните и верските институции во Македонија, кои би се замениле со македонски елементи. Ваквите и слични примери на македонското граѓанство (обидот на постепено наложување во македонските пазари и панаѓури на македонски елементи), секако се први никулци на почетокот на конституирањето на македонскиот народ во нација.

Меѓутоа, разбудувањето на македонското граѓанство и интелигенција и нивното национално пројавување кон самостојно живеење, не можело по мирен пат да се реализира. Македонија во овој временски период се наоѓала под турско државно и грчко и бугарско духовно ропство. Заради тоа младата македонска буржоазија и интелигенција ќе се обиде по револуционерен пат, преку свое заземање и ангажирање ~~на~~ ја македонските маси во националноослободителното движење, да ги ~~сруши~~ урне тие стеги и да образува посебна неделива македонска заедница во границите на нејзината географска и етничка целина.

### 2. Борба за еманципација од Цариградската патријаршија и стремежот на македонскиот народ за посебна македонска автокефална црква

Како што малку погоре констатиравме, во првата половина и почетокот на втората половина на XIX век, доаѓа до ~~непокунен~~ севкупен подем во општествено-политичкиот и културно-стопанскиот живот во Македонија. Покрај грчко-влашката и еврејската буржоазија, како класа почнала да се појавува и македонската. Зајакнатото македонско граѓанство започнало да се интересира за еманципација од елинизмот, кој бил присутен во сите пори на општествено-поли-

Не насекаде. Во христијанството

тичкиот, и религиозно -просветниот и културниот живот во Македонија. Познато ни е дека во ова време и просветата и религијата се наоѓале во рацете на Фанариотската цариградска патријаршија, дека наставата во училиштата и вероисповедта во црквите се изведувала на грчки јазик, неразбирлив и непожелен за македонските маси. Меѓутоа, со економското зајакнување на македонското граѓанство, се појавуваат реални услови за еманципација од Цариградската патријаршија. Кај македонското граѓанство се јавувала потреба и стремеж за создавање на свои кадри, кои просветата и вероисповедта ќе ја изведуваат на свој домашен македонски јазик. Се појавила потреба и желба за обновување на неправилно укинатата Охридска архиепископија 1767 година, чии сеќавања за неа сред масите биле сеуште свежи.

Во основата на оваа борба лежат како економски така и политички фактори. Така една од главните причини на таа борба било економското угнетување на македонските маси од фанариотското вишо духовенство и клир. Друга, не помалку важна причина на антипатријаршиската борба бил стремежот на грчкото фанариотско духовенство и буржоазија за елинизација на словенскиот елемент, а за обновување на некогашната Византиска империја.

Борбата за еманципација од Цариградската патријаршија македонското граѓанство ја повело за отфрлување на јурисдикцијата на грчката фанариотска црква и воведување на црковнословенски јазик во вероисповедта, а македонски во училиштата. Во таа смисла имаме неколку етапи во антипатријаршиската борба на македонскиот народ. Најпрво борбата била поведена против злоупотребите на грчкото вишо духовенство во областа на црковните

давачки. Секојдневно биле испраќани жалби и молби до Патријаршијата и Портата за да се престане со споменатите злоупотреби. Друга етапа во таа борба било барањето на македонското граѓанство да непожелните и морално расипаните грчки митрополити и свештеници се одстранат од македонските епархии, а на нивно место се постават домашни низши духовници за споменатите должности, кои го познавале македонскиот јазик и обичаи, додека во училиштата да се замени грчкиот со македонски народен јазик. Повисока етапа од претходната било отвореното пројавување, истапување и барање да се обнови неправилно укинатата Охридска архиепископија. Најпосле како највисока етапа во таа антипатријаршиска борба било дефинитивното раскинување со Цариградската патријаршија и воведување на внатрешна црковно-просветна самоуправа на македонските маси во лицето на македонските црковно-училишни општини, кои во дадениот период биле прилично создадени во Македонија[2] Македонскиот народ во лицето на ц р к о в н о - у ч и л и ш н и т е о п ш т и н и н а ш о л с в о ј н а ј д о б а р и п р и р о д е н з а ш т и т н и к н а с в о ј а т а с а м о б и т н о с т, н а ј д о б а р х р а н и т е л н а с в о и т е д у х о в н и, п р о с в е т н и и к у л т у р н и п о т р е б и (подвлекол и шпационирал А.Т.). Во општинските училишта наставата се изведувала на македонски народен јазик, а во црквите кои биле под ведомството на македонските црковно-училишни општини, службата се изведувале на старословенски јазик. Воедно македонските црковно-училишни општини биле најефикасна и најјака институција во борбата против фанариотската туѓа црковна хегемонија и другите надворешни посегнувања и аспирации врз Македонија. Општините внимателно

---

2) Историја на македонскиот народ, книга втора, Скопје, 1969, 60.

се грижеле за благосостојбата на својот народ и напредокот на своето местно црковно-училишно дело. Македонските црковно-училишни општини претставувале верен толкувач и изразител на сите настани и збивања на своето местно население во доменот на задоволувањето на неговите духовни,просветни,културни,обредни и други потреби, желби и идеали.[3]

Борбите за еманципација од Цариградската патријаршија некаде околу 6о-те и 7о-те години заземаат засилен замав. Во многу места и градови формирани се црковно -училишни општини,од каде ќе се поведе отворена борба против хегемонистичката политика на грчката црква. До таков отворен антагонизам и судир помеѓу македонското граѓанство и претставниците на Патријаршијата доаѓа во град Охрид,потоа во Штип,Скопје,Крушево,Велес,Куманово,Кукуш,Неврокопско. Слични вакви примери на реакција против неподносливото грчко духовенство и Цариградската патријаршија,можеме да регистрираме на повеќе места во Македонија, кое нешто ќе доведе до дефинитивно раскинување со Вселенската фанариотска грчка патријаршија, а до појава за основање на посебна македонска црква.Меѓутоа,поради делувањето на ред надворешни и внатрешни субјективни и објективни фактори, обидот на македонското граѓанство за основање на своја посебна црква се завршил неуспешно. Поправо тој се слеал со сличната таква идеја на бугарската буржоазија,бројно и економски појака,која на крајот го прегрнала македонското црковно прашање како свое. За македонските маси влегувањето во составот на Бугарската егзархија фактички значело заменување на една црковна јурисдикција со друга. Затоа реакцијата против новиот црковен и просветен тутор,ќе се јави одма по неговото конституирање.

3) Изводоци на документи од ЦДИА,Егзархиска архива,Софија,фотокопии во Институтот за национална историја-Ск.(понатаму во текстот скратено-ИНИ),II/2o,22.

## 3. Основање на Бугарската егзархија

Во моментот кога македонскиот народ повел борба против Цариградската патријаршија, слични такви борби се воделе и во соседна Бугарија. И бугарскиот народ стенкал под исти јарем на турско-политичко и грчко духовно ропство. Борбата против исти непријател ги обединила и бугарската и македонската буржоазија пред сè поради сличноста на двата народа, поради етничката и јазичната блискост, заради заедничкиот интерес против исти непријател. Но уште веднаш да истакнеме дека и македонското и бугарското црковно прашање уште на почетокот се водело како црковна борба на два народа. Дури нешто покасно бугарската буржоазија понесена од своите великобугарски експанзионистички цели ќе пројави апетит кон териториите на Македонија и на своето црковно движење, кое од почетокот било исклучиво културно-просветно движење, да го преврти во национално-политичко, да во своето бугарско црковно прашање го прегрне и македонското црковно прашање, идентификувајќи го последното како стремеж и желба на македонските маси за добивање на бугарска национална црква. Мошне големи се фалсификувањата на бугарската историографија во тој поглед и ќе треба доста време да помине, за да еднаш вистината ја победи свеста и страстите.

Проучувајќи го бугарското црковно прашање -борбите на бугарскиот народ за еманципација од Цариградската патријаршија, согледуваме дека тоа се развивало во многу поповолни услови од македонското црковно прашање. Надворешните моменти, особено внатрешните биле многу благопријатни за бугарските црковни браници. Имено, Бугарија наишла на многу снажен сојузник за остварување на своите стремежи, во лицето на Русија. Русија

уште од времето на Петар Велики ги ориентира своите стремежи за прекоморски излез преку Црно Море,т.е. излез на Медитеранот,а таа политика постојано ја негувала и доизградувала. Сонот за Босфорот и Дарданелите и господство на Константинопол постојано бил присутен во руската политика и дипломатија. После Кучук - Кајнарџискиот мир 1774 година, тој сон постепено почнувал да се реализира. Со тој мир Русија добива одврзани раце во своето влијание над православното население под турско ропство. Со овој мир Русија официјално станала покровителка и заштитничка на тоа измачено и поробено население.[4] Но патот кон Константинопол и Медитеранот бил попречуван од Отоманската империја. Како со неа не можела да влезе во директна војна, не можела во смисла од евентуално очекувано реагирање и дејствување на западно европските капиталистички држави,кои не би дозволиле некакво менување на статус квото на Турција во корист на Русија, руската дипломатија до реализирањето на гореспоменатата политика се послужила да дојде по заобиколен пат.Имено, преку стварање на една независна бугарска црква,таа сметала најпрво духовно а потоа и политички да го наложи своето влијание на Балканот и Медитеранот. Од тие соображенија Русија во дадениот момент се нашла силно заинтересирана за создавање на една независна бугарска црква, а подоцна и создавање на независна бугарска држава (Сан-Стефанска Бугарија) во кое нешто руската дипломатска и физичка сила максимално биле искористени. Во таа смисла во успешно изведеното бугарско црковно прашање, улогата на руската дипломатија на чело со нејзиниот цариградски претставник - грофот Игнатиев, мошне добро е позната.

4) Дружинина И.А.,Кючук -Кайнарджийский мир,Москва,1955,278.

Друг надворешен фактор кој одел во прилог на Бугарското црковно прашање е Отоманската империја 5). Феномен ли е тоа да Турција биде исто така заинтересирана за создавање на посебна бугарска црква, независна од Цариградската патријаршија? Поготово што на турската дипломатија мошне добро ѝ било познато дека спрема нејзините теократски принципи, признавањето на посебна вера (религија) на еден народ, автоматски значело и признавање на неговата посебна народност. А тоа не одело во нејзин прилог. Турција го знаела и тоа дека штомја признае посебната бугарска црква, тој народ е загубен за неа. Кои биле мотивите што ја натерале Турција кон овој чекор? Пред сè, сè почестата пројавена опасноот од елинизацијата,спроведувана преку Цариградската патријаршија,која што како погоре констатиравме пројавила аспирации за обновување на некогашната голема Византија.За да ѝ против тежи на оваа појава, Турција била заинтересирана за создавање на посебна бугарска црква, независна од Цариградската грчка патријаршија. Но овде руската и турската политика по однос на бугарското црковно прашање се разединуваат. Насоките на руската дипломатија биле за создавање на посебна бугарска црква во склопот на Вселенската цариградска патријаршија,како би го задржала православното население во мир и слога, над кое таа пројавила хегемонистички аспирации да управува со православниот елемент. Спротивно на оваа турската политика во однос на бугарското црковно прашање била за создавање на посебна бугарска црква наполно независна од Вселенската црква, инспирирана од својата вековна традиционална политика -devide et impera, т.е. спротивставување на еден народ на друг.

5) Од севкупната литература и документација која ја црпевме преку написите на српски дипломати,историчари и публицисти, а (фосн.продолж.на наредната страна)

Секако дека овие два надворешни фактори не ќе ја одиграа својата историска улога во формирањето на посебна бугарска црква, ако не постоеше и внатрешен исто така мошне моќен фактор. Имено, во првата половина на XIX век и почетокот на втората половина на тој век во Бугарија се создава јака домашна буржоазија. Бугарската буржоазија располагала со своја трговско-занаетчиска колонија во Цариград уште од 3о-те години на XIX век, која длабоко се инфилтрирала во турскиот државен и грчкиот духовен апарат (д-р Стојан Чомаков бил дворски лекар, а Гаврил Кръстевич правник во Патријаршијата) која издавала неколку весници и списанија на бугарски јазик, а која имала потреба од просвета и вероисповед на домашен јазик. Како и македонската, така и бугарската буржоазија, незадоволна од гнетот на фанариотската црковна политика, која како и во Македонија, така и во Бугарија пројавила елинизаторски стремежи, поведува борба против неподносливиот режим што го диктирало грчкото вишо духовенство.

Борбата на бугарската буржоазија за еманципација од Цариградската патријаршија а за основање на своја самостојна црква почнала некаде околу крајот на 5о-те години на XIX век. Имено во 1849 година бугарската трговска колонија во Цариград соградува нова бугарска црква "Св. Стефан", која во иднина ќе послужи како стовртилиште на словенскиот елемент во престолнината на Отоманската

---

а која се однесува во врска со Бугарското црковно прашање, улогата на Портата за создавањето на Бугарската егзархија е предимензионирана и најважна. Овде ќе истакнеме само две такви најважни дела: (Сава Грујиќ: "Како је постала Бугарска егзархија", Београд, 1897; Алекса Јовановиќ -Коца: "Постанак Егзархије Турска, Русија и Србија", Скопље, 1936). Меѓутоа, мораме да констатираме дека и другата изворна документација, особено литературата ја истакнува позитивната улога на турската дипломатија во решавањето на бугарското црковно прашање, само во нешто поприкриена и поблага форма.

империја[6]. Најголема жестина тие борби достигнале околу 60-те до 70-те години на минатиот век.

Објективно погледнато острите бугарско- грчки црковни борби требало околу 60-те години да го доживејат својот свршеток во задоволство на двете закарани цркви. Имено, тогаш врз Патријаршијата бил извршен силен дипломатски притисок од Портата,која се плашела од повторно присутната грчка политика на мегало идејата.И руската дипломатија на чело со грофот Игнатиев вршела притисок врз Портата и Патријаршијата за што побрзо решавање на спорот за образување на посебна бугарска црква, заради честите појави на примање на унијатство од страна на бугарското население. Влегувањето во склопот на Римокатоличката црква на бугарските маси, колку тоа да било резултат на реакција против силниот економски и политички гнет од страна на Грчкото духовенство над бугарските маси,толку тоа било и политички чекор, за да Русија поенергично се заземе за што поскорешно решавање на бугарското црковно прашање. Бугарите добро знаеле дека Русија е голем противник на унијатството и дека води политика на хегемонизам во православната црква,над кое би делувала и влијаела од познати причини. Тоа не тера да констатираме дека уште во 1860 -те години на XIX век условите за формирање на посебна бугарска црква биле созреани. Поготово што и раководството на фанариотската црква било склоно кон попуштање. Патријархот

6) "Гледајќи (Портата) дека грчкиот национализам претставува политичка опасност по Турција,а Бугарите во тоа време сеуште не формирале никакво политичко барање,во која важела сеуште нејзината лојалност,турската власт обрнала внимание на таа национална борба на Грците и на крајот ги дарувала Бугарите со правото да основат своја национална црква".-Анкета на Балканахъ. Докладъ представленный дирекціи Dotation Carnegie "членами анкетной комисіи, Соф., 1918, 9-10.

Јоаким плашејќи се дека понатаму не ќе може лесно да ја задржи црковната хегемонија над балканските земји под турско робство изјавил дека ќе дозволи "да во чисто бугарските епархии да се поставаат владици од бугарскиот клир, кои самата епархија ќе ги предложи; Потоа ~~да се допушти да~~ во една од бугарските епархии да се допушти основање на бугарска богословија; во бугарските школи на бугарскиот јазик да му се одстапи првенството, а во чисто бугарските цркви да се дозволи служба на словенски јазик"[7]. За ваквите и слични на оваа Проекти за создавање на автономна бугарска црква во склопот на Цариградската патријаршија веќе во крајот на 1861 година (крајот на рамазан 1277 година) Портата изготвила и ферман (готов во ракопис). Но бугарските црковнобранители ги одбиваат ваквите понуди и Проекти заради тоа што во нив не било третирано прашањето за м е ш а н и т е е п а р х и и во Македонија, Тракија и дел од Србија[8]. Дали имале право Бугарите да претендираат и за епархиите во Македонија и дел од Србија, кога тие не

---

7) Ников проф. д-р Петър, Възраждане на българския народ. Църковно-национални борби и постижения, Соф., 1971, 61-113.

8) Бугарското црковно прашање добивало неизмерна поткрепа од Русија и Турција. Овде ќе се задржиме само на една од тие форми што Портата ги преземала со цел да ги држи во кавга бугарските и грчките црковнобранители. Имено, штом ќе дојдело до некакво согласување и наоѓање заеднички јазик помеѓу Патријаршијата и претставниците на бугарската буржоазија, по прашањето за основање на посебна бугарска црква, Портата делувала над Бугарите дека таа ќе им даде поголеми повластици, дека ќе ја признае бугарската народност, и преку неа Бугарите ги раскинувале веќе склучените согласувања со фанариотите, фрлајќи ги во вода веќе подготвените Проекти за создавање на посебна бугарска црква, а со тоа добивале поголеми шанси за уште поголеми барања и претензии на своето црковно барање, особено по прашањето за м е ш а н и т е е п а р х и и во Македонија.

се поклопувале со каноноските црковни граници на Трновската патријаршија[9], па и во природните етнички граници на бугарската држава? Објективно не!

Но, бугарската буржоазија жедна за проширување на својата нова црква во зародиш, осеќајќи ја климата за поволна, максимално ја искористуваат шансата и уште тогаш преку формата борба за мешаните епархии, ги пројавила своите експанзионистички желби и претензии за територијално проширување кон македонските епархии, кои порано се наоѓале под јурисдикцијата на Охридската архиепископија. Со тоа го определуваме и карактерот на бугарското црковно движење: дека тоа во себе, покрај црковно-просветни белези, содржи уште и национално-политички во смисла на пројавени територијални претенции кон Македонија и дел од Србија. Најдобра поткрепа во дадената констатација наоѓаме во зборовите на истакнатиот руски историчар, општественик, дипломат и современик на бугарско-грчките црковни борби и расправи-В.Теплов. Тој својата историја на бугарско-грчките борби ја започнува со следниве зборови: "Изучувањето на историскиот од и развиток на грчко-бугарскиот спор не можеше и нас да не не доведе до заклучок дека основниот епитаф "црковни", но ова прашање не е потполно точен во смисла да може да се однесува само на внатрешната страна на спорот меѓу двете народности. Во самата суштина тоа прашање е политичко, кое во себе го изразува стародревното непријателство на Грците и Бугарите за завојување на Балканскиот Полуостров". Или следното негово изнесување: "Борбата на Бугарита за црковна самостојност не била чисто верска. Таа е политичка најпрво во духовен

---

9) Трновската патријаршија Турците ја укинале на 17.VII.1393 год. Од тогаш таа се наоѓале под јурисдикција на Цариградската патријаршија.

10) Теплов, В., Греко-б лгарск и церковн и в прос по неиздани м источник м, С.-Петербург 1889...

поглед да се завладее со Балканот, и кога тоа ќе се постигне, да се работи и на неговата политичка еманципација".[10] Во таа смисла слично становиште изнесува и [redacted] Алекса Јовановиќ: "... Бугарите во црковните борби тргнале не да извојуваат задоволство на духовните потреби на својот народ, туку да освојуваат туѓи области, кои потоа по пат на црквата и училиштата ги бугаризираат"[11].

Инаку како можеме да го објасниме ставот на бугарската буржоазија во борбата за бугарска слободна црква, кога таа Проектот на патријархот Јоаким од 1861 година и Проектот на патријархот Григорија VI од 1867 година ги одбила,иако во нив биле влезени сите бугарски барања за своја самостојна црква.[12]

---

1o) Тепловъ В., Греко-българскій церковный вьпросъ по неизданымъ источникамъ, С.- Петербургъ, 1889,1,37.

11) Јовановиќ-Коца Алекса, Постанак Егзархије... 2.

12) И двата Проекти предвидувале создавање на бугарска независна црква во канонски состав на Цариградската патријаршија,кои се поклопувале со природните граници на некогаш укинатата од Турција -Трновска патријаршија. Спорни биле значи мешаните епархии во Македонија и дел од Србија и Тракија, врз кои бугарската буржоазија пројавила територијални претензии.
Приложуваме некои најзанимливи точки од Проектот на патријархот Григорија VI, за основање на бугарската црква. Имено во тој проект на бугарските црковнобранители им се отстапувало и дозволувало следното:" Бугарските епархии да образуваат посебен бугарски округ, под назив Бугарски Округ најстариот митрополит на Бугарскиот Округ да се вика Егзарх бугарски и да биде во тој Округ намесник на патријархот,кој ќе го споменува во црквата; сите владици на Бугарскиот Округ би образувале Св. Синод, кој би бирал и предлагал владици на патријархот за упразнетите бугарски катедри; берати за нови владици се бараат од Портата преку патријархот; бугарските митрополити заедно со грчките би учествувале при изборот на патријархот; Егзархискиот Синод би се грижел за богословското образование на бугарскиот клир...".- (Сава Груиќ), Како је постала Бугарска Егзархија... 119.

Немаме намера и понатаму опширно да се изкажеме за понатамошниот тек на бугарско-грчкиот црковен спор и патот како се дошло до дефинитивното формирање на Бугарската егзархија. Уште еднаш ќе истакнеме дека и при завршетокот на борбите, улогата на руската дипломатија (грофот Игнатиев) и Портата (Големиот везир -Али паша) биле од пресудно значење. И покрај притисокот на Цариградската патријаршија, Портата на 28.II.187о година издала ферман за основање на посебна бугарска црква под називот -Бугарска егзархија. Со тоа бил завршен првиот дел од конституирањето на самостојната бугарска црква. За понатамошните бугарско-грчки црковни борби, за организацијата на Егзархијата и нејзината експанзионистичка и денационализаторска политика во Македонија, ќе се произнесеме во следните глави од нашиов труд.

## 4. Политиката на Бугарската егзархија во Македонија од нејзиното основање до формирањето на Тајната македоно-одринска револуционерна организација (187о-1893) година.

Со издавањето ферманот за основање на посебна бугарска црква, не било ставено крај на бугарско-грчките црковни борби. Напротив тие и понатаму ќе продолжат да се одвиваат со несмалена жестина и бруталност, а најголемата причина за нивниот раздор биле епархиите во Македонија. По основањето на Егзархијата, таа испратила во Македонија свои егзархиски епископи. Од друга страна пак Цариградската патријаршија не ги повлекла своите грчки епископи од епархиите кои подпаднале под ведомство на Егзархијата. Така да во Македонија се создало верско двовластие, кое го разделил македонскиот народ на е г з а р х и с т и и

п а т р и ј а р ш и с т и. Ако се земе во предвид дека во Македонија постоело население кое ја признавало Римската црква, кое било именувано како унијати -католици потоа протестантски верници, ќе се добие слика на верска раздробеност и шаренило на македонското население именувано како :егзархисти т.е. Бугари (бугарофили, бугараши или шизматици); патријаршисти: т.е. Грци или Срби (гркофили гркомани, фанариоти,мегаломани или србофили, србомани); унијати католици, Римокатолици, папишти, протестанти и др. Спрема турските шеријатски принципи, верската припадност кон една религија општо призната во Отоманската империја, се идентификувала со национална припадност. Од тие соображенија сето население во Македонија кое ја признавало Цариградската патријаршија од турските официјални власти било третирано како Рум-милет т.е. како грчко [redacted], а оноа македонско население кое потпаднало под ведомството на Егзархијата,било третирано како Булгар-милет и идентификувано како бугарско. Во Македонија, покрај тоа, живеело и турско, албанско, влашко, еврејско и друго население. Овој баласт на верско- конфесионално и народносно шаренило во Македонија многу се одразил во ~~задоцнувањето~~ успорувањето на националното доконституирање на македонскиот народ како нација.

Со издавањето ферманот за основање на Егзархијата се пристапило кон нејзината организација. За седиште на бугарската црква била одбрана престолнината на Отоманската империја. Секако тоа имало своја причина. Имено, Бугарија сеуште не била оформена како држава за да може седиштето на својата црква да го пренесе во својата земја. Од друга страна од Цариград најдобро можело да се влијае и дејствува за раширување на бугарските црковни граници на териториите кои се наоѓале надвор од ка-

нонските граници на Трновската патријаршија. Станува збор за епархиите во Македонија, дел од Србија и Тракија кон кои бугарската буржоазија пројавила територијални претензии. Но како тие територии како и сама Бугарија се нођале во границите на Отоманската империја, како Бугарија не била оформена како државна творевина и сила за да по патот на својата војничка сила ги реализира своите идеи, таа се послужила по пат на црквата, најпрво духовно а потоа кога оформи свој државен апарат, политички да ги осво и бугаризира. Горепоменатите аспирации бугарската буржоазија можела да ги оствари преку член 1о од ферманот од 187о година спрема кој "ако населението од другите места (надвор од канонските граници на некогашната Трновска патријаршија -б.н.) кои ја исповедуваат верата, сакаат еднодушно или најмалку две третини на ~~домаќинствата~~ жителите да се потчинат на Бугарскиот егзархат и ако се, после проверувањето утврди да е тоа праведно, нивната молба мора да се прифати".[13]

На 16.II.1872 година за прв бугарски егзарх бил избран Видинскиот митрополит Антим. Егзархот станал врховен поглавар на бугарската црква. Нешто покасно бил донесен и Устав на Егзархијата, според кој се формирал Св.Синод при Егзархијата, како врховен орган на религиозните работи раководен од духовни лица и еден Висок Мирски (Мешовит) Совет, како врховен орган на просветата, составен и управуван од световни лица.

Создавањето на бугарската Егзархија за Цариградската патријаршија бил свршен чин и таа порано или покасно ќе морала со тоа да се помири и да ја признае истата, но само во при-

13) Лапе Љубен, Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ, II дел, Скопје, 1965, 88-9о; Сбирка одъ документи за уредбата и духовнитѣ правдини на Българската екзархия, Цариградъ, 1919, 7-14; Анкета на Балканахъ. Докладъ представленый "дирекціи "Dotation Carnegie", членами анкетной комисіи, Соф., 1918, 1о.

родните граници на чисто бугарските епархии. Меѓутоа, како одма по основањето на Егзархијата кон неа се приклучиле многу црковно-училишни општини во Македонија, особено кога тоа им го дозволувал фамозниот член 10 од ферманот, а за кое посебно многу инсистирала и се заземала бугарската буржоазија, Цариградската патриаршија презела решавачки чекори со цел за одвраќање и спречување на споменатиот процес. Прогласувајќи ја Бугарската егзархија за шизматична (отцепничка) на големиот Вселенски црковен собор во Цариград на 16.IX.1872 година, фанариотите се надевале ~~биле на мнение~~ дека ќе престане процесот на приклучување на македонските црковно-училишни општини кон бугарската шизматична црква, и дека истите и понатаму ќе останат под јурисдикција на Цариградската патријаршија. Меѓутоа, ваквите фанариотски предвидувања малку биле резултатни.

Со основањето на Егзархијата, кон неа биле приклучени сите епархии во Бугарија, Нишката и Пиротската во Србија и Велешката епархија во Македонија. Неколку месеци по прогласувањето на Антим за егзарх на Бугарската егзархија, бил устоличен и првиот егзархиски владика за една егзархиска епархија во Македонија. На 1.V.1872 година за велешки владика бил назначен архимандритот Дамаскин а нешто покасно на 23.III.1874 година Егзархијата успеала откако се извршиле изборите врз основа чл.10 од ферманот да издејствува султански берати за уште двајца владици во Македонија, за Охридската и Скопската епархија. Станува збор за митрополитот Натанаил Кучевишки и Доротеј Скопски[14].

14) Арнаудовъ, Михаилъ, Екзархъ Йосифъ и българската културна борба следъ създаването на Екзархията (187о - 1915), томъ първи, Соф. 194о, 119-15о.

Со испраќањето на тројцата владици за трите македонски епархии, дејноста на Егзархијата во Македонија, која не била чисто религиозна, постепено почнала да се наложува во сите пофои на религиозно- просветниот и културно-политичкиот живот во Македонија. Покрај во трите споменати епархии, таа почнала да се наложува и во многубројните македонски црковно-училишни општини, кои несакајќи да и понатаму да останат под јурисдикцијата на Цариградската патријаршија, омразнета и туѓа црква со вероисповед на грчки, за македонските маси неразбирлив јазик а како не успеала македонската буржоазија и интелигенцијата да основа своја самостојна македонска црква во лицето на Охридската архиепископија, црковно-училишните општини во Македонија и македонските маси наоѓајќи се во ситуација да избираат меѓу грчката црква и грчкиот јазик, од една страна и бугарската црква и бугарскиот јазик од друга страна, ја претпочитале втората " не затоа што ја сакале Бугарската егзархија, туку просто за љубов кон словенската служба", [15] словенска црква и словенски јазик, како најблиски и најсродни на својот менталитет и бит. Тоа е време кога севкупниот општествено-политички па и културен живот во Македонија е во стагнирање па и во опаѓање, време на економско слабеење на македонските црковно-училишни општини кои во лицето на Егзархијата наоѓаат свој добар финансиер.

Тоа се оние битни фактори кои делуваат да многу македонски црковно-училишни општини да се откажат од јурисдикцијата на Цариградската патријаршија и да се приклучат кон Егзархијата. Овој момент Егзархијата максимално го искористува и се наложува со сите сили и средства во Македонија. Покрај својот обемно верско-

15) Архив на СИП-Београд, Српски Конзулат-Скопље, г.1891, пов.бр. 3, 1.I.1891.

просветен апарат, преку владиците,а таму каде што ги немало преку црковно-училишните општини кои ја признале Егзархијата,се обидела да го наложи својот просветен апарат,да ги замени грчките училишта и грчкиот јазик со бугарски,а таму каде што просветата се изведувала на македонски јазик и од македонски учители, да ги замени со бугарски учители и бугарски јазик како поразработен. Ова ѝ одело во прилог на бугарската буржоазија да преку Егзархијата да го наложи во Македонија бугарскиот јазик, кој ја имал таа предност над грчкиот јазик,кој што бил дотогаш застапуван во Македонија,заради тоа што бугарскиот јазик како словенски бил многу близок и разбирлив на македонскиот народ во споредба со грчкиот.

Уште погоре истакнавме дека борбата што бугарската буржоазија ја водела за своја самостојна бугарска црква, била водена под паролата борба за бугарска црква,која борба,покрај културно-религиозни и просветни мотиви во себе содржела и национално-политички аспирации на бугарската буржоазија. Имено околу 7о-те и 8о-те години на минатиот век ,бугарската буржоазија,рапидно растејќи и јакнејќи,осеќала потреба за експанзија надвор од природните граници на Бугарија. За понатамошниот развиток на бугарската капиталистичка буржоазија,природните граници на Бугарија станувале претесни. Таа пројавила желба за присвојување на други територии и нови пазари. А таквите се јавиле во лицето на Македонија и Тракија. Во идеологијата на бугарската буржоазија, Егејското море и Солун биле идеални места за експанзија. Зашто без Македонија бугарската држава на Балканскиот Полуостров станува безначајна, без смисла, зашто "Солун треба да биде главна вра

та на таа држава... Без Македонија -Бугарија ќе остане осакатена не само во национален поглед , туку и политички неспособна за живот. Бугарија ќе биде сигурна само кога ќе стигне до отворено море,а тоа може да стане само преку Македонија."[16]

Реализирањето на ваквата опширна експанзионистичка политика на бугарската буржоазија сè до создавањето на Бугарското кнежевство,било невозможно да се реализира,барем не по пат на војничка сила. Се до ослободувањето на Бугарите од отоманското ропство и првите години по ослободувањето, според зборивите на Димитар Благоев, "грижата за Бугарите и бугарската пропаганда во Македонија била претставувана исклучиво од константинополската бугарска буржоазија"[17]. Буржоазијата тогаш ѝ придавала на Егзархијата карактер на политичка установа,која што била должна да им служи на бугарските национални стремежи. Егзархијата пак од своја страна енергично ги поддржувала интересите на бугарската буржоазија и Монархија по однос на експанзијата на територијата во Македонија[18].

По ослободувањето на Бугарија од Отоманската империја во 1878 год.,а особено по приклучувањето на Северна и Јужна Бугарија во 1885 година, црковното прашање во Бугарија во значителна мера се слеало со македонското прашање.[19] Бугарската буржоазија преку ~~[illegible]~~ Егзархијата постепено се наложувала во Македонија,за преку егзархискиот црковно-просветен апарат,преку јазикот и печатот го бугаризира македонскиот народ.

---

16) Радевъ Симеон, Македония и българското възраждане в XIX векъ Часть III,Соф., 1928,458-459.

17) Благоев Димитар, Сьчинения , т.8,528.

18) Благоев Димитар , Принос към историята на социализма в България, Москва, 1944, 19.

19) Мартыненко К.А., Руско-болгарские отношения в 1894-19о2 гг, Киев,1967,189.

Меѓутоа после ~~ослободителната~~ руско-турската војна во Бугарија и нејзиното ослободување од Турција, Портата во основа ја сменува својата политика спрема Бугарија, како и спрема Егзархијата. За да можела Егзархијата и понатаму да постои, проруски расположениот егзарх Антим, требало да се замени со нов некомпромитиран егзарх во лицето на Јосиф I[20]. Бугарскиот просветен и духовен апарат во Македонија, компромитиран во очите на турската власт, бидува протеран. Отсега натаму се̂ до добивањето на нови егзархиски берати за македонски епархии, црковно-училишните општини во Македонија се самоуправувале и ги задоволувале религиозно-просветните потреби на својот македонски народ.

Настапиле тешки денови за бугарската пропаганда во Македонија. Сите придобивки и успеси на бугарската пропаганда во Македонија до тогаш биле ставени под прашалник. Дури и седиштето на Егзархијата - Цариград било септоматично. И Портата, а особено Патријаршијата, бареле седиштето на Егзархијата да се пресели од Цариград во Бугарија (Софија, Пловдив, Трново - дури на едно место се споменува и Охрид за идно седиште на Егзархијата).[21] Особено по присоединувањето на Источна Румелија кон Бугарија 1885 година, кога бугарското црковно прашање било задоволено во целина, со влегувањето на сите бугарски епархии во составот на Егзархијата, така да останувањето на истата во Цариград било непотребно. Во тој случај Цариградската патријаршија навестувала дека ќе ја укине шизмата над Егзархијата и неа

---

20) Лазар Јовчев е роден на 5.V.1840 год. во гратчето Калолифер во Јужна Бугарија. На 24.IV.1878 год. е избран за втор бугарски егзарх под духовното име Јосиф I на место дотогашниот компромитиран пред турските власти-егзарх Антим.-Н. Блажейство Иосифъ I, Цѣрковенъ вѣстникъ, III/1, Соф., 17.IV.1902, 4-10; бр.3, 10.V.1902, 2-4.

21) Арнаудовъ М., Екзархъ Йосифъ..., 311.

би ја признала за канонска црква. Меѓутоа, егзархот Јосиф, една многу способна, дипломатско-политичка и далековидна личност, со сите сили се опирал и дејствувал да не дојде до ова. Зашто со евентуалното преместување седиштето на Егзархијата од Цариград, би се изгубиле црковните, а со тоа и територијалните претензии и аспирации на Бугарската егзархија и буржоазија врз териториите на Македонија. Зашто штом Егзархијата се пресели во Бугарија, таа престанува повеќе да важи за турска институција, а да се смета од тогаш натаму како чиста бугарска автокефална црква во црковните граници кои се поклопувале со природните граници на Бугарското Кнежевство и во тој случај, Егзархијата ќе нема што да бара надвор од границите на Бугарија, односно да претендира за епархиите во Македонија, кои и понатаму останале во границите на Отоманската империја, санкционирани со Берлинскиот конгрес". "Со дигањето на шизмата " (а ние би додале -со дигањето на Егзархијата од Цариград и нејзиното преместување во Бугарија) се истакнува во еден документ, "се уништуваат плодовите на ферманот од 1870 година. Во тој случај перспективите (на егзархиската експанзионистичка политика во Македонија -б.м.) уште ќе се уништи погрозни и потешки". Зашто "најнапред Бугарите (се мисли на Македонците -б.м.) во вилаетите ќе се застапат за своја црква, училишта и своја народност".[22]

Секако не е потребен коментар за големата бојазност на бугарската буржоазија наведена во цитираниот документ потпишан лично од бугарскиот егзарх. Идејата на Македонците да се отцепат од Егзархијата и да формираат своја црква, свои училишта,

---

22) Извадоци на документи од ЦДИА... II/7-16.

кои пак нешта би биле едно од важните чинители за конституирање на македонскиот народ во нација, бугарската буржоазија одамна го знаела и таа упорно се спротивставувала против тоа скоро за сето време од 4о-тина години колку што Егзархијата била присутна на македонска почва. Таа со сите свои расположиви сили и средства се борела седиштето на Егзархијата и понатаму да остане во Цариград, па и по цена и понатаму Егзархијата да се третира како шизматична црква. Во тоа и успеала.

После долги дипломатски и политички преговори и усилби, егзархот успева на 9.I.188о година да се врати во Цариград, а седиштето на Егзархијата да го зачува и за понатаму во главниот град на Отоманската империја. Само неколку месеци откако се вратил во Цариград, егзархот многу храбро презел акции за обновување на егзархиските разнишани позиции во Македонија. Тој на два пати го посетува Великиот везир Саид паша од кого барал на егзархиските катедри во Велешката, Охридската и Скопската епархија, ако не е возможно да се вратат поранешните нивни владици, тогаш да се дозволи поставување на други егзархиски духовници. За таа цел на 28.II.188о година егзархот испраќа такрир за егзархиски владици за Велешката, Охридската и Скопската епархија до министерот на правосудството Џеват-паша[23]. Меѓутоа, задоволувањето на ова бугарско барање се одвивало многу споро. Портата тешко се решавала да го исполни ова барање на штотуку конституираната Бугарска држава, која сѐ до 1878 година била во границите на Турција а после тоа се наоѓала во вазални односи со неа. Турција не била расположена за исполнување на бугарските барања заради тоа што таа во своите архиви распола-

23) Арнаудовъ М., Екзархъ Йосифъ... 367-368.

гала со рапорти во кои се известувало дека егзархиските митрополити во Македонија биле "немирни и опасни за државата", а за време на Руско-турската војна биле оквалификувани како "началници на Македонското востание"[24].

Во врска со егзархиските барања владички берати за упразнетите егзархиски катедри во Македонија, младата бугарска буржоазија на широко ги заангажирала своите дипломати низ Европа, вршејќи притисок пред сè на Портата за исполнување на своите барања, а притоа секогаш ја истакнувала тешката положба на македонското население во вилаетите.

Создадената положба по протерувањето на егзархиското компромитирано високо свештенство од Македонија, ја натерала бугарската буржоазија да ги менува своите средства и методи на својата политика. Плашејќи се за своите разнишани позиции во Македонија по Руско-турската војна, а од друга страна уплашена од успехот на грчката и српската пропаганда на македонската територија, предизвикало кај бугарската буржоазија страв дека Македонија ќе биде изгубена за бугарската кауза. Заради тоа Бугарија презема редица мерки, на широко ги ангажирала своите средства и трасирала една подруга политика. Напоредно со борбата за добивање на берати за владици во македонските епархии, Бугарското кнежество преку Егзархијата, како свој експонент и орудие се обидела дефинитивно да ги потчини македонските црковно-училишни

---

24) Изводоци на документи од ЦДИА... IV/6. Секако овде се мисли на егзархискиот митрополит на Охридската ~~и Скопската~~ епархија-Натанаил Кучевишки и ~~Кирил Скопски, и~~ неговото учество во Кресненското востание. Во изворната документација со која што располага македонската историографија, (како што е случајов и со приложениов документ од каде што ги црпевме овие сознанија), споменатово востание од 1878 година се именува како Македонско востание, што според нас е одраз на вистината, впрочем регистрирана и во приложениов документ а и во именувањето на раководителите на востанието. Името Кресненско воста-

(продолж. на наредната стр.)

општини под своја контрола и ја монополизира просветата во Македонија. За таа цел Егзархијата успејала од Портата да издејствува , егзархиските просветни кадри во Македонија во иднина да се поставуваат повеќе не со одобрение на патријаршиските грчки владици, туку нивната улога да ја превземе една турска просветна комисија - меариф комисион, пред која егзархиските просветни кадри би полагале испит и потоа би добиле потврда за несметано изведување на наставата во македонските училишта[25]. По ова Бугарија нашироко отвора училишта во Македонија, кои сама ги финансирала. Триkласни училишта биле отворени во 1881 година во Битола, Скопје, Охрид,Дојран, Штип,Кукуш, и др.места. На 5.XI.1881 година во Солун била отворена триклас на машка гимназија "Св. Кирил и Методи"[26],која покасно прераснува во полна четирикласна машка гимназија. Во Солун е отворена покасно и женска и трговска гимназија, така што од тој момент Солун претставува важен егзархиски пункт за ширење на бугарштината во Македонија.Во овие училишта бугарската буржоазија обрнува посебно внимание на изучувањето на бугарскиот јазик и бугарската национална историја, кои предмети и најмногу биле застапени во наставниот процес.За таа цел биле доведувани учителски кадри од Бугарија како поспособни за реализирање на бугарската кауза во споредба со македонските учители, кои не сакале да останат орудие на бугарската буржоазија за бугаризирање на Македонија,про-

ние е добиено нешто покасно,а потекнува од местото каде што се одиграло востанието, село Кресна, денеска во Пиринска Македонија.

25) Катарџиев Иван, Создавање и развој на школството во Македонија и пропагандите,(Елаборат во ИНИ), 13.

26) Албумъ -Алманахъ- "Македония",Соф. 1931,93;Арнаудовъ М., Екзархъ Йосифъ... 485.

јавувале отпор и затоа биле ~~преместувани во Бугарија или~~ воопшто отпуштани од работа.

Едно друго средство за ширењето на бугарското влијание ~~бугаризирањето~~ во Македонија било уништувањето на самостојноста и аутономноста на македонските црковно-училишни општини "да се искорени нивната секаква иницијатива,да се унифицира нивната работа и да ги претворат во свои послушни органи"[27]. Во таа смисла во почетокот на 1881 година министерот за внатрешни работи на Бугарското кнежевство д-р Г.Волкович донесува еден п р а в и л н и к, по кој во иднина требало да се испраќаат државните средства за егзархиските училишта во Европска Турција. При крајот на истата година познатиот натурализиран Бугарин - Наум Спространов, до министерот за надворешна работа на Бугарското кнежевство - Константин Стоилов, поднесува Проект Правилник за уредување и управување на црковно-училишните општини во Македонија. Од сето ова министерот Стоилов при крајот на 1882 година поднесува извештај до кнезот Александар Батенберг[28], во кој е трасирана идната бугарска политика во Македонија. За да може Бугарија да ја одигра улогата на Пијемонт над Македонија, според зборовите на Стоилов "нужно е сето население во Македонија да се убеди дека владата на Н.В. Височество води општонародна бугарска политике, дека Кнежевството е најприродниот и успешен активен заштитник на Македонија"[29].

27) Лапе Љубен ,Протоколи од заседанијата на Прилепската општина 1872-1886, Скопје,1956, 1о.

28) М. Арнаудовъ, Константинъ Стоиловъ и Българската екзархия въ 1882 г., Годишникъ на Соф. университет , XXXVII (194о-1941),София,1941, 3-23; Транскрипција со коментар на македонски јазик на еден од цитираните документи е приложен од Љубен Лапе во зборникот на документи за македонската историја под наслов: "Одбрани текстови... II дел... 131.

29) Исто, 16.

Целта на бугарската политика во Македонија била ~~да се бугаризира~~ за што поголемо ширење на бугарскот влијание во Македонија. За таа намена "секој Македонец треба да се проникне од мислата дека во Софија се грижат за неговата иднина. Кај Македонските Бугари треба да се развие чувство на народносно самосознание, мало и големо треба да знае дека е од бугарска крв и да се гордее со тоа. Само кога ќе се постигне тоа можеме да кажеме дека бугарскиот народ во Македонија е осигурен, дека акциите на трите пропаганди се сопрени. За остварување на овие цели ние треба да ги исползуваме овие средства: 1. просветета (училиштата) во најширок размер; 2. една добра организација која ќе не држи во тек на сите работи во Македонија и да е во состојба во еден момент незабавно и успешно да ја пушти во дејство по цела Македонија и Албанија една заповед што би дошла од кнежевската влада; 3. кога се поврзи мрежата на бугарските железници со македонските. Од само по себе се подразбира дека при исполнувањето на оваа програма кнежевската влада треба да врви рака за рака со Егзархијата"[30].

Намерно си дозволивме да приложиме дел од овој документ во нешто пошироки размери, како врз основа на него и многу други, оформиме претстава за ширината на егзархиската т.е. бугарската црковно-просветна и политичко-пропагандна заангажираност во Македонија. Таквата егзархиска политика час посилна и побрутална, час послаба и полиберална се одвивала за сето време од преку 4о-тина години ,колку што Егзархијата била присутна во Македонија.

---

3о) Исто, 17.

За реализирањето на гореспоменатата егзархиска културно-просветна и религиозно-политичка пропаганда во Македонија, Бугарското Кнежевство нашироко го активизирало својот буџет и одделувало огромни количини паricни средства за егзархиската политика во Македонија, за едно кнежевство што се наоѓало во конституирање, просто тешко остварливо. Располагаме со бројна архивска документација, која на неколку места ги истакнува бројките на материјалната "помош" што Бугарското Кнежевство ја одделувало за својата пропагандна потреба на својата црква. Така првите години по своето конституирање, Кнежевството одделувало годишно околу 3о.оо лева на Егзархијата. Но како потребите од средства биле многу поголеми, а оваа сума, според зборовите на К.Стоилов "скоро смешна"[31] во споредба со потребите на Егзархијата за креирање на својата политика во Македонија и за парализирање на другите пропаганди во Македонија, кои исто така располагале и ангажирале огромни материјални средства, оваа парична сума Кнежевството од година на година ја зголемувало. Во еден рапорт од 1881 година до министерот на внатрешни работи Цанков, егзархот категорички барал сумата од 3о.ооо да се покачи на 1оо.ооо лева[32]. Тоа придонесло Кнежевството секоја година да ја зголемува оваа сума, така што изразено преку една ~~скица~~ табела можеме да ја добиеме следната слика :

---

31) Исто.

32) Извадоци на документи од ЦДИА... VI/61 - 63.

Кнежевството во 1878 год.на Егзархијата ѝ доделило сума од 3o.ooo лева

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| " | 1879 | " | " | 3o.ooo | " |
| " | 188o | " | " | 31.ooo | " |
| " | 1881/82 | " | " | 1oo.ooo | " |
| " | 1882/83 | " | " | 25o.ooo | " |
| " | 1883/84 | " | " | 517.948 | " |
| " | 1884/85 | " | " | 56o.728 | " |
| " | 1885/86 | " | " | 774.864 | " |
| " | 189o/91 | " | " | 5.5oo.ooo | фр.[33] |
| " | 1891/92 | " | " | 5.5oo.ooo | " |
| " | 1892/93 | " | " | 5.5oo.ooo | " |
| " | 1893/94 | " | " | 4.25o.ooo | " |
| " | 1894/95 | " | " | 5.ooo.ooo | " |
| " | 1895/96 | " | " | 5.ooo.ooo | "[34] |

Младата бугарска буржоазија и бугарскиот кнез настојувајки сето учебно дело во Македонија да го монополизираат во своераце на 22.VII.1882 год. образувале во Софија една комисија од 5 или 7 члена(Попечателство или Оддел), кое требало да ја контролира таа дејност. Меѓутоа, во споменатиот извештај до кнезот од крајот на истата година, министерот Стоилов го упозорува кнезот Александар дека работотата на едно такво раководно тело од Софија скоро е невозможна. Тоа брзо би се открило во Портата, а како Бугарија била во вазални односи со Отоманската империја,не би било пожелно да влегува во кавга и расправија со неа. Затоа Стоилов му предлага на кнезот, сите компетенции во таа смисла да ѝ се дадат на Егзархијата,која и "по својата положба и врски,најдобро е поставена за да може да го раководи делото и народното разбудување во Македонија и Одринскиот вилает.Таа и без тоа е во врска со разни општини, да знае нивната положба,нивната материјална сила и затоа

33.Исто;Арнаудовъ М., Константинъ Стоиловъ... 21.
34.Иванић Иван, Из црквене историје Срба у Турској у XVIII и XIX веку, Београд и Нови Сад,19o2,126; Делувањето на странската пропаганди во Македонија, Нова Македонија,XV/4497,Скопје,18.I.1959, 5.

ќе може да им дава во правилна мера оноа што им треба, а бидејќи и по егзархискиот устав таа не само што има право, туку ѝ се даваат средства за да го врши тоа, така и турската власт не ќе има причини да се сомнева и не ќе пречи... Се разбира, дека врховното водење ќе ѝ припаѓа на владата на Вашето Височество, тоа ја води нашата народна политика и следствено нејзиниот глас е решавачки во сите основни прашања. Како последица на овој принцип, право на кнежевската влада пред сè се дава од светата Егзархија оваа да обрне внимание на младото поколение, но главно е да го воспитува во патриотски дух. .. Во тој однос сета работа лежи на учителите, од нивниот подбор зависи еднодушноста на стремежите и единството во мислите на целиот бугарски народ.".[35]

За таа цел 1883/84 год. при Егзархијата во Цариград бил образуван Училишен Оддел со задача да ги контролира средствата добиени од Бугарското Кнежевство за црковно-просветните потреби во Македонија и да раководи со просветата во истата.[36]

Кон крајот на 1883 год., поточно на 17.XII.1883 год., егзархот успеал да добие прием кај султанот, кој се согласил со неговото отстапување во Цариград, потврдувајќи ги притоа егзархиските црковни права дадени според ферманот од 1870 год., давајќи му на знаење на егзархот дека црковните права на Егзархијата во вилаетите не се уништени. Дури на егзархот му се ветило да во најкусо време да се разреши прашањето за назначувањето на нови владици за Велешката, Скопската и Охридската епархија[37].

Од овој момент па за натаму егзархиската дејност во Македонија пак се стабилизирала. Егзархијата постепено успеја -

35) Арнаудовъ, М., Константинъ Стоиловъ...19.
36) Албумъ-Алманахъ "Македония"...88
37) О.М. о Б., Погледъ върху дѣятелностьта на Българската Екзархия. 1877-1902 г.(По поводъ на 25-годишния юбилей на Н.Блаженство Българския Екзархъ Йосифъ I, Leipzig, 1902, 23-27.

ла да ги зголеми своите егзархиски катедри во Македонија,успевајки на тој начин да воспостави јурисдикција на голем дел епархии во неа. Така на 26.VII.189о година Егзархијата успеала од Портата да добие султаноски берат за поставување егзархиски владика на Скопската и Охридската епархија,во името на митрополитот Теодосија Гологанов и митрополитот Синесија, на 13.IV.1894 година два берати, еден за Велешката и друг за Неврокопската епархија со митрополитите Авксентија и Иларион[38], а на 1о.XII.1897 година уште три берати за владици на Битолската (Пелагониската) Струмичката и Дебарската епархија, со егзархиските митрополити Григорија, Герасим и Козма[39].

Но и покрај сите тие успеси, Егзархијата не била потполно задоволна и поради тоа продолжила и понатаму со барањето од Портата егзархиски берати за освојување на други македонски епархии. Така од еден документ од 3.XI.1897 година се согледува обидот на бугарската буржоазија и духовенство, за барањето егзархиски владици на следните епархии во Македонија: Гуменциската, Костурската, Леринската, Драмската, Серската и Солунската. Барaниве епархии се наоѓале во Јужна Македонија, онаму каде Егзархијата се осеќала најслаба и била загрозувана од Патријаршијата.[4о]

---

38) ЦДИА, ф-247, оп.1, арх. ед. 87, л.79.

39) Документи снимени од ЦДИА, Егзархиска архива, София, Архив на Македонија , Скопје , МФ. 1; С., 24- и Априлъ, Църковенъ вѣстникъ, III/1, Соф. 27.IV.19о2, 1-3.

4о) Документи снимени од ЦДИА... АМ, МФ. 1.

Поради тие исти причини дека Егзархијата имала послаби позиции и помал број на свои верници во Јужна и Западна Македонија, во една статија од весникот "Борба" се истакнува дека Егзархијата во иднина "помалку да фрла пари во Источна Македонија а повеќе во Западна и Јужна"[41]. Подоцнежниот егзархиски обид од 1899/1900 година за добивање берати за егзархиски владици во Серската, Солунската, Одринската и Гуменциската епархија, меѓутоа останале незадоволени од Портата[42].

Понатамошниот тек на бугарската експанзионистичка и завојувачка политика во Македонија бил усмеруван од познатата програма од 10 точки од 1890 година. По предлог на бугарската влада истата програма била одобрена од Народното собрание на Бугарија на 11.XII.1891 година. Спрема програмата требало "да се помагаат Македонците кои живејат во Цариград. Да се бдее над нив за да не подпаднат под влијание на разните агитатори. Да се образуваат еснафски кафани, чии сопственици да бидат родени Бугари".(1 точка). Егзархијата требало во иднина за учителите во Македонија да поставува само родени Бугари, додека за учители по турски јазик да назначува само влијателни лица кои ќе имаат големо влијание и симпатии сред турската власт за некои егзархиски бенефиции. Учителите кои ги завршуваат егзархиските гимназии во Македонија, ако не сакале да добијат повисоко образование, да им се даваат должности во Бугарија". "Ако некои од нив го прифатат учителскиот позив, откако ќе поминат на практика четири години во Бугарија да се назначуваат за учители во нивните родни места.." (7 точка). Понатаму бугарската влада ја оцртала и должноста на егзархиското духовенство во Македонија. Меѓу другото тие биле должни "да ги уништат разните облици што постојат во Македонија, но што не постојат во Бугарија ... Повисоките духов -

41) Едно обяснение, Борба, I/3, София, 16.I.1899, 2-3.
42) О.М. и Б., Погледъ върху ... 34-37.

## 5. Отпорот против егзархиската дејност во Македонија од нејзиното основање до формирањето на Тајната македоноодринска револуционерна организација (187о-1893) година

И порано истакнавме дека борбата што македонскиот народ ја водеше против Цариградската патријаршија а за своја самостојна црква , ја исползувала бугарската буржоазија, која се наоѓала под исти јарем на турскиот државен и грчкиот духовен апарат, но која била економски поснажна со јака трговско-занаетчиска колонија во престолнината на Отоманската империја. Македонскиот народ не успевајќи да создаде своја засебна македонска црква, а несакајќи и понатаму да остане под јурисдикцијата на Цариградската патријаршија, еден мал негов дел ја прифатил Егзархијата како своја црква со вероисповед на старословенски јазик многу близок и сличен до македонските маси,одошто грчкиот јазик.[44] За таа цел еден голем дел од видното македонско граѓанство,иако не покането пристигнало во Цариград 1871 година, за да земе учество на големиот црковен Собор. Ова барање за учество предизвикало остар судир и расправии на Собранието. Дискусиите се воделе околу тоа дали да им се допушти на Македонците да земат активно учество на Собранието, бидејќи постоела бојазност кај бугарските црковнобранители, дека Македонците ќе постават свои посебни барања во смисла на признавање вољата на својот народ за добивање на македонска автокефална црква. Поради тие причини голем дел од бугарската буржоазија била против допуштањето на македонските претставители на Собранието. Само по настојување на

---

44) "Пред опасноста од елинизацијата а немајќи своја државноправна традиција под македонско име,македонските црковноучилишни општини се прогласуваат за бугарски,иако освен бугарското име немале ништо бугарско"-Димевски д-р Славко,Црковната историја на македонскиот народ,Скопје,1965,с.11о.

владиката Панарет Мишајков, родум од с.Пателе Битолско, им било допуштено на Македонците да присуствуваат на Собранието, меѓутоа, само со право на советодавен глас.[45]

Се осврнавме на овој момент за да истакнеме дека уште на почетокот на основањето на Егзархијата, бугарската буржоазија си го решавала бугарското црковно прашање како чисто бугарско прашање, а македонското црковно прашање го прегрнала како свое, обојувајќи го со бугарски колорит, пројавувајќи на тој начин претензии кон Македонија. Обидите на македонската буржоазија седиштето на Егзархијата да биде градот Охрид, кој во тој поглед поседувал долги корени од старите традиции како седиште на некогаш неправилно укинатата Охридска архиепископија, обидите да поглаварот на бугарската црква ја носи титулата -Охридски архиепископ, или на крајот обидите да истакнатиот македонски преродбеник од Галичник - Партенија Зографски го кандитираат за прв егзарх на Егзархијата биле неуспешни и однапред осудени на неуспех. Бугарските одговори на овие барања на Македонците гласале дека сега се работи за основање на бугарска црква, а не македонска или дека Партенија Зографски не можел да биде кандитиран за поглавар на Егзархијата зашто бил роден во Македонија.[46]

Дел од македонското граѓанство и интелигенција, особено чорбациско - конзервативната македонска буржоазија, врз која најмногу Егзархијата се потпирала во Македонија, ја примиле бугарската црква како своја, се разбира поаѓајќи од свои класни интереси, сметајќи го ова како единствено можна солуција во дадениот момент.

45) Димевски д-р Славко, Просветните прилики во Македонија... 66.
46) Томов Филип, Живот и дејност на Хаџи Партенија архимандрит Зографски, епископ Кукушко-Полјански и митрополит Нишавски, Македонски преглед кн.1-2, Софија, 1936, 87.

Друг дел од македонската буржоазија и интелигенција ја прифтстила Егзархијата, но изразила сомневање во однос на егзархиското пастирување во Македонија. Само четири месеци по прогласувањето на Егзархијата, имено на 23.VI.187о година во цариградскиот печат се појавила статијата под наслов "Еден глас з за сета Македонија". Во неа анонимниот автор ја предупредува Егзархијата и бугарската цариградска буржоазија ~~црковнобранители~~: уште "пред да се соединиме, мислиме и за должност наша, сметаме да ги прашаме и да ни кажат, како ќе пастируваат, според евангелиската заповед, или како што до денеска пастирувале грчките владици тирански и деспотски. Зашто како што ни помирисува уште отсега ќе да се склонува кон тој пуст деспотизам. Но затоа не е срамота да ни кажат оти така ќе биде, барем да не си ја буфтаме главата попусто, та после поголеми прашања македонски главоболии да имаме,"[47]. За отворениот антагонизам што постоел уште од 6о-те години на минатиот век па наваму, меѓу Бугарите и Македонците кои живееле во Цариград, известува бугарскиот општественик и редактор на весникот "Македонија" - кој излегувал во Цариград -П.Р.Славејков во својата статија "Македонско прашање" од 18.I.1871 година. Тој истакнува дека македонското прашање кое се појавило во Цариград пред десетина години, сега (1871) излегло на видело . Славејков го истакнува жилавиот отпор на Македонците, да го негуваат својот македонски јазик наместо бугарскиот, да не се нарекуваат Бугари, зашто "тие не биле Бугари ами Македонци...", дека едвам се откинале од Грците, па под Бугарите не сакале да потпаднат[48]. Вакви и слични обиди на отпор и

47) Конески Блаже, Македонските учебници од XIX век, Скопје, 1949, 4о; Љубен Лапе, Одбрани текстови... II дел, 9о.

48) Македонскиятъ въпросъ, Македония VI/3, Цариград, 18.I.1871, 2-3 ; Љубен Лапе, Одбрани текстови ... II дел,... 93-96.

бојкотирање на сè што е бугарско и егзархиско, среќаваме во Македонија на повеќе места и тоа одма по основањето на Егзархијата. Токму таквите и различни форми на отпор против Егзархијата, имаме намера да ги изнесеме во овој дел од нашиот труд.

Трет дел од македонската буржоазија и интелигенција, онаа најсвесната и понатаму била против останувањето на македонскиот народ под јурисдикцијата на Цариградската патријаршија но и против влегувањето под ведомството на Бугарската егзархија. Таа и понатаму барала патишта и начини за отфрлање на Егзархијата и Патријаршијата, а за создавање на своја македонска независна црква во името на Охридската архиепископија, чии спомени кај македонските маси сеуште биле свежи и присутни.

Во моментот на постепеното егзархиско проникнување во Македонија, кога македонските епархии се делеле меѓу Патријаршијата и Егзархијата по пат на плебицит (истилјам), заради консолидација на острите грчко-бугарски црковни расправии и борби, руcкиот дипломат ~~и проф~~ Игнатиев интервенирал пред Портата, Патријаршијата и Егзархијата за некакво помирување помеѓу последните институции. Мотивот на ваквата руска политика ни е познат и образложена од нас од порано: зачувување единството на православниот елемент на Балканот, кај кого Русија пројавила хегемонистички претензии.

Односот на Портата кон овој руски дипломатски чекор бил позитивен. Ако Портата првите години по основањето на Бугарската независна црква ѝ била наклонета, подоцна поради брзиот продор на Егзархијата во Македонија, а со тоа и со губењето на рамнотежата меѓу двете цркви во полза на Бугарија, брзо ја ме-

нува својата политика и некаде по фрлањето шизмата над бугарската црква се предодредува кон активна поддршка на Цариградската патријаршија. Поради тие причини таа ја прифатила идејата за разделба на македонските епархии меѓу Егзархијата и Патријаршијата како гаранција за нивното помирување и како надеж за стопирање продорот на Егзархијата во Македонија. За таа цел дошло и до званични средби меѓу претставниците на двете верски установи и предложување на план за поделба на македонските епархии.

Оваа вест многу негативно била примена сред македонското население,особено населението од јужно-македонските епархии, кои според спогодбата требало повторно да потпаднат под јурисдикцијата на Цариградската патријаршија. Ова незадоволство на македонските маси прераснало во недоверба кон Егзархијата и сè повеќе се манифестирало во обид за решавање на македонското црковно прашање надвор од Патријаршијата и Егзархијата т.е.преку создавање на самостојна црква на македонскиот народ во името на Охридската архиепископија.

Поволен момент за исполнување на поставената желба бил овозможен есента 1873 год., кога за Солунски валија бил назначен познатиот турски државник и општественик - Митхад паша. Искористувајќи го антагонизмот меѓу Бугарите и Грците по однос на македонските епархии , далекосежно согледувајќи ги последиците од нивните понатамошни црковни и дипломатски расправии,а сакајќи за секогаш да ја отстрани опасноста по Турција од гореспоменатите црковни борби,валијата дошол до идеја ,а како плод за санирање на дадената ситуација, во создавање на посебна македонска црква, независна и од Егзархијата и од Патријаршијата.

Својот план Мехмед паша им го образложил на повеќе видни македонски претставници од македонската буржоазија и претставници на некои црковно-училишни општини, на кои им ја ветил својата поддршка.[49] За таа цел го придобил кон себе и својата идеја за посебна македонска црква, испратениот егзархиски владика во Солун Нил Смолевски[50].

Идејата со воодушевување била прифатена од македонското граѓанство и голем дел од македонските црковно-училишни општини. Идејата набргу се проширила во Воденско, Прилепско, Скопско, а особено во реонот на шесте црковно-училишни општини: Солунската, Дојранската, Струмичката, Малешевската, Кукушката и Гуменциската, кои биле носителки на идејата и кои активно се застапувале за решавање на истото. Акцијата за создавање на самостојна македонска црква била поддржана и од македонската колонија во Цариград, особено за ове се застапувал егзархискиот архимандрит од македонско потекло Харитон Карпузов.

Создавањето на посебна македонска црква требало да биде санкционирано од црквата матица, во случајов од Цариградската патријаршија, која не била заинтересирана за исполнување барањето на македонскиот народ за создавање на посебна црква, зашто кон териториите коишто требало да потпаднат под јурисдикцијата на обновената Охридска архиепископија, рефлектирала таа. Затоа шеста македонски црковно-училишни општини на 16.I.

---

49) "Митхад-паша во Солун повикувал македонски првенци и ги убедувал дека не се Бугари а Македонци и дека треба да си ја обноват Охридската архиепископија". За таа цел "двајцата браќа (Паунчеви) веднаш побрзале да на печатат на македонски (јазик б.м.) делови од новиот завет и учебници". Съвременикъ, Цариградски спомени, Българска сбирка I кн. XI, Пловдивъ, 1.XI. 1894, 849.

50) Кирил патриарх български, Екзарх Антим (1816-1888), Соф., 1956, 338.

1874 година се обратиле за помош кон Англиската црква,од која ѝ барале да ја одигра улогата на покровителка за еманципација од Цариградската патријаршија, односно од Егзархијата[51]. Меѓутоа не успејала во тоа. Тоа пак ги натерало споменатите општини да побараат помош и покровителство од Римокатоличката црква.Но поради бројни субјективни и објективни причини и тука доживеале неуспех.

Ставот на Портата за создавање на уште една посебна црква на Балканот покрај Патријаршијата и Егзархијата,од кои и така имала потешкотии, бил негативен.И Патријаршијата и Егзархијата енергично се застапувале против секаква самостојна македонска црква. Руската дипломатија на чело со Игнатиев исто така се застапила негативно по однос на обновување на Охридскат архиепископија.

Некаде во ова време неочекувано и Српското намесништво побарало од својот агент во Цариград,да се истакнат и правата на Србија над Пеќската патријаршија и Охридската архиепископија. Против овие обиди интервенирал Игнатиев, дека не е време да се решава македонското и српското црковно прашање додека докрај не се реши бугарското[52]. За таа цел Игнатиев дури доаѓа во Македонија инсистирајќи пред македонските првенци да се откажат од споменатото барање за создавање на посебна македонска црква. Игнатиев интервенирал пред Портата и Егзархијата за сменување на Митхад паша од Солунскиот вилает и повлекувањето на Нил Смоленски од Солун, а за назначување на двајцата егзархиски вла-

51) Д/имевски/ С., Обид за создавање на самостојна црква во Македонија 1873-1874 год., В.МПЦ, V/2, Скопје,1963, 53-56.

52) Сава Грујиќ, Како је постала Бугарска егзархија ...14.

дици во Македонија, како компензација и привремена сатисфакција на барањата на Македонците. Станува збор за поставувањето на Натанаил Кучевишки за митрополит на Охридската епархија и Доротеј за митрополит на Скопската епархија, така да покрај велешкиот архимандрит Дамаскин, Егзархијата во ова време во Македонија располагала со тројца свои признати од Портата владици.

Меѓутоа, со доаѓањето на тројцата егзархиски владици во Македонија, антиегзархиското расположение и движење не престанало. Незадоволството на македонскиот народ против хегемонистичкиот став на Егзархијата по однос на црковно-училишните општини во Македонија, кои дотогаш ја исполнувале и задоволувале просветната и црковната дејност и потреба на својот народ, од ден на ден се манифестирала сѐ посилно. Една од таквите манифестации е и непријателскиот однос кон штотуку дојдените тројца егзархиски владици во Македонија.

Уште со самото доаѓање во Велес архимандритот Дамаскин се судрил со месното граѓанство. Архимандритот се обидел да ја уништи самостојноста на Велешката црковно-училишна општина да ја потчини на своето црковно ведомство и ја претвори во свое послушно орудие, но со тоа самиот се компромитирал пред домашното граѓанство. Опозицијата против него уште 1874 година испратила до Егзархијата писмо потпечатено од 19 мухтарски печати и 39 потписи, во кое било барано сменување на Дамаскин. Посебно обвинување против архимандритот од 28 точки испратил членот на општината Петар Урмов. Поради тоа Егзархијата морала да го повлече Дамаскина, а на негово место привремено го поставила неговиот дотогашен заменик Тодор Митев од Софија. И против Митева Велешани набргу влегле во конфронтација, меѓутоа, него Егзархијата го

задржала на таа функција сè до канонското сменување на Дамаскин од положбата архимандрит на Велешката епархија 1877 година .[53]

Во опозиција со домашното граѓанство, одма по своето пристигнување во Скопје се нашол и митрополитот Доротеј, пак во врска со митрополитското настојување неограничено да управува со домашната црковно-училишна општина. Ако митрополитот Доротеј за владика на Скопската епархија бил поставен на 23.III. 1874 година веке на 27.VIII. истата година од погоре спомenатите причини Егзархијата го повлекла од Скопје, а на неговото место го поставила Видинскиот митрополит Кирил.[54]

И Натанаил Кучевишки, иако од македонско потекло, како митрополит на Охридската епархија набргу дошол во судир со охридското граѓанство и интелигенција. Особено познати се неговите судири со познатиот македонски преродбеник Глигор Прличев а подоцна судирот со турската власт. После објавувањето на руско-турската војна неговото останување во Македонија како и на митрополитот Кирил и другото егзархиско повисоко духовенство било невозможно, бидејќи тие се компромитирале во очите на турските власти, заштото повеќе били прогласени како "началници на Македонското востание" и како опасни и штетни по Турција[55]. По 1878 година Егзархијата не располагала со ниеден свој владика во Македонија поради што морала сета црковно просветна власт во неа да ја отстапи на македонските црковно-училишни општини кои и пред доаѓањето на Егзархијата во Македонија се занимавале со таа дејност.

---

53) Димевски д-р Славко, Просветните прилики во Македонија... 98

54) Додека на местото на Видинскиот митрополит Кирил, Егзархијата го експонирала архимандритот Јосиф, подоцнежниот бугарски егзарх : М.Арнаудовъ, Екзархъ Йосифъ... 181.

55) Извадоци на документи од ЦДИА ... IV/6.

После Берлинскиот конгрес , кога беше призната и санкционирана независноста на Бугарското кнежевством севкупната бугарска политика во Македонија се одвивала и сведувала во барање од Портата берати за македонските епархии, како би можела Егзархијата повторно да се наложи на македонското тло. Но, како во тие барања тешко била задоволувана ,а од друга страна Егзархијата во Македонија не располагале со ниеден свој владика, егзархот ја менува својата ~~егзархиската~~ политика спрема Македонија. Отсега натаму Егзархијата сета своја сила и умешност ја сконцентрира кон тоа, потполно да проникне во македонските црковно-училишни општини,а преку нив да управува со црковно-просветните потреби на македонскиот народ односно, по таков начин полесно да го шири бугарското влијание во Македонија ~~бугаризира~~ .Во таа смисла почнала да поставува претседатели на општините,од неа назначени и платени личности кои обично биле монашки лица,предани на Егзархијата,како идни потенционални кандидати за владици во Македонија. Во почетокот такви лица назначувале самите општини во Македонија, а Егзархијата само ги потврдувала, Но подоцна, а особено таму каде што егзархиското влијание било доволно јако и наложено, Егзархијата сама предлагала и назначувала претседатели на општините, кои природно биле одговорни за својата дејност пред Егзархијата т.е. пред својот финансиер. Во таквите случаи Егзархијата, посмело и подиректно се наложувала.

Меѓутоа, кај оние црковно-училишни општини каде македонскит маси биле компактни и единствени, каде традицијата за внатрешното самоуправување на своите општини влечела долги корени на старите традиции од минатото, Егзархијата настапувала со попуштање. Во такви случаи претседателите на општините биле предлагани и назна чувани од месното граѓанство на општината. Или со други зборови речено, таквите црковно-училишни општини сами се самоуправувале

како што бил случајот со Велешката, Прилепската и други црковно-училишни општини во Македонија.

Некаде околу 1886 година Прилепската црковно-училишна општина "трудољубиво се грижела за класните училишта, често игнорирајќи го училишното настојателство и директорите како и училишниот оддел при Св. Егзархија. Така таа си дозволила право сама да избира и назначува не само учители, но и директори на училиштата, и нешто повеќе, таа реагирала пред Училишниот оддел, кога последниот без знаење на општината назначувал учители и по селата...". Ваквата самоуправна дејност на Прилепската црковно-училишна општина се негувала "за сето време на тоа десетолетие". Поради централистичката политика на Егзархијата по однос на црковно-просветните работи во Македонија "Прилепската црковно-училишна општина љубоморно го пазела своето право да го раководи учебното дело во градот на чисто автономни начела, како што било порано, избегнувајќи дури и формално врзување со егзархиската институција... Пазењето на автономните права на општината и Училишното настојателство, понекогаш достигнувало (нејасно во оригиналот но веројатно се подразбира -до таму што општината -б.м.) не сакала да дава дури и статистички податоци за бројноста на учителите во училиштето, како и да не допушта на ревизија егзархиски училишни инспектори..."[56].

Прилепската црковно-училишна општина жилаво се борела и опирала за зачувување на своите одамнешни традиции во самостојното управување на полето на просветата, вероисповедта и други обредни традиционални и месни обичаи. Во таа смисла антагонизмот меѓу неа и Егзархијата и понатаму продолжувал. До забележителни судири дошло 1887 година. Таа година "настојателството на Варош маало изразило желба за еманципација од Егзархијата а за создава-

56) Шалдевъ Хр., Градъ Прилѣпъ за своитѣ училища, Македонски преглед, I/II, Соф., 1924, 40-51.

ње на автономна црковно-училишна општина во Прилеп[57]. Егзархијата се спротивставило на обидите на Прилепската црковно-училишна општина за изградба на нова црква. Ваквиот егзархиски централистички став домашното граѓанство го примило со негодување. Како одговор на реакцијата против истото свештеникот Спас Игуменов испратил едно писмо до егзархот во кое известил дека во иднина нема да ја признава јурисдикцијата на Егзархијата , се прогласуваат за автономна црковно-училишна општина и сами ќе се самоуправуваат.

Се разбира дека при интервенцијата на Егзархијата и Портата ваквиот жилав отпор на Прилепската црковно-училишна општина бил ~~енолиран~~ угушен. Меѓутоа факт е дека ваквото антиегзархиско држење на македонскиот народ, на многубројните црковно-училишни општини во Македонија било манифестирано скоро "на сите полиња"[58].

За илустрација на искажаниот антагонизам меѓу Егзархијата и македонското граѓанство и општини, ние се послуживме со примерот на Прилепската црковно-училишна општина, заради тоа што тоа нешто го предизвика нашето внимание, и заради тоа што во моментот најмногу располагаме со изворна документација и литература за тој дел од нашата историја.Изнесувајќи го тој пример можеме да дадеме суд и да констатираме дека и во другите краишта од Македонија, македонското граѓанство и општините давале таков отпор или сличен на изложениот.

Борбата што македонскиот народ ја водел против Цариградската патријаршија имала за цел добивање на самостојна

---

57) Димевски Славко, Некои моменти од антиегзархиското движење до создавањето на ВМРО, БИНИ,Ск.V/2, 1961, 179-2oo.

58) Х 3 + 5 (Стојан Новаковиќ), Бугарске школе у Македонији, Отаџбина, бр.19, Београд, 1888, 84.

македонска црква. Како во тоа не успејал, најголем дел од македонскиот народ ја прифати Егзархијата како словенска црква. Но уште на почетокот на своето конституирање Егзархијата се покажала ~~не покажала~~ не помал експлоататор и тутор од Цариградската патријаршија, настојувајќи македонскиот народ да го бугаризира преку религијата и просветата. Заради тоа кај македонските маси се јавува отпор и реакција несакајќи една туѓинска јурисдикција да ја заменат со друга, да грчкиот јазик го заменат со бугарски, туку побарале правилно да се реши македонското црковно прашање преку обновувањето на Охридската архиепископија, идеја присутна кај македонските маси скоро низ целиот XIX и XX век, а која едвам се реализир во наши дни.

На чело на новата акција за обновување на Охридската архиепископија кон 90-те години на минатиот век, застанал егзархискиот митрополит Теодосиј Гологанов, Македонец, роден во с. Трлис, Неврокопско. Немаме намера да се искажеме за насобраните одамнешни симпатии, размислувања и акции на митрополитот Теодосиј за идејата за самостојна македонска црква. Ние ќе се произнесеме само кон неговите практични акции за отцепување од Егзархијата и обидот за создавање на независна македонска црква од неговото доаѓање во Скопје на 30.VII.1890 година како егзархиски митрополит на Скопската епархија, кое спрема нас претставува очевиде и мошне силен аргумент во нашето образложение за отпорот на македонските маси против Бугарската егзархија.

За митрополитот Теодосиј Гологанов македонската историографија располага со една монографија[59], во која подецидно е изнесена неговата антиегзархиска политика. Како не би повторувале некои работи општо познати во македонската историографија, а сакајќи сепак да се ис

59) Димевски д-р Славко Митрополитот Скопски Теодосиј-живот и деј ност (1846-1926), Скопје,1965, 209.

кажеме за идејата и акцијата на Теодосиј за обновувањето на Охридската архиепископија, а тоа значи отцепување од јурисдикцијата на Егзархијата, во таа смисла ќе се послужиме со искажувањата на најголемиот противник на Теодосиј и автономната македонска црква -егзархот Јосиф, кој во писмото до претседателот на егзархискиот Св.Синод -самоковскиот митрополит Доситеј се жали дека Теодосиј "не се чувствува Бугарин, а Македонец, не примал во Скопје директори или учители од Бугарија, се готвел да прогласи независност од Егзархијата... ги прогласил за неважечки во Скопската епархија сите училишни и пансионски правилници издадени од Егзархијата, напечатил на своја глава, без каква и да е законска основа були (дозволи за венчавање -б.м.), крштелни и училишни свидетелства со испуштање на зборовите "Бугарска Егзархија". Зборувал со граѓаните и учителите дека не ја признава Егзархијата, дека ги прекинал односите со неа. Ја ширел идејата дека Македонците треба да се ослободат од Горненците -Бугари... Сите Македонци требало да работат за да се ослободат по каков и да било начин од Горненците,односно од Бугарите од Северна и Јужна Бугарија, кои држат учители и други должности во Македонија и при Егзархијата. На учителот Ѓорче Петров му сугерирал да собира етнографски материјал со кое се докажува дека Македонија се разликува од Бугарија... Теодосиј преку собирањето на владичината имал намера да се ослободи од егзархиската каса и создаде услови за отцепување од Егзархијата..."[60].

При реализирањето на идејата за обновување на Охридската архиепископија, Теодосиј бил прилично решителен и смел во

---

60) Извадоци на документи од ЦДИА... VII/ 21-43.

своите акции. Тој отворено зборувал за постоење на македонската народност[61]. Теодосиј го отстранил бугарскиот јазик од училиштата и ги заменил бугарските учебници со македонски[62]. За таа цел отворил печатеница со посебно одделение со словенски букви во Скопје и во неа печател разни документи, формулари за црковните и просветните потреби на својата епархија во кои редовно биле изоставувани до тогаш вообичаениот назив "Бугарска Егзархија". Теодисиј ги прогонил сите дојдени учители и директори од Бугарија во својата епархија, а на нивно место поставил месни просветни работници дури и такви со неоформено образование. Зашто спрема него "месните учители биле орудие само по себе пригодни за отпор против пропагандите"[63]

За реализирањето на својата идеја - самостојна македонска црква, Теодосиј принудеил многу директори да си дадат оставка, многу претседатели на општини ги заменил во лица наклонети нему и неговата идеја. За илустрација ке го споменеме сменувањето на директорите на скопското училиште Антон Наследников и Ѓорѓи Кандиларов, кои биле егзархиски службеници. На 26.IX.189о год. во Кочани Теодосиј го сменил егзархискиот претседател на општината и директорите на училиштето[64], а на нивно место поставил сомисленици на идејата за посебна македонска црква и народност.

На ваквиот благороден обид на Теодосиј за еманципација од Егзархијата и создавање на посебна македонска црква, енергично интервенирала Портата и Егзархијата. Со помош на скопскиот валија под конвој Теодосиј бил испратен за Цариград при Егзархијата, која го лишила од секаква свештеничка должност и го ставила за секогаш во принуден притвор во Бугарија. На неговото место

61) Димевски д-р Славко, Митрополитот Скопски Теодосиј... 141.
62) Исто, 137.
63) Исто, 113.
64) Исто, 9о.

Егзархијата избрала нов скопски владика на 9.II.1892 година во лицето на архимандритот Максим, против кого набрго се појавил отпор и антипатија.[65]

Реакцијата против сменувањето на митрополитот Теодосиј-ја среќаваме сред македонското граѓанство одма по неговото присилно протерување од скопската епархија. До силна реакција доаѓа во престолнината на неговата епархија -Скопје, потоа во Кичево, Прилеп и многу други места. Селските свештеници од Прилепско се откажале од Егзархијата и барале обновување на Охридската архиепископија. Во таа смисла најголема активност покажал попот Никола од с. Врбјани. Тој "одел по селата и докажувал дека Македонците не се ниту Срби, ни Грци ниту Бугари, поради што имаат право на своја самостојна црква ".[66]

И Охридското граѓанство изразило незадоволство против егзархискиот просветен и црковен апарат во Охрид, додека во Битола се појавило движење за воведување на македонски јазик во училиштата. Серската црковно-училишна општина и испратила своја делегација при егзархот протестирајќи против сменувањето на Теодосиј[67].

Секако најинтересен е истапот на Велешкото граѓанство, кое незадоволно од ваквата егзархиска политика во Македонија побарало повторно враќање под јурисдикцијата на Цариградската патријаршија. Како реакција против сменувањето на митрополитот Теодосиј и против дотогашната денационализаторска политика на Егзархијата во Македонија, Велешкото граѓанство на 18.II.1872 година во црквата "Св.Пантелејмон" на свиканото општонародно

65) Новини, II/41, Цариград, 14.II.1892,3.
66) Димевски д-р Славко, Митрополитот Теодосиј... 166.
67) Исто, 164.

собрание испратило молба до Цариградската патријаршија во која се вели: "Ние верни поданици на неговото Величество царот султан Абдул Хамид... од долго време сме заблудани како стадо и сме измамувани од бугарската пропаганда. Ние сме Словени од Македонија одсекогаш сакаме такви да останеме. За да нè побугари, Егзархијата ни го зеде единствениот наш заштитник, скопскиот митрополит Теодосиј.Сакаме да се одделиме од Бугарија и понатаму да бидеме третирани како самостојна словенска општина, да имаме наши училишта,во кои сами ќе ги плаќаме и издржуваме учителите.. Ве молиме свети Патриарху, да бидете толкувач пред Отоманската порта за да ни укажете помош како на Словени -ортодоксни. Бараме дозвола за училишта во кои нашите деца ќе учат на мајчин јазик и ќе се воспитуваат во духот на својата православна црква и вера"[68]

Вакви и слични реакции среќаваме и на други места ~~насекаде~~ во Македонија. Против Егзархијата и нејзината централистичка дејност во Македонија во областа на просветата и религијата, против егзархиското посегнување да ги претвори во свои послушни орудија македонските црковно -училишни општини, се спротивставиле еснафите,ин трговците, побудната интелигенција, училишната младина и др.

Македонската интелигенција која произлегувала од редот на еснафското и трговското граѓанство во Македонија,била најмногу незадоволна од егзархиската дејност во Македонија. Таа 90-те години на минатиот век, па наваму, ќе пројави организирана борба против застапеноста на бугарскиот јазик во просветата,ќе побара признавање на Македонија како посебна етничка целина. Борејќи се за неразделивоста на Македонија како географско-стопанска и етничко-национална целина, македонската интелигенција ќе го понесе на

---

68) Исто, 166-7.

свој грб сиот товар на национално-ослободително движење на својот народ од крајот на XIX и почетокот на XX век.Во таа смисла согледувајќи ја денационализаторската политика на севкупниот егзархиски црковно-просветен апарат во Македонија, интелигенцијата се прогласува за ~~закрвавен~~ доследен непријател на таа егзархиска и великобугарска политика. Согледувајќи ја опасноста од Егзархијата и великобугаризмот по однос на македонската самобитност, македонската интелигенција пројавува неизмерна жилавост и отпор. Во таа смисла таа преку агитација, протести, пишување во периодиката и посебните брошури,подготвувањето и активното учествување во училишните тајни кружоци и бунтови и преку разни други форми и начини, го искажувал својот револт и протест против егзархиската денационализаторска дејност во Македонија.

Како што истакнавме малку погоре , македонската интелигенција била идеен предводник на македонската младина, пред сѐ училишната во многубројните училишни тајни кружоци и бунтови во Македонија против бугарските егзархиски учители во училиштата, против обемната застапеност на изучување на бугарскиот јазик и бугарската национална историја. Во овој временски период ќе го споменеме училишниот таен кружок и бунт во учебната 1883/84 година во Солунската гимназија, во кого членувале и учествувале како главни дејци Ѓорче Петров и Пере Тошев, идните основоположници на македонското национално-ослободително движење. Во кружокот се повела борба против апсолутистичкиот однос на егзархиските учители и чиновници и егзархискиот директор во Гимназијата. За раскринкување на егзархиската езуитска дисциплина и политика во гимназијата, Ѓ. Петров почнал да пишува анонимни статии во антиегзархиски весник "Балкан". Иако откриен и казнет со одземање на

стипендијата, Ѓ.Петров не се така лесно откажувал од својата зацртана антиегзархиска дејност. Нешто покасно се зафатил со пишување на една брошура каде исто се критикувала севкупната егзархиска просветна политика во Солунската гимназија, а посебно директорот на Егзархиската Солунска гимназија. Реагирајќи на вакviот антиегзархиски приод на членовите на кружокот, конкретно во случајов преку напишаниот избор на ученикот во гимназијата и член на кружокот Ѓ.Петров, наставничкиот совет при гимназијата запретил со исклучување од училиштето на виновниците. Поради тоа, уште пред да се донесе решението на наставничкиот совет ,членовите на кружокот во 1884 год. подигнуваат бунт во гимназијата. Но бунтот бил брзо локализиран а Ѓ.Петров, П.Тошев и уште многу други нивни соклasници и членови на кружокот бидуваат истерани од гимназијата[69].

До масовен бунт против гимназиската и интернатската егзархиска управа во Солун доаѓа во учебната 1887/1888 година. Како плод на активноста на учениците до бунтот, бидува сменет директорот на гимназијата Ѓорѓи Кандиларов, Бугарин и главниот воспитач на интернатот Радивоев, исто Бугарин. Меѓутоа и при овој бунт и протест се исклучени многу ученици кои бидуваат протерани од Солунската гимназија, а целиот интернат казнет со забрана на излегување во град за цела година.

Меѓу учениците кои морале да ја напуштаат егзархиската Солунска машка гимназија спаѓаат Даме Груев и Петре Поп Арсов, подоцнежните основачи на списанието "Лоза" и темелоположувачите на Тајната Македоно - Одринска револуционерна организација.[70]

До вакви и слични организирани кружоци и бунтови, протести и манифестации македонската младина , интелигенција и

69) Спомени на Ѓорче Петров Скопје,1950,14-15;Димевски д-р Славко. Просветната политила на'Егзархијата... 21-25.
70) Исто, 25-29.

граѓанство а против егзархиската инквизиторска и денационализаторска политика во Македонија,ќе се сретнеме и покасно. Особено кога македонската интелигенција и граѓанство и целиот македонски народ масовно ќе се организира во една сенародна отпрвин тајна организација во името на Тајната Македоно-Одринска револуционерна организација (понатаму скратено ТМОРО) која ќе поведе долготрајна , систематска и непомирлива борба против непријателите на македонската самобитност а се во одбрана на македонската географска и етничка целина.

## II Д Е Л

## ЕГЗАРХИЈАТА И МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНООСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ ОД ОСНОВАЊЕТО НА ТАЈНАТА МАКЕДОНО-ОДРИНСКА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОРГАНИЗАЦИЈА до Илинденското востание (1893- 1903) година

## 1. Општествено-политички претпоставки за создавање на Тајната Македоно-одринска револуционерна организација

Процесот на распаѓањето и гниењето на огромната Отоманска империја од Берлинскиот конгрес па наваму бил уште поевидентен. "Турција е едно изгниено дрво, темелите на која се поткопани и таа покажува признаци на блиско паѓање."[71] Таа пополека станувала полуколонија на западно европските капиталистички сили, кои ги преплавиле турските пазари и панаѓури и кои ги држеле сите нишки на општествено -политичкиот и економскиот живот на Империјата. Од друга страна под натисок на евтините индустриски капиталистички производи во Турција, домашното стопанство и економика било во постојана стагнација и опаѓање. Тоа пак уште повеќе ќе се одрази врз влошувањето на ионака тешката положба на населението во Империјата. Оваа особено ќе се однесува и на македонското население, на македонското стопанство, економика, на македонскиот културен и општествен живот, особено после Берлинскиот конгрес, кога Македонија станала гранична провинција на Отоманската империја.

Животот на македонското население од крајот на XIX век станувал од ден на ден понесносен. Катадневните убиства постојано се зголемувале, насилијата земале пошироки размери, затворите се полнеле со невини несреќници[72]. За подобрување животот на несносната положба на својата раја Турција речи си не превземала ништо. Напротив, таа систематски ја негувала својата позната политика на создавање на вражби и народни непомирливости помеѓу одделните

---

71) С.Р., Заедничка борба за слобода, Револуција, бр.7 Соф., 9.VIII. 1895, 1-2. Во книгата :Одбрани статии за работничкото и социјалистичкото движење во Македонија (1895-1914), Скопје, 1962, 33-36

72) Критика, Борба, I/8, Соф., 25.II.1899, 3-4.

народи, час насакувајки ги Курдите против Ерменците, Турците против Арабите, Грците против Македонците, помеѓу самото христијанско население во Македонија и по тој начин натерувајќи ги истите да ги трошат своите сили, за да не можат тие исти сили да бидат употребувани против нея. Како резултат на ваквата несносна положба како што се карактеризирале последните две децении на минатиот век во Турција, неминовно ќе доведе до барање на порадикални форми и патишта на македонскиот народ, а кои биле најдени во присилно рушење на дотогашниот изживеан општествено-политички поредок. Незадоволството на потчинетите маси во Македонија, на селанството и занаетчиството, на еснафството, на дел од ситното граѓанство растело од ден на ден, паралелно со нивното потполно економско и политичко упропастување. Барајќи патишта за излез од дадената ситуација, македонските маси ги наоѓаат во потребата од организирана борба за национално и социјално ослободување. Поради тоа, основаната Тајна македоно-одринска револуционерна организација (понатаму во текстот скратено -ТМОРО), предводена од македонската интелигенција, предимно учителската, ги поведува македонските маси во непомирлива револуционерна борба со учество на сите потиснати во Империјата народности, а со цел извојување на политичка автономија или слобода на Македонија во своите географско-етнички граници.

ТМОРО е формирана на 23.XI.1893 год. во Солун. Таа е рожба и резултат на тешкиот и несносен живот на македонскиот народ под гнетот на турскиот феудален апсолутистички режим, против странските територијални посегнувања на соседните монархии, но и како резултат на една потреба во дадениот момент, која неминовно налагала рушење на постоечкиот општествено-политички живот во Турција а за создавање на посебна македонска заедница во границите на

македонскиот етникум. Тоа е време кога низ цела Европа па и на Балканскиот Полуостров се создавале и конституирале народите во нации. Меѓутоа процесот на формирањето на народите во нација кај оние народи кои на некој начин ја изгубиле својата државност а се наоѓале во склопот на една поголема држава, во која феудализмот сеуште бил неизживеан, се нашле во една мошне сложена ситуација. Националното будење кај тие народи веќе било во задоцнување. "Тие народи сега се нашле наспроти двоен непријател:наспроти остатоците на феудалната апсолутистичка реакција и наспроти хегемонистичките стремежи на буржоазијата на владеачката нација"[73]. Таква судбина го снаоѓа и македонскиот народ во склопот на Отоманската империја. Македонскиот народ - предводен од својот граѓански и интелектуален елемент, поради општествено-политичката и економска криза околу 7о-те и 8о-те година на минатиот век , поради тоа што се наоѓал под турско државно и грчко и бугарско духовно ропство, се закаснил - ~~задоцнил~~ во процесот на конституирањето на својот народ во нација. Но процесот на формирањето на нации,кој бил акутен през целиот XIX век во Европа[74], понесен од брзиот капиталистички продор во Европска Турција неминовно се пренесувал и го прегрнал и македонскиот народ.

И македонската буржоазија и интелигенција ја прифатила идејата за самостоен живот на својот народ, групирајќи се околу својата географско-етничка целина, ја прифатил идејата за конституирање во една стопанска и политичка целина,во која таа би имала доминантна и хегемонистичка улога. Но, како Македонија се

73) Кардел Едвард, Развој на словенечкото национално прашање, Скопје,1959,93.

74) Процесот на конституирањето на народите во нации бил рожба на XIX-от век, на преминот на општествениот развиток од феудализам во капитализам .-Кардел Едвард,Развиток на словенечкото национално прашање... 85.

наоѓала во склопот на Отоманската империја а од друга страна, кон нејзината важна географско-стратешка положба на Балканскиот полуостров ги уперила своите завојувачки погледи младите соседни монархистички буржоазии, процесот на конституирањето на својот народ во нација, станувал мошне сложен и тежок. Неможејќи по мирен пат да ги реализира гореспоменатите стремежи, македонскиот народ по револуционерен пат, преку националноослободителното движење ќе се обиде да ги оствари тие свои ослободителни цели.

## 2. Егзархиската политичка дејност во Македонија по формирањето на Тајната македоно-одринска револуционерна организација

Политиката на Бугарската егзархија во Македонија била идентична со политиката на бугарската експанзионистичка буржоазија и бугарскиот двор, чија заедничка поента се состоела во присоединувањето на Македонија кон Бугарија. Бугарската егзархија како експонент во рацете на ~~големобугарската~~ буржоазија и двор требало да одигра таква ~~великобугарска~~ улога, да Македонија ја култив ра како бугарска земја, а Македонците ги претвори во Бугари. Тоа е ра бирливо кога се знае дека Егзархијата е творба на бугарската бур жоазија, која од половината на XIX век пројавувала експанзионистички тенденции за територијални присвојувања надвор од природните граници на Бугарија. Како рожба на бугарската експанзионистичка буржоазија, Егзархијата требала да ја одигра улогата на задоволувач и реализатор на бугарските територијални претензии кон Тракија, дел од Србија и особено во Македонија, поготово што својата дипломатска, морална, физичка и материјална поткрепа таа

ја наоѓала во Бугарското кнежевство. Таа своја пијемонтска улога Егзархијата ја обавувала уште со самото свое основање а особено по конституирањето на Бугарското кнежевство.

За исполнувањето на својата пијемонтска улога во Македонија, Егзархијата добивала од Бугарското кнежевство огромни материјални средства за издржување на обемниот црковно-просветен апарат во Македонија. Од конституирањето на Бугарското кнежевство па наваму, особено периодот од последната декада на XIX век, егзархискиот црковно-просветен апарат постојано растел и навлегувал скоро во сите пори на општествено-политичкиот, верско -просветниот и културниот живот на македонскиот народ. Така по 1897 година Егзархијата поседувала во Македонија 7 митрополитски катедри, 21 архиерејски наместништва во 2о црковно-училишни општини. Во исто време егзархијата имала ведомство над 1.18о македонски цркви, 43 манастири и 89 параклиси[75] да би таабројка во 1911 година се покачи на 62 манастири и 1.294 цркви[76]. Меѓутоа, приложениве табеларни прегледи не можат да ја одразат реалната егзархиска распространетост во Македонија,зашто таа се менувала од година на

75) А., 24-й Априлъ, Църковенъ вѣстникъ, III/1,София,37. IV.19о2, 1-2; О.М. и Б., Погледъ върху дѣятелностьта на Българската Екзархия ... 47; Брызицов Д.Христо, Екзарх Йосиф I, ... 189.

76) Лапе Љубен, Екзархија Бугарска, Енциклопедија Југославије, т.III.217.

година. Така според горе изнесените показатели (цитат 75 и 76 - б.м.) Екзархијата во 1897 година во Македонија имала ведомство над 2о црковно училишни општини, над 1.18о цркви, 43 манастири, 89 параклиси итн., во друг еден извор од 1912 година, ако му веруваме на изнесувањата на егзархискиот секретар од 19о5 година - Димитар Мишев, Егзархијата во Македонија имала ведомство над 7 митрополитски катедри, 4о архиерејски намесници, 6о црковно -училишни општини, потоа над 62 манастири, 1.294 цркви, 1.132 свештеници, 1.141 училишта, 1.776 учители и друго.[76a]

За да добиеме поцелосна слика на разгранетоста на егзархиската црковно - просветна мрежа во Македонија ги прилужуваме следниве табеларни показатели[77].

Околу 1897 година Егзархијата имала ведомство над следниве црковно-училишни институции во Македонија.

---

76[a]) Мишевъ Д., Македония въ своето културно-просвѣтно развитие , Ил. Илинденъ, год. XII, кн.1 (111), София, 194о, 13.-15.

77) Горниве табеларни прегледи ги направивме спрема цитираното дело на О.М. и Б., Погледъ върху дѣятелностьта на Българската Екзархия ..., 47-48.

| Епархии: | Архиерејски намесништва: |
| --- | --- |
| | Скопска епархија: |
| 1. Скопска | Тетово |
| | Гостивар |
| 2. Охридска | Куманово |
| | Кратово |
| 3. Велешка | Кочани |
| | Крива Паланка |
| 4. Неврокопска | Штип |
| | Царево Село (Делчево) |
| | Битолска епархија; |
| | Прилеп |
| 5. Пелагониска (Битолска) | Мариово |
| | Дебарска епархија: |
| | Кичево |
| | Охридска епархија: |
| | Ресен |
| | Крушево |
| | Струга |
| | Смилево |
| | Струмичка епархија: |
| 6. Струмичка | Пехчево |
| | Радовиш |
| | Кавадарци |
| | Неврокопска епархија: |
| 7. Дебарска | Мехомија (Разлог) |
| | Горна Џумаја (Благоевград) |

Таму каде што Егзархијата не успејала да добие берати и одобрувања од Портата за основање на свои епархии или архиерејски намесништва во Македонија, успејала некаде целосно, некаде делумно да воспостави свое ведомство над македонските црковно- училишни општини, во кои успејала да наложи свои платени претседатели на истите македонски институции. Станува збор за црковно-училишни општини во:

---

Солунски санџак:

Солунска

Воденска

Кукушка

Гевгелиска

Дојранска (Полин)

Еница -Вардарска

Гуменџиска

Серски санџак:

Серска

Демир - Хисарска

Петричка

Мелничка

Долна Џумајска

Битолски санџак:

Леринска

Емборска

Костурска

---

Во исто време Егзархијата отворила во Македонија стотина основни училишта, неколку гимназии и педагошки училишта. Околу 1899/1900 година Егзархијата располагала со седум

повисоки просветни институции во Македонија: женската, машката и трговската гимназија во Солун, по една гимназија во Битола, Скопје, Серес и други места[78]. Егзархиски полугимназии постоеле во : Скопје, Велес, Прилеп, Штип, Охрид, Кукуш, Воден, Серес, Мелник, Неврокоп, Куманово, Крива Паланка, Битола, Ресен, Лерин, и Костур[79]. За илустрација ке наведеме дека во учебната 1907/1908 година бројот на егзархиските триклясни училишта во Македонија се покачил на 56 такви институции. Триклясни егзархиски училишта постоеле во Битолскиот вилает во : Крушево, Ресен, Кичево, Лерин, Пателе, Охрид, Струга, Прилеп, Дебар, Галичник, Лазарополе, Загоричани, Хрупишта, Емборе; во Скопскиот вилает во Велес, Блатец, Кратово, Кочани, Куманово, Берово, Владимирово, Пехчево, Царево Село (Делчево), Крива Паланка, Радовиш, Штип со Ново Село, Свети Николе, Тетово; во Солунскиот вилает во Просочен, Воден, Богданци, Гевгелија, Дојран, Гуменџе, Ениџе - Вардар, Кукуш, Средно Куфалово, Струмица, Ваташа, Кавадарци, Неготино, Горна Џумаја (Благоевград), Горно Порој, Демир Хисар, Долно Порој, Крушево (во Горно Џумајската каза), Мелник, Неврокоп, Петрич, Банско, Мехомоја (Разлог) и Баракли Џумаја (Долна Џумаја).[79а]

---

78) С., 24-й Априлъ... ц.д., 1-3;
79) Катарџиев Иван, Еден документ за школската пропаганда во Македонија, Г-ИНИ, I/1, Скопје, 1957, 293-314.
79а) Податоци според: Статистика за Българскитѣ училища въ Европейска Турция прѣзъ учебната 1907-1908 година, Солунъ, 1910, 13-23.

по секој предмет да предава на бугарски јазик[87].

За подобрување на ваквиот лош успех при изучувањето и застапеноста на бугарскиот "литературен" јазик интервенирала Егзархијата. Во таа смисла Училишниот оддел при Егзархијата испратил еден акт до бугарските егзархиски училишта во Македонија во кој барал од учителите да зборуваат на "литературниот"бугарски јазик во наставата по сите предмети.[88]

Како што можевме да уочиме од приложениот документ не се работело за некакво незнаење на бугарскиот"литературен"јазик . Со него учениците воопштувале на часовите по мајчин јазик.[89] Меѓутоа тука се работи за една апатија и намерна недисциплина за намерно несакање да се зборува на тој јазик, кој за македонските ученици па и учители бил непожелен. Дури срекаваме појава во наставно-воспитниот процес во училиштата бугарскиот "литературен" јазик да се замени со вистинскиот во прав смисол на зборот мајчин јазик за македонските ученици т.е. македонскиот јазик кој бил полесен и прижелкуван од македонските ученици и учители. Една таква појава регистрираме на Првиот учителски собор во Прилеп на 15.VIII.1893 год кога во врска со дискусијата по прашањето за јазикот, крушевскиот учител Шумков настојувал во македонските училишта да се употребува македонски јазик.[9o]

Секако обидот на учителот Шумков за негување на македонскиот јазик наместо бугарскиот во македонските училишта не бил единствен. Заради тоа Егзархијата и Училишниот Оддел се обидуваат уште во корен да ги пресечат ваквите и слични обиди. За таа

87) Исто.

88) Исто.

89) Под терминот мајчин јазик, подразбираме изучување на бугарскиот литературен јазик. Меѓутоа, тој за македонските ученици не можел да ја игра улогата на мајчин јазик.

9o) Беседа, Првиѣ български учителски събир въ Прилѣпъ, Новини, IV/36, Цариградъ, 28.I.1894, 3.

цел Училишниот Оддел испраќа писмо до своите потчинети просветни органи во Македонија од кои барал во иднина да обрнат поголемо внимание кон предметите од бугарската национална историја и јазик, географија и турски јазик, од кои предмети учениците покажувале слаби резултати.[91]

Но и од овој егзархиски повик и аларм резултатите изостанале. И понатаму македонските ученици покажувале слаби резултати и познавање на бугарскиот јазик. Дури и повеќе од тоа. Имено, за бугарското егзархиско духовенство "веќе било докажано и секој бил убеден , дека учениците коишто ги свршуваат средните училишта, се многу слаби по мајчин јазик. Не само учениците во долните класови, но и во погорните, па и самите матуранти коишто зборуваат, неможат да ги искажуваат своите мисли правилно и логично". Очигледно било дека "нашиот литературен (бугарски -б.м.) јазик уште е во своите пелени".[92]

Веќе било крајно време бугарската буржоазија и егзархиското духовенство да преземат ригорозни мерки кога веќе оние "радикалните" не вродиле плод. Интенцијата на бугарската влада и Егзархијата сега била уперена кон тоа "да се преземат најстроги соодветни мерки, требало учителите и училишните инспектори да ги употребат сите свои сили за да може да се установи едно задоволително знаење на јазикот уште во основното училиште. Поради тоа требало да се обрне строго внимание на изучувањето на мајчиниот (бугарскиот -б.м.) јазик во основното училиште, требало да се биде одсега натаму најстрог и внимателен врз учебниот план за учителите, врз методите на предавањето и воопшто врз сѐ за изучувањето на тој пре

---

91) Архив на Македонија-Скопје, фонд: Битолска црковно -училишна општина, Битола, 25.IX.1897 год.
92) Слабиятъ успѣхъ на матерниятъ езикъ въ Срѣднитѣ училища , Вести, XI/41, Цариградъ, 4.V.1891, 1.

мет"[93]. Нешто покасно Народното собрание на бугарската влада изгласало општ Закон за народната просвета, а спрема чл. 91 од истиот Закон се предвидувало задолжително изучување на бугарскиот јазик. Главната наменска примена на овој закон во Македонија имал денационализаторски и големобугарски карактер, да преку задолжителното учење на бугарскиот јазик учениците и идната македонска "интелигенција се воспитува во единствен дух, љубов, обичаи и преданост кон една иста земја"[94]. По наредба на бугарската влада Егзархијата им забранила на учениците да се собираат во групи, за да немаат можност да сообштуваат помеѓу себе на македонски јазик. Од друга страна на учителите им наредила со голема строгост од учениците да бараат правилно зборување, читање и пишување на бугарски јазик". "Под страв на физичко наказување, учителите да бараат и надвор од училиштето да го вежбаат говорењето на литературниот (бугарски б.м.) јазик" се истакнува во една егзархиска наредба[95].

Понатамошното свое незадоволство поради слабото познавање на бугарскиот јазик Егзархијата го искалила и ги обвинила месните македонски учители. Над нив Егзархијата завела строги мерки на претпазливост и следење на нивната активност. Таа будно бдеела над месните учители дали наставата ја изведуваат на бугарски "литературен" јазик или се приврзаници кон својот народен јазик, како е воспитанието и духот на учителите, дали тие се приврзаници кон "својата црква" (Бугарската егзархија) кон "својот јазик" (бугарскиот б.м.) и бугарската народност[96]. Од друга страна Егзархијата ги наградувала сите "благонадежни" учители кои биле воспитаници на бугарската идеја за бугаризацијата во Македонија. Исто така месните ма-

93) Български езикъ въ училищата... 1-2.
94) Д., Коректното и лоялното държание на Българската църква, Църковенъ вѣстникъ, VII/33 Соф., 18.VIII.1906,385-389.
95) Тр-в Г., Нѣколко думи върху неуспеха... 1-2.
96) Д., Коректното и лоялното ... Църковенъ вѣстникъ, ... 385-389.

кедонски учители биле наградувани за пројавена активност во пишување на црковни проповеди, пишување на статии, брошури,книги и слично на бугарски јазик во бугарската периодика и публицистика. Дури и за приложен список на прочитани поголем број бугарски книги, Егзархијата делела награди[97].

За да имала што поголема контрола над месните македонски учители Егзархијата од нив изискувала тромесечни и полугодишни извештаи[98], а на крајот на секоја учебна година барала "исцрпни извештаи" за да има подобар увид во наставната активност на учителите[99]. Во прилог на ова наше искажување зборува и Окружното писмо на Училишниот оддел при Егзархијата во Цариград во кое се барало од учителите во Македонија секоја година и секое училиште, годишно да достави специјални списоци со прецизни означени имиња и фамилијарни презимиња, потоа годината кога им било издадено свидетелството со кое постанале просветни работници, училиштето кое го издало свидетелството[100] и датата на потврдувањето на истото од меариф -комисијата[101].

97) Димевски Славко, Македонското национално-ослободително движење и Егзархијата,Скопје,1961,6(Елаборат во ИНИ).

98) Архив на Македонија-Скопје, фонд: Битолска црковно-училишна општина II-III/1-232, Битола,4,I.1897 год.

99) Архив на Македонија-Скопје, фонд: Битолска црковно-училишна општина, II-III/3-232, Битола,25.IV.1897 год.

100) Архив на Македонија -Скопје,фонд:Окржно писмо на Училищниа отделъ, Българската екзархия, Н-2243, Цариградъ, 3.VIII.1901 г

101) При назначувањето на секој учител во Македонија кој бил потчинет под Егзархијата , свидетелството за неговата непречена просветна дејност требало да биде потврдено од Егзархијата и една специјална за таа потреба турска просветна комисија -Меариф-комисион. При преместувањето на учителите ,што била постојана пракса на Училишниот Оддел, не се барало потврда и одобрување од Меарифот, но сега таа функција ја вршела Егзархијата. Додека пак барањето одобрување за отворање на егзархиско училиште во Македонија станувале преку специјална турска дозвола наречена рухатнаме. Архив на Македонина -Скопје,фонд: Окръжно писмо на Българската екзархия и Училищния Отделъ, Цариградъ, 1.VI. 1901 год.

Исто така Егзархијата енергично истапувала против секакво учителско прогресивно групирање, против секакви учителски собири кои биле надвор од нејзината контрола. Во борбата да го задржи учителството во свои раце и под своја надлежност во 1895 година егзархискиот орган "Новини"истакнува дека "само една доста енергична и настојчива власт, со какви квалитети нашето високо началство не е лишено, може да се создаде нешто трајно, и покрај некои мачнотии"[1о2]. Во таа смисла Егзархијата како обрач ги стегала и прогонувала домашните учители а се се застапувала против секакви радикални учителски групирања, истапувања или движења. Поведена од овој езуитски стил на работа, Егзархијата од учителите барала постојана приврзаност кон своето работно место. Учителите требало најголемиот дел од своето слободно време да го поминат во училишната зграда, како повеќе време би посветиле на својот позив и на таков начин би била помала и опасноста да бидат заведени од непожелните елементи по бугарштината во Македонија[1о3].

На училишното дело во Македонија Егзархијата му придавала посебно внимание, зашто преку него требало да излезат воспитаниците на првата генерација на македонски учители, коишто требало да бидат заштитници на бугарштината во Македонија. Во таа смисла Бугарското кнежевство не ги штедело своите средства. Можеби ни една земја во Европа во тоа време не оддедувала толкава сума од својот бруто производ за потребите на својата просвета, како Бугарското кнежевство. Некаде околу 1896 година буџетот за просветата на Бугарија се покачил на 73% од севкупниот бруто производ на Бугарија[1о4]. Во таа смисла со средствата добиени од Бугарското кне-

1о2) Тошевъ Ил., По учителскитѣ сѣбори , Новини, V/55,Цариградъ, 11.IV.1895, 1-2.

1о3) Б-в , Вилаетскитѣ Бѣлгарски училища , Зорница,19/35,Цариградъ, 27.VIII.1894, 138-139.

1о4) Копроски Љупчо, Неколку белешки за училишната политика на (фусн.продолж.на стр.73).

жевство Егзархијата отворала во Македонија нови училишта, така да линеарно погледнато тој процес се движел по една понагорна линија. Тоа најдобро го илустрира следната табела[1o5]:

| | 1886/7 уч.год. | 1891/2 уч. година | 1896/7 уч. година | 1899/9o учеб. година |
|---|---|---|---|---|
| учители | 353 | 478 | 696 | 781 |
| училишта | 516 | 734 | 1o81 | 1221 |
| забавачиња | - | 4851 | 12648 | 1346o |
| ученици | 18315 | 21o7o | 25787 | 25994 |
| Вкупно ученици и забавачиња | - | 25921 | 38435 | 3945o |

Од разгранетата егзархиска училишна мрежа во Македонија требало да излезат првите македонски учители, воспитаници и заштитници на бугарштината во Македонија. Заради тоа како што истакнавме просветните работници во Македонија, особено Македонците биле под постојана грижа и контрола на Егзархијата. Заради тоа што Егзархиката немала во нив доволна доверба, таа почнала да донесува кадар од Бугарија, свои испитани и проверени орудија.[1o6] Во таа смисла позната е чињеницата на егзархиското форсирање на дојдените учители од Бугарија а онеправдување и запоставување на месните македонски учители[1o7]. Нееднаквиот третман меѓу ново-

1o5) Егзархијата во Македонија во втората половина на минатиот век, Просветно дело, бр.5-6, Скопје,1956,28o-296.

1o5) Табеларниов преглед го направивме според цитираното дело: О.М. и Б., Погледъ върху дѣятелностьта на Българската Екзархия...

1o6) Вардарски ( Петар Поп Арсов), Стамболовщината въ Македония и нейнитѣ прѣставители, Виена,1894, 54-55.

1o7) Архив на Македонија-Скопје,фонд:СБМ, Н-1o34,Скопје,23.XI. 1895 год.

дојдените учители од Бугарија и домашните просветни работници се согледува и во големите разлики на нивните месечни примања, кои во сразмер се движеле од четири, пет па и повеќе пати. Тоа неминовно ќе доведе до отворен антагонизам меѓу домашните и новодојдените учители од Бугарија.

Македонците кои ги завршувале егзархиските средни училишта институции и добивале статус на просветни работници во најголем број случаи не можеле да учителствуваат по својата желба во своето родно место или некаде во неговата близина, односно во Македонија. Тие требало најпрво да поминат најмалку четири години учителска дејност во Бугарското кнежевство, како би станале бугарски воспитаници и застапници покасно на бугарштината во Македонија, па дури после тоа добивале работно учителско место во својот крај. За да македонскиот просветен работник добие работа во некое егзархиско училиште, тој требало да биде "благонадежен" учител кон бугарштината во Македонија, да потекнува од "благонадежна" фамилија или да биде проверен и испробан "Бугарин".

За да ја постигне својата хегемонистичка цел - бугаризирање на Македонија, Егзархијата покрај монополската власт над македонските цркви и училишта, се обидела иста таква превласт да воспостави и над најдемократските автономни институции во Македонија-ц р к о в н о  у ч и л и ш н и т е  о п ш т и н и, кои историски ѝ претходеле на Егзархијата (и кои) пред основањето на истата и после тоа, управувале со севкупниот културно-општествен и религиозно -просветен живот во Македонија. Со заземањето на училиштата во Македонија (егзархиските) и црковно-училишните општини, со воспоставувањето ведомство над поголем дел од македонските епархии, Егзархијата а преку неа и официјална Бугарија, се стремела да го потисне македонскиот јазик, недозволу-

вајќи му на истиот да се издигне до степен на литературен јазик, да ја истисне македонската народносна самобитност, да ги претстави Македонците за Бугари, на Македонците да му го насадува бугарскиот бит, јазик и култура, т.е. да подготви терен за идно присоединување на Македонија кон Бугарија.

За реализирањето на таа своја идеја Егзархијата и Бугарската влада покрај пенетрацијата во македонското црковно-просветно дело, а осеќајќи опасност од македонските црковно-училишни општини, настојувала да се наложи и над нив. Во лицето на македонските црковно-училишни општини Егзархијата согледувала најсветло собиралиште, еден незваничен парламент на македонскиот народ, кој до тој момент културно и духовно го напојувал тој исти народ, го одржувал и хранел неговиот бит,јазик,култура,обичаи, ја одржувал и негувал неговата етничка и национална посебност. Сега на тој македонски парламент му се заканувала смртна опасност од Егзархијата и бугарската буржоазија,кои согледувајќи дека општините се најсветлите самоодржувачки институции на македонскиот народ, се заканувала да ја угуши таа последна светлост, да го фрли македонскиот народ во една темнина, за да може после во тој мрак да игра улога на просветител и спасител на тој исти народ т.е. да го бугаризира.

Пристапувајќи кон реализирањето на таа идеја, Егзархијата во 1891 година издава еден посебен Правилник за општинските избори. Според него претседателите на општините биле нејзини избрани лица, ставени на нејзиниот платен список. Навистина, таквите претседатели и понатаму формално ги предлагала и бирала општината, а Егзархијата сама ги потврдувала. Но фактички за такви личности можеле да се кандитираат само личности блиски и посочени од Егзархијата. Во спротивен случај Егзархијата не го пот-

врдувала изборот. Но имаме маса примери од некои македонски црковно-училишни општини, како Велешката, Прилепската, Штипската, Струшката и други, да истапуваат против овој денационализаторски егзархиски метод, да даваат жесток отпор на Егзархијата која се стремела да го деградира и умртви традиционалниот изборен општински систем а истите да ги претвори во свои послушни орудија за реализирањето на своите великобугарски идеали за присоединувањето на Македонија кон Бугарија. Во таа смисла Егзархијата 1896 година изготвила уште еден посебен Правилник за избор на општините и нивните функции, со кој намеравала дефинитивно да ги потчини општините на својата великобугарска политика.[108]

## 3. Отпорот против политичката дејност на Бугарската егзархија првите години по формирањето на ТМОРО

Отпорот против политичката дејност на бугарскиот егзархиски апарат во Македонија зазема мошне значајно место во македонската историографија. Борбите што македонскиот народ ги водеше цели две децении против политичката и денационализаторската дејност на Бугарската егзархија, во почетокот на 9о-те години на минатиот век поминале во повисока фаза на својот развиток. Особено со основањето на ТМОРО тие борби добиваат во својот интензитет и содржина, во својата масовност и жестина. Борбите се поведуваат помеѓу луѓето и симпатизерите на ТМОРО од една страна, и Егзархијата и севкупниот нејзин црковно-просветен апарат во Македонија, од друга страна. Борбите се поведуваат поради раз-

1о8) Шалдевъ Христо, Екзархъ Йосиф I за задачата на Екзархията следъ 1878 год., Ил. Илинденъ, кн. 2/72, Соф., Януари 1936, 2+5; О.М. и Б., Погледъ върху дѣятелностьта на Българската Екзархия ... 47.

ликите во нивната идеологија по однос на ослободувањето на Македонија. Додека ТМОРО како организирана и политичка сила на македонскиот народ прокламирала извојување политичка ~~[illegible]~~ автономија на Македонија, Егзархијата се борела за приклучување на Македонија кон Бугарија. Меѓутоа, сметајќи дека во вакви општествено политички прилики , во какви што се наоѓала Македонија во крајот на XIX век било невозможно нејзиното приклучување кон нејзиниот патрон -Бугарија , реализирањето на таа своја идеја Егзархијата мислела да ја оствари откако Османската империја сосема ќе се истошти и ослаби, а Бугарија доволно ќе се зајакне за да може да го реализира тој чин. Заради тоа во дадениот момент Егзархијата силно работела на културното и просветно преобразување на македонскиот народ во бугарски. Преку насадувањето сред македонскиот народ туѓи национални имиња,јазик, преку обемниот во Македонија свој црковно-просветен апарат Егзархијата мислела да го деградира Македонецот и по мирен пат да го претвори во Бугарин. Поаѓајќи од тие свои начела, Бугарската егзархија била против секаква еманципација на македонскиот народ,како самостојна државна единица, и затоа за цело време од 4о-тина години колку што била присутна во Македонија работела на неговото бугаризирање. Поради тоа Егзархијата ја оквалификуваме како ~~природен~~ непријател на организираното македонско ослободително движење.

Меѓу двете тие идеологии - революционизмот и еволуционизмот, пропагиран од ТМОРО и Егзархијата неминовно морало да дојди до конфронтации и остри борби. Како што истакнува М.Пандевски, отпрвин тие борби се воделе прикриено и глуво, отколку јавно и

гласно но перманентно па дури и секојдневно.[109] Во тие борби масите во Македонија се определиле на страната на прогресот наспроти регресот и се построиле во борбениот строј на ТМОРО. Со вклучувањето во организираното македонско националноослободително движење, масите во Македонија добиваат надеж ~~реална можност~~ да го реализираат својот вековен идеал, извојување на национални и социјални права, т.е. добивање на политичка автономија на Македонија.

*

Појавата на организираното македонско ослободително движење на историска сцена било обусловено и сврзано со зајакнувањето на домашната буржоазија. Таа се појавува во улога на хегемон и предводник на својот народ кон неговите радикални општествено-политички и културни преобразувања за задоволување на своите нараснати потреби. Меѓутоа, не онаа крупна македонска чорбаџиско-лихварска буржоазија врз која Егзархијата и бугарската буржоазија најмногу се потпирала во Македонија и која со време се претворила во внатрешна агентура на големобугарските аспирации и спроводник на таа политика во Македонија. За да ги запази своите лични интереси и позиции, таа тесно се поврзува со високиот егзархиски клир и теократската апсолутистичка турска власт, учествувајќи и самата во експлоатацијата и потиснувањето на своето македонско население. Поради тоа, таа не била заинтересирана за некакви радикални општествени промени во својата земја. Со други зборови таа не можела да биде хегемон и предводник на својот народ во неговата националноослободителна борба, дури и се плаше-

109) Пандевски д-р Манол, Внатрешната македонска револуционерна организација во борба за национално-политичко единство на македонските маси во периодот до Илинденското востание, Г-ИНИ, XX/2, Ск., 1968, 47-90.

ла да преземе една таква тешка и одговорна улога.

Тоа пак од друга страна значи дека хегемонот и предводникот на македонскиот народ во неговите националноослободителни стремежи при крајот на минатиот век припаѓа на македонската либерална буржоазија. Главните раководни места во движењето ги зазеле ситното и средното граѓанство, еснафство, дел од македонското селско население. Најсвесниот дел и предводник на организираното македонско револуционерно ослободително движење секако била македонската ситно-буржоаска интелигенција, предимно учителската. Учителската интелигенција ,спрема зборовите на Русински "ја одиграла најдобро својата улога во ослободителното движење. Тие (учителите - б.м.) се јавија како апостоли на масовното организирање по селата, тие се првите културни истражувачи кои со својата креаторска работа, преданост и саможртва, ги разбудија народните маси и ги приготвија да навлезат во редовите на ослободителното движење"[110].

*

До конфронтација помеѓу Егзархијата и македонското граѓанство и интелигенцијата доаѓа уште пред појавата на организираното македонско ослободително движење. Така Ѓорче Петров истакнува дека уште во 1890 година неосетно се јавило настроени сред македонската младина против владиците, егзархиските претседатели на општините, егзархиските учители и службеници ,"една струја против посегнувањето на Егзархијата безконтролно да господари во црковно-училишните работи во Македонија. Еснафите кои во

110) Петров-Русински Никола, Революционни борби въ Охридско и Струшко ,S.a., 1941, 60,1. (Ракопис во ИНИ).

македонските градови претставуваат мо́ќен сталеж, тукуречи минаа во оваа борба на страната на младинците. Движењето беше речиси стихијно без определени барања;тоа беше општо незадоволство од системот на егзархиските установи... Владиците, општинските претседатели и класните егзархиски учители,се спротивставија на оваа струја,а младината и еснафите насекаде поведоа борба против нив. Немаше владика и повиден егзархиски учител кој да не беше изложен на напади и прогонувања од страна на населението"[111].

Од самото Ѓорчево искажување можеме да уочиме една подвоеност помеѓу Егзархијата од една страна,како бугарска пропагандна институција и ТМОРО од друга страна,како предводник на македонскиот народ за реализирањето на неговите вековни идеали за слободна Македонија. Кон првата ги вбројуваме егзархиските владици и архиерејски намесници, егзархиските учители,професори, директори, инспектори, претприемачи, книжари, агентите на Бугарското трговско агентство и дел од домашното крупно ~~клерикално~~ чорбаџиство. Всушност Егзархијата во Македонија се потпирала врз својот сопствен обемен црковно-просветен апарат, зашекеруван и привлекуван со високи раководни положаи и уште повисоки плати, потоа врз македонскиот чорбаџиско-конзервативен слој, кој за да ги зачува своите положаи и сопствени интереси останал внатрешна агентура на Егзархијата и Бугарското кнежевство,додека однадвор таа била целосно помагана и поткрепувана од бугарската буржоазија и дворот, т.е. Бугарското кнежевство.

111) Спомени на Ѓорче Петров... 19.

На спротивната конфронтирана страна, односно на страната на ТМОРО застанала домашната младина и интелигенцијата, македонското население на чело со еснафството, ситната и средната македонска буржоазија и сите оние домашни сили кои се изјасниле против секаква централизација од страна на Егзархијата врз македонските црковно-училишни општини и училишта, а кои што се бореле за еманципацијата на македонскиот народ во самостојна државна единица во нејзините географско-етнички граници.

Помеѓу двете конфронтирани страни неминовно морало да дојде до остри судири и борби. Особено во таа смисла евидентно било антиегзархиското истапување на македонските маси, кое Ѓорче Петров го "толкува просто како реакција против долгодишниот стремеж на Егзархијата да го сосредоточи во свои раце раководењето на општествениот живот а освен тоа го смета за прв чекор кон самостојност во Македонија". Тоа антиегзархиско движење спрема Ѓорче, "неосетно се преродило во револуционерно движење", во кое прво и главно учество зеле истите оние луѓе што ја воделе борбата против Егзархијата и пред создавањето на ТМОРО.[112]

112) Изложувајќи го и понатаму антиегзархиското движење сред македонските маси и претставувајќи се и себе си како еден од актерите во таа борба, Ѓорче истакнува дека "со намесникот на владиката во Битола, како инспектор бев во борба бидејќи бев соучесник и јас во реченото движење против Егзархијата... Јас и станав непријател на Егзархијата, оти ја повикував на реформи...". Како плод на Ѓорчевата ангажираност во овие борби со помошта на битолската младина и еснафство го оневозможиле понатамошното останување во Битола на тогашниот битолски намесник Неофит. Меѓутоа, таа негова антиегзархиска дејност не останала незабележана од страна на Егзархијата, па така набргу бидува сменет од должноста егзархиски инспектор во Битола. Во почетокот на 1895 год. Ѓорче бидува поставен за учител во Солунската машка гимназија каде предавал географија. Од тој момент Ѓорче од поблиску се запознава со Организацијата; набргу станува и член на ЦК на ТМОРО, во која ќе заземе доминантно раководно место, во која дејност неговата антиегзархиска активност е евидентна и примарна.- Спомени на Ѓорче Петров... 2о.

Конфронтациите помеѓу организационото македонско ослободително движење и Егзархијата биле просто неизбежни уште со самото основање на ТМОРО. Дури и пред конституирањето на Организацијата а во врска со нејзината акциона поставеност, нејзините основоположници доаѓаат до сознанија дека судирите со егзархискиот апарат во Македонија ќе бидат скоро неизбежни. Во таа смисла го посочуваме примерот на Иван Хаџи Николов, кој размислувајќи за идната активност и организациона поставеност на Организацијата предвидел дека "ТМОРО ќе сретне пречки од луѓето н Егзархијата и од самата неа, која во црковно-училишното дело спроведуваше централистичка политика: таа назначуваше и сменуваше учители и архиерејски намесници."Поради тоа Хаџи Николов бара сомисленици за влегување во редовите во Организацијата од средината на учителството и граѓанството кои биле противници на централистичката егзархиска политика во црковно-училишното дело во Македонија, а со погледи за поголема застапеност на старите црковно обредни институции пред сѐ за зачувување компетенциите на македонските црковно-училишни општини. Такви сомисленици Хаџи Николов во прво време наоѓа во лицето на Петар Поп Арсов, Христо Татарчев и други[113].

За понатамошното проширување мрежата на Организацијата сред целото македонско население и размислувањата за идната политика на ТМОРО спрема Егзархијата било дискутирано на второто заседание на шестмината што се одржало во Солун во јануари 1894 година. Меѓу другите дискутирани прашања Хаџи Николов го покренува прашањето за политичката активност на Организацијата спрема Егзархијата. Хаџи Николов инсистирал во таа смисла да

113) Шалдевъ Христо, Основането на ВМРО. (Изъ записките на Иванъ Х. Николовъ), Ил. Илинденъ, кн. 1/71/, Соф. 1936,3-6.

се постапи по истиот метод,како што тој постапил при изборот на своите први другари, "та оние кои што ќе се објават за привржаници на егзархиската централистичка политика да се сметаат за неблагонадежни, а оние кои што се за денационализација за црковно-училишното дело во Македонија, да се сметаат за благонадежни и да се посветат на револуционерната идеја, на коишто да им се овозможи веќе во своите реони да си образуваат кружок од испитани и борбени другари. Предлогот ми се прими и се задолжи Петар Поп Арсов да ја напише брошурката под заглавие: " Стамболовштината во Македонија и нејзините претставители"[114].

Од горните искажувања на Хаџи Николов извлекуваме заклучок дека македонската интелигенција и граѓанство кои се изјасниле против централистичката денационализаторска политика на Егзархијата во македонското црковно-училишно дело, добивало поддршка сред своите сомисленици како симпатизери на националноослободителното движење и како такви направо станувале членови на ТМОРО. Додека спрема оние кои се сметале за неблагонадежни се преземал сосема друг третман. Истите биле третирани како симпатизери на Егзархијата и како орудие на една странска пропаганда во Македонија. Тоа е разбирливо кога се знае дека Егзархијата и целиот нејзин антураж во Македонија бил изедначуван со истоветниот грчки и српски пропаганден апарат во Македонија. Во таа смисла ќе го наведеме искажувањето на основоположникот на ТМОРО-Даме Груев, кој истакнал дека во Македонија постои бугарската пропаганда, наспроти истоветно таква српска и грчка[115].

---

114) Шалдевъ Христо, Мѣрки за засилване на революционната организация. (Изъ запискитѣ на Иванъ Х.Николовъ), Ил. Илинденъ, кн.2 (72), Соф., 1936, 6-7.

115) Андонов-Полјански Христо, Едно интервју со Даме Груев,Нова Македонија, Скопје, 1.I.196о, 6.

Односите помеѓу Организацијата и Егзархијата биле дискутирани и на Ресенскиот собир од 15.VIII.1894 година,на кој земе учество 12-15 делегати од месните комитети на ТМОРО . Спрема зборовите на Христо Татарчев, на овој собир се определило поведението и идниот став и однос на Организацијата спрема Егзархијата. "Се решило,истакнува Татарчев, Организацијата да се стреми да бидат назначени за учители во сите училишта- општински и егзархиски, по возможност нејзини луѓе". Во понатамошните дискусии во врска со овие проблеми, членовите на ТМОРО добиле задача да ги преземат општинските и училишните настојателства (одбори),во свои раце во кои дотогаш управувале луѓе што ги поставила Егзархијата[116].

Организираниот отпор од страна на Организацијата а против егзархиската политичка дејност во Македонија, најрељефно е изложена уште од еден основоположник на ТМОРО-Петре Поп Арсов(покрај веќе искажаните антиегзархиски погледи и ставови на членовите на основоположниците на ТМОРО-Ѓорче Петров, Иван Хаџи Николов и Христо Татарчев). Петар Поп Арсов по "службена" должност по псевдонимот Вардарски ја напишал познатата брошура: "Стамболовштината во Македонија и нејзините претставители", публикувана 1894 година во Софија, иако како место на издавање фигурира во неа Виена. По публикувањето истата била пренесена во Солун и просто била распрскана по канален ред низ цела Македонија. Спрема зборовите на Хаџи Николов, резултатите од брошурата биле подтикнувачки. Најголем дел од македонската интелигенција и граѓанството со добивањето на односната брошура биле спечалени за делото на Организацијата. Најголем дел од нив прифаќајќи ја содржината во брошурата и изложената антиегзархиска борба во неа "ги поделија нашите погледи и таквите беа посве-

---

116) Татарчевъ, Христо, Првиятъ централенъ комитет на ВМРО. Спомени на д-р Христо Татарчевъ, София, 1928, 104.

тени во револуционерното дело и беа покрстени..."[117].

Несомнено дека брошурата на Поп Арсов претставувала во тоа време а и денеска претставува документ од прворазредно значење. Таа на недвосмислен начин ја подложила на јавна критика севкупната егзархиска црковно-просветна а пред сѐ политичко-денационализаторска дејност во Македонија. Со публикувањето на споменатата брошура сред јавноста била обезличена вистинската непријателска и деструктивна улога на Егзархијата, а која се состоела во претворањето на Македонците во Бугари.

Прв под ударот на Поп Арсов е подвргнат претседателот на Бугарската влада Стефан Стамболов[118], (од таму доаѓа и насловот на книгата). Него Поп Арсов го претставува како "бугарски Бизмарк", кој се стремел покрај световната власт во свои раце да ја заграби и духовната власт во Бугарија, а Егзархијата и Училишниот Оддел при неа да ги претвори во свои послушни органи. Поаѓајќи од таа своја цел Стамболов ја "централизирал училишната власт, кога поставил таму (во Македонија б.м.) такви директори инспектори, учители и друго, коишто ќе бидат предани работници за реализирањето на тој принцип за кој што се гонеа сите оние учители (Македонци -б.м.), коишто не сакаа да служат на туѓите на земјата (Македонија-б.м.) интереси"[119]. Осветлувајќи ги понатаму средствата и начините на стамболовската политика во Македонија, неговиот обид да ја задуши секаква самостојна дејност на македонската интелигенција, учителите, општините, револуционерите и членовите на ТМОРО, Поп Арсов заклучува дека како плод

---

117) Шалдевъ Христо, Мерки за засилване на Революционната организация... 6-7.

118) За личноста на бугарскиот претседател на владата (1887-1894 Стефан Стамболов, за неговиот обид да ја направи Егзархијата послушно орудие на својата завојувачка великобугарска политика и воопшто за стамболовштината во Македонија, види поопширно во монографијата на Стојанов Петар, Петар Поп Арсов, Скопје, 1963, 155.

119) Вардарски (Петар Поп-Арсов) Стамболовщината въ Македония и не- [illegible]

на таа борба произлегоа оние жестоки судири помеѓу општините, граѓаните од една страна и егзархиските службеници од друга страна. Под жестока критика Поп Арсов го подвргнува овој Стамболовски обид "да ги стави под своја зависност македонските работи,што не е никако во интерес на нашата земја"[12o].

Мошне аргументирано со многу факти Поп Арсов го критикува Училишниот Оддел при Егзархијата во Цариград. Него Поп Арсов го претставува како "северно бугарски језуитски орден" чија основна тенденција била "да се создаваат Бугари во Македонија".При реализирањето на таа цел Училишниот оддел се раководел од познатите начела "целта ги оправдува средствата". Во таа смисла,истакнува Поп Арсов "Училишниот Оддел со своите егзалтирани "патриоти" организирал цела хајка од бесни гонители на своите принципиелни противници кои ги тураат повисоко интересите на својата родна земја (Македонија-б.м.), поради кое беа наречени со громкото име -сепаратисти"[121].

Потоа на безпоштедна критика е подвргната и самата Бугарска Егзархија. На прво место Поп Арсов ја истакнува централистичката егзархиска политика во црковно--училишните општини и др. Во таа смисла Поп Арсов истакнува дека "Егзархијата ги доверувала најважните служби сè во рацете на северните Бугари: владици, архимандрити, директори, инспектори,првостепени учители, деловодители,редактори и др. а ги гонела од служба совесните Македонци, против кои се преземаат сите простени и непростени средства за да излезат надвор од својата татковина,каде што во повеќе случаи за жал, ја заборават својата потесна татковина која има потреба од нив.

12o) Исто, 6.
121) Исто, 26.

Со тоа "народната" Егзархија наполно свесно се стреми, истакнува Поп Арсов, да го убие секое посамостојно движење кај нас, да му ја одземе секоја можност Македонецот да се занимава со повозвишени општествени прашања,и на тој начин мисли "народната" (Егзархија -б.м.) да го постави народниот македонски дух во полна зависност од неа, да го огради како пиле во кафез за да располага со него како што ќе ѝ биде згодно во дадениот судбоносен момент; та да нè окова во синцири за да нè разигрува како мечка и да нè води онаму од каде што го добива големиот бакшиш"[122]

Понатаму критикувајќи ја егзархиската дејност во Македонија, Поп Арсов го упатува следното прашање на адреса на Егзархијата и егзархот:"што би презела Егзархијата спрема оние македонски учители кои го уценуваат егзархот со зборовите: "или нè постави за учители или ќе се откажеме од Егзархијата"? Со други зборови, резонира Поп Арсов: "дај ни пари да се чинеме Бугари"? На сето ова Поп Арсов одговара: "И Егзархијата дава пари и купува - в е т е р, зашто народноста со пари не се купува. Тоа е такво деликатно нешто,кое штом ќе осети дека го пазарат се изветрува. Народноста како идеја може да постои само кај луѓето што се одушевуваат од повисоки идеали воопшто. Што сакате впрочем од куклите што ги создава егзархискиот режим? Со нив ќе си игра секој што им го знае нивниот прост механизам -мевот"[123]. И токму тие кукли на Егзархијата, кои повеќе мислат за своите стомаци, одошто за својата македонска народност Арсов ги подвргнува на критика истакнувајќи дека "севозможни работи се случуваат во Македонија,особено од луѓето коишто повеќе мислат за своите шкембиња, та и К'нчов може да инспекторува (во Македонија-б.м.), и Максим да владикува, и Наследников, Сарафов, Х.Иванов и Рачев да

122)Исто, 54-55.
123)Исто,56.

директоруваат и сл. и сл. а узурпаторот Лазаров да началствува"[124]

На ненародниот егзархиски режим во Македонија Поп Арсов му ги придава следните епитети оквалификувајќи го како: неспособен, глупав, безчовечен, нехристијански, предавнички па и неканонски, додека егзархискиот црковно-просветен апарат во Македонија го декларира како "џган кој го крепи тој средновековен езуитски егзархиски режим со неговите столбови: Лазаровци, Максимовци, Сарафовци, Григоровци, Наследниковци, К'нчовци, Х.Ивановци, Софрониевци и други никаквеци, кои ќе останат во Македонија додека совршено не ги разматат нашите работи... Тие дошле во Македонија или привремено,или пак за скапи плати, поради кое и не сакаат да се потрудат да се запознаат поодблизо со месните услови,та работат како некои донкихоти. Силно поткрепени од своите началства и скапите плати, тие тука наоѓаат широко поле за бугарскиот инает... Но како немаат природна поткрепа и врска, која ќе ги задржи постојано во Македонија, тие еден ден ќе мораат да се вратат во Бугарија", заклучува Поп Арсов.[125]

Незадоволен од егзархиската денационализаторска дејност во Македонија Поп Арсов кон крајот на брошурата обраќајќи се кон совесните Македонци болно извикнува: "До кога ќе бидеме храненици? Нема ли еден ден пак да стапнеме на своите сопствени нозе ? Или уште ќе лаземе..."[126] Со ова свое истапување Поп Арсов како да бара акција од македонскиот народ против егзархиската денационализаторска политика во Македонија. Но, длабоко верувајќи му на тој ист народ, се обраќа кон егзархот: "Верува ли егзархот дека народот нема да дознае најпосле од каде е злото? Од Скопје се слушаат гласови: не сакаме да знаеме за егзархот...

124) Исто, 5.
125) Исто , 59,62.
126) Исто, 60

Тоа не значи ли дека скопјани надушиле од каде произлегува злото? И тоа е партијата на Китанчева со која се послужи егзархот за да го изгони "сепаратистот", "србофилот", "Македонецот" - митрополитот Теодосиј"[127].

Незадоволен од егзархиската политичка дејност во Македонија, укажувајќи на егзахиските денационализаторски мерки против македонските синови од типот на митрополитот Теодосиј Гологанов, Трајко Китанчев, Методија Кусев и многу други, а очекувајќи дека на таквата егзархиска политика ќе ѝ се стави крај, Поп Арсов длабоко верува во македонските прогресивни сили и истакнува дека "во Македонија сешак се наоѓаат луѓе што не ќе ја остават Егзархијата да си игра со цел еден народ по својот кеиф"[128].

Антиегзархиската атака водена од страна на македонското граѓанство и интелигенција на чело со луѓето на ТМОРО продолжила да се одвива со несмалена жестина особено после публикувањето на брошурата на Поп Арсов. Со тоа на споменатата брошура ѝ придаваме огромно значење. Преку "Стамболовштината..." на Петар Поп Арсов била поведена силна антиегзархиска атака на сè што е бугарско и Егзархиско во Македонија. Тоа е еден нов момент во таа борба, по пат на публикации, преку печатените средства сред македонските маси да се разоткрие вистинската егзархиска политичка дејност во Македонија. Покрај споменатата брошура и слични на неа , на остра критика била подвргната Егзархијата и преку пишаниот збор на мнозина македонски публицисти и журналисти. Во дневните печати се наоѓале рубрики посветени на егзархиската политичка дејност во Македонија. Доволно ќе биде да илустрираме само дел од нив,па да добиеме слика на јачината и интензитетот на борбата меѓу двете конфронтирани страни -Егзархијата и Организацијата.

127) Исто , 47.
128) Исто,57-58.

Од политиката на Егзархијата и Бугарското кнежевство македонскиот народ не можел да биде задоволен. Од "таа политика, се истакнува во в. "Глас Македонски", ние можеме смело да кажеме, веќе и јасно се согледува ,како тие гледаат на Македонија како на земја,која што тие имаат потреба некако да ја завладејат. А таа политика никако ни најмалку не е ослободителна". Поради тоа, политиката на Егзархијата и Бугарското кнежевство била омразната сред македонските маси. Тоа најдобро го согледуваме од продолжението на истиот извор од в."Глас Македонски" каде се истакнува: "Доста е да се фрли еден бегол поглед на Егзархијата и владиците,па да излезе сè на видело. Бугарските управници за да ја постигнат својата цел, се служат пред сè со црквата. И Егзархијата место да служи како една чисто духовна установа... таа служи без потреба само да ги потчини Бугарите (Македонците)-б.м.)во Македонија и Одринско на криворазбраните интереси на бугарските управници во Бугарија. И по тој начин, неусетно, ја помагаат турската тиранија. По силата на правото, претседателите на училиштата во секоја епархија е владиката а не општината". Понатаму истиот извор истакнува дека македонските црковно-училишни општини совршено се упропастени од една егзархиска убиствена централизација. Потоа дека севкупната црковно- просветна дејност во Македонија е концентрирана во рацете на Егзархијата, или подобро во рацете на самиот егзарх. Со тоа и егзархот, како најодговорна личност за водената егзархиска политика во Македонија е повргнат на безпоштедна критика. За да ја одржи својата независна положба во Македонија егзархот имал потреба од луѓе, кои ќе го поддржуваат, заклучува в. "Глас Македонски"[129]. Додека сите оние лица кои му пречат на

129) (Насловна статија), Глас Македонски, IV/4о,Соф., 7.X.1897, 1-2.

егзархот и не се слагале со неговата политичка дејност,а од друга страна и правеле "сопки на Егзархијата" ја губеле егзархиската служба та морале да ја напуштат својата татковина и заминат на печалба или наклеветени од егзархискиот апарат на турската власт да ги полнат турските зандани. Кон таквите Егзархијата не требала да биде рамнодушна, се вели во еден официјален документ од Бугарското трговско агентство во Цариград од 4.IX.1899 година. "Со многубројните преместувања на учителите и овде станаа големи грешки, истакнува документот. Со постепено и неусетно дејствување се постигнува целта. Треба да се дејствува тактички, а не се удри круто " на крајот заклучува документот[130].

Секако дека оваа тактика на "неусетни и постепени удари" врз македонските учители и верници била режирана од самиот поглавар на Егзархијата. Оваа иста македонска интелигенција одговарајќи на егзарховите "неусетни и постепени удари" , незадоволна од својот статус да биде поставена на "бел леб", неминовно ќе го дигне својот глас и ќе поставува разнообразни "сопки на Егзархијата", од какви што се жали истата. Таа иста прогресивна македонска интелигенција го искажува своето незадоволство од севкупниот црковно-просветен егзархиски апарат во Македонија.Во таа смисла таа реагирала: "Ние гледаме владици, како грубо се нафрлуваат на своето паство,инспектори на училиштата,коишто се крајно надуени спрема општините во Македонија и учителите(дојдени од Бугарија -б.м.) коишто не го познаваат ни местото каде учителствуваат,ниту пак самиот народ што го воспитуваат...". Именованите егзархиски владици, инспектори, директори,учители донесени од Бугарија и други се наоѓале во многу попривилегована положба од учите-

---

130) Преписи на документи снимени во ЦДИА; Архив на Македонија , МФ 2.

лите Македонци, кои за да ја обезбедат својата егзистенција ќе мораат "да се потчинат на Егзархијата или на Училишниот Оддел, којшто го заплашува" и уценува дека или ќе ги истера од служба или ќе ги остави без плати, "иако всушност егзархиските средства се пак на тој ист народ...".

Истиот овој документ го констатира незадоволството од месните учители и интелигенција, а ги повикува македонските црковно-училишни општини, дека "треба да се разбудат веќе, да не дремат како досега... а македонските граѓани та и селани да се стреснат веќе од својата понижна положба... Ако ние Македонците, продолжува документот имаме малку љубов кон себе и гордост, ако нас не интересира доброто воспитување на нашата челад, ние треба да се грижиме повеќе за своите училишта, за да го сопреме денешниот разврат и гонењето меѓу нив", да нашите училишта ги осамостоиме од пропагандите и ги предадеме во рацете на домашните учители, заклучува документот.[131]

Антагонизмот помеѓу македонската интелигенција од една страна и Егзархијата со нејзиниот обемен чиновничко-бирократски апарат од друга страна, спрема други два извора, датирала уште од оние денови, кога населението во Македонија "беше се вовлекло во заштита на бугарската црква и бегајќи од грчката и српската пропаганда... меѓутоа, тоа набргу дојде да разбере , дека при секакви културно-просветни делувања на таа институција, таа не е во состојба да го ослободи од политичкиот гнет и економската експлоатација, на којашто тој беше подложен". Поради тоа, "уште во тој момент се започна едно организирано чисто революционерно движење, коешто како крајна цел си постави -ослободување на целото

---

131)(Насловна статија), Глас Македонски, ц.д.... 2.

македонско население". Меѓутоа ваквата ослободителна дејност на македонскиот народ редовно бидувала спутавана и спречувана од Егзархијата. Таа започнала да ја прогонува македонската интелигенција која егзистирала од егзархиската класа,да ја прогласува за "авантуристичка", "безбожичка" и сл. Најчесто свесната революционерно настроена македонска интелигенција од Егзархијата била именувана како "сепаратистичка", т.е. таква којашто сака да ја отцепи Македонија од Бугарија.

Наспроти "сепаратизмот" во Македонија, Егзархијата вршела притисок сред онаа македонска интелигенција, која сеуште не била доволно национално разбудена и "зјапала во Егзархијата", која од свесните Македонци била нарекувана "гајди на Егзархијата". Сред неа Егзархијата агитирала и влијаела " да се од пазат младите" т.е. од "сепаратистите". Наспроти револуционерното на "сепаратистите, Егзархијата пропагирала сред своите "гајди",да не тргнат по патот на "авантуристите", "но треба да се смират, дека таа не е нивна работа,кога и како, ќе ве спасиме. Вие таму гледајте да го одбегнете српството и да не потпаднете под гркоманството".

Се сакаше, резонира изворот, од едно цело население, од целата негова интелигенција да се створи историја... По команда". За македонската интелигенција и граѓанство била позната таквата команда. Тоа била бугарската дипломатија на Бугарското кнежевство, и нејзиниот експонент во Македонија - Егзархијата. Таа команда ѝ давала средства и го гарантирала одржувањето на Егзархијата, завршува изворот.[132]

Како резултат на антиегзархиската активност на основачите и првите организатори на ТМОРО, нивната мрежа прилично се про

---

132) Национални стремежи, Дѣло , I/8, Соф. 28.II.19o2,1-2, и: Познати и непознати нещa, Дѣло ,I/2, Соф., 7.I.19o2, 3-4.

широла. Скоро речи си целата земја била обфатена со тајни мрежи, се канализирале патишта и пунктови за пренесување на пратки и пошта, периодика и публицистика, оружје и др. Ваквата масовност неминовно морала да се одрази и врз интензитетот на антиегзархиската борба. За македонскиот народ евидентно било од каде идат сите зла и катастрофи по нејзиното ослободително дело. Во таа смисла 1898 година анонимниот автор во в."Глас Македонски" истакнува дека "македонскиот народ има пред себе друг еден непријател, којшто ја разјарува неговата сила и којшто му нанесува подли рани отколку жестокоста на Турците или пакоста на пропагандите. Тој непријател е неговото духовно началство во лицето на Бугарската егзархија... Таа ја зграбила сета власт во своите раце, ги отстранила сите саможртвени деятели... и станала полен и безконтролен господар на егзархост, којшто е вториот султан Абдул Хамид во столицата на халифите".133)

Во понатамошното свое излагање анонимниот автор во в. "Глас Македонски" наоѓа совршени сличности меѓу султанот и егзархот па во таа смисла резонира: "Како што султанот ја зграбил сета власт од Високата Порта... така егзархот ја зграбнал власта на Синодот и Мирскиот совет ; како султанот ги погубил сите саможртвени патриоти и се заобиколил со дивите Албанци, Бошнаци (?) и Курди, така и егзархот ги елиминирал сите посамостојни трудбеници и привлекол кон себе цел рој на бездарници, коишто сочинуваат најдобар строј за подржување на неговата власт; како султанот испраќа по областите за управување чиновници-најбезнадежни елемен-

---

133) Подложувајќи го и понатаму на безпоштедна критика и набројувајќи му и други погрдни атрибути, анонимниот автор на в. "Глас Македонски" помеѓу другото егзархот го нарекува и Лудовик XV (француски крал), кој еднаш рекол: "После мене-потоп". Защо сме слаби, Глас Македонски, X/34 Соф., 27.XI.1898, 1-2.

ти во Империјата, така и егзархот назначува и испраќа владици и управници на училиштата совршено неиспитани личности и често неспособни... на коишто работата е ја величат и поддржуваат власта на својот идол, зашто тие добро знаат дека со неговото паѓање, ќе пропаднат и тие...; како султанот ги наградува и благоделствува злоупотребниците и безчесниците, така и егзархот ги наградува сите оние омразнети личности, коишто особено се одликуваат во шпионирање и разбивање духот на самостојните личности и општини". На вака доовде оцртаната личност на егзархот на крајот анонимниот автор на цитираниот весник му ја препишува уште и следнава узурпаторска дејност: "Сето внимание, сета работа, сите мисли на егзархот и неговите оркужници се насочени кон таа единствена цел: р а з е д и н у в а њ е н а о п ш т и н и т е, у б и в а њ е д у х о т н а с а м о с т о ј н о с т а и о с л о б о д у в а њ е н а м а к е д о н с к а т а и н т е л и г е н ц и ј а, з а д а н е м о ж е т а а н и к о г а ш д а с е о с в е с т и и д а р а б о т и з а и д е а л и т е и с л о б о д а т а н а с в о ј а т а т а т к о в и н а"[134]. (Шпационираното е мое).

За да ги отстрани од себе многубројните обвинувања, пред се́ заради лошото водење на црковно-просветната работа во Македонија, Егзархијата го "ставила во дејство целиот свој калугерски лексикон од гнасни и ниски епитети, за да ги закачи со тоа градите на најинтелигентната и најсветлата македонска интелигенција, се истакнува во една статија од 1895 година, а да би потоа продолжила-имено онаа младина, којашто во своето полно сознание за своето високо признание, никогаш не станала орудие на нејзините гнасни и ниски махинации и стремежи да го деморализира нашиот народ, а преку својот калугерски режим да го држи во

134) Исто.

тињата на ропството и невозможноста, да му ја одземе онаа сенка од власта во училиштата, која тој народ со долги борби и големи жртви ја спечалил од тиранинот и најпосле, да гони сѐ свесно и идеално, сѐ оноа, коешто не е согласно со нејзините стремежи. Ете таа младина Егзархијата се мачи да ја оцрни пред општеството. Гнасните клевети коишто ги фрла врз нея, се во состојба да ја возматат и најзакоравената душа". Во понатамошното свое изложување на егзархиската дејност во Македонија истата статија од в. "Право" се свртнува и врз егзархискиот висок клир, кој потпомаган од својот поглавар, од своите платени наемници и агентите на Бугарското трговско агентство, систематски го прогонуваат секое слободно и идеално пројавување во Македонија "а рака со рака со нашиот вековен тиранин, свесно го држи нашиот народ во тињата на ропството и невозможното".

Незадоволен од ваквата деструктивна и денационализаторск дејност на Егзархијата во Македонија, анонимниот автор на статијата од в. "Право "со уште поголема жестокост ја напаѓа таа политика. "Ние никогаш немаше да искажеме толку тешки и горчеливи зборови на луѓето, коишто стојат на чело на Егзархијата,во рацете на коишто е поверена судбината на нашиот несреќен народ, ако тие во полното свое сознание на својата нравствена моќ, сметаа да се задржат на висината на својата положба, не да слезат толку ниско и со разни ниски клетви да го оцртуваат лицето на младината и целиот наш народ. Тука прашањето се коси со честа на целата македонска младина и ние како претставници на идеалот и стремежот на таа младина, а исто и како заштитници на интересите на нашиот народ,должноста ни налага да ја земеме во заштита таа чест и да ги откриеме со факти во раце сите мизерии,гнасотии и противнародни дејства вршени од нашите управници под паролата за некакво "народно духовно началство"[135].

135)Нашата Егзархија.Право I/1 ...

Од изложените мизерии, гнаснотии и денационализаторски акции на Егзархијата македонскиот народ бил крајно незадоволен. Поради тоа Егзархијата била подвргната на постојани критики и напаѓања. Од неа биле барани реформи во нејзината црковно-просветна дејност. Од Егзархиката се изискувало сред македонската паства да го негува револуционизмот наспротив еволуционизмот, да би тој по револуционерен пат дојди до својата толку очекувана слобода. Во таа смисла македонските маси ја предупредуваат Егзархијата, "дека сега не е време да мислиме на владици, дека не треба да ги устремиме нашите погледи кон владичките кукли зашто тие не можат да ја донесат политичката правдина (на македонскиот народ -б.м.): "Слободата не ја сака Егзархот, ја сака Стефан Караџата" тоа е нашиот принцип и од тоа треба да поаѓаме во нашите дејствија. Не е во состојба ниту владиката, ниту егзархот ниту патријархот да направат нешто за извојување на човечки правдини. Ние сите протестираме заедно со целото измачено македонско население во Македонија против подобни фикции и изјавуваме дека не сакаме владици а сакаме човечки правдини, коишто ќе го гарантираат нашето човечко суштествување,.. Ние со настојување го сакаме тоа и ако гласот не ни се слуша,тоа нека биде уверување дека ќе ставиме во движење сѐ со непростени средства, та или смрт или слобода" заклучува анонимнот автор.[136]

Многу идентична критика против Бугарското кнежевство и неговиот експонент во Македонија - Егзархијата, упатува уште еден анонимен автор на в."Глас Македонски" од 1897 година. Како и претходниот извор така и овој истакнува дека владици на Македонија и не ѝ се потребни. "Бугарската влада ако не може или не сака да ја подобри положбата на својот брат, нека гледа да ја доврши

136) Пакъ владици. (Писмо отъ Цариградъ ), Глас Македонски, IV/24, Соф. . 29 IV.1897, 3-4.

мисијата на својот народ во Кнежевството " каде што му се ограничуваат интересите". Наместо веќи да ни става, таа ни ги вади очите. Со своите глупави барања владици, таа го омаловажува нашето друго справедливо барање. Македонското прашање н е т р п и к р п е ш. Т о а с е н а л а г а. Ако македонските Бугари не добијат автономни права, благодарение на економскиот развиток и умствената просвета кои се во својот полет - таа земја е изгубена".[137]

Тргнувајќи од становиштето дека околу 1897 година мрежата на ТМОРО е прилично раширена и почнуваат да се формираат првите вооружени формации на Организацијата, значи дека истата веќе претставувала фактор и авторите во Македонија, па разбирливо поради тоа македонскиот народ ќе реагира на егзархиските барањата за владички берати за македонските епархии а не барања политичка слобода или автономија на Македонија. Како што истакнува погорниот извор веќе по 1897 година македонското националноослободително движење се налагало неминовно и тоа не трпело крпеш и чекање. Поради тоа Бугарското кнежевство и Егзархијата ако не сакаат да го помогнат македонското ослободително движење, тогаш да не му пречат во неговите револуционерни методи, се истакнува во друг извор. Во своите националноослободителни стремежи македонскиот народ би можел од Бугарското кнежевство и Егзархијата да изискува "слобода на дејствувањата во кругот на законите во земјата (Македонија)..., и морална поткрепа на нашето ослободително дело."[138] Меѓутоа, Егзархијата поаѓајќи од своите еволуционистички методи а уште од порано декларирајќи се за непомирлив непријател на македонското националноослободително движење, се определува и тргнала по другиот пат, и како резултат на тоа, таа година успеала да добие три владички берати за Битолската (Пелагониска), Струмичката и Дебарската епархија.[139]

137) Битола. Владици ни даваат , Право, I/21, Соф., 2.IV.1895, 3.

ја[139]. Таква политика на барање берати од Портата, Бугарската екзархија продолжила да негува и по 1897 година..

### 4. Обид за централизација и узурпирање на Македонските црковно-училишни општини и отпорот против таквата егзархиска дејност.

Првата и основна задача на Егзархијата во Македонија била да ги потисне македонските црковно-училишни општини , да го отстрани народниот изборен систем кај општините и по пат на нивна централизација да ги стави под своја контрола. Со други зборови речено, преку уништувањето на старата македонска општинска изборна традиција, Егзархијата се стремела да ги умртви општините, за да сите нејзини компетенции ги преземе во свои раце.

Втората задача на Егзархијата била да го дискредитира или потполно уништи македонското националноослободително движење. Егзархијата отсекогаш се плашела од револуционерното движење во Македонија и дејствувала за негово обезличување,потиснување, ~~[illegible] пред масите~~, постојано истакнувајќи дека народот не треба да се подава и предводи од "багабонтите", "сепаратистите", "авантуристите " и сл. но да биде мирен, послушен и лојален кон султанот и да го чека своето ослободување од Бугарија. Лансирајќи ја еволуционата теорија во Македонија Егзархијата силно работела за преобразување на македонскиот народ во бугарски. Разбирливо поради тоа Егзархијата била против секакво востание или револуционерно движење во Македонија.

---

138) Какво искамѣ отъ Българскитѣ правителства и отъ българския Князъ, Глас Македонски, IV/22,Соф.8.IV.1897, 1.

139) Преписи на документи од Архивот на ЦДИА, Архив на Македонија, МФ. 1.

Со време ТМОРО се омасовила и почнала да ја истиснува Егзархијата и да ја дискредитира нејзината политичко-пропагандна активност, насочувајќи ја истата само кон црковно-обредна дејност во Македонија. Кон 90-те години на минатиот век доминацијата на Егзархијата во Македонија била загрозена покрај од ТМОРО уште и од грчкиот и српскиот пропаганден апарат. Дури некои скептици предвидувале тогаш дека Егзархијата ја изиграла својата улога и дека таа претставува еден анахронизам кој е во распаѓање. Загрозена поради омасовената ТМОРО и порастот на пропагандите во Македонија, според зборовите на управникот на Кнежевското бугарско дипломатско агентство во Белград во рапортот од 21.VII.1899 година, задачата на Егзархијата во моментот била мошне усложена и тешка. Во иднина Егзархијата,се вели во рапортот "треба да отвора училишта, да има добри и уредени пансиони, кои да стојат количински и квалитетно на повисок (степен-б.м.) од тие на пропагандите. Колку и да тврдат некои, дека Егзархијата ја изиграла својата улога и дека таа е еден анахронизам, ние сме длабоко убедени дека Македонија ќе биде на оние, коишто имаат во неа повеќе митрополитски катедри и повеќе училишта и коишто успеваат да ѝ дадат свој културен отпечаток."[140]

Поради тоа Егзархијата се стремела во Македонија да воспостави потполна централизација над македонското црковно-училишно дело. Преку испраќањето на директори, инспектори, воспитачи, учители, пред сѐ главни учители, потоа преку своите органи во Македонија - владиците, архиерејските наместници, секретарите на митрополиите и сл., Егзархијата силно работела кон целосно заземање на општините и потполна централизација на македонскиот кул-

140) Изводоци на документи од ЦДИА... II/43-46.

турен, духовен и просветен живот[141]. Под превезот за полесно контролирање на испратените во Македонија материјални средства, Егзархијата ги сменувала избраните од народот претседатели (настојателства) на општините и на нивното место поставувала свои платени личности, кои за својата дејност одговарале пред неа а не пред народот како што било вообичаено дотогаш. Со тоа Егзархијата се стремела да го потисне добриот македонски демократски изборен систем , а општините да ги претвори во свои послушни орудија. Речената реформа и одела во прилог на Егзархијата зашто во тоа време македонското занаетчиство, трговија и слично, под налетот на европските капиталистички производи, се наоѓало во општо економско опаѓање. Како резултат на тоа и македонските општини доживејале слична судбина, а како потребата од просветни кадри постојано се зголемувала, понатамошната своја егзистенција тие ја наоѓале во богатата егзархиска каса.

Сведоштва за извршената егзархиска централизација во македонското црковно-училишно дело среќаваме во многубројни документи и извори. Таму за жал среќаваме и една многу негативна појава пак во врска со македонското црковно-училишно дело. Имено кај веќе централизираните од Егзархијата македонски црковно-училишни општини , спласнувал интересот на народните маси кон црковно-училишната дејност. Порано, да се биде член или претседател на општината за чесниот Македонец претставувало чест и достоинство. Меѓутоа, со споменатата егзархиска централизација, сите родољубиви лица се откажувале од таа чест. Споменатава апатија кон општествените работи, оладувањето и незаинтересираноста кон црковно-училишното дело т.е. општините, се регистрирани на повеќе места.[142]

---

141) Силяновъ Христо , Освободителните борби на Македония, том I, Соф., 1933, 12о.
142) Единъ учитель, Интелигенцията и учебното дѣло въ вилаетитѣ, Новини, IV/74, Цариградъ, 14.VI.1894; 3; Управлението на училищата, (фусн.продолж.на стр.1о2)

До создавањето на Егзархијата и доаѓањето на нејзиниот црковно-просветен апарат во Македонија, истакнува Вл.Руменов, општините сами се раководеа во своите црковно-училишни работи. "На чело на општините се поставија по избор опитни луѓе,закалени во борбата како народни деатели, коишто добро ги познаваа своите должности за заштита правата на своите поверени општини, и со достоинство ги исполнуваа своите должности. Со доаѓањето воопшто на владиците, раководењето на сите духовни и општествени работи мина во нивни раце (компетенции). Самостојноста на општините се одзеде и наместо избраните претседатели на општините, дојдоа назначувања од владиците нивни, архиерејските наместници -егзархиски чиновници (обавезно духовни лица), коишто станаа претседатели на општините и нивни претставители пред власта".

Како резултат на ваквата егзархиска политика ,истакнува понатаму Руменов "народот со ужас гледаше како раководењето на црковно-училишните и општествените дела во епархиите се одземаат од општинските изборни дејци, за да се оставаат во рацете на разни владишки лубимци...[143]

Друг еден извор уште порељефно ја слика создадената деморализација сред македонските маси. " Откако се одзеде иницијативата на тие народни установи, сè се растури и тргна слабо, истакнува изворот. Кога тие (општините -б.м.) ја држеа управата на училиштата, општественото, културното и народното дело одеше подобро. Ние знаеме и помниме што вршеа во делото на народот во Турско пред да се основа Егзархијата. Тие беа подобри патриоти и обштo денеска. Тие го водеа народот групиран, откако се жртвуваа

---

Новини,V/39,Цариградъ, 1о.II.1895,1; Общественъ отдѣлъ, Новини, VIII/1,Цариградъ, 8.X.1897,1; Бѣлѣвъ Г.Ив. ,Поява и развитие на революционното движение въ Македонiя... 13-15; Единъ Македонецъ, Българската пропаганда въ Македонiя ... 1о и многу други изворни податоци.

143)(РУМЕНОВ Вл.)Положението на българщината въ Скопската епархiя [illegible] (Соф. 1901)66,12-13.

и себе си и својот имот за народното дело. Но настана епоха: се основа Егзархијата, која наместо да го потстрекне водениот од нив пат почна да им ја одзема иницијативата и да им налага што да прават и како тоа да го прават: дојдоа владиците... народот стана полугосподар на сѐ и го скршија стремежот на народот сам да ги врши своите работи и да управува со својата црква и училишта. Што излезе? Апатија од страна на сите кон сѐ , бидејќи им се однесе идеалот од рацете, им се кажа: "вие не треба да мислите и да работите, а треба да слушате и да се покорувате". Може ли духот на Македонецот да се помири со таква положба, кога тој беше порано водач во општествените работи и господар во општините, училиштата и црквите..?" Изложувајќи ја доовде ваквата независна положба на македонското црковно-училишно дело, регистрирајќи го незадоволството сред македонските маси, анонимниот автор од в."Куриер" на крајот ги повикува тие маси на акција: "народот и општините треба да се издигнат на онаа положба, којашто ја имаа до ослободувањето на Бугарија. Тоа се налага од интерес на народот и татковината."[144]

Монархистичката, централистичката или спрема зборовите на Петар Поп Арсов, диктаторска егзархиска политика во Македонија, "која таа ја водела смислено и со однапред поставена цел", имала за последица "убивање на општините", а преку тоа "убивање духот на народот."[145] Карактеризирајќи ~~Резонирајќи~~ ја таквата егзархиска политичка дејност во Македонија а потпирајќи се врз "дефиницијата" за македонските црковно-училишни општини, дадена уште 1872 година од Ме-

144) За Екзарха, Куриеръ, бр.8, Соф., 22.VIII.19o4, 1.
145) Вардарски, Стамболовщината... 53.

тодија Кусевич, имено дека "општината е душата на народот" или уште посажето "општината е народот"[146], констатираме дека основната егзархиска пропагандна интенција била култивирање на Македонецот во Бугарина, преку преобразувањето на неговиот бит и душа.

Против таквата егзархиска централизација решително истапуваат ~~сите~~ прогресивните македонски сили. ~~Најпрво, македонскиот народ предводен од своето граѓанство т.е. еснафство.~~ Неможејќи така лесно да се откажат од одземањето самостојноста и автономноста на своите црковно-училишни општини, од дискредитирањето и бугаризирањето на нивното црковно-училишно дело, што го искажува својот протест и незадоволство. Во одбрана на самостојноста на македонските црковно-училишни општини евидентен бил гласот и пишаниот збор на македонската интелигенција ~~и општественост~~. За неа, а спрема зборовите на редакторот на "Глас Македонски", видниот македонски општественик и публициста - Коста Шахов, "Бугарската егзархија се претворила во една чума, којашто безпоштедно го опустошувала самостојниот дух на ... општините и го деморализирала... народот во таа жалосна земја". Понатаму во истата статија К.Шахов се осврнува врз узурпаторската улога на Егзархијата во македонското црковно-училишно дело, деморализацијата сред македонските маси од таквата великобугарска политика, да би на крајот авторот го потцртал незадоволството на Македонците и "р'жењето против тој развратен строј на работите"[147]. Во уводникот на една друга своја статија во споменатиот весник од истата година а пак во врска со борбата на Егзархијата со општините , К.Шахов нагласува дека "општините во Македонија биле оние институции од самоуправен карактер

---

146) Лапе Љубен, Протоколи од заседанијата на Прилепската општина ... 17-18.

147) (Шахов Коста), (Насловна статија), Глас Македонски, X/22,Соф. 6.VI.1898, 1-2.

што имале право да ги уредуваат училишните и црковните работи,а не Егзархијата. Таа ги узурпирала правата на општините и создала метеж во образованието". Обвинувајќи ја ваквата узурпаторска егзархиска политика во Македонија К.Шахов нагласува дека "историјата ќе одбележи оти за таквата состојба народот во Македонија не е виновен."[148]

Во споменатава антиегзархиска атака, македонската интелигенција на мнение била , дека таа треба да биде самостојна во својата дејност а да се потпира врз своите сопствени сили и своите сопствени средства. Со други зборови, таа требало во иднина да ја бојкотира Егзархијата како узурпатор на нивното црковно-училишно дело, и да дејствува севкупните компетенции во таа смисла да им се препуштат на црковно-училишните општини, кои биле во најдобра состојба да ја гарантираат целоста и трајноста на Македонија.[149] Уште поцелосни во оваа антиегзархиска борба биле погледите на видниот македонски општественик и публицист - Петар Бошнаков од Велес. Тој е на мнение "Македонците сами да се грижат и управуваат со своите училишта,зашто дознаа вчера , макар и касно, дека условите во коишто се поставени нивните училишта,донесуваат не"просветување" умот на Лазаровци, а силна љубов кон народот на Тошевци;". Понатаму Бошнаков истакнува дека македонскиот народ ја дознал интенцијата на бугарските министри и сите неканети гости од Бугарија околу Дедо Јосиф... "идеите коишто се еднакви со оние мечтаења на Сан-Стефанска Бугарија,се смртоносен отров за него. Македонците... дознаа, дека за да излезат од грозната јама во којашто се наоѓаат, треба да се здружат самите себе, да не чекаат апсолутно никаква помош од Кнежевството,да управуваат и да ги уредуваат са-

148) Андонов -Полјански Х., Македонското прашање низ страниците на "Глас Македонски" од 1898 год.,Историја,V/2,Скопје,1969,с.151 160.

149) Единъ учителъ,Интелигенцията и учебното дѣло въ Македония..3

ми своите училишта. Тој (македонскиот народ -б.м.) е во состојба да го изврши тоа,зашто има достатачно интелигентни сили", резонира Бошнаков.[15о]

Централистичката егзархиска политика во македонското црковно-училишно дело била критикувана и од бугарската интелигенција и општественост. Во таа смисла го приложуваме искажувањето на познатиот бугарски општественик и поет , еден од [redacted] бугарски [redacted] сомисленици на Гоце Делчев и македонското ослободително дело - Пеју К.Јаворов. Јаворов ја регистрира жестоката борба помеѓу Егзархијата, "зад која стоеше официјална Бугарија и општините, зад кои стоеше целиот македонски народ". Јаворов бил начисто дека "Егзархијата сакаше да го преземе во свои раце сето црковно-училишно дело. Борбата се водеше во сите правци,често пати и со многу крајни средства". Особено по основањето на ТМОРО тие борби добиваат во својата жестина, резонира Јаворов[151].

Со појавувањето на ТМОРО отпорот на македонските општини против централистичката и узурпаторската егзархиска политика во македонското црковно-училишно дело знатно се оснажил. ТМОРО која уште со самото свое основање имала негативен однос спрема Егзархијата[152] ќе застане на чело на својот народ а против централистичката и денационализаторската политика на именуваната бугарска пропагандна институција. За да ѝ парира и ја истисне истата од нејзините централистички и големобугарски акции во Македонија,ТМОРО настојувала да го задржи стариот традиционален изборен систем во општините, потоа како што забележува Хр. Татарчев во своите спомени, да назначува во егзархиските и општинските училишта

---

15о) Единъ Македонецъ, Българската пропаганда въ Македония ...1о-11
151) Яворовъ К.П., Гоце Дѣлчевъ, Соф., 1917,18-19.
152) Димевски Славко, Некои моменти од борбата на Велешкото граѓанство со Егзархијата... 176.

што повеќе свои луѓе кои природно би биле спроводници на децентрализацијата во македонските црковно-училишни работи,а од друга страна би биле активни работници во ослободителното дело во Македонија. Поради ова неминовно доаѓа до остри сукоби и до идеолошки разединувања меѓу Егзархијата и Организацијата, меѓу еволуционизмот и револуционизмот. Ваквата борба помеѓу Егзархијата и Организацијата т.е. општините ја констатира Хр. Татарчев во почетокот на своите спомени[153]. И Ѓорче Петров го регистрира споменатиов судир. Во врска со тоа тој пишува во своите спомени:"Од директорите што беа егзархиски чиновници, се бараше да се потчинат на месните училишни управи. Младинците сакаа во општините да влезат младинци, општините да бидат вистински општини, а не претседателите да си вршат сè на своја глава, како што беше по егзархискиот устав,спрема којшто општинските членови беа само советници на претседателите" (на општините -б.м.)[154]

И овој пат егзархиската и општинската борба најсликовито е опишана во споменатата брошура на Петар Поп Арсов :"Стамболоп штината во Македонија..." Во споменатата брошура Поп Арсов на самостојноста и автономноста на општините им придавал прилично големо значење,Тој апелирал сред македонската општественост за зачувување целоста и компетенциите на општините. Осврнувајќи се врз самостојноста на општините од минатото Поп Арсов истакнува:
"... Нашите вековни господари ( се мисли на Турците -б.м.), никогаш не ја оспорувале нашата општинска самоуправа: во општините нашиот народ бил слободен, макар и под грчките владици, да размислув

153) "Насекаде... се ~~иставнува~~ гледа истата борба меѓу општините и Егзархијата. Некои побудни со горчина ја прочитаа тој стремеж на Егзархијата да се посигни врз општините како накосник. Егзархијата се стремеше да ги замени сите општински-училишни директори со егзархиски. Селското население произведуваше жалосен впечаток со својата бедна и физичка немошт.При тоа ми паѓаше во очи големата сервилност и пред последниот Турчин...". Татарчев Христо, Првиот централен комитет на ВМРО.Спомените... 1оо.

за подржување на училиштата, црквите,манастирите и други народно-општествени работи; така во тоа свештеничко гнездо,народот се воспитувал на општественост,на хуманизам,кога му го давал на својот дух својот највисок полет,престанувајќи да се грижи само за личниот материјален поминок; тука во тој **е д и н с т в е н н а ш п а р л а м е н т**; (шпационираното е мое), се закрепувал со стариот словенски демократски дух на нашиот народ -основата на патријархалното словенско веќе.

И имено тие наши општини - единствените народни установи, што ја запазија нашата народна и човечка физиономија низ петстотинигодишниот период, вели Поп Арсов,Егзархијата ги употребува сите средства за да ги обрне на нула,да го задуши народниот дух!!!...

Токму таква е нашата положба: ни даваат пари за да нè убијат... истакнува Поп Арсов. По ѓаволите со тие пари,ако нашите општини ,убивајќи ги, уште и не ги веруваат,ами им натрупуваат севозможни претседатели,владици,директори,учители и др. за да ги контролирале (?!) сумите - единствениот мотив на бугарската пропаганда!... Да, бугарската пропаганда!..."[155]

За што поуспешно парирање против ваквата егзархиска узурпаторска политика во Македонија во борбата помеѓу општините и Егзархијата, Поп Арсов апелира сред македонскиот народ дека "треба да се работи така, општините лека полека сами да ги подржуваат училиштата и да ѝ се дава предност на месната (македонска-б.м. интелигенција, од чија средина ќе се избираат и учители,и директори и архимандрити,владици и др., потоа дека училиштата ,со еден

154) Спомени на Ѓорче Петров... 19.
155) Вардарски , Стамболовшчината ... 49.

збор, како што се сега поставени ги имаат во предвид интересите на таа земја (Македонија -б.м.) за којашто навидум постојат"[156].

Борбата против Егзархијата а за зачувување самостојноста на општините, македонските прогресивни сили треба и понатаму да ја водат со несмалена жестина,истакнува Поп Арсов,заради тоа што:

а) Самоуправата им дава живот на општините,бидејќи ги тера граѓаните поживо да се интересираат за народните работи,и за училиштата, коишто во таквиот случај стануваат крв од крвта и месо од месото нивно,та во дадениот момент нема да жалат жртви, кога тоа ќе затреба.

б) Општините во Македонија треба еден ден да бидат готови сами да се зафатат со издршката на своите училишта,а тоа може да стане ако се заинтересираат граѓаните за тоа прашање...

в) Султанските закони изрично кажуваат, дека училиштата се под раководството на надлежните општини кои се одговорни за нив пред властите. А како една општина може да гарантира за училиштата во нејзиниот град, кога нема право да го контролира учебното дело,кога не се знае што станува во тие училишта, кога директорот, учителите или директно или со триста махинации се натрапуваат против волјата на општините?"[157]

Изложувајќи опширно за егзархиската централистичка дејност во Македонија, и сам очевидец и современик на егзархиските узурпаторски обиди за убивањето, умртвувањето или претворувањето во мртви трупови на македонските општини, Поп Арсов на крајот алармирал: "На помош,сите чесни Македонци! Дојдете да ги спасиме умирачките општини во Македонија,со кои сакаат да не претворат во мртов труп,за да си играат со нас како што сакаат,нашите божем браќа!..."[158]

---

156) Исто, 14.
157) Исто,41-42;види и кај:Стојанов Петар,Петар Поп Арсов,...1о3-1о4;Абациев Горѓи,Егејска Македонија во нашата национална преродба, во книгата „Егејска Македонија во нашата национална

Споменатиов повик на Поп Арсов и слични други на него, секако не останале незабележани сред македонските маси. Во одбрана на аутономноста и самоуправата во своето црковно-училишно дело, македонските маси ќе поведат жесток отпор против егзархиските културтрегери и сите неканети гости од Бугарија. Борбата се повела на широк фронт низ цела Македонија. За текот и жестината на тие борби зборуваат многубројните изворни податоци. Од нив ние ке ги спомeнеме само поважните или оние што до овој момент сме имале можност да располагаме со нив.

x x
x

И покрај грижливо спроведуваните централистички егзархиски методи, кои имале за цел потполно уништување автономноста на црковно-училишните општини во Македонија и нивно потчинување на Бугарската егзархија, среќаваме редица примери дека не секогаш тие ја доживувале својата намена режирана од софиските и егзархиските кругови. Иако привремено деморализиран поради одземањето на компетенциите во раководењето со неговите црковно-училишни општини, македонскиот народ сепак наоѓал доволно снаги да ги преброди моменталните кризи а од друга страна се пожилаво да се опира против севкупната егзархиска централистичка политика. Во таа смисла како пример го приложуваме отпорот против централистичката егзархиска дејност во Кратовското архиерејско намесништво. Имено, населението во Кратовско и Злетовско, енергично истапува против узурпаторската егзархиска дејност и во своето писмо до Скопската бугарска епархија изјавува (населението од Злетово) де-

158) Вардарски, Стамболовщината... 43-44.

ка испратените од неа учители В.Воденичаров и Е.Трајков "селаните од с. Злетово не ги сакаат за општински учители"[159]. Од своја страна Митрополијата за да ѝ парира на ваквото одбојно за неа истапување на своето подведомствено население во Кратовско арх. намесништво му наредува на намесникот на тоа архиерејско намесништво "строго да го укори добревскиот учител Јордан Димитров, заради создавање на раздор и потчинување на селаните во с. Лесново и Злетово и да му се даде на знаење дека ако продолжи ќе биде исклучен" од служба т.е. од училиштето. Била вообичаена праксата да оние учители кои егзистирале од егзархиската каса и пројавувале революционерност или биле сомисленици или членови на ТМОРО, Егзархијата да ги уценува или да се откажат од"авантуристите"или во спротивно да ја изгубат својата служба и егзистенција. Таков бил случајот и со учителот J.Димитров, кој веројатно бил антиегзархиски и револуционерно расположен.[160]

Меѓутоа и покрај сите усилби и интриги на Егзархијата а благодарејќи на жестокиот отпор од страна на населението од село Добрево - Кратовско, заради тоа што тоа "население го сака пак за свој учител" J.Димитров бил повторно поставен за општински учител во истото село.[161] Уште по евидентен е примерот на одлучното истапување на Злетовската општина која се спротивставила против честите егзархиски сменувања на учителите во Кратовското архиерејско намесништво. Во случајот претседателот на Злетовската општина поп Теодосија и останатите членови на општината (потписници на изложениов документ) енергично истапуваат и ѝ се закануваат на Скопската митрополија дека доколку не бидат назначени бараните од Злетовската општина учители, "спремни сме да останеме без учите

159) Архив на Македонија,фонд АНК 12/12, Писмо до Скопската Българска митрополия ,Скопие, 7.IX.1896 год.
16о) Архив на Македонија,фонд АНК 12/12.Писмо отъ Скопската българска митрополия, Скопие,23.XI.1895 г.

но не го примаме ниту г-ин Самарџиев, ниту никоја друга личност[162]. Приложениве примери секако не биле единствени.

Отпор против егзархиската централистичка политика пружен е и во Тетовското архиерејско намесништво. Против уништувањето на стариот изборен општински систем и против постоечките поставени од Егзархијата претседатели на општините реагирало тетовското граѓанство. Во едно такво свое негодување тоа моли да се изберат за црковно-училишните работи луѓе кои навистина ќе се грижат за училиштата и црквите, а такви спрема тоа граѓанство секако ги имало во Тетово, но од споменатата егзархиска централизација истите прилично се пасивизирале.[163] Во настојувањето општините и понатаму да дејствуваат врз база на стариот изборен општински систем, тетовското граѓанство побарало од нив во иднина "општините сами да ги решаваат своите локални проблеми, а не за секое едно дело да се обраќаат до Егзархијата" и слично[164].

x x
x

Организиран отпор против севкупната егзархиска денационализаторска и узурпаторска дејност во Македонија особено бил пружен по формирањето на ТМОРО и нејзиното организационо зајакнување. ТМОРО мошне брзу ја согледала опасноста од егзархиската централизација на македонските општини и побрзала да ја спречи таа великобугарска политика. Согледувајќи во македонските црковно-училишни општини најснажен бедем во зачувувањето на македонска-

---

161) Архив на Македонија, фонд: АНК 12/16,Писмо отъ Скопската Българска Митрополия , Скопие , 19.XI.1895 год.
162) " " , фонд: СБМ, Вл. Н-277,Скопие,8.XI.1901 год.
163) " " , фонд: ТАН/2, Тетово,1.I.1901 год.
164) " " , фонд: ТАН /4, Тетово, 22.X.1893 год.

та самобитност и неделивост, ТМОРО се обидела да ги помогне тие македонски институции,за да истите не бидат претворени во егзархиски односно бугарски орудија на нивната пенетристичка политика во Македонија.

ТМОРО се обидела преку редовните оптински избори да ги преземе општините во свои раце за да ги остави на македонското граѓанство, т.е. на самите себе, да ја запази и понатаму нивната самостојност и автономност. Додека оние општини кои веќе биле во егзархиски раце се обидела да ги преземе од Егзархијата,за да и таму го наложи своето присуство,да преку нив во општинските и егзархиските училишта испраќа свои учители.

Тргнувајќи од оваа своја поставеност, зацртана уште на Ресенската средба, Организацијата веќе истата 1894 година постигнала видни резултати во Солунската општина. На општинските избори 1894 и 1895 година и покрај многубројните перипетии и интриги спроведувани од Егзархијата, листата на Организацијата го добила по втор пат мнозинството и ја освоила општината на чело со Хр. Татарчев.[165]

---

165) ..." Пред велигден 1894 година претстоеше да се избере нов црковно-училишен(Солунски) општински совет.Имајќи предвид, дека општината преставува важен центар од кадешто може да се дејствува врз училиштата,свештениците и првенците во селата за раширување на Организацијата,решивме да се кандитираме. Нашата листа на чело со д-р Христо Татарчев доби 90% гласа. Опозицијата го оспори изборот пред Егзархијата којашто ги изведуваше изборите,мотивирајќи се дека ние ги добивме изборите благодарејќи на големата агитација, којашто сме ја правеле и таа моли изборите да не бидат потврдени.Како последица на таа констелација новоизбраниот совет не беше утврден во продолжение од десет месеци.После десет месеци чекање,место утврдувањето од Егзархијата се доби нов правилник,по силата на којашто треба да станат изборите на црковно-училишните совети.Правилникот предвидуваше изборите да станат не преку гласање а преку подгласници. Одржаните по новиот правилник избори беа добиени од нашата листа на чело на којшто стоеше д-р Христо Татарчев. Тоа ги озлоби противниците на таканаречената "егзархиска партија"против нас.Шалдевъ Христо Мърки за Василване на Революционната организация. (Изъ записките на Иванъ Х.Николовъ), Ил.Илинденъ, кн.2/72, Соф.1936,6-7.

Споменативе неуспеси во овие општински избори и борби и изгубените позиции во една од најголемите и најзначајните црковно-училишни општини во Македонија многу ја погодила Егзархијата. Во иднина таа на Солунската општина ќе ѝ обрвнува најголемо внимание и со разни интриги ќе успева да се наложува во неа. Така ќи веќе 1895 година на општинските избори, мнозинството добила кандидатска листа во која влегле познатите егзархисти; Коне Самарџиев, Насте Стојанов, Тодор Х. Мишев, Хр. Златаров, П.Шумков и др. Како била освоена општината најдобро зборува егзархискиот орган "Новини" кој забележа дека "... при двете собранија едвам на последното (третото -б.м.) се јавиле половина од тие за да ги изберат општинарите"[166].

Со вакви мршави победи Егзархијата успевала и понатаму да се наложува во Солунската општина. Поради тоа сред Солунското население се јавила апатија и деморализација за секаква општинска дејност. Таа аномалија пак е забележана од "Новини" која 1898 година пишува дека "за жал малцина се јавиле на гласачките изборни места и дека Солунчани многу ладнокрвно се однесуваат кон новите општински избори.[167]

До слични вакви судири меѓу Организацијата и македонските општини од една страна и Егзархијата и нејзиниот пропаганден лагер се случувало низ цела Македонија. Во сите тие борби Егзархијата настојувала да изврши централизација над општините, додека пак овие предводени од своето граѓанство, интелигенција и пред сѐ од луѓето на ТМОРО, жилаво се опирале и ѝ парирале на таквата великобугарска политика.

Кон овие општински и антиегзархиски борби се придружила и Кумановската црковно-училишна општина. Жестината на тие борби

166) Българската община въ градъ Солунъ, Новини, V/96, Цариградъ, 1.IX. 1895, 1.
167) (Насловна статија), Новини, VIII/29, Цариградъ, 10.II.1898, 1.

се совпаѓа околу 1895 година, кога и овде Организацијата ги поставила своите темели и ја развила својата дејност.[168]

И меѓу Дебарската општина и Егзархијата доаѓало до почести конфронтации и расправии. Против безобзирната централизација на сета црковно-училишна дејност во Дебарската епархија и Кичевското архиерејско намесништво, против самоволното отпуштање и сменување на месните учители, а сѐ како резултат на таа централизација, среќаваме маса примери на протести и негодувања од страна на поедини месни учители и општините.[169]

Во ова време и леринското граѓанство истапило против егзархискиот архиерејски намесник и егзархискиот претседател на општината во Лерин. Особено откако влијанието на ТМОРО знатно се осетило во Лерин и околијата, антиегзархиското расположение сред Леринчани толку се оснажило што тоа прераснало во отворен бунт против егзархиската денационализаторска политика и до бојкотирање на егзархиската општина[170].

До слични судири дошло и во Неврокоп и околните села. Особено тие се евидентни по доаѓањето на Неврокопскиот егзархиски митрополит Иларион[171]. И скопското и охридското граѓанство истапуваат против егзархискиот црковно-просветен апарат пред сѐ против егзархиските владици Максим и Григорија. Во споменатиов судир помеѓу Егзархијата и охридското граѓанство, Егзархијата енергично интервенирала против охридската општина, која покрај другите свои ком-

1) Хаџи-Васиљевић Јов., Јужна Стара Србија – историска, етнографска и политичка истраживања. Кумановска област, Књига прва, Београд, 1909, 502-522.

168) Види опширно кај Димевски д-р Славко, Црковните борби во Куманово во 90-те години од XIX век, Г-ИНИ, VIII/2, Скопје, 1964, 109-206.
169) ЦДИА, ф.246, оп.1., арх.ед.87, л.л.156-157; Архив на Македонија, фонд БЦОД, Дебар, 29.VIII.1896 г. Поопширно за текот и жестината на споменативе борби види: Тодоровски д-р Глигор, Малорекански предел, Скопје, 1970, 260-166, исто кај него: Некои нови материјали од животот на учителот Васил Икономов од Лазарополе, Просветно дело, XV/5-6, Скопје, 1959, 278-187.
170) Българскитѣ общини, Новини, V/85, Цариградъ, 25.VII.1895, 1.
171) (Насловна статија), Новини, V/56, Цариградъ, 14.IV.1895, 1.

петенции "разгледувала и уќуматски работи"[172].

Евидентна и многу преставителна е борбата меѓу Егзархијата и Велешката општина. Почетокот на таа борба сесовпаѓа со доаѓањето на егзархискиот митрополит во Велес – Авксентија. Со самото негово доаѓање во градот споменатиот владика го укинал училишниот совет, преземајќи му ги сите компетенции во свои раце. Со тоа Авксентија паднал во немилост сред велешкото граѓанство предводено од луѓето на ТМОРО а во чиј состав забележителна била дејноста на двајцата социјалисти –Андон Шулев и Јордан Шурков. Споменативе борби помеѓу Егзархијата т.е. Авкентија и велешкото граѓанство се одвивале со несмалена жестина за цело време на управувањето со Велешката митрополијо на споменатиов владика. И во почетокот на XX век тие борби биле актуелни.[173]

Многу жилава, катадневна и долготрајна била борбата

помеѓу Прилепската црковно-училишна општина и Егзархијата. Како што и порано споменавме "Прилепската општина лубоморно го пазела своето право да го раководи ~~своето~~ учебното дело во градот на чисто автономни начела, како што било порано, избегнувајќи дури и формално врзување со егзархиската институција..[174] ". Евидентно е дека ни една друга општина во Македонија не пројавила таква жилавост и упорност во зачувувањето на своите стари општински обичаи и традиции. Грижливоста, марливоста и пројавената активност во општинските работи била на високо ниво. Прилепската општина имала голема иницијатива по однос на напредокот на училиштата и контролирањето над учителите . " Општината со своите изборни институции имала право да го следи општиот врвеж на училиштето. Таа имала право да ра-

---

172) Архив на Македонија, фонд: Българска Екзархия, Н-773, Окръжно отъ Българския Екзархъ Іосифъ до Охридски Митрополит Григория, Цариградъ, 26.II.1897 год.

173) За споменативе судири и борби види поопширно кај: Димевски Славко, Некои моменти од борбата на велешкото граѓанство во Егзархијата, 173-196.

174) [illegible]

ководи со потребите на учебното дело -средства; да земе активно учество во училишните работи; да им дава можност на учителите да го чујат мислењето на родителите по прашањето за издршка на идното поколение; да се меша во сите внатрешни црковно-училишни работи"[175].

Покрај споменативе компетенции Прилепската општина уште се грижела за изградбата и отворањето на училишта и цркви во градот, поставувањето и плаќањето на учителите и црковните епитропи, разрешување на разни спорови. и друго[176].

Против ваквата богата самоуправна дејност на Прилепската општина, против нејзиниот запазен изборен систем ќе интервенира Егзархијата со сите свои расположиви сили. Нејзе просто ѝ било криво што една општина во Македонија ѝ се спротивставува и сеуште не потпаднала под нејзината јурисдикција.[177]

Кога 1896 година заедно со познатиот привремен правилник за изборите на општините и нивните функции, Егзархијата успеала да воспостави ведомство над Прилепската општина, месното граѓанство енергично истапува во одбрана на својата црковно-просветна автономност. На чело на споменатава антиегзархиска атака застанале луѓето на ТМОРО. Поради тоа наскоро дошло до судирот меѓу учителите - револуционери, приврзаници и застапници за автономна месна општина од една страна и учителите-егзархисти, приврзеници на егзархиската централистичка политика.

Со желба да го централизира изборниот систем на Прилепската општина, а од друга страна да го намали влијанието на ТМОРО сред прилепското граѓанство и го прекини нејзиното делегирање учители, во 1897 година Егзархијата распишала нови општински избори. Интенцијата била да ја превземе општината со егзархистите за која цел била приложена само една-егзархиска листа.

175) Миладинова - Алексиева Царевна, Епоха земя и хора, Соф., 1939, 22-23.

176) Другите компетенции и надлежности на општината опширно се обработувани разложени кај: Љубен Лапе, Протоколи од заседанијата на

Истапувајќи против ваквата егзархиска узурпаторска дејност, прилепското граѓанство се застапувало за своја листа". "Во одбрана на својата општина и избор на свои луѓе против егзархиските кандидати во Прилеп има примери да многумина граѓани ја забаталиле својата работа, за да земат учество во подготвителните собранија по случај општинските избори. Дури тајно ноќе се посетуваат, само и само започнатите прашања да не останат да висат. Многумина граѓани избирачи биле така упорни во барањето на своите права, што ако има лек за продолжителна безсоница, не би ги прекратиле конференциите до самиот ден на изборите. Како да е санким четириесет и осум часовно заседание на Виенскиот парламент", протестирал егзархискиот орган "Новини"[178].

После ваквата обемна застапеност и ангажираност прилепското граѓанство ја одбранило од егзархистите својата општина. Значи на општинското собрание победила листата на прилепското граѓанство. Но со тоа борбата помеѓу Егзархијата и Прилепската општина не престанала. Покрај неуспехот во Прилеп, Егзархијата слични вакви неуспеси доживувала и во други општини во Македонија.

При ова секако треба да се истакне дека во оваа општинско-егзархиска борба, македонските црковно-училишни општини биле несебично помагани од луѓето и сомислениците на ТМОРО. Доживувајќи неуспеси во борбата и со општините и Организацијата во Македонија, Егзархијата преминала кон друга една форма во таа борба. Таа за сојузник во иднина во тие борби, сè почесто ќе се послужува со силата на Турскиот официјален апарат и оној на Бугарското кнежевство. Сè почести биле доушништвата и клеветењата пред турските власти од страна на Егзархијата и нејзиниот апарат во Македонија.

177) Исто, 10.
178) Б-въ., Приготвленията по изборитѣ на общинския съставъ за презъ 1898 г. въ градъ Прилѣпъ, Новини, VIII/26, Цариградъ, 30.I.1898, 3.

На крајот сакаме да истакнеме дека борбата помеѓу Егзархијата и општините продолжила да се одвива со несмалена жестина се до крајот на егзархиската присутност во Македонија. Навистина во тие борби поголем дел од општините ја изгубиле својата самостојност и потпаднале под ведомството на Егзархијата, што најдобро се согледува преку направениот од нас табеларен преглед[179] ,но факт е дека дел од тие општини не престанале да даваат отпор против егзархиската централистичка политика за сето време од 4о-тина години, колку што Егзархијата била присутна во Македонија.

179.

| | Солунски вилает | Битолски вилает | Скопски вилает |
|---|---|---|---|
| Периодот од 1882/3 до 1886/7 уч.година. | Од вкупно:2оо учители и учителки -71 издржувала Егзархијата а 119 македонските општини. | Од:179 учители/ки 45 изд.Егзархијата 143 изд.општините. | Од:137 учители/ки,14 изд.Егзарјијата а 12о изд.општините. |

~~179) Види го табеларниот преглед.~~

| | Солунски вилает | Битолски вилает | Скопски вилает |
|---|---|---|---|
| Од 1887/8 до 1891/2 учебна година | Од:29о учители/ки 165 изд.Егзарх. 126 изд. општин. | Од:271 учители/ки 2о3 изд.Егзарх. 68 изд.општин. | Од:173 учители/ки 81 изд.Егзарх. 92 изд.општин. |
| Од 1892/3 до 1896/7 учебна година | Од:416 учители/ки 164 изд.Егзарх. 12о " општин. 132 изд. општините и Егзархи.т.е.мешано. | Од:361 учители/ки 215 изд.Егзарх. 72 " општин. 74 " мешани. | Од 3оо учители/ки 176 изд.Егзарх. 47 " општин. 77 " мешани. |
| Од 1897/8 до 19о1/2 учебна година | Од:49о учители/ки 222 изд.Егзарх. 155 " општин. 113 " мешани | Од: 421 учители/ки 219 изд.Егзарх. 11о " општин. 92 " мешани | Од:3о9 учители/к 231 изд.Егзарх. 51 " општин. 27 " мешани. |

18о.

## 5. Обид на ТМОРО за поставување учители-револуционери на важни пунктови во Македонија.- Средбата на Ѓорче Петров со егзархот Јосиф I

Растежот и омасовувањето на ТМОРО веќе по неколку годишно нејзино постоење бил на повидок. Пречекорувајќи ги границите на градот основател на ТМОРО - Солун, нејзината мрежа се разгранила ширум Македонија. Веќе и самите основоположници и членови на ТМОРО ја почувствувале потребната мрежа на Организацијата да се рашири низ цела географска Македонија. Во таа смисла, покрај Централниот комитет , како највисоко тело на ТМОРО со седиште во Солун, биле формирани и окружни комитети во своите окружни револуционерни реони, а овие пак формирале Месни или Околиски и Селски комитети во помалите места на своите реони.

По познатата "Виничка афера" од 1897 година, доживувајќи тешки искушенија и преминувајќи во отворена борба со Отоманската империја и странските пропаганди, ТМОРО морала да ја усоврши својата четничка институција, да преку неа со сопствени сили ја извојува толку очекуваната слобода на својот народ. Заради тоа потребно било Организацијата да ги мобилизира сите свои расположиви сили. Се осетила потребата Организацијата на некои поважни ударни пунктови да делегира и поставува најарни и најспособ-

---

18о)Приложените табеларни статистички податоци ги приложуваме спрема книгата на О.М. и Б., Погледъ върху дѣятелностьта на Българската Екзархия. ц.д. Слични вакви податоци среќаваме и кај други извори. Разгледувајќи ги сите вкупно,уочивме дека помеѓу нив постојат осетни разлики. Тоа пак од друга страна,не тера да ги примиме со резерва не само овие показатели,но и сите други слични статистички егзархиски податоци.

ни свои работници. Но како највиталните свои снаги Внатрешната Организација ги мобилизирала од македонаката интелигенција, пред сѐ учителската,која во најголем дел егзистирала од егзархиската фурна,па спрема тоа зависела од егзархиската команда, судирите со самата Егзархија скоро биле неизбежни. Било потребно ТМОРО да влезе во спothразум со Егзархијата за да таа во иднина непречено поставува учители - револуционери, онаму каде што македонското ослободително дело тоа ќе го наложело, или да влезе во отворена војна со неа. Последното го избегавала и Егзархијата и Организацијата.

Односите помеѓу Егзархијата и ТМОРО до овој момент на планот на меѓусебна соработка меѓу двете институции по однос на поставувањето на учители - револуционери на барани места од Организацијата се одвивале повеќе стихијно и на штета на последната. Дотогашното назначување на учителско-револуционерен просветен кадар на поважни пунктови во Македонија, Внатрешната организација го спроведувала преку "месните авторитети (општините,владиците, влијателните лица"[181], меѓутоа резултатите не биле секогаш на задоволително ниво. Дури и повеќе од тоа. Била вообичаена практиката спроведувана од Училишниот оддел т.е. Егзархијата, посочените од Организацијата учители таа да ги преместува или остави без работа. Така во 1897 година под притисок на Високата Порта Егзархијата преку една окружница им наредила на своите подведомствени митрополити,архиерејски намесници, училишни директори и инспектори да ги следат во иднина сите неблагонадежни учители во Македонија и на истата да ѝ се испрати список за таквите. Како резултат на кажаново 6о-тина учители во Македонија останале без служба.[182]

181) Спомени на Ѓорче Петров,... 73.
182) Думевъ, В., Пере Тошевъ, Ил.Илинденъ,кн.6/76),Соф.,1936-1937, 2-3.

Егзархијата "ги оставила на улица најпожртвованите бранители на својата земја... ги оставила на улица без занает, без леб, готова плачка на турската полиција", истакнува Петар Бошнаков[183]. Слична судбина го нашла и основоположникот и најагилниот до дотогаш член на ЦК на ТМОРО -Даме Груев. Во учебната 1897/98 година од претседатолот на Солунската општина Даме Груев бил обвинет за безбожништво. Во одбрана на својата чест Даме дури патувал во Цариград а на егзархот му одговорил дека ако му се суди, тоа треба да биде за неговата револуционерност, а најмалку за неговата безбожност.[184]

Веќе било крајно време Внатрешната организација да интервенира пред Егзархијата и да бара од неа реализирање на својата горeобразложена интенција. За реализатор на оваа толку важ-

на мисија, од чии резултати зависеле идните целокупни успеси на македонското ослободително дело, бил одреден Ѓорче Петров, тогаш заедно со Гоце Делчев задграничен претставник на ТМОРО во Софија. Во текот на 1898 година Ѓорче Петров патува во Цариград во својство на претставник на ЦК на ТМОРО и на Егзархијата и приложува список од 7о-тина учители што таа требало да ги ~~вработи~~ постави во разни

183) Единъ Македонецъ, Българската пропаганда въ Македонія ... 5-

184) Средбата меѓу Даме Груев и егзархот Јосиф се одвивала во "мирна и пријателска" атмосфера. Така и се разделиле. Очигледно било дека меѓу нив постои голема идеолошка разединетост. Едниот бил застапник на револуционизмот а другиот на еволуционизмот по однос на ослободувањето на Македонија.

Како резултат на "пријателската" средба со егзархот, во следната учебна година Даме ја изгубил наклоноста на Егзархијата и не добива служба во Солун; до тој момент бил егзархиски инспектор во Солун. Во учебната 1897/98 год. Даме бил поставен за учител во Битолската гимназија. -Спомени на Даме Груев, Борисъ Сарафовъ и Иванъ Гарвановъ, Соф., 1927, 2о; за истото види кај: Љубен Лапе, Спомени на Даме Груев, Историја, VII/2, Скопје, 1971, 172-2о9; Бадевъ Йорданъ, Даме Груевъ. Живот и дѣло, Соф., с.а., 63-65; Бележити Българи 1879-1923, IV том Соф., 1971, 466-669; Бързицов, Д., Христо, Екзарх Йосиф I, Соф., 1973, 19о-192.

места во Македонија.[184a]

После неколку дневните дипломатски интригувања од страна на Училишниот оддел, Егзархот па и самиот Бугарски двор, а пред сѐ поради решителното и смело истапување и настојување на Ѓорче, дошло до негова средба со Егзархот Јосиф. Од егзархот Ѓор побарал во иднина Егзархијата што почесто да интервенира и преме тува некои учители од едно место на друго, спрема потребите на Организацијата. Егзархот се спротивставил на ова барање на Ѓорче истакнувајќи дека со тоа се нарушува егзархиската дисциплина и де ка истото не е во интерес на Егзархијата. На ваквиот егзархов одговор Ѓорче истапува смело и аргументирано и на егзархот му сугерирал "дека интересите на Организацијата сега стојат погоре от колку престижот на егзархиските чиновници и дека пред овие интереси на Организацијата тој треба да жртвува уште ситни работи на чиновничката дисциплина. Ова му се гледаше многу крајно,цел пресврт,истакнува Ѓорче. Тој ~~сам во своите спомени~~ призна оти негов те луѓе се веќе 45% во наши раце, но што сум дошол јас и тука во Цариград да му ги разбуричкувам работите? Најпосле јас му реков отворено дека ќе ја натераме Егзархијата да ги исполни барањата на Организацијата, имено ќе му ги исплашиме чиновниците во Егзархијата, кои ќе ја напуштат неа,ќе им ги исплашиме и истераме учителите кои се против нас,а сѐ со Егзархијата, ќе им сугерираме на учениците да ги напуштат гимназиите итн. и тие ќе ги напуштат. Му докажав дека младината е во наши раце и оти интересите на Егзархијата треба да им отстапат на нашите интереси". Во понатамошните дискусии Егзархот настојувал да ја одбрани пред Ѓорче еволуционата дејност на Егзархијата, која спрема него стоела над

---

184)[a] ) Спомени на Ѓорче Петров...74; исто -Шалдевъ Хр.,Основане на четническиѣ институтъ.Изпращане списоци въ Екзархията, Конгресътъ презъ 1899 год., Ил.Илинденъ, кн.6(76), Соф. 1936-1937,7-8.

револуционата на ТМОРО. Спротивно на егзарховата застапеност Ѓорче му докажал обратно. "Не можеше да ми оспори дека револуционерното дело кај нас се јавува за стапало погоре над црковно-училишното дело и дека овој факт веќе се наложува".

Енергичното истапување на Ѓорче Петров пред егзархот вродило резултати, така да егзархот бил принуден да ги прихвати сите барања од страна на Организацијата. За истото Ѓорче зборува в своите спомени... ,"Јас бев запален, немалку остро зборував, длабоко убеден дека нашето дело е право и сакав на прво место од егзархот, да биде умен да не ја гони нашата работа. Му напомнав дек сме ние веќе сила во земјата и апелирав на неговата благоразумнос за да се избегнат судирите. Егзархот го снижи тонот и молкна. Јас се простив со него уверен/дека сепак ќе успеам со својата мисија.. Од тогаш стана обичај, ЦК за поглавните сили да предава пред почетокот на учебната година список на Егзархијата".[185]

Меѓутоа Егзархијата не секогаш се раководела од спомнатиов список. Дури и тогаш не биле вработени сите горенаведени учители. Особено љути противници на ваквата спогодба биле егзархиските митрополити во Македонија, кои најчесто работеле спротивно од приложениот список. Тие и понатаму продолжиле со старата пракса во прогонувањето на учителите - револуционери од своите епархии. Тоа ќе доведе до уште пожестоки судири меѓу егзархиските митрополити и севкупниот егзархиски апарат во Македонија од една страна и Организацијата од друга страна.

---

185) Спомени на Ѓорче Петров...75-78; истото и кај Љубен Лапе, Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ, II дел... 19о-193; и кај Александар д-р Христов, Задграничното претставништво на ВМРО, Годишник на Правниот факултет во Скопје, 1972, 59-82.

6. Судирите на Тајната Македоно-одринска револуционерна организација со егзархискиот црковно-просветен апарат во Македонија по средбата помеѓу Ѓорче Петров и егзархот Јосиф I.

Понатамошните судири помеѓу Егзархијата и нејзиниот апарат од една страна и ТМОРО, како движечка сила во македонското национално-ослободително движење продолжиле да се одвиваат со неомалена жестина и по средбата помеѓу Ѓорче Петров и егзархот Јосиф I. Навистина за еден извесен временски период настапило затишје помеѓу двете конфронтирани страни, поготово што првите години по споменатата средба и постигнатата извесна согласност ~~-конкордат,~~ помеѓу Организацијата и Егзархијата,последната раководејќи се делумно од тоа, работела и испраќала учители-револуционери во Македонија спрема списокот испраќан на почетокот на секоја учебна година од страна на ЦК на ТМОРО. Меѓутоа, Егзархијата делумно ја исполнувала таа своја обврска. И дури повеќе од тоа. Плашејќи се од учителите револуционери, таа спротивно на конкордатот, ги преместувала македонските учители - револуционери или ги оставала без служба. Особено во ова нешто неприкосновени биле егзархиските митрополити во Македонија. Скоро во сите епархии во Македонија овие високи егзархиски чиновници ги преместувале,прогонувале, клеветеле пред турската власт или лишувале од егзистенција најдобрите македонски учители- револуционери.[186]

186) Во оваа смисла како воопштено ќе се послужиме само со еден таков пример забележан од членот на ЦК на ТМОРО - Иван Х.Николов. Имено, тој истакнува дека на еден состанок во Солун на ЦК на ТМОРО од август 1899 година,кој тој го нарекува конгрес,на кој учествувале членовите на ЦК на ТМОРО и повеќе членови и делегати на Реонските комитети на ТМОРО, битолскиот , струмичкиот и серскиот делегат се жалеле дека имаат потешкотии и пречки во својата револуционерна дејност од страна на митрополитите Григорија,Герасим и директорот на егзархиското училиште и претставник на кланот на Револуционерното братство во Серес -А.Наумов (таа година над него беше извршен неуспешен атентат-б.м.). Споменативе високи егзархиски чиновници при

Природно поради ова доаѓа до жестоки судири помеѓу луѓето на ТМОРО и егзархискиот висок клир во Македонија, дури до употреба на заплашувања, оружје, атентати, изречување на смртни пресуди и сл. ЦК на ТМОРО реагирал пред Егзархијата заради непочитувањето на списокот на учители особено од страна на митрополитите во Македонија. Егзархот пак, одговорил дека за истово тој не е виновен, дека митрополитите во Македонија тоа го работат на своја глава, самоиницијативно, оти имаат самостојност во својата црковно-училишна дејност. Меѓутоа, очигледно било дека таквата политика на неговите подведомствени митрополити му годело. Не располагаме, барем до сега не сум сретнал изворен документ, каде ќе се види дали ваквата дејност на митрополитите во Македонија била режирана од Цариградската бугарска егзархија, односно од егзархот. Но истото го претпоставуваме.

До уште поголеми разединувања и конфронтации помеѓу Егзархијата и Организацијата доаѓа во време на Грчко-турската војна од 1897 година, поготово што победничката во војната - Турција, благонаклонето гледала кон Егзархијата а непријателски спрема Патријаршијата, па спрема тоа и спрема македонските патријаршисти. Егзархијата сметала дека ваквите моменти кои се очекуваат со децении и доаѓаат еднаш во цел еден век[187], треба максимално да се

назначувањето на учители по градовите и селата го прашувале секого: "Ти член ли си на Револуционерната организација? Ако си член за тебе нема место (т.е. вработување-б.м.). Или утре ако се научам дека си станал член на Организацијата, веднаш ќе бидеш истеран. При таа положба учителите, сите наши луѓе (на Организацијата-б.м.), бидуваат принудени да лажат, дека не се влезени во Организацијата, за да не останат без учителски места" т.е. без егзистенција. Поради таквиот однос на споменативе егзархиски службеници, на истово собрание истиве делегати предлагаат најстроги пресуди за Григорија, Герасим и Наумов. При гласањето сите 27 делегати, без членовите на ЦК на ТМОРО, изгласал смртни пресуди на истите. Но по интервенција на Хаџи Николов и Хр. Татарчев истото се избегнало.--Шалдевъ Христо,... Конгресътъ презъ 1899 год. (Изъ запискитѣ на Иванъ Х.Николовъ), Илинденъ, кн.6/76, Соф. 1936, 7-9.

187) Шалдевъ Христо, Екзархъ Йосиф I и задачата на Екзархията следъ 1898 год. Ил. Илинденъ, кн. 10(80), Соф., 1936, 11-12.

искористат. Именo,Егзархијата барала поддршка од ТМОРО да таа делува кај македонските патријаршисти за да истите преминат под егзархиско ведомство. Но, ТМОРО се откажала од вплетување во меѓусебната борба помеѓу двете цркви , и откажала да ја помогне егзархиската пропаганда[188]. Од сето ова Егзархијата останала крајно незадоволна.

Поради сето ова неминовно доаѓа до уште пожестоки судири помеѓу Егзархијата и Организацијата.Особено по 1897/8 год. кога влијанието на Егзархијата во Македонија знатно се намалило,наспроти омасовувањето на ТМОРО,нејзината четничка изграденост која од ден на ден сѐ повеќе се усовршувала.По таа година Егзархијата се уверила дека ТМОРО има силно влијание сред македонското граѓанство,селанство, интелигенција и сред другите конфесионални и етнички групи и групации, дека ТМОРО ужива голема поддршка сред масите во Македонија,дека истата е способна да ги поведе тие маси во борба за негова слобода и да го отстрани од влијанието на Егзархијата. Во напорите да ги задржи под свое ведомство тие маси,Егзархијата ќе поведе жестока борба против водачите на револуционерното движење во Македонија,особено оние кои егзистирале и зависеле од неа. До особени жестоки борби доаѓало помеѓу македонските учители -революционери

---

188) Сред македонското патријаршиско население по Грчко-турската војна настапило колебање дали и понатаму да останат под јурисдикцијата на Грчката патријаршија или да се префрлат под Егзархијата.За истово тие побарале совет од членовите на ТМОРО. Во таа смисла Славејко Арсов во своите спомени истакнува дека "Герман (сега село во Мала Преспа во Егејска Македонија,во непосредна близина на Југословенско-грчката граница)ме прашаа дали да отидат под Егзархијата или да останат и натаму под патрико. Им одговорив дека тоа нас не нѐ интересира и дека можат да си останат какви што си биле,стига да се добри за работа".Зашто, понатаму истакнува С.Арсов,целта на Организацијата не е македонскиот народ да се претвара во Бугари и Грци,а да се ослободи од Турците.- Възстаническото движение въ Югозападна Македония (до 1904 год.)- По спомени на Славејко Арсов , Соф.,1925, 26.- Уште порелјефни податоци за ова ни дава Анастас Лозанчев во своите спомени.Тој истакнува дека во споменатиов судир,решението на Организацијата беше да "селата по своја иницијатива можат да се откажат од Патријаршијата а ниту Организацијата ќе дејствува за тоа,ниту ќе дозволи Митрополијата(егзархиската Пелагониска-б.м.) да се занимава со тоа прашање.

и егзархискиот висок клир во Македонија. До такви силни конфронтации и борби доаѓало скоро во сите епархии во Македонија.

До најжестоки борби помеѓу егзархискиот висок клир од една страна и македонското население предводено од ТМОРО доаѓа во Битолскиот револуционерен округ. Станува збор за познатата борба п меѓу Пелагонискиот митрополит Григорија[189] и неговиот антураж од една страна и Битолската црковно-училишна општина, битолското прогресивно граѓанство, интелигенција, учителите - револуционери и членови на ТМОРО па и целата прогресивна битолска јавност од друга страна.

Како што е познато за митрополит на новоосновaната Пелагониска (Битолска) митрополија Егзархијата го назначила во 1897 година дотогашниот Охридско-преспански митрополит Григорија. Против неговото назначување за митрополит на Пелагониската митрополија енергично истапила целата битолска јавност. Уште Григорија званично не бил назначен за митрополит на Пелагониската митрополија а на официјален глас дека Егзархијата го припрема за таа цел, Битолчани протестираат против таквата егзархиска неканонска дејност.[190]

---

Причините за тоа беа следните: четите наоѓаа еднаков прием и кај егзархиските села, така и при патријаршиските и второ - бидејќи по малку под сомневање на власта, при последните (патријаршиските села), четите во случај на опасност наоѓаа поголема закрила и сигурност...". -Лозанчевъ Анастасъ, Спомени , Соф., 1936, 17 (Ракописи во ИНИ).

189) Митрополитот Григорија (1853-1906) во 1897 година бил ракоположен за митрополит на Пелагониската митрополија. Пред тоа во 1890 година Егзархијата го назначила за претседател на Солунската црковно-училишна општина ракополжувајќи го во чин епископ. Во 1891 год. добива чин митрополит и од таа година до 1897 бил митрополит на Охридско-преспанската митрополија.- Пелагонийский Митрополитъ Григорий , Църковенъ вѣстникъ, VII/45, Соф., 10.XI.1906, 536-537.

190) Г. Пелагонийский Митрополитъ, Борба , I/17, Соф., 21.V.1899, 1-2.

Незадоволството прерасн<sub>а</sub>ло до тој степен , да како што јавува тогашниот претседател на Битолската црковно-училишна општина-архимандритот Герасим,народот избрал една депутација и демонстративно барал прием кај него, т.е. во општината. "Во заседанието на општината, понатаму изнесува архимандритот Герасим во еден свој рапорт до егзархот Јосиф, депутацијата изискуваше барање од општината да пише на Вашето Блаженство,ако се назначува митрополит во Битола, да се представат кандидати, од коишто народот ќе избере еден од нив. Истата депутација ѝ јави на општината, дека од страна на народот било испратено писмо по тоа прашање до Вашето Блаженство, коешто содржело , дека тие сакаат, согласно Егзархиског устав, да им претставите кандидати и од нив да си избере"[191] народот еден за свој духовен поглавар. Во спротивен случај се истакнува во писмото до егзархот Јосиф од 19.XI.1897 година Битолската општина ќе се повика јавно и отворено по тоа прашање , "та за да се избегнат сите понатамошни непожелни и нечесни постапки,било спрема митрополитот без избор, било спрема распоредување на Св. Егзархија,[192] и ние долупотпишаните општинари,се присоединуваме кон тоа народно барање..."[193]. Во споменатово барање до Егзархијата потврдено со 19 еснафски и две маалски печати и многубројни потписи на видното битолско граѓанство, битолчани се категорични против неканонскиот избор на Григорија за митрополит на Пелагониската митрополија. Во писмото понатаму се истакнува дека доколку егзархот Јосиф дозволи да го назначи Григорија "без особен избор" за митрополит на Пелагониската митрополија",со тоа ќе дадете право да заклучиме дека Св.Егзархија и лично Вие Ваше

191) Изводоци на документи од ЦДИА... V/17-2о.
192) "Председател: свещ. Ставрев, свещ . Ат. Алтипармаков, општинари: Н.Робев, д-р К.Робев, Т.Василев, Д.Главинчев, И.Тасков".- Изводоци на документи од ЦДИА,... II/2о-22.
193) Исто.

Блажество, сакате нашиот народ да се расцепи и да се занимава со пречекување и испраќање на митрополит, којшто не ќе биде сакан, зашто последниот ќе биде жалосен а не како првото – радосен.

Сметаме да Ве увериме Ваше Блажество, дека Високопросветниот Григорија тука нема никаква почва, ниту пак би имал уважување и почит од страна на народот..."[194]

Против ваквите многу јасни и искрени барања на Битолчани егзархот се оглушил. Егзархот правилно согледал дека зад оваа битолска " побуна" се крие дејноста на ТМОРО[195]. Во своето писмото од претседателот на бугарската влада К. Стоилов од 19.X.1897 год.,[196] до претседателот на Св. Синод при Егзархијата – Доростолскиот и Червенски митрополит Григорија од 27.XI.1897 год.[197], во писмото до претседателот на Битолската црковно-училишна општина – архимандритот Герасим од 22.XI.1897 год.[198], егзархот го образложил барањето на Битолчани, зад ваа него се криела дејноста на "сепаратистите". Сето ова не го поколебало егзархот да Григорија сепак да го ракоположи за Пелагониски митрополит. Меѓутоа, презел и мерки за неговата безбедност и им препорачал на своите службеници во Пелагониската митрополија "убаво да го пречекаат" споменатиов митрополит,[199] кога веќе за битолчани бил непожелен.

И навистина битолчани многу ладно го примиле Григорија како владика на нивната Митрополија. Уште со самото негово доаѓање во Битола, населението го сметало за тугинец, човек пијаница и човек со ниски морални квалитети. Анонимниот автор Г. во весникот "Борба" од 1899 год. критикувајќи го севкупното егзар-

194) Исто, II/22-23 и –Пелагонискій Митрополитъ, Борба, I/17, Соф., 21.V.1897, 1.
195) Извадоци од документи на ЦДИА,... II/27-28.
196) Исто, V/25.
197) Исто II/26-27.
198) Исто, II/24-25.
199) Архив на Македонија –Скопје, фонд: БЦОБ/5, Битола, 19.XI.1897 г.

хиско високо духовенство во Македонија и нарекувајќи му најразлични погрдни епитети, еве како се произнесува за Пелагонискиот митрополит Григориј." ...Од сите тие бездарни, мрзливи, неморални, кариеристи, кои го носат името архиерејпастири на страданото македонско население, има еден меѓу нив којшто го надминал во сè а најмногу во необјаснивата омраза спрема своето сопствено паство. ... Тоа е бившиот охридско-преспански митрополит, сегашниот пелагониски, прочуениот Григорија, наречен делибашија од своите епархисти"[200].

Омразата на македонскиот народ кон Григорија не датирала од неговото доаѓање во Битола во својство Митрополит на Пелагониската митрополија. Уште како претседател на Солунската црковно-училишна општина, особено кога станал митрополит на Охридско-преспанската митрополија, тој го скренал вниманието кон себе како суров и надуен духовник. Како што споменува весникот "Глас Македонски" од 1898 година, митрополитот Григорија во Охридско-преспанската митрополија имал сторено многу гревови и направил многу пакости[201]. Познати се неговите борби со Ресенската црковно-училишна општина, по кои тој станал непожелен во Ресен[202]. Григорија е критикуван и поради лошо водената црковно-просветна дејност во Крушевско и Прилепско, поради кое било дадено возможност за ширење таму на српското влијание и отворање на српски училишта во Крушево и с. Врбјани -Прилепско[203]. Уште при првата посета на

---

200) Г., Пелагонийский Митрополитъ... ц.д.
201) Отъ Македония, 30.I.1897 год., Глас Македонски, X/6, Соф., 8.II.1897, 2.
202) Исто, плус - Ръсенски работи, Зорница, 18/21, Цариградъ, 22.V. 1893, 82.
203) Г., Пелагонийский Митрополитъ, ... ц.д.

* Во врска со антипатијата и омразата кон Григорија што владеела кај најголемиот дел од паството во неговата Митрополија, ~~д-р~~ Крсте Битоски во неговата ~~докторска дисертација~~ книга поставува едно многу интересно прашање: "Дали еден таков архиереј, неговата

Прилеп во 19оо година Григорија ги изгубил симпатиите на Прилепчани. И тука тој бил подвргнат на постојани критикувања. *

Отворените несимпатии и протести на Битолчани кон неканонски поставениот Григорија за нивни владика, во кои протести Битолчани се повикувале на неговите немили и неморални дела од минатото, се обесилиле и во Битола по неговото доаѓање во својство митрополит на Пелагониската митрополија. Григорија познат уште од Охрид како непомирлив непријател на ТМОРО ја продолжил истата политика и во Битола. Тој се стремел и тука да ја обесили ТМОРО, севкупниот живот во Битола да го држи во свои раце. Поради тоа неминовно морало да дојде до жестоки судири со неа.[204]

Потоа Григорија имал немил судир со членот и основоположникот на ТМОРО -Даме Груев, кого го направил непожелен во Битола. Митрополитот Григорија со своето доаѓање во Битола од Епархиалниот совет ги истерал сите револуционерно расположени советници. Строги мерки превзел и против учениците и учителите револуционери или членови на училишниот револуционерен кружок. Како резултат на ваквата негова езуитска дисциплина и дејност е предизвикан познатиот Училишен бунт во Битолската гимназија 1899 година

---

дејност можела да придонесе нашето население да се отргне од грцизмот и да се приклучи кон Егзархијата,кон една црква, која иако туѓа сепак била поблиска со оглед на нејзиниот словенски карактер? "Сигурно не". Се придружуваме кон неговата констатација. Разбирливо зашто за време на неговото владикување,особено до Илинденското востание,мал дел од македонското население-патријаршисти, минале на страната на Егзархијата.-Д-р Кросте Битоски,Дејноста на Пелагониската митрополија (1878-1912), Скопје,1968,129.

204)Во таа смисла го изнесуваме немилиот судир на споменатиов митрополит и дел од битолските револуционери членови на ТМОРО на чело со Анастас Лозанчев,кои за да ги наложат потребите на Организацијата насила го "добиваат"приемот од Григорија и навлегуваат во Митрополијата. При тоа Лозанчев му се обраќа на митрополитот: "Не сме дошле ниту кафето да Ви го пиеме,ниту коњакот,испратени сме од народот да Ви ги предложиме нашите барања и Вие како митрополит на тој народ должни сте да неислушате. И му ги изложив нашите барања.Маловажни беа нашите барања,но важно беше дека од тој ден не можевме да се трпиме и Григорија правеше сѐ за да и пречи на Организацијата..."-Лозанчевъ Анастасъ, Спомени...6.

на[205]. Околу шест учители и околу осумнаесет или дваесет ученици ја изгубиле егзархиската наклоност во овој бунт, меѓу кои и членот и основоположникот на ТМОРО-Антон Димитров.

Интересно е да се спомене дека Григорија и по угушувањето на споменатиов бунт не можел да се соземе и постојано имал негативен однос кон учениците и учителите револуционери. Тој немал доверба кон нив и постојано ги прогонувал или преместувал[206].

Митрополитот Григорија негативен однос имал и кон општинските учители, кои не зависеле директно од неговата егзистенција, а особено ако тие учители биле и револуционери, како што бил случајов со учителите -револуционери: Георги Поп Христов, Георги Сугарев и др.[207].

Споменатава конфронтација помеѓу учителите -револуционери и митрополитот Григорија, Поп Христов уште поредефно ги претставува во учебната 1900/1901 година. Во своите спомени Поп Христов истакнува дека таа година сите општински и основни учители имале многу ниски плати, со исклучок на него кој имал 1800 гроша. "Тоа беше едно капризно наредување на вл. Григорија, само за да не натера нас, посветените во револуционерното дело, да се откажеме од учителското место и по таков начин го ослободи училиштето од нас комитациите. Воопшто владиката беше против нас - Револуционерната организација, зашто такви беа инструкциите на егзархот. Егзархот сакаше да се работи просветно и културно во Турција, а не револуционерно. За тоа се водеше борба меѓу Организацијата и егзархиските приврз-

205) Камилов Киро, Материјали од Битолската митрополија... д.д.
206) Хроника, Прогрес, I/2, Соф., 2.IX.1900, 2.
207) "Владиката Григорија многу се опираше на моето назначување (за општински учител -б.м.), но не можеше ништо да прави. (Пази тој е општински учител а не го плаќа Егзархијата -белешка на Поп Христов)...", истакнува Георги Поп Христов во своите спомени.- Къмъ борбите въ Югозападна Македония. Революционните действия въ Битолско и Леринско. Спомени на Георги Поп Христовъ, Соф., 1926, 33.

заници".[208]

На крајот сакаме да истакнеме дека конфронтациите помеѓу митрополитот Григорија од една страна и сомислениците на македонското националноослободително движење од друга страна постоеле за сето време на владикувањето на споменатиов Митрополит. За сето време на неговото владикување во Македонија, како што истакнува Петар Бошњаков, "Григорија буквално деспотски управуваше со училиштата и црквите во неговата Епархија".[209]

Мошне жестоки борби помеѓу еден висок егзархиски чиновник-митрополитот Герасим од една страна и учителите -революционери и членови на ТМОРО од друга страна се воделе во Струмица и Струмичко. Герасим за владика на Струмичката епархија бил назначен во 1897 година. Треба да нагласиме меѓутоа дека Герасим нерадо ја примил катедрата на Струмичката епархија. Очигледно не се осеќал способен да врши една таква тешка и одговорна функција. Тоа јасно се согледува од едно негово писмо до егзархот Јосиф од 21.I.1897 год., цела година пред да биде назначен за митрополит на Струмичката епархија, а во времето кога егзархот го комбинирал за можен кандидат за иден владика, најпрво на Охридската а потоа на Струмичката епархија. Во споменатово писмо, тогаш архимандрит и претседател на Битолската општина - Герасим го уверува егзархот дека "се осеќам неподготвен за таква положба, и по никој начин не сум наклонет да примам митрополитски чин и да ја носам круната, којашто за мнозина е чест, за мене е ~~тешкотија~~ тегоба". Герасим смета дека "секој кој ќе ме замени може со поголем успех да управува со Струмичката општина и воедно да ја преземе Струмичката катедра"[210]. Очигледно, Герасим

---

208) Революционната борба в Битолския окрѫг. Спомени отъ Георги П. Христов, (Соф., 1953) 30.

209) Единъ Македонецъ (Петар Бошнаков), Българската пропаганда въ Македония... 20.

210) Документи снимени од ЦДИА, Архив на Македонија, МФ 3.

немал доволно верба во своите способности. Ваквиот свој став тој го искажал и на други места. Заради тоа во тогашната публицистика Герасим е оквалификуван како "човек кој и самиот се чуди,како станал митрополит"[211].

Меѓутоа, иако плашлив и колеблив во прво време, Герасим се покажал во пракса како многу жилав и издржлив човек. Откако Герасим станал владика на Струмичката епархија, тој се покажал како многу енергичен, стрплив и тврд човек,кој оддолевал на постојаните напади од страна на грчката пропаганда, турските власти и најмногу од страна на Струмичкиот револуционерен комитет. Во својата епархија Герасим се покажал како многу безобразен Бугарин, "што му нема рамен, кога и самите Бугари едвам го трпат само поради неговиот патриотизам"[212].

Навистина митрополитот Герасим се покажа како многу тврд орев и за самата Организација во Струмица и Струмичко. Уште во 1898 година тој дошол во судир со месната Револуционерна организација. Истата година Струмичкиот револуционерен комитет му наложил 15о т.л. како прилог за Организацијата. Истово го одбил Герасим , така да со оружје во раце двајцата терористи на Организацијата му ги одзеле бараните суми[213].

До уште поголеми конфронтации помеѓу Герасим и Окружниот комитет во Струмица доаѓа во наредната 1899, а особено 1900 година. Согласно потребите на Организацијата, во секое населено место во Округот да се прошири револуционерната дејност, Струмичкиот окружен комитет му испраќа список на учители револуционери што

---

211) Амфитеатров А.В., Македонија во 19о1 година (Извади од книгата "Земја на раздорот" објавена 19о3 година), Нова Македонија, XXVII,Скопје, 6.V.1971 до 22.V.1971 година.
212) Исто.
213) Пандевски д-р Манол и Ѓорѓи Стоев - Трнката,Струмица и Струмичко низ историјата, Струмица , 1969,25о.

Герасим требало да ги постави на бараните места. Меѓутоа, Герасим се откажал од ваквата соработка. Сакајќи да ја превземе Организацијата во свои раце во Струмичката епархија, за кое секако имал инструкции од егзархот, Герасим не само што не го исполнил барањето на Струмичкиот окружен комитет, но напротив тој отпуштил или преместил околу дваесетина учители-револуционери или привразаници на Организацијата[214].

Герасим со голема жестокост се нафрлувал врз учителите-револуционери во својата епархија, нарекувајќи ги безбожници, социјалисти и анархисти. За нивното отстранување од служба, секогаш ја побарувал помошта од турската власт[215]. Особено во тој поглед Герасим бил непомирлив спрема главниот учител и раководител на Струмичкиот окружен комитет -Стојан Георгиев и учителот Давче Нако. Меѓу нив доаѓа до голема меѓусебна омраза и нетрпение. Герасим "не можел да се помири со мислата да биде командуван од еден нему подведомствен главен учител, каков во случајот беше С.Георгиев во Струмица, којшто сакаше да му наложува учители по градовите и селата од родот на непокорните: безбожници, социалисти и анархисти"[216].

214) (Руменов Вл.), Положението на българщината въ Скопската епархия..., 15.

215) Пандевски д-р Манол и Ѓорѓи Стоев-Трнката, Струмица и Струмичко низ историјата... 251.

216) Лукаво Герасим изјавува дека тој е приталица на револуционерното движење и "сака да знае сѐ што се случува во округот. И не само да знае, но сакаше да биде непосреден раководител на движењето"во Струмица и Струмичко. За таа цел јавно со сокривањето на учителот -револуционер Александар Илиев, пред турските власти, Герасим како да сакаше да ги придобие симпатиите на Окружниот комитет. Меѓутоа ваквите негови махинации биле добро сфатени од страна на Комитетот. Како што се изразува Ангел Динев "зад неговата јавна услуга се криеше тенденцијата за вмешување во работата на Организацијата.Таа интенција не беше лично негова,а на егзархот,којшто преку владиката сакаше да го приложува своето големо влијание и преку очите на своите агенти-владиците,да гледа со едното свое око во работата на Организацијата"- Ангел Динев, Изъ миналото на Македония. Разривътъ между владиката Герасимъ и Струмичкия окр. революционенъ комитетъ, Македонски вести, I/11, Соф. 1933, 2-3.

Поради тоа помеѓу нив доаѓа до љута и безпоштедна борб Како резултат на тоа во текот на 1890 год. С.Георгиев и Д.Н ков се преместени од Герасима од град Струмица.Со тоа позици те на Организацијата во Струмичко знатно ослабнеле. Поради тоа на едно заседание Струмичкиот окружен комитет го осудува Герасима на смрт и испраќа барање до ЦК на ТМОРО за потврдување на нивното решение. За истово Герасим дознал од Радовишкиот архиерејски намесник - Икономов Саев -инаку раководител на Организацијата во Радовишко и радовишкиот учител Петар Битраков.[217]

По интервенција на членот на ЦК на ТМОРО - Хр.Татарчев за да не би ТМОРО доживеала големи провали, смртната пресуда на Герасима била одложена, под услов да Герасим ги назначи дваесетте учители што Струмичкиот окружен комитет ги посочил Од сето ова Герасим дошол до сознание дека ТМОРО не ќе се та ка лесно одлучи да го лиши од живот,па не само што не попуштил но тргнувајќи во противнапад смело не го исполнил барањето на Струмичкиот окружен комитет и на ЦК на ТМОРО. Сите нему непокорени учители а особено учители-револуционери ги протерал од својата епархија или ги оставил без служба. Со тоа Герасим ја добил битката во оваа многу жестока борба.

Како што спомнавме и погоре, Герасим бил компромитиран и пред очите на турската власт.Веројатно наклеветен од грчката пропаганда, која во ова време имала јаки корени во Струмица и Струмичко , ~~наклеветен~~ дека одржува врски со Организацијата "и го буни населението против власта", турската власт во писмото од 21.VII.1897 год. го побарала сменувањето на Герасим и неговото прогонување од Струмица.[218]

217) Динев Ангел, Илинденска епопея, Соф. 1945.,I том, 100.
218) Документи за дејноста на бугарските владици во Македонија...34.

До слични опттужби дошло и во текот на 1902 и 1903 година.[219] Турската власт во текот на 1903 година цели 45 дена го држела митрополитот Герасим изолиран во Митрополијата под постојана стража. Изолацијата била таква да Митрополијата била целосно затворена за месната егзархиска паства. Герасим веќе го побарал своето напуштање во Струмица. Но егзархот Јосиф го спречил во тоа.[220] Така била спасена за Егзархијата Струмичката епархија.

И Скопското граѓанство и интелигенцијата предводени од ТМОРО го искажале своето незадоволство од политиката на егзархискиот висок клир во Скопје и околината. Најпрво незадоволство било пројавено против владиката Максим. Максим којшто го заменил омилениот сред Скопјани и севкупната македонска јавност -митрополитот Теодосија Гологанов, природно брзо ги спечалил своите антипатии сред својата паства и тоа одма по неговото доаѓање во Скопје. Незадоволството и отворената антипатија помеѓу скопското граѓанство и владиката Максим особено биле евидентни како што истакнува весникот "Право", во текот на 1894 година.[221] На друго место во истиов весник се истакнува дека владиката Максим во текот на 1894 год. го напуштил градот Скопје и заминал во Штип, како би се оттргнал за момент од скопското граѓанство и би ги заборавил непријателствата со него. Меѓутоа, и во Штип владиката Максим предизвикал реакција врз себе од страна на штипското граѓанство и интелигенција. Како што истакнува весникот "Право" во истата статија "тој наш народен деец" се претворил во народен предавник. Во согласност со кајмакамот и во содејство со бугарскиот шпиун Андон Убавиот Коцев, во рацете на дедо Максим паднале сите писма, кои биле адресирани

---

219) Документи снимени од ЦДИА,...ДИ,МФ,2.
220) Документи за дејноста на бугарските владици во Македонија... 34-47.
221) Вътрѣшенъ отдѣлъ, Право, I/6,Соф.,16.XII.1894,1-2.

до некои противни нему учители и млади граѓани. Така тој ватил две писма на некои скопски учители до свои пријатели во Штип,во коишто имало и некои послободни фази и дедо владика не закаснил да му ги соопшти на кајмакамот,кој пак од своја страна ги поставил под тесен полициски надзор". Веројатно се работело за судир помеѓу владиката Максим и македонските учители- револуционери и членови на ТМОРО во Скопскиот револуционерен округ. Меѓутоа, горниве цитати не биле само осамени примери[222] на судири помеѓу именованиот владика и македонското граѓанство и интелигенција,предимно учителската која била революционерно настроена. Како што е истакнато во истиов весник "жалостен бил фактот, што во последниве години предавството почнало да наоѓа силна почва и во некои протежирани егзархиски чиновници; тука не е место да посочиме на тие ниски и подли луѓе, а само ќе обрнеме сериозно внимание на Егзархијата врз последните походи на нејзините калугери,коишто си поставиле цел да создадат и во Штип она што го создадоа во Скопје...". Регистрирајки ја силната омраза сред штипјани кон тој владика, анонимниот автор во споменатава статија во весникот "Право" ја кани Егзархијата "што поскоро да си го прибере тој светец, за да не би дошло до крајности; инаку, секаква одговорност паѓа врз нејзината глава"[223].

До слична ваква омраза спрема владиката Максим доаѓа година порано при владиковата посета на Куманово,Крива Паланка, Кратово, Берово и др. места.[224]

---

222) Владиката Максим не бирал средства и начини во својата дејност што поголем дел од Македонците да се декларираат како Бугари и да влезат под јурисдикцијата на Егзархијата.Во таа смисла еве што пишува еден српски документ: "Бугарската пропаганда толку се осмели да веќе јавно им прети на луѓето,своите противници дека ќе ги обеси кога Македонија ќе се присоедини кон Бугарија и го уверува овој прост свет како наскоро Македонија ќе се присоедини со Бугарија. Сето ова го знае кајмакамот царски,само се прави да не знае само за љубов на бакшишите..."-Архив на СИП-Београд,фонд; ПП бр.123,факсимил Н-4,Конзулат Србије,Скопље, 2.XII.1893.

223) Вжтрѣшенъ отдѣлъ, Право,I/7, Соф.23.XII.1894,2.

После сите овие протести и атакувања на македонските маси, споменатиов владика Максим морал да се повлече од Скопје. На неговото место Егзархијата го поставила дотогашниот Охридски митрополит Синесија во јануари 1895 година.[225]

Меѓутоа и митрополитот Синесија ја продолжил истата дејност на својот претходник. И тој жестоко ги прогонувал македонските учители -револуционери а притоа редовно се служел со силата на турскиот државен апарат. Ништо чудно во тој поглед што [redacted] Синесија интервенирал и барал за [redacted] турските вилаетски власти [redacted] [redacted] бугарската влада да им додели ордени.[226]

Уште пред да дојде во Скопје скопското граѓанство преку весникот "Право" го предупредува митрополитот Синесија да не врви по поранешните патишта и да не владикува во Скопје онака како што владикувал во Охрид. Во спротивен случај, "ако дедо Синесија е истиот како што беше во Охрид... тогаш смело претскажуваме, дека скопјани ќе стапат и против него..."[227]

Ваквиот негативен однос на скопското граѓанство спрема владиката Синесија, неговото оправдано сомневање во неговата искрена дејност се задржало и покасно. Така веќе во наредната година во еден документ од март 1896 година среќаваме констатација дека Скопската епархија "нема свој популарен митрополит"[228].

---

224) При својата посета на Куманово, Крива Паланка и Кратово бугарскиот владика Максим раздавал многу поклони на кајмакамот и другите турски чиновници само за да ги здобие на своја страна. Очевидците ме уверуваат во ова", се вели во еден извештај на еден српски дипломат во Македонија.- Архив на СИП Београд, фонд: ПП, Н-549, факсил Н-4, Конзулат Србије-Скопље,189[illegible]

225) Вѫтрѣшенъ отдѣлъ, Новини, V/34, Цариградъ, 24.I.1895,2.

226) Документи за дејноста на бугарските владици во Македонија...25.

227) Вѫтрѣшенъ отдѣлъ, Право, I/6,Соф., 16.I.1895, 2.

228) Документи за дејноста на бугарските владици во Македонија...33.

Судирите помеѓу скопското граѓанство и интелигенција и митрополитот Синесија започнале со самото негово доаѓање во Скопје. Во својата митрополија тој се заокружил со свои сомисленици, гавази и жестоки непријатели на македонските учители -револуционери.[229] Особено силни незадоволства сред скопската јавност избила кога Синесија за секретар на Митрополијата го поставил познатиот егзархист и бивш секретар на Авксентија Велешки -Г.Георгиев. После жестокиот отпор на скопското граѓанство и интелигенција против ваквата политика на Синесија, Егзархијата и бугарското трговско агентство во Скопје, Егзархијата морала да ја повлече именованата непожелна личност во Скопје - односно Г.Георгиев[23o].

До судири помеѓу Синесија и македонското население доаѓа и во Скопската гимназија, каде ~~истата~~ била под силно влијание ~~во рацете~~ на Организацијата. Против нив и ученичкиот револуционерен кружок Синесија се борел со сите средства за да ги одстрани и исклучи од гимназијата. Доаѓа и до бунт во гимназијата, каде Синесија исклучил голем број на ученици и учители.

Остри конфронтации помеѓу граѓанството и егзархиските органи дошле и во Кратовското архиерејско наместништво. Иако Кратовската црковно-училишна општина се наоѓала во рацете на чорбациско -егзархиските приврзаници, сепак поради прилично раширената мрежа на Организацијата, егзархиското влијание било спутавано. Уште во 1894 година во Кратово бил основан револуционерен кружок на чело с учителите Јосиф Даскалов и Панто Кусев. Потоа, мрежата на Организацијата се проширила и во Злетовско а голема улога во тоа му припаѓа и на Гоце Делчев.[231]

---

229) Поради ваквата негова дејност од Турците Синесија бил нарекуван -"баш катил" или атаман, што на руски би се рекло- глава на убијците", истакнува рускиот публицист В.Амфитеатров во неговот цитирано дело- Македонија во 19o1 година...

23o)(Руменов Вл.), Положението на българщината въ Скопската епархия ... 16.

231) Апостолов д-р Александар, Лесновскиот манастир важен револуцио- [illegible]

Во омасовувањето и јакнењето на Револуционерната органи зација во Кратовско и Злетовско голема улога одиграл Лесновскиот манастир, чии врати биле широко отворени за револуционерите[232]. Покрај Јосиф Даскалов во својство на организатор на Организацијата во Кратовско и Злетовско, важна улога одиграл и јеромонахот Козма. Тој во текот на 1895 година бил назначен за старешина -јеромонах на Лесновскиот манастир. Таа функција на духовен старешина на манастирот и организатор на Организацијата во тој крај Козма ја обавувал со успех од 1895 до 1897 година и повторно од 19о2 до 19о6 година[233]. Велиме со успех заради тоа што јеромонахот Козма бил добар свештеник и уште подобар револуционер и организатор на ТМОРО во Кратовско и Злетовско.

Ваквата омасовеност и зајакнатост на Организацијата во Кратовско и Злетовско претставувало трн во око на егзархискиот намесник во Кратово и скопскиот митрополит Синесија. Заради тоа тие ќе се обидат со сите сили да го намалат влијанието на Организацијата сред масите.Особено да го намалат влијанието на учителите -револуционери сред нивните ученици. Заради тоа егзархиските органи преземаат мерки да ги намалат или потиснат револуционерните учителски снаги во Кратовско и Злетовско. Таквите учители биле преместени или оставени без работа. Ова предизвикало незадоволство поради кое во учебната 19о1/19о2 год. доаѓа до отворен бунт на учителите и граѓанството. И по угушувањето на истиот духовите не се смириле. Судирите помеѓу егзархиските органи и месното граѓанство и интелигенцијата биле честа појава.

---

нерен пункт во Злетовската област во национално-ослободителниот период (1893-1912), во книгата - Гоце Делчев 1872-1972,Скопје,1972,157-167.
232)Исто.
233)Архив на Македонија,фонд: КАН 6/4,Скопје,3о.VII.1895 г.

И порано се имавме осврнато на денационализаторската дејност на велешкиот митрополит Авксентија.[234] Тој откако дошол во Велес постојано се наоѓал во судири и конфронтации со велешкото граѓанство, учителство, училишно настојателство, Епархијалниот совет, општината а се разбира и со Велешката революционерна организација. Во сите тие судири Авксентија жестоко се справувал со своите противници, а преку разни интригувања успевал да ја наложи својата монополска власт над велешката општина, училишта, манастири, епархијални совет и др., мешајќи се и во компетенциите на училишниот совет, истерувајќи учители и ученици-революционери[235]. Во тешки случаеви Авксентија се послужувал и со силата на турскиот државен апарат.

Поради сето ова Авксентија стекнал многу непријатели во Велес и неговата егзистенција била ставена во прашање. Не само што се презеле мерки од страна на Организацијата и велешкото прогресивно граѓанство да биде отстранет од Велес, но му се заканувале со смртна егзекуција. Поради ова едно време Авксентија го напушта Велес и само со интервенција на егзерх Јосиф бил вратен назад.[236]

И во Охридско -преспанската митрополија (во некои документи ја среќаваме под називот Охридска епархија), дошло до конфронтации помеѓу луѓето и симпатизерите на ТМОРО и Егзархијата. Охридскиот митрополит Методија одбил да го реализира предлогот на Организацијата за назначување учители револуционери по список на

234) За жестоките судири помеѓу Авксентија и велешкото граѓанство и Организацијата види опширно кај Димевски Славко, Некои моменти од борбата на велешкото граѓанство со Егзархијата...
235) Единъ Македонецъ (Петар Бошнаков), Българската пропаганда въ Македония... 11.
236) Документи снимени од ЦДИА,... АМ, МФ. 3.

најмаркантни места во Охридско, со цел и во тие краишта да се рашири дејноста на ТМОРО. Митрополитот Методија не само што ја одбил листата на учителите на ТМОРО, но и 14 учители ги отстранил од училиштата,оставајќи ги без егзистенција,а споменатите училишта беш учители. Во споменатиов спор интервенирал познатиот македонски социјалист Никола Петров Русински. Тој во својство на околиски организатор и војвода во Битолскиот револуционерен округ,ополноштен од Организацијата побарал прием кај Охридскиот митрополит. Како не го добил тој со сила влегол во Митрополијата и со два револвери в раце му запретил на Митрополитот со смртна казна доколку не ги исполни барањата на Организацијата. Во таа смисла Русински го напаѓа митрополитот: "Вие сте лишиле 14 села од учители и во други 19 села, во кои што би требало да има учители , не сте назначиле такви. Вие сте духовен пастир на овој народ и треба да ги задоволувате неговите културни барања и духовни потреби, што тој тоа го сака.

Вие сте еден од претставителите на Егзархијата, врхов -културно-просветен претставник на македонскиот народ. Не треба да пречите на светлината на тој народ, којшто робува со векови во политичко,економско и духовно ропство.Сега има едно прозорче од каде што може да се види светлината на нашиот народ. Не е Ваша касата, којашто ги издржува народните учители.Не заборавете дека Вас ве издржува народот,а не Вие него. Запомнете добро, зошто тој од Вас ќе посака да одговорете на сето тоа, кое што го вршите спрема народот"[237]. Тоа било 1901 година.

Меѓутоа и по оваа немила интервенција митрополитот Методија ја продолжил старата политика на прогонување учители-револу-

---

237) Петров - Русински Никола, Револьционни борби въ Охридско и Струшко, s.a., 1941,7-8, (Ракописи во ИНИ).

ционери. Жртва на таквата негова дејност станал познатиот македонски учител, револуционер и војвода - Христо Узунов. Него митрополитот го отстранил од егзахиска служба со цел да се откаже од Револуционерната организација. Поради тоа во учебната 19о1/19о2 год. Узунов станал општински учител. Но и тука митрополитот Методија интервенирал преку настојателството на дотичната општина, така да и одовде Узунов бил набркан. Но сето ова не го поколебало познатиот револуционер [redacted] исцело да й се посветил на Организацијата и борбата на својот народ за слободна Македонија.[238]

Понатамошни судири помеѓу митрополитот Методија и Организацијата се регистрирани 19о1 година. Тоа е познатиот втор судир помеѓу Методија и Русински. Последниот за да докаже дека "Митрополијата зависи од народот,а не народот од неа",ги запечатил дефтерите на ѓаконите во Охридската митрополија,кои на 18.XII.19о1 година дошле во село Мешеишта да собираат владичина за митрополитот Методија. На споменативе ѓакони Русински им забранил секакво собирање на владичина во кое и да било село во Охридско и Струшко. При оваа средба Русински ги запознал "трите митрополитски служители со револуционерното дело,им напомнал за престапите на владиката,којшто ги лишил училиштата од 33 села од учители,кога на 14 села им ги отпуштил учителите а во 19 села не назначил такви".

Потоа им рекол на ѓаконите да му соопштат на дедо Владика,"дека народот не му должи ништо,друг пат да не смее да испраќа свои луѓе по селата, ниту тој самиот да излегува по какве и да била работа, без наше дозволување"[239].

---

238) Баждаровъ Г., Духот на Македонија, Соф.,1923,127.
239) Петров - Русински Никола, Революционни борби въ Охридско...17.

Со таква жестина и интензитет се одвивале борбите помеѓу митрополитот Методија и Организацијата во Охридско и Струшко сè до Илинденското востание.

Дебарскиот митрополит Козма исто така имал судири со месните македонски учители, особено со револуционерите. Од бројната документација со која располагаме се согледува таа конфронтација и дејност на Козма да секоја година разместува, истерува, назначува и преназначува учители од едно место на друго.[240] Поради тоа против него ќе се јави реакција и незадоволство.[241] Меѓутоа во споредба со другите егзархиски владици во Македонија, Козма бил во специфична положба, поради посилното присуство на српската пропаганда во тој крај на Македонија, па заради тоа неговата конфронтација со учителите-револуционери и самата ТМОРО биле поумерени. Потајно сепак работел спрема интенциите примани од егзархот Јосиф. Поради истиснувањето на учителите-революционери и форсирањето на учителите -егзархисти, против обидот наполно да се ослободи од учителите членови на Организацијата, доаѓа до незадоволство сред граѓанството. Особено по првомајските настани 1900 година во Кичево, кога поради празнувањето празникот на трудот, отпуштил неколку месни учители.

Во бунтот кој избил после ова, а заради опасноста учениците да се префрлат во српските училишта, Козма интервенирал пред Егзархијата за да исклучените ученици од него ги повратат во училиштата. Ваквите примери во македонската историја се ретки.

Од архивската документација се гледа дека митрополитот Козма многу лошо стоел сред својата паства.[242] Па заради тоа освен Кичево и Дебар, поретко се движел во други места на својата Епархија.

На неколку пати против него биле преземани заседи или атентати од страна на Албанците-Арнаути во текот на 1901 год.[243]

240) Тодоровски д-р Глигор, Малореканскиот предел...285-295.
241) Хроника. Прогресъ .II/8. Соф..30.X.1900.1.

Заради ова турската власт го советувала митрополитот да се оддалечи од Дебар два три месеци, како би ги избегнал репресалиите.[244] Иако Козма не ја напуштил својата Епархија, впрочем Егзархијата сигурно тоа немало да му го дозволи, тој се затворил во митрополијата и за долго време не смеел да го напушти Дебар.[245]

Освен сударите помеѓу ТМОРО и Егзархијата т.е. помеѓу учителите-револуционери и напредното македонско граѓанство од една страна и егзархискиот висок клир од друга страна, во скоро сите епархии во Македонија, до такви слични жестоки конфронтации доаѓало и во помалите градови при архерејските наместништва или црковно-училишните општини, кои биле под ведомството на Егзархијата. Како што митрополитите во Македонија за својата дејност одговарале пред егзархот и му се управувале од неговата наредба, така и сите помали ~~повластени~~ подчинетите цркови органи во Македонија зависеле и примале инструкции од митрополитите. Меѓутоа, и едните и другите како службеници на Егзархијата биле послушни органи на егзархот и ги исполнувале неговите захтеви. Во помалите повластени егзархиски органи во Македонија биле непомирливи непријатели на месните учители-револуционери особено лути противници на ТМОРО. Во таа смисла на теренот во Македонија се регистрирале чести такви судири и борби. Ќе ги спомнеме само таквите конфронтации во Солун, Прилеп, Кичево, Кукуш, Ениџе Вардар, Куманово и др. места.

До судирите помеѓу месното граѓанство и архиерејското наместништво доаѓа во Лерин поради апсолутистичкиот однос на наместникот Шкутев, кој истерал повеќе учители-револуционери а со црковниот имот управувал апсолутистички. Меѓутоа, учителите-револуционери биле земени во заштите од Месниот комитет на Организацијата,

---

242) Лапе Љубен, Извештаи од 1903 год. на српските конзули, митрополити и училишни консули во Македонија, Скопје, 1954, 290.
243) ЦДИА, ф.321, оп.1, арх.ед.20, л.13; л.14; л.15.
244) ЦДИА, ф.321, оп.1, арх.ед.20, л.24.

која му запретила на Шкутева со смртна егзекуција доколку и понатаму продолжи со истата дејност.[246]

Во Неврокоп Митрополитот Иларион под притисок на ТМОРО бил принуден на попуштање и задоволување барањата на Месната Организација. Во Воденско и Кумановско исто така дошло до бојкотирање на чорбациско -егзархиската месна општина од страна на учителите и граѓанството. Во најголем дел црковно-училишните општини во чии состав доминирале домашни прогресивни снаги се заканувале дека ќе се отцепат во Егзархијата.

Борбата против Егзархијата македонскиот народ со несмалена жестина ја водел низ цела Македонија. Таму каде што македонските црковно-училишни општини биле послаби, Егзархијата успеала да се наложи и да управува апсолутистички и обратно; таму каде што месните македонски општини биле компактни влијанието на Егзархијата било осетно послабо.

~~Резонирајќи~~ На крајот ако сакаме да дадеме оценка за дејноста на егзархискиот клир во Македонија, ќе констатираме дека нивната активност малку била полезна за црковно-училишното дело во Македонија.[247] Командувани од еден центар - Егзархијата т.е. Бугарија, севкупната нивна дејност во Македонија била насочена кон создавање Бугари - да ја култивираат Македонија и по таков најлесен начин да ја бугаризираат и присоединат кон Бугарија. Поради тоа, сред македонската паства тие среќаваат ожесточена омраза.

246) Документи за дејноста на бугарските владици во Македонија...32.
247) "Помеѓу владиците во Македонија кои гледаат на општествените работи со средновековни очи и македонската интелигенција,која гледа на работите со друго око, се појавува една студена,една глува вражба,којашто мошне штетно се одрази на народниот развиток.Во здравиот ум на дел од македонското население се/појави едно сомневање во полезноста на владиците,коешто сомневање постепено се образува во една недоверба"кон нив-се истакнува во една антиегзархиска статија.- Шарски,Критически поглед на учебното дѣло въ Македония, Борба,I/1,Софія ,2.I.1899,2-3.

Располагаме со редица документи од кои согледуваме дека позициите и авторитетот на егзархиските владици во Македонија биле на многу ниско ниво. Скоро повеќето владици во Македонија биле расположени да си дадат оставка на својата функција и да се повлечат во некој манастир на мирен духовен живот. Таков е случајов со Струмичкиот митрополит Герасим, потоа со Велешкиот Авксентија. Последниов 1897 год. го моли егзархот да го повлече во некој манастир во Бугарија. "Ќе ви бидам доживотно благодарен, ако ме оставите да се отеглам на чесен живот. Јас вкусив од владеењето во Македонија и нема за што да мислам за него"[248].

Личниот живот на скоро сите митрополити во Македонија бил загрозуван. Плашејќи се за своите животи загрозувани од Организацијата и од српската пропаганда, Пелагонискиот и Велешкиот митрополит, Григорија и Авксентија, дури ги напуштаат своите епархии и одат во Цариград. Тие за никаква цена не сакаат да се вратат назад на своите должности.[249] Само со енергичното настојување на егзархот морале да се вратат назад во своите Епархии.

Струмичкиот и Пелагонискиот митрополит Герасим и Григорија биле осудувани на смрт од страна на месниот Окружен комитет на ТМОРО. Покрај тоа Герасим 45 дена буквално бил во својата митрополија во присилен притвор од страна на турската власт. Тој секојдневно го молел егзархот да го повлече во Цариград[250]. Меѓутоа, како не би ја изгубил Струмичката епархија, и егзархот бил упорен па му одговарал постојано, дека "не може да го уважи неговиот отказ на Струмичката катедра"[251].

Митрополитот Козма заплашуван да биде убиен од страна на Албанците -Арнаути кои неколкупати му опремале заседа, исто так

---

248)Напуштањето на Велешката митрополија Авксентија мислел да го реализира преку спојувањето на "минијатурната Велешка епархија од 80 христијански села" со Штипската и Струмичката каза.- Документи снимени во ЦДИА....Архив на Македонија, МФ.3.

249)Исто, МФ. 2.

250)Исто.

251)Исто, МФ.3.

долго време се наоѓал во доброволен притвор во Дебарската митрополија[252]. Во друг еден документ е наведено дека Скопскиот митрополит се наоѓа во тешка положба, а Охридскиот митрополит Методија добил две три шлаканици од незадоволниците од една негова пресуда.[253]

Од сето ова доаѓаме до заклучок дека егзархиските владици во Македонија живееле во постојанен страв да не бидат егзекутирани од пропагандите а се разбира најмногу од страна на ТМОРО. Горнава констатација ја потхранивме со редица документи од кои согледуваме дека владикувањето на егзархиските митрополити во Македонија, како орудие на великобугарската експанзионистичка политика во Македонија, ни најмалку не било ~~лесна и пријатна дејност.~~ поднесено од македонскиот народ.

252) Исто.
253) Исто.

## 7. Односите помеѓу ТМОРО и Егзархијата во Солун пред и по основањето на Револуционерното братство.

Најжестоки борби помеѓу Егзархијата и нејзиниот антураж во Македонија и македонското националноослободително движење биле водени во Солун. Солун и солунските егзархиска просветни установи требало да претставуваат центар за ширењето на Егзархијата низ цела Македонија. Заради тоа и Егзахијата и бугарската влада на Солун му обрнувале посебно внимание. Во Солун биле испраќани бугарски учители, инспектори, директори, воспитачи, редактори на весници на бугарски јазик. Егзархијата обрнувала внимание повидните просветни работници во Солунската гимназија да бидат по возможност испраќани од Бугарија или да бидат испробани "Бугари". Особено Егзархијата внимавала директорите на гимназиите да бидат Бугари. Поединечните случаеви кога некој Македонец ќе ја истакнел својата кандидатура за директор на гимназијата, редовно доживувале неуспеси[254]. Солунските бугарски просветни работници, за да бидат задоволни во својата "патриотска" дејност во Македонија, Егзархијата им одпуштала необично големи лични примања, многу поголеми во споредба со оние на просветните работници од македонско потекло. Дури доста голема разлика постоела помеѓу просветните работници во Кнежество Бугарија и оние мисионерските во Македонија. Природно против ваквите разлики ќе се јави реакција сред просветните работници во Бугарија. Дури едно време незадоволство пројавил и министерот за внатрешни работи Цанов. Тој не можел да се сложи "директорот на Солунската гимназија да прима поголема плата од оној во кнежевската гимназија, поготово што животот во Солун е поевтин од оној во Софија и Варна". Критикувајќи ја ваквата егзархиска политика, поната-

---

254) Во таа смисла го истакнуваме примерот на познатиот македонски учител, адвокат и публицист -Димитар В.Македонски(1847-1898), кој околу 1895/96 учебна година ја истакнал својата кандидатура за директор на Солунската ~~гимназија~~ машка гимназија. Меѓутоа, егзархот Јосиф не се согласил со тоа а инсистирал и понатаму

му во истиот документ бугарскиот министер Цанов истакнува дека неговата влада "нема да дозволи да се назначат учители во Воден, Кукуш и Лерин со поголеми плати од учителите во Бугарија со исти положаи и образование."[255]

Против ваквата егзархиска политика секако дека најнезадоволна била месната македонска интелигенција и месните учители. Форсирањето на учителите доведени од Бугарија, нивните осетно повисоки примања наспроти примањата на месните учители,[256] ќе доведе до отворен антагонизам помеѓу нив, разделувајќи ги со тоа на два непријателски лагери.

Настанале тешки искушенија за македонските учители. Тие требало да ја одмеруваат секоја своја постапка,секој однос со егзархиските органи. "Нашите македонски учители кога влегуваат во гимназиската зграда,се чувствуваат како да се наоѓаат во некоја турска канцеларија, каде треба добро да обмислуваат за своите зборови, треба да ги бираат:инаку бидуваат прогласени за сепаратисти и ... тешко на нивната златна службица!...", истакнува Петар Поп Арсов. Настанатите разлики помеѓу месните учители во Солун и оние дојдени од Бугарија, мошне успешно ги уочил Поп Арсов уште во она време. Тој антагонизам и тие разлики мошне евидентно се согледуваат од односот на самиот бугарски егзархиски директор кон учителите. Поп Арсов се чуди "оти директорот со едни се поздравува љубезно, со други - само рака подава, а трети - нити ги погледнува ?

---

на таа функција да се задржи дотогашниот директор Михаил Сарафов. - ЦДИА, ф.176, оп.1, арх.ед.943,л.6о; л.66; л.83.

255) Извадоци на документи од ЦДИА... I/53-55.

256) Македонците - учители добивале двојна и тројна помала плата, која се движела од 8о до 15о-18о лири годишно, додека северњаците -Бугарите - учители имале од 15о до 25о-3оо лири годишно. Еден Сарафов имал 5оо, а ова време добил 62о лири плата годишно" - Стојанов Петар , Петар Поп Арсов,... 1о3.

Првите се привилегованите северњаци, резонира некогашниот "лозар", вторите се "благоразумните", а третите, знаете ли кој се третите? - тие се "сепаратистите".

Што се однесува до привилегованите, омрзнато ми е повеќе да се занимавам со нив! истакнува понатаму Поп Арсов. Како "пионир" на бугарската идеја, како храненици на Оделот и љубезните чеда на неговиот режим, раководен во Солун од Сарафова, на коишто тие се првите двигатели или индиректни служители, шпионирајќи ги овие - оние од нивните јавни или тајни противници, тие се господари на Солунската гимназија и слободни се катадневно да фрлаат по некои навреди по адреса на Македонците: "ние ве храниме, храни куче да те лае...". ... Тука колат и бесат Сарафов и К-ја, толку повеќе, што високото чиновништво ги презело сите мерки против Македонците. И имено тие настојуваат во егзархиските гимназии да поставаат такви македонски учители, "коишто во Кнежевството ги нарекуваат мехурџии и ги карактеризираат со фразата: "и овде го клавам, и онде го клавам", "ќе ми дадеш пари, ќе се чинам Бугарин".

Осудувајќи ги македонските учители кои за пари станувале Бугари, жигосувајќи ја и Егзархијата која ја режирала таквата асимилаторска дејност, на крајот Поп Арсов резонира дека "е тешка положбата на македонските учители во Солунската гимназија". Особено не безпоштедна критика Поп Арсов го подвргнува директорот на гимназијата Михаил Сарафов. Регистрирајќи ги неговите неуспеси да се наложи сред своите учители, а особено сред солунското граѓанство, Поп Арсов резонира: "Граѓаните веќе започнуваат да си играат со "бившиот министер"- тешко е бај Сарафов, кога човек еднаш падне пред очите на народот - нели ?... И Ве уверуваме, дека така ќе продолжи да биде положбата на сите твои сонародници, коишто дојдоа

во Македонија со претензии "да создаваат Бугари", "да ја култивираат земјата", да заповедуваат во сѐ , како што Вие сакате да правите во Солун со неделното училиште, со вашето "раководство",со игнорирањето правата на општината, претставителката на народот; уште потешка ќе стане положбата и на вашето началство, кое сака нека биде тоа, ако продолжува да ви дава силни инструкции; но ќе прокопса и бугарската идеја,ако одете со тој ум. Зашто ние Македонците, асли ништо немаме, ништо не сме спечалиле благодарејќи на слепата доверба кон своите, божем браќа, па нема и што да изгубиме."[257]

До уште поголеми конфронтации помеѓу Егзархијата и нејзиниот антураж од една страна и македонската интелигенција и граѓанство од друга страна доаѓа по основањето на ТМОРО,особено по нејзиното организационо зајакнување. Познато е дека Егзархијата уште од почетокот на создавањето на Внатрешната организација се декларира како нејзин непријател. Па во таа смисла таа ќе ги прогонува сите сомисленици и симпатизери на Организацијата,додека оние кои директно егзистирале од нејзината каса а биле членови на ТМОРО скоро речиси редовно ги преместувала или оставала без работа. Кон "неблагородните" учители"багабонтите", "сепаратистите", "авантуристите" и сл. Егзархијата презела посебен третман. Мнозина од нив како Хаџи Николов,Петар Поп Арсов, Даме Груев и многу други, за подолго време ја изгубуваат егзархиската наклоност и служба. Приврзаниците на революционерното движење,"македонските учители, и наши сомисленици, вели Татарчев, лошо се третираат , ги навредуваат, ги насаскуваат граѓаните против нас со разни интриги..."[258]

Жестоки борби помеѓу двете конфронтирани страни особено се воделе за преземање на Солунската црковно-училишна општина и солунското неделно училиште. Во двата случаи приврзаниците на Егзархијата - егзархистите доживејале неуспеси.[259]

---

257) Вардарски, Стамболовшината... 34-37.
258) Татарчев, Христо.Първият централен комитет на ВМРО...106.

Во историографијата предимно бугарската, за двете конфронтирани страни - Егзархијата и Организацијата, постојат термини за нивната идејна и непријателска определеност. Така привржаниците на Егзархијата, кои "ослободувањето" на Македонија и нејзино приклучување кон Бугарија, очекивале да го реализираат по мирен пат без употреба на револуционерни средства, се нарекуваат е в о л у ц и о н и с т или е г з а р х и с т и, "умни" луѓе.[260] Тие поаѓале од начелото: "ништо да не се превзема против Турците, засилување на Егзархијата, борба со унијатите"[261]. Како што и порано истакнавме ваквата доктрина на делување било дело на бугарскиот егзарх Јосиф.

Другата конфронтирана страна "сепаратистите" ослободувањето на Македонија очекувале да го реализираат по револуционерен пат, преку рушење на постоечкиот општествено-политички систем на Турција и извојување слободна односно автономна Македонија. Хегемон на ваквата стратегија била ТМОРО предводена од младата македонска буржоазија и интелигенција.

Помеѓу еволуционизмот и револуционизмот прокламирани од Егзархијата и Организацијата доаѓало до жестоки конфронтации не само во Солун но и во внатрешноста на Македонија. Еволуционистите поткрепувани од Егзархијата, Бугарските трговски агентства во Македонија, Бугарската влада и Врховниот комитет во Софија ја напаѓале ТМОРО и нејзините сомисленици во Македонија. Според нив "Бугарија

---

259) Спомени на Ѓорче Петров... 35-36.

260) За еволуционизмот и сепаратизмот е пишувано многу особено во бугарската историографија. Овде се осврнуваме само на неколку поважни такви извори: Пламекътъ на Солунский светилник. (Сборник от статии, спомени, документи и други материали по-случай 90-години од създаването на Солунската българска гимназия и 50-години от съществуването и в Благоевград), Соф., 1970, 97-98; Шатевъ П. Павелъ Въ Македония подъ ропство. Солунското съзаклетие (1903 г.), Соф. 1934, 16-18; Формирањето на ВМРО во спомените на Иван Хаџи Николов, Скопје, 1974, 111-158; Миладинова -Алексиевна Царевна, Епоха, земя и хора... 110.

261) Спомени на Дамянъ Груевъ, Борисъ Сарафовъ и Иванъ Гарвановъ... 111

Δ во книгата на Гане Тодоровски, Трактат на сонцеробивите,

ќе ја ослободи Македонија и од Бугарија треба да се очекува сѐ : ние треба само да се готвиме. Пушки да не се кучуваат и да не се вне суваат, зошто кога ќе потреба Бугарија ќе ги даде. Револуционерност да не се пројавува во дејствија, туку само во морална подготовка. Воедно истакнува Ѓорче Петров, тоа му беше основата на "Братството", коешто тие го основаа попосле - во 1898 година"[262]

Нараснувањето на Внатрешната организација, нејзиното проширување низ цела Македонија, будно било следено од Егзархијата и нејзиниот црковно-просветен апарат. Дотогаш "Егзархијата и нејзините луѓе во Солун,Битола и други места во почетокот не верува дека новата активност ќе даде некакви стварни резултати, зашто не допуш таше населението да тргне по такви лесни луѓе, како што ги сметаа своите противници, главно солунските"истакнува Ѓорче Петров. Меѓутоа,откако егзархистите увиделе "дека работата е многу посериозна отколку што си ја замислувале", откако извршиле консултации со своите "претпоставени" во Софија и Цариград, го испратиле нивниот експонент - Коне Самарџиев, "да пропатува низ цела Македонија, за да се поднаучи како стои делото и да агитира колку се може против него". Пролетта 1895 година Самарџиев тргнал по пат низ внатрешност на Македонија. Пропатувал низ Солунско, Костурско,Битолско и Скопско Кратко време престојувал во Лерин, Костур, Охрид,Ресен,Битола,Прилеп Крушево, Велес, Скопје,Штип, Струмица,Гевгелија,Воден и насекаде агитирал против Организацијата истакнувајќи дека не треба да им се верува на "багабонтите" и "авантуристите". " Овие убави села ќе бидат упропастени , крепете ги црквите и училиштата. Бугарија има 2оо.ооо штика и ќе се ослободи Македонија". Меѓутоа, мисијата не му била толку плодотворна како што претходно си ја замислувал заедно со ~~неговите~~ своите сомисленици -егзархисти.Откако дошол до сознание

262) Спомени на Ѓорче Петров,... 38.

дека "работата е многу посериозна отколку што си ја претставувал", се вратил во Солун. Таму реферира дека "агитацијата (демек делото) зеле многу широки размери и оти пуштиле гранки и по селата,... оти младината е силно и идејно вовлечена во тоа дело во земјата."[263] На стапила паника во таборот на егзархиските во Солун . Тие се плашеле дека сè она што Егзархијата го градела со децении пропагандa и тоа поради дејноста од страна на ТМОРО. Поради тоа егзархиотите ја променуваат својата тактика на дејствување. Сега тие се обидуваат да ја преземат Организацијата во свои раце и да управуваат со неа. Поправо такви инструкции тие добиваат од Софија и Цариград. Веројатно тогаш се раѓа и идејата за основање на "Благодетелното братство". Тоа е 1897 година.[264)]

По едногодишно постоење "Благодетелното братство" во 1898 година се прекрстило во "Революционерно братство". Инструкциите била дадени пак од Софија а целта со преименувањето на мирното еволуционо Благодетелно братство во Революционерно, била да се привлечат кон него масите во Македонија т.е. да се преземе национално -революционерното движење во Македонија од рацете на "несериозните" луѓе. На чело на реорганизираното Братство бил поставен Иван Гарванов, Бугарин од Стара Загора, тогаш егзархиски просветен работник во Солун. Изборот на Гарванов за претседател на Братството не бил случаен. Во

---

263) Исто, 29-39.
264) Во своите спомени Ѓорче Петров истакнува дека "првата идеја за основање на "Братството" се родила во Егзархијата, можеби во главата на егзархот. На друго место истакнува дека "К"нчов во согласност со егзархот и Селцобалиев ја дадоа идејата за Братството". (Спомени на Ѓорче Петров...39, 76). Ако спрема ова братство е рожба на Егзархијата, тогаш неминовно ќе мораме да истакнеме дека тоа се основало со знаење и поткрепа на бугарската влада. (Историја на македонскиот народ, кн. втора...217). Меѓутоа треба уште да додадеме дека за растежот и врвежот на Братството голема улога одиграл и Врховниот комитет во Софија. Спрема зборовите на Дино Косев, Братството претставувало "лошо замаскирана секција" на Врховнист комитет.- К'осев Г.Дино, Борбите на македонски народ за освобождение, Соф., 1950, 38-39; истиот-История на македонското национално революционно движение (Соф. 1954) ...

моментот тој се нашол најпогоден за преземање позициите на ЦК на ТМОРО, за претворање на македонското револуционерно движење во бугарско орудие.

Реорганизираното братство сега прокламира подруга стратегија. За да ги привлече масите во Македонија мораше и самото да се накити и замаскира со револуционерност. Братството сега истапува дека тоа не е против револуционерното движење во Македонија, а против водачите на тоа движење во Македонија, ~~а против водачите на тоа движење~~, кои ги смета за недостатно тактични и многу брзи. Ваквата политика на Братството набргу била сватена од страна на лугето на ТМОРО. Се сакаше "преку блискоста на целите да се преземат позициите на ЦК, истакнува Ѓорче Петров, оти нивната интимна желба е да ја земат работата во свои раце и да се отстранат од Солун некои од нивните непријатели."[265]

Со новопрокламираната тактика-"револуционерноста", Братството се обидело да ја прошири својата пропаганда и во внатрешноста на Македонија. Во својата прва окружница од јуни 1898 година тоа успејало да создаде свои ~~кланови~~ оддели во Прилеп, Велес, Кавадарци, и Серес. Но тоа биле многу слаби позиции. Затоа во октомври и.г. Братството испраќа и втора окружница, во која се препорачувале нејзините сомисленици да отворат во градовите пансиони, во кои да се прибираат децата на влијателните граѓани и селани. Целта била да се привлечат на страната на егзархиското Братство што поголем број на влијателни граѓани и селани, кои подоцна би се регрутирале во борбата со Револуционерната организација.[266]

По инструкции на Врховниот комитет во Софија, со кого било ~~царството~~ цврсто поврзано, Братството пристапува кон формирање на свои чети. Истите биле испраќани на теренот во Дојранско, Серско и

---

265) Спомени на Ѓорче Петров,... 37-39.
266) Шалдевъ, Хр., Пречки и опасности.(Изъ запискитѣ на Иванъ Х. Николовъ).Ил.Илинденъ год.IX,кн.2/82/.Соф. 1937,6-8.

Мелничко. Поради ова доаѓа до уште пожестоки конфликти помеѓу Братството и Револуционерната организација. При оваа Организација 1900 година извршува неуспешен атентат врз раководителот на Братството во Серес -Наумов. Братството од своја страна пак преминува во противнапад и превзело акции да ги убие членовите на ЦК на ТМОРО - Х.Матов, Д.Груев, Хаџи Николов, и П.Тошев. За таа цел претседателот на Братството Иван Гарванов патува во Софија и Цариград и барал одобрување од своите "претпоставени".Во средбите со претседателот на бугарската влада Стоилов, претседателот на Врховниот комитет Б.Сарафов и егзархот Јосиф, Гарванов бил пречекуван срдечно и со симпатии. Насекаде примал совети да не преземаат крајни мерки спрема Организацијата, но да се обидат луѓето на Братството да се вовлечат во редовите на истата и одвнатре да ја превземат.

По враќањето на Гарванов во Солун,со своите соработници во Братството силно работат на нивното вклучување во редовите на ТМОРО. Есента 1900 година во тоа успеваат. Тогаш е постигната согласност за слевањето на Братството во Организацијата. Спрема спогодбата Јосиф Кондов станал член на ЦК на ТМОРО, а Гарванов член на Месниот комитет.

Со вклучувањето на Братството во ТМОРО, луѓето на Организацијата направиле една тешка и неопростива грешка. Драмата со "Тројанскиот коњ" се повторила и овде. По една година Хаџи Николов лекомислено му ја предал во рацете на Гарванов севкупната кореспонденција и документацијата на ЦК на ТМОРО и Организацијата ја превзеле агентите на Бугарското кнежевство.Патот кон пропаста на македонското национанолноослободително дело било на повидок. Со режираното од Бугарија прерано Илинденско востание,македонскиот народ ја доживејал најголемата својата катастрофа и несреќа.

## 8. Ставот на Бугарското кнежевство и Егзархијата спрема Македонското националноослободително движење

Експанзионистичката политика на бугарската буржоазија спрема Македонија датира уште пред создавањето на Бугарија во државна творевина. Спрема зборовите на Димитар Благоев, уште пред конституирањето на Бугарското кнежевство, севкупната грижа и пропаганда за бугарската пенетрација во Македонија, била дирижирана исклучиво од бугарските егзархиски кругови во Цариград.[267] По ослободувањето на Бугарија од Отоманската империја во 1878 година, експанзионистичкит апетити на бугарската буржоазија кон Македонија знатно се зголемил Асимилаторската дејност во бугаризирањето на македонските маси, бугарската буржоазија и по 1878 година и го препуштила на својот експонент -Егзархијата, која ја издржувала, дипломатски и морално поткрепувала. Ваквата денационализаторска дејност на Егзархијата в Македонија била поткрепувана скоро од секоја бугарска влада.

И додека борбите во Македонија се воделе на црковно-училишен план, за добивање автономија на македонскиот народ во облата на просветата и вероисповедта, бугарската буржоазија не се беспокоила, зашто таа борба биле во нејзини раце. Тоа е разбирливо зашто Егзархијата над поголем дел од населението ~~која~~ имала монополска власт над просветата и вероисповедта во Македонија. ~~била нивно оружие~~. Меѓутоа, кога борбите во Македонија прерасналe во повисока фаза на својот развиток и го прекорачиле прагот на црковно-просветната дејност, т.е. почнале да се еманципираат од црковно-просветни во револуционерноослободителни движења, да би од ден на ден станувале сè помасовни, бугарската буржоазија двор па и Егзархијата се осетиле загрозени, "дека губат спечалени позиции, и со сета силе се зеле да го превземат во свои раце"... македонското националноослободителното движење, да му додадат бугарски

---

267) Благоев Д., Принос към историята на социјализма в България... 19.

колорит, т.е. да го насочат кон правец- борба за идно приклучување на Македонија кон Бугарија.[268]

Со појавувањето на организираното македонско национално-ослободително движење, со неговото брзо омасовување и раширување ср масите а со тоа постепено губење на егзархиските позиции во Македонија, бугарската влада го променува дотогашниот курс на својата политика кон Македонија. Завземајќи негативен став кон прокламираното начело од страна на ТМОРО - политичка слобода или автономија на Македонија, бугарската влада со сите сили ќе настојува да го соси-пе тоа ослободително дело, или во крајна линија ако во тоа не успее да го преземе тоа револуционерно движење , да го управува по своја команда и насочува кон своите големобугарски идеи. Таа своја цел бугарската влада настојувала да ја реализира преку својот експонент -Егзархијата, преку Врховниот комитет во Софија, преку Револуционерното братство во Солун, преку Бугарските трговски агентства во Македонија.

Во реализирањето на оваа експанзионистичка големобугарска идеја особена поткрепа бугарската влада имала од Бугарските трговски агентства,создадени во Македонија 1897 година. Спрема зборовите на Ѓорче Петров, "најсилен поттик за да се засили работата за отворањето на трговската агентура во Македонија, беше таа , што Егзархијата согледуваше во нашата Организација опасен непријател, којшто ќе го разруши сето егзархиско дело... за да може да се спречи опасноста од Револуционерната организација,се отворија агентури за да тие не запираат и да не парализираат. За оваа цел ставија во агентурите луѓе блиски на делото -Ризов, Наумов, Карајовов, за да не парализираат" резонира во своите спомени Ѓорче Петров[269]. Особе-

268) Македонската емиграция и политическата борба въ България,Дѣло I/ 7, Соф.,18.II.19o2,1-2;Национални стремежи, Дѣло,... 1-2.
269) Спомени на Ѓорче Петров... 54.

но во оваа смисла опасноста по македонското ослободително дело доаѓала од бугарскиот солунски агент - Атанас Шопов.[270]

Уште со своите први контакти со бугарската влада, задграничниот претставник на ЦК на ТМОРО - Ѓорче Петров дошол до јасни согледувања за политиката и улогата на официјална Бугарија по ослободителното дело во Македонија. Разочаран од експанзионистичката великобугарска политика кон Македонија, кај Ѓорче се создало сознание за самостојност на Организацијата и надеж само во себе. "Разбравме, дека само со наши сили што ќе постигнеме ќе биде сигорно постигнато". Тогаш е фрлана и организационата парола за самонаоружување на македонскиот народ, да не се очекува никаква помош од Бугарија. Нашироко се агитирало сред населението да се снабди со оружје со свои средства и индивидуално[271].

По организационото зајакнување на ТМОРО, по нејзиниот антиегзархиски и антибугарски став по однос на ослободувањето на Македонија, бугарската влада преземала редица мерки за да Организацијата ја сосипа, ослабне или дискредитира, "за да владата ја преземе Организацијата во свои раце, за да ја парализира"[272]. Во таа смисла уште 1894 година владата ја напуштила дотогашната стамболовска политика со Турција да се одржуваат мирни односи, како би преку тоа се издејствуваат од Портата повеќе берати за македонските епархии, за поставување во Македонија што повеќе бугарски егзархиски владици. Навистина берати од страна на Егзархијата и бугарската влада и понатаму се барале, но до реализирањето на таа цел се преминало кон многу крајни средства. Низ цела Бугарија почнале да

---

270) На прашањето дали да собираат средства во вид на доброволен прилог и дали да ги внесуваат во касата на Револуционерните комитети во Македонија, Шопов на Велешкото граѓанство им одговорил негативно, "да не се бобираат засега никакви пари, а ако има собрано да се внесуваат во Бугарската народна банка на чување", - Изводоци на документи од ЦДИА...V/22-23; Историја на македонскиот народ, кн.втора... 218.

271) Спомени на Ѓорче Петров... 59.

се одржуваат масовни митинзи, на кои се протестирало против турската политика во Македонија и на кои се барало исполнување на член 23 од Берлинскиот конгрес како единствен услов за смирување на ситуацијата. Но не се останало само на тоа. Бугарската влада преземала и дипломатски притисоци врз Отоманската империја. Преку своето министерство за надворешни работи, бугарската влада дејствувала пред Портата "дека е дошло времето да се приложат во Европските вилаети реформи."[273] Од друга страна преку Македонскиот врховен комитет, кој сѐ повеќе се раководел од бугарскиот двор, преку врбувањето на македонски емигранти во Бугарија, преку создавањето од нив четнички институт (истите биле командувани од бугарски офицери, снабдувани со оружје и облека од бугарските воени магазини) преку нивното испраќање во Македонија а "со знамето на бугарската влада"[274], да вршат провокации и метежи сред невиното население во Македонија.

Против ваквата бугарска политика истапува русаката дипломатија. Рускиот дипломат во Цариград Нелидов енергично се застапувал пред егзархот и бугарскиот агент во Цариград - П.Димитров. Нелидов инсистирал да се престане со "произведените бугарски востанија и смутови" во Македонија, дека од тоа си пакостат самите себе. "Турција има доста точно војска да го уништи секое востание" заклучува Нелидов.[275]

За санирање на создадената тешка ситуација во Македонија рускиот дипломат дејствувал и пред Портата, како би оваа донела некои реформи во Македонија "за да Македонците се задоволат со нешто". Тргнувајќи од ова руско завземање а и со цел да се подобри положбата во Европска Турција, великиот везир Саид-паша бил наклонет во моментот, спрема зборовите на бугарскиот агент Димитров, да се

272) Исто, 57.
273) ЦДИА, ф.176, оп.1, арх.ед.863, л.88-89.
274) Изводоци на документи од ЦДИА... V/13.
275) ЦДИА, ф.176, оп.1, арх.ед.863, л.95-96.

дадат извесни обеќавања и повластици на Македонците, "дека во најскоро време ќе ги приложи ерменските реформи во сите вилаети",но при тоа изразил увереност дека бугарската влада нема да дозволи понатамошно дејствување на македонските комитети во Македонија.[276]

Во вакавата настаната ситуација мошне интересен став презема Цариградската патријаршија. Можеби подтикната од тешката полож ба на Егзархијата во Европска Турција,а спрема зборовите на бугарскиот Цариградски агент Димитров во рапортот до министерот за внатрешни работи Ночович, таа "во моментот приготвувала еден проект за дигање на бугарската шизма и за признавање на неа (Егзархијато -б.м.), како автокефална бугарска црква, но во пределите на Кнежевство Бугарија, а надвор од тоа бугарските епархии да си останат под ведомството на Патријаршијата"[277].

Преку сето ова бугарската влада поминала молкум и негло. Како и Егзархијата порано, така и бугарската влада во моментот повеќе сакала да има во својата земја една шизматична црква, отколку да се откаже од епархиите во Македонија. Ни обеќаните во Македонија привилегии и реформи од страна на Турција не ја задоволиле бугарската дипломатија. Поправо таа и не помислувала кон искрено исполнување на тие свои барања. Напротив, спрема зборовите на идеологот на левицата на ВМРО - Димо Хаџи Димов, бугарската влада и нејзините агенти во Македонија: Трговското агентство, Егзархијата и владиците, "коишто немаат ништо македонско" во себе, дејствувале со сите средства,за да ја уништат Внатрешната Организација. Но како се убедиле дека тоа не е лесно да го сторат", тие преминале кон други крајности.

Режираното од неа четничко навлегување во Македонија, предизвиканите врховистички востанија од 1895 и 19о2 год. имале за цел ,спрема Димо Хаџи Димов: 1) На дневен ред да се подигне маке-

276) ЦДИА,ф.176,оп.1,арх.ед.863 л.36.
277) ЦДИА, ф.176, оп.1, арх.ед.778,л.132.

донското прашање, преку врховистичките четнички махинации да се предизвикаат турските власти за масакрирање на македонското невино население, а со тоа опустошување на македонското селанство и неговото присилно пребегнување во Бугарија, каде пак потоа бугарската влада ќе се јави во улога на спасител на тоа несреќно население, извојување нови привилегии за Егзархијата и своето агентство; 2) Кнежевската влада сакала да се претстави дека таа е важен фактор на Балканот; 3) дека таа "има исклучително право на Македонија и Одринско. Со тоа сакала да покаже дека Европските сили ако сакаат мир на Балканот, непремено треба да се задоволат нејзините барања, зашто таа го држи мирот на Балканот во свои раце".[278]

Ваквата политика на бугарскиот двор по однос на Македонија, осудувана од Портата и Русија, била жестоко критикувана и од Егзархијата. Егзархот доследен на својата еволуциона теорија, како најдобро средство за култивирање на Македонците во Бугари а со тоа и идно приклучување на Македонија кон Бугарија, не можел да се согласи со политиката на сила и притисок врз Турција спроведувана од Софиските кругови. Егзархот Јосиф стоел на становиште дека со таква политика во моментот не може да се завземе Македонија. Со таквата политика уште повеќе ќе се предизвикаат српските и грчките претензии спрема Македонија наспротив Бугарските, кои исто како Бугарите, во Македонија би испратиле свои оружани четнички институции. Во тоа егзархот не се излагал. Од друга страна, од сега натаму уште повеќе се отежнувало егзархиското барање берати за бугарските владици во Македонските епархии. Поради тоа егзархот Јосиф остро се искажува против политиката на сила и притисок врз Турција режира-

---

278) Avicenius (Димо Хаџи Димов), Двѣ течения, Революционенъ листъ, бр.8, Соф., 27.I.1905, 6-11.

на од бугарскиот двор.[279] По исто причини негативен став завзел егзархот и спрема Врховниот комитет, кој бил владин пандант за противтежа спрема ТМОРО.

Поради ваквата бугарска политика врз егзархот Јосиф била вршена силна турска атака за негово завземање пред бугарската влада. Во таа смисла големиот везир Ферид -паша од егзархот изискувал : 1) да ги сопре востанијата во Македонија и 2) Да дејствува сред бугарската влада, повеќе да не испраќа чети во Македонија.[280]

Меѓутоа, иако помеѓу Егзархијата и бугарската влада постоела разединетост по односот како да се освои Македонија, сепак тие и понатаму останале сојузници во борбата против македонското националноослободително движење, истапувајќи против секаква самостојна македонска творевина надвор од границите на Бугарија.

## 9. Училишните кружоци и бунтови против егзархиската денационализаторска и асимилаторска политика во Македонија

Една од формите против егзархиската денационализаторска дејност во Македонија биле и многубројните училишни бунтови подигнувани во скоро сите егзархиски училишта во Македонија. Македонската младина незадоволна од егзархиската асимилаторска училишна дејност постојано го искажувала своето незадоволство. Незадоволствата биле уперени пред сѐ против обемната застапеност на бугарската национална историја и бугарскиот "литературен" јазик во наставно-воспитниот процес. Потоа незадоволството владеело од грубиот однос на бугарските егзархиски учители,директори,воспитачи и на

---

279) Изводоци на документи од ЦДИА... I/49-51; Дипломатска преписка краљевине Србије,књига прва (1 јануар 19о2.- 1 јуна 19о3),Београд,1933,64-68.

28о) Брљзицов Д. Христо, Екзар Йосиф I... 19о-192.

севкупниот егзархиски просветен апарат. Училишната младина пред сè средношколската и онаа која живеела по интернатите била незадоволна од егзархискиот езуитски однос кон нив. Имено, често пати на учениците им било забранувано секакво срекавање и групирање надвор од училиштата, не добијат можност да бидат подбуцнувани и влијаени од страна на луѓето на Внатрешната организација. Само со специјална дозвола на одговорниот воспитач на интернатот или често пати под негово раководство сите ученици можеле да излезат в град. Се сакало со една езуитска мерка да се изолира македонската училишна младина да истата не биде влијаена од страна на луѓето на Организацијата.

Овој касарнски режим секако не го доживејал својот успех што така грижливо и дисциплинирано го режирала Егзархијата и управниците на егзархиските училишта. Напротив, против тој езуитски егзархиски систем , македонската младина предводена од членовите на Организацијата катадневмо ќе пројавува незадоволство и ќе ја бојкотира таквата егзархиска просветна дејност. Таа македонска училишна младина своето најпрво революционерно воспитување го добила во училишните революционерни кружоци. Такви революционерни кружоци постоеле скоро во сите егзархиски училишта, за сето време на егзистирањето на Егзархијата во Македонија.[281] Спрема зборовите на Ѓорче Петров, првата желба на основоположниците на ТМОРО по нејзиното конституирање, била да образуваат колку може повеќе революционерни кружоци на чисто другарска основа.[282] Скоро сите ученици особено матурантите во Солунската машка гимназија биле посветени во Организацијата од луѓето на ТМОРО. Под раководството на учителите -революционери, биле одржувани тајни собранија кадешто учениците се запознавале со задачите и средствата на националноослободителната

281) Пандевски Манол,Националното прашање во македонското ослободително движење (1893-1903),Скопје,1974, 93.
282) Спомени на Горче Петров... 21.

телната борба на македонскиот народ, исто и со револуционерната идеологија и револуционерната етика.[283] Членовите на ваквите кружоци покрај усната агитација на состаноците, исто така индивидуално во своите домови или станови се занимавала со читање на разни книги, ир преку кои ги дооформувале своите револуционерни сознанија. Во тие книги, како што се истакнува во еден егзархиски документ кој потекнува од Архивот на ЦДИА -Софија, "се третирани некакви нови теории за општествениот живот, поради кое учениците ги оставаат своите уроци на втор план, почнуваат да се вообразуваат, дека од нив, деца уште во училиштето, општеството очекува да бидат раководители на својата судбина. Поголем дел од таквите ученици, истакнува документот, не покажуваат успех по предметите, не трпат ниту опоменување, ниту совети, неретко влегуваат во објаснување и одговараат грубо на своите учители..."[284]

Против ваквите ученици, членови на училишните револуционерни кружоци и на Револуционерната организација, Егзархијата преземала најдрастични мерки. Таа вовела строги дисциплински мерки за една касарнска приврзаност на учениците кон училиштето и нивните интернати, за потполна изолација на истите од влинанието на ТМОРО.

Меѓутоа најголем дел од овие мерки што ги преземала Егзархијата останале без резултати. Бунтовите и протестите во егзархиските гимназии се случувале постојано низ цела Македонија. Училишната младина поддржувана од своите учители -револуционери и раководители на ТМОРО, од месното граѓанство, подигнувала бунтови и штрајкови бојкотирајќи ја егзархиската езуитска просвета во егзархиските училишта. Таквите акции се повторувале секоја година. Според зборовите на анонимниот автор во статијата -"Бунтовите во Солунската машка гимназија" од 1894 год. во весникот "Право" во посветената ста-

283) Бадевъ Йорданъ, Даме Груевъ, живот и дѣло... 67-74.
284) Пламѣкът на Солунския светлиник ... 271-173.

тијата по повод 15 годишнината од постоењето на истата гимназија,с истакнува, "дека ниту една година не преживејала таа спокоен живот Судрувањето помеѓу учениците, бунтовите против директорите,учители-те и учениците; истерувањето на цели класови, истерувањето на директорите и учителите; борбата на директорите и учителите со Училишниот оддел,борба на учители со граѓани,на директори со општината и други и други... "се случувале често.[285] До вакви жестоки судири на македонската училишна младина со бугарскиот егзаржиски просветен апарат доаѓало и во други егзархиски училишта во Македонија. Така среќаваме училишни бунтови , штрајкови,испади, протести во егзархиските училишта во Солун, Битола,Велес,Прилеп,Серес и други места. Во таа смисла само патем ќе се задржиме на некои поважни такви настани.

Во овој временски период го регистрираме штрајкот на велешкото граѓанство и учителство против апсолутизмот на егзархискиот владика Авксентиј и неговиот обид да ја централизира велешката општина т.е. верската и просветната дејност на истата[286]. Многу негативна улога во бунтот на Скопското педагошко училиште одиграл егзархискиот инспектор Васил К'нчов. Тој ја искористил помошта на турскиот полициски апарат за умирување на разбунтуваните ученици и го затворил целиот IV клас. Директорот на Битолската егзархиска гимназија Антон Наследников го истерал целиот IV клас заради неподготвување на една тема по француски јазик.[287] Најмасовни меѓутоа училишни бунтови биле предизвикувани во Солун и Битола,тогаш два најголеми македонски градови и културни центри.

Училишните бунтови во Солун биле многубројни. Веќе го регистриравме оној од 1894/95 год., впрочем и го цитиравме преку весникот "Право"[288]. Во 1896/97 год. се случува уште поголем учили-

285) Бунтътъ въ Солунската мъшка гимназия, Право,1/1,Соф.,12.XI. 1894, 4.
286)Димевски Славко, Некои моменти од борбата на велешкото граѓанство со Егзархијата... 173-194.
287) Вардарски, Стамболовштината... 328-32.

шен бунт во Солун. Една од причините за бунтот бил монархистичкиот и диктаторски однос на директорот на машката гимназија Михаил Сарафов. Дотогаш директорот со гимназијата управувал по принципот:"L'Ètat c'est moi ". Не признавал никаква општинска комисија, никаков егзархиски правилник. Напротив, изработил сам правилник без знаење и одобрување на Егзархијата и работел спрема начелата: "Јас сум правилник".

Една од причините за споменатиов бунт била забраната на директорот Сарафов да им дозволи на учениците да присуствуваат на солунскиот карневал. Учениците биле заклучени во интернатот и ставени под клуч. Меѓутоа, истите на чело со братот на Гоце Делчев - Мицо Делчев ја разбиваат интернатската врата и издегуваат во град. По репресалиите од страна на Егзархијата кои следеле по овој избил голем училишен бунт. Навистина бунтот бил локализиран, меѓутоа многу ученици биле казнети и истерани засекогаш од гимназијата. Но и директорот не поминал подобро. И тој морал да си даде оставка.[289]

И следната година дошло до бунт во Солун. И овој пат жртва на бунтот бил еден егзархиски директор -А.Наумов. Тој морал да му го отстапи своето место на учителот Васил Градинаров, избран на тоа место најмногу по настојување на Ѓорче Петров и учениците бунтовници.

Во споменатово разбунтување на учениците во Солунската машка гимназија секако дека видна улога одиграле учителите -основоположници на ТМОРО, пред сè Ѓорче Петров, Даме Груев и др. Споменатиов бунт траел околу дваесетина дена[29о]. Учениците забарикадирани во училиштето почнале да издаваат хектографирани весници "Сноп"и "Верига". Никој од егзархиските учители не смеел да влегува во

---

288) Види го цитатот 285.
289) Спомени на Дамянъ Груевъ, Борисъ Сарафовъ, и Иванъ Гарвановъ... 111-113; Вардарски, Стамболовщината... 38,5о.
29о) Димевски д-р Славко и Растислав Терзиоски,Исписи од Архивот на СИП,Скопје,1962,(Ракописи во ИНИ), 61.

гимназијата. . Дури еден егзархиски авторитет и претседател на Револуционерното братство - Иван Гарванов, за да ја заштити својата безбедност со револвер влегол на час.[291]

Во споменатиов бунт на интервенција бил повикан и началникот на Училишниот Оддел - Никола Лазаров. Тој лично од Цариград допатувал во Солун за да го смири бунтот. Истиот бил локализиран. Секако како по обичај најголемите репресалии од бунтот биле извршени над македонските ученици. Голем дел од нив биле истерани за секогаш од гимназијата или преместени во други егзархиски училишта.

Меѓутоа, до најголем училишен бунт доаѓа во Битолската педагошка гимназија. Тоа е познатиот бунт од 1899 год.[292] Главни актери во бунтот биле егзархискиот владика Григорија и егзархискиот гимназиски директор Антон Поп Стоилов од една страна а учителите Антон Димитров, Иван Цоков, Ѓорев , Антонов ,Крстев, битолското прогресивно граѓанство и се разбира пред сѐ учениците бунтовници и членови на револуционерниот кружок при гимназијата од друга страна. Бунтот траел прилично долго време. На Егзархијата ѝ требале прилично многу напори и дипломатски интервенции додека го угушила споменатиов бунт. При ова се послужила со помошта на турскиот полициски апарат. Биле исклучени шест учители и осумнаесет ученици.

И ако Егзархијата жестоко се справувала во угушувањето на училишните бунтови во Македонија, секогаш на штета на македонската училишна младина, со тоа што исклучувала или им оневозможувала нивно понатамошно образование и школување, сепак бунтовите против нејзината асимилаторска и денационализаторска политика во Македонија не престанале за сето време на нејзината егзистенција во Македонија. Егзархијата не успеала да се справи со нив. Напротив,

291) Спомени на Дам?нъ Груевъ, Борисъ Сарафовъ и Иванъ Гарвановъ... 115.
292) За Битолскиот училишен бунт од 1899 год. види поопширно кај: Камилов Киро, Материјали од Битолската митрополија-комитари

бунтовите,штрајковите,протестите против егзархискиот просветен сис-тем во Македонија се случувале скоро секоја година. Тоа претставува очевиден доказ колку егзархиската дејност во Македонија била по-желна и сакана.

## 1о.Ставот на Македонските социјалисти спрема Македонското националноослободително движење и Бугарската егзархија

Нашата основна интенција при пишувањето на ова наше излагање е да го согледаме и одредиме односот на македонските со-цијалисти спрема македонското националноослободително движење,пото-нивниот однос кон разните надворешни завојувачи на Македонија. Во тој склоп ќе се осврнеме и кон прашањето на односот на маке-донските социјалисти спрема Бугарската црква- Егзархијата. Кон сето ова ќе се осврнеме накратко, заради тоа што за односниот предмет располагаме со оскудни изворни податоции.

Односот на македонските социјалисти спрема македонското националноослободително движење бил мошне позитивен.Сметајќи ја ТМОРО за авангарда и предводник на македонските маси во македон-ското националноослободително движење македонските социјалисти му ја искажуваат сета своја поддршка,се вклучуваат во редовите на ТМОРО,соработуваат со неа и земаат активно учество во револуционер-ното движење на својот народ.[293]

---

(Документи во ракописи во ИНИ); Дописка, Прогрес,I/3,Соф.,12. X.19оо, 2; Димевски Славко, Битолскиот училишен бунт во 1899 год., Просветно дело,XV/1, Скопје,1959,44-51;Егзархиски (бу-гарски) училишта,во книгата - Гимназијално образование во Би-тола,Битола, 1965,25-3о.

293) Дефинитивното вклучување на македонските социјалисти во редовите на ТМОРО како група а не како поединци,било усвоено на Првата социјалистичка конференција во Македонија во Жи-тошкиот синор на Крушевска околија на 3 јуни,односно на 15. VI.19оо год. ,- Лапе Љубен, Никола Петров Русински како извор за раниот период од ширењето на социјалистичките идеи во Македонија, Историја,V/2 Скопје,1969,31-42; Историја на маке-донскиот народ, Втора книга... 2о3.

Ваквиот свој однос кон револуционерното движење во Македонија социјалистите го граделе трнувајки од становиштето дека без национално ослободување нема ни економско ослободување на својот народ а од таму ни развој на работничкото движење на својата земја.[294] Поради тоа македонските социјалисти го прегрнуваат македонското ослободително движење, ја заштитуваат македонската ослободителна мисла, истата ја пропагираат преку своите гласила и печатни органи[295] и ги насочуваат македонските маси кон ТМОРО за организирање во единствен фронт кој ќе ги поведе масите во Македонија во борба против непријателите на својата земја.

Македонските социјалисти правилно согледале дека најголем непријател на македонскиот народ претставува Отоманската империја. За нив било познато дека таа Империја "претставува труп што се раскапува и смрди, која бавно но сигурно се распаѓа"[296]. Заради тоа тие го повикуваат македонскиот народ на акција,да по пат на револуција ја извојуваат својата слобода. Во таа насока македонските социјалисти мошне правилно ја согледуваат опасноста по македонската самобитност и целост, што идела од страна на соседните земји,кои веќе ги насочиле своите освојувачки погледи и грабачки прсти кон Македонија. Шовинистичките акции на бугарската, грчката и српската пропагандна машина за ослободувањето на Македонија,спрема македонските социјалисти поаѓале од злонамерни и користољубиви цели. Во таа смисла македонските социјалисти заземаат одреден став . "Ние не го сакаме ослободувањето на Македонија за да ја фрлиме одново во

294) Иваноски д-р Орде,"Револуција" и "Политическа слобода", први македонски социјалистички весници,во зборникот -Почеци социјалистичке штампе на Балкану, Београд,1974,2о5-22.

295) "Револуција" и "Политическа слобода". Првиот излегувал во Софија од 1895 год. како орган на македонските револуционери а другиот во печат се појавил 1898 год. како орган на македонските социјалисти револуционери.

296) Заедничка борба за слобода,Револуција,бт.7,Соф., 9.VIII.1895/1-2 Цитирано според-Одбрани статии за работничкото и социјалистичкото движење во Македонија(1895-1914),Скопје,1962,33-36.

железните пранги на современиот државен систем. Ние ќе се бориме неуморно како за политичката, така и за економската слобода во нај широк смисол на тие поими.[297]

Тргнувајќи од овие свои согледувања македонските социјалисти ја определуваат својата девиза на ослободителната борба на својот народ,дека "ослободувањето на Македонија е дело на самите Македонци ..., дека ослободувањето на Македонија треба да се реши од самото потиснато население. Тоа не сака да го отфрли турскиот јарем,за да си го навлече грчкиот, српскиот или бугарскиот и да ги оствари нивните национални идеали, се вели понатаму во една статија во весникот "Револуција", но бара, откако ќе ги скине своите ропски пранги, да заживее слободно и да си биде сам господар на себе си".[298]

Критикувајќи ја штетноста на македонското ослободително дело на севкупниот странски пропаганден апарат во Македонија, македонските социјалисти посебно внимание му обрнале и негативно ја окарактеризирале дејноста на Врховниот комитет во Софија. Сите и негови махинации биле прогласени за непријателски по македонското ослободително дело, зашто Врховниот комитет "не претставува ништо друго освен едно орудие на бугарската влада што се служи со него според своите потреби и цели".[299]

Македонските социјалисти мошне штетно ја оценуваат и дејноста на Бугарската егзархија во македонското црковно-училишно и дело. Бугарската егзархија тие ја окарактеризираа како асимилаторска и одродувачка духовна а пред сè политичка институција на бугарскиот двор,како најдобар пропагатор и експонент на великобугарск

---

297) Исто.
298) Кој ќе не ослободи, Револуција, бр.8,Соф.,16.VIII.1895,3-4;За ослободителната борба,Револуција, бр.8, Соф., 16.VIII.1895,4.- Одбрани статии... 43,44.
299) Експлоатацијата со македонското дело,Политическа слобода, I/3, 2-3,- Одбрани статии... 71.

та експанзионистичка политика за реализирање сонот на бугарската буржоазија и двор, за создавање на Сан-стефанска Бугарија, во чии граници требало да влезе и Македонија.

Македонските социјалисти ја истакнуваат еволуционата дејност на Егзархијата и аналогно на тоа ја потцртуваат антиреволуционерната егзархиска застапеност сред своите македонски верници. Поради тоа и Егзархијата и нејзиниот клир, македонските социјалисти ги оценуваат како пакосни и штетни по однос на револуционизорањето на масите. Заради тоа, социјалистите проповедуваат националноослободителното движење на македонскиот народ да биде прочистено од секакви духовни и шарлатански примеси. " Никакви патрици и владици не се полезни за една борба , се вели во една статија во весникот "Революција", кога тие се пример на незнаење и дивотија. Ние нема да бараме затапување на народот во трпливи боцки на религијата и забавните песни и тропари на поповите. Со силата на науката , со силата на светлата и политичката мисла, ние ќе го воспитуваме народот за да може тој да ја разбере полезноста од сите слободољубиви институции на современата цивилизација."3оо

Понатаму македонските социјалисти ја критикуваат егзархиската политика и интенцијата на Егзархијата за испраќање што поголем број на бугарски владици во Македонија и заведеноста на поголем дел од македонските егзархиски верници, кои се радувале при секој добиен од Портата берат за егзархиски владика во некоја македонска епархија. Во врска со тоа македонските социјалисти истапуваат:"Робот сака светлина и чист воздух, а му се говори сосем друго нешто. Нема потреба од владици,не! Ние сме убедени во жалосната вистина,дека не црковните молитви, не долгите канони, не мелодичните херувики, не амблемата на христијанското смирување-расто

3оо) Нашата програма, Революција, бр.1,Соф. 28.VIII.1895,1-2.Одбрани статии... 17.

и камиловката се во состојба да ги одстранат болките на робот за да може тој слободно да дише... Народот се кренал со нож во рака, го презрел животот, имотот и сè за да ја извојува својата слобода, а лугето се токмат да му праќаат владици и попови, да му пејат молитви и долги тропарии, што ја приспиваат мислата, ја задушуваат волјата, ја убиваат енергијата и активноста, го затвораат под клуч револуционерниот дух и сите ослободољубиви стремежи."[301]

Ваквата егзархиска дејност која имала за цел смутување на револуционерниот дух и ослободителните стремежи на македонскиот народ била неминовно критикувана од македонските социјалисти. Според нив (Никола Петров Русински) "религијата е заблуда"[302]. Поради тоа, македонските социјалисти се на мнение дека "само револуцијата може да го преобразува општествениот систем, да разруши сè што ја потиснува вољата и разумот на човекот. Својот напредок цивилизацијата го должи само на револуциите кои за свој принцип го имале ослободувањето на потиснатите, разврзувањето на мислата и процутот на науката".

Во таа смисла социјалистите ги повикуваат македонските маси на акција и да " не обрнуваат внимание на тоа што се пее во Босфорот... Нека стотина апостоли навлезат во таа поробена земја, нека секој како знае и умее, го "буди робот да не спие".. нека сè што е поробено се крене со нож врака и ги побара своите човечки права". Македонските социјалисти посакуваат "подобро цела Македонија да се покрие со коски, отколку да ги влечеме прангите на срамното ропство; подобро чесна смрт,отколку ропски живот..."[303].

---

3о1) Т.Д-рв., Духовенството и слободата,Револуција,бр.4,Соф.,19.VIII 1895,4.- Одбрани стазии...28.

3о2) "Вистинскиот революционер, спрема Н.П.Русински, не може да биде религиозен и обратно;апостолот на религијата во сегашно време, не може да биде революционер",-Петров Русински Никола,Спомени, 292 (Ракопис и во ИНИ).

3о3) Т.Д-рв., Духовенството и слободата,Револуција... Одбрани стати... 28.

Понатаму македонските социјалисти Егзархијата и нејзинит претставници ги прогласуваат за непријатели на македонскиот народ, непријатели на "народната свест", на народните стремежи за слобода, единството и братството на народното самоопределување"[3o4].

Подложувајќи го на најжестока критика севкупниот егзархиски антураж во Македонија, македонските социјалисти егзархиските органи ги третираат како "шпиуни и грабачи на македонскиот народ". Егзархискиот висок клир во Македонија македонските социјалисти го окарактеризираа помеѓу другото и како султански агенти. Како такв социјалистите го посочуваат на прво место Скопскиот и Велешкиот митрополит Синесија,односно Авксентија. И не само тие! "Такви се сите попови и калугери, кои се сејачи на мракот, незнаењето и тиранијата". Истиве, македонските социјалисти ги претставуваат и како орудија на султанот. "Качени врз грбот на осиромашениот народ,тие се јавуваат како поголеми грабачи и од турските кесеџии. Историјата на црното свештенство е преполна со такви срамни и одвратни дела, со такви предавства и шпионства - така што тие предизвикуваат крајна одвратност во секој човек. Шпиуни и грабачи тоа се поповите", се вели на крајот на една статија во весникот "Револуција"[3o5].

Поради сето доовде изложеново, дејноста на бугарската егзархија и севкупниот нејзин антураж во Македонија од македонските социјалисти била оценета како крајно штетна и асимилаторска по македонскиот бит и етникум. Согледувајќи ја таквата пакосна и ненарод-

---

3o4) Удобно сместени врз народниот грб,хранејќи се со народната пот и труд, тие служителите на бога всушност се служители на земските тирани,лакеи и народни изедици... заштитници на незнаењето, мракот и насилствата... Тие народни грабачи... го лажат народот и право во очи се поигруваат со неговото трпение и простодушност..., За таа своја лакејска услужност пред силните и властодржците, духовните отци имаат можност да земат учество в онаа богата трпеза од народни солзи и народна крв, да примаат и тие дел од оној грабеж што се врши над народот...".-Духовенството против народот,Политическа слобода,бр.2,Соф.,19.II.1898 3-5.Одбрани статии...61.

на дејност на Егзархијата, македонските социјалисти неа ја прогласуваат за служителка на софискиот двор и експонент на бугарската експанзионистичка буржоазија.

x x
x

Моментално не располагаме со достаточно изворна документација и за другите македонски политички организации, групи и идејни струи надвор од револуционерното движење за да можеме да го согледаме нивниот однос кон македонското националноослободително движење и Бугарската егзархија. Поради тоа, накратко ќе се осврнеме само на некои нивни акциони согледувања и прокламации кон македонското ослободително дело на Егзархијата.

Македонскиот таен революционерен комитет - МТРК, преставува посебна струја во македонското националноослободително движење. Тој е формиран 1898 година од македонската студентска емиграција во Швајцарија.

Спротивно на егзархискиот мирен курс на еволуционистичка дејност во Македонија, претставниците на МТРК преку нивниот орган "Глас" се застапувале за воспитување на македон-

---

3о5) Т. Д-рв. Духовенството и слободата, Револуција, бр.4... 4; Духовенството против народот, Политичка слобода, бр.2... 3-5 - Одбрани статии... 29-61.

скиот народ во револуционерен дух, без да ја очекуваат својата слобода од некоја друга сила или фактор. Слично на македонските социјалисти, со кои стоеле многу блиску, претставниците на МТРК проповедуваат македонскиот народ сам да ја извојува својата слобода и тоа по пат на револуција. Основната интенција на претставниците на МТРК била да ја "пробудат дејноста на способност на човечката природа кај робот... "[306].

Претставниците на МТРК во своето гласило "Отм'штение" на жестока критика ги подвргнуваат соседните шовинистички пропаганди на Бугарија, Грција, Србија, и Романија, кои го распарчувале на бесно непријателски партии, и го деморализирале со поткупи и прогони македонскиот народ. Потоа на беспоштедна критика било повргнато свештенството и македонската емиграција. Црковниот клир се критикувал зашто "ги содржел и подржувал неговите најрасипани елементи, што го развратуваат морално и умствено и ја задушуваат политички" свеста кај народот". "Сето тоа ја убива неговата свет, тој губи сили во меѓусебни пусти борби, а врз неговата глава му лежи ~~тешкото~~ тешкото иго, железниот калпак на апсолутната монархија, што не му дава да зачекори напред"[306a].

Претставниците на МТРК мошне негативно се искажале и по однос на црковно-училишното дело во Македонија, воглавно спроведувано од Бугарската егзархија и Грчката патријарпија. Воедно со оваа тие ја критикуваат штетната дејност во Македонија на споменатите црковни институции. Претставниците на МТРК

---

306) Зографски Данчо, Македонскиот таен револуционерен комитет и "Отм'штение", Скопје, 1964, 50-51, 47.

306[a]) Исто, 65.

признаваат дека "училиштата во голема мера денес се расадници и сеачи на шовинизам и покорноста не само во Македонија туку скоро во целиот свет"Зоб[б].

И црковната дејност во Македонија претставниците на МТРК ја критикуваат заради нејзиното штетно влијание и делување сред своето паство и заради одвраќањето на истото од патот на революционерната борба за негова слобода. "Како можеме да се надеваме за советување на народот од црквата, кога христијанството одамна престанало да води напред, кога просто сопива?. Треба свест и работа, а тие не можат да се земат од црквата, затоа што самиот п о и м за бога не е ништо друго, освен т е о р и ј а т а з а а п с о л у т н а т а м о н а р х и ј а пропоpower вана од црквата"Зоб[в].

Во својата програма МТРК пропагирал "полна независност и најширока слобода на македонскиот народ, за да си создаде управа каква што тој си сака", потоа за "полна независна и широка слобода за сето население на оваа земја". Прокламираната полна национална рамноправност МТРК сметала да се реализира преку барањето за самоопределување на населението во Македонија без "никакво туѓо мешање" и "никаков странски притисок". Зоб[г].

Основната интенција на друштвото "Татковина", основано 1894 година во Софија, била да ја проучува историјата на македонскиот народ, да ги помага црквите и училиштата во Македонија за да го намали пакосното и штетно влијание на Егзархијата во

---

Зоб[б]) Исто, 13,68; Политическа слобода, бр.7, София, 29.XI.1898, 4. Цитирано според - Одбрани статии... 96.

Зоб[в]) Ц.д. на Зографски , 69, 19.

Зоб[г]) Исто, 24-26; Пандевски Манол, Националното прашање... 262-291.

македонското црковно-училишно дело.[307]

И другите политички организации, групи и идејни студии надвор од македонското ослободително движење, како групата на познатите солунски атентатори (Гемиџиите), македонските автономисти во Србија, "Славјано-македонското научно литературно другарство" во Петроград и др. делувале на својот делокруг за создавање на посебна македонска заедница во границите на македонскиот етникум. Поради ова природно тие се прогласуваат за жестоки непријатели на сите надворешни завојувачи на Македонија. Во таа смисла тие заземаат негативен однос и кон Бугарската егзархија, сметајќи ја истата за експонент на бугарскиот двор и буржоазија.

### 11. Егзархијата и Македонското национално-ослободително движење во предилинденскиот период

Во навечерието на Илинденското востание конфронтациите помеѓу Егзархијата и ТМОРО навлегле во уште повисока фаза на својот развиток. Егзархијата сè повеќе ги губела позициите сред македонското население, кое "доброволно ја следело Организацијата"[308]. Македонското население понесено од вековниот идеал за извојување на својата слобода, а согледувајќи во ТМОРО свој најдобар реализатор на тие свои најинтимни желби, масовно преминувале и ја следеле Организацијата. Тоа е разбирливо заради фактот што ТМОРО знаела "да влезе во душата и срцето на својот народ, да ги разбере неговите потреби и желби ширум Македонија", да го поведе тој народ во борба

307) Историја на македонскиот народ, втора книга.. 207.
308) Томоски Томо, Документи од Виенската архива за Македонија од 1879-1903, Скопје, 1955, 79.

за извојување на неговата слобода, а под паролата -"Македонија на Македонците"[3о9]

Влијанието на ТМОРО сред масите во Македонија го достигнува својот најголем интензитет[31о] токму во предилинденскиот период,[311] особено кога во јануари 19о3 година во Солун било донесено решение за дигање ~~прокламирено~~ скорешно востание во Македонија.

Периодот од оваа исфорсирана одлука за кревање востание во Македонија,до квечерината на Илинден, бил исполнет со најразновидни подготовки за претстојното востание.[312] Ваквите интензивни припреми не останале незабележани од пошироката јавност и надвор од границите на Македонија. Преку многубројните дипломатски рапорти балканската и европската јавност била запознаена со подготовките за скорешното востание во Македонија. Секојдневно се рапортирало дека Македонија е во пламен", дека населението во Македонија е "заразено од револуционерни идеи", дека оружјето во Македонија насекаде звечка и слично и слично. Што подлабоко се навлегло во пролетта на

---

3о9) Лапе Љубен, Извештаи од 19о3 год. на српските консули... 45.

31о) Пандевски д-р Манол, Националното прашање во македонското ослободително движење.... 133.

311) Тоа е период кога четничката институција во Македонија се повеќе се омасовувала и усовршувала. Скоро во секое помало место или Револуционерен округ во Македонија постоеле месни чети на Организацијата, кои извршувале најразлични вежби и подготовки за претстојното востание. Четите добивале поддршка и помош од скоро сите слоеви на македонското население. Во таа смисла го приложуваме примерот за учество на жена-револуционер во националноослободителното движење. Во случајот станува збор за учителката-револуционер Тасева од Битолско, која турската власт ја осудила поради "занимање со комитацилак".-ЦДИА,ф.331,оп.1, арх.ед. 2о, л.18.

312) Навистина поголемиот дел од македонското население било изненадено од брзото и исфорсирано востание во Македонија. Наспроти врховистите и бугарските авантуристи, кои македонскиот народ го туркале кон едно предвремено и неподготвено востание, за да ги користи плодовите од неговиот неуспех, најсвесниот дел од македонскиот народ,првите апостоли на македонското националноослободително движење биле против секакво предвремено и добро не подготвено востание. Како што истакнува Ѓорче Петров,"ние претполагавме и имавме за идеал преку долга агитација да се закрепува и да се засилува (македонскиот народ -б.м.) до таков степен,така што да може да излезе еден ден со добро подготвено востание". -Спомени на Ѓорче Петров...6о.

19o3 година, гласовите за дигање на востание во Македонија станувале почести. Така скорешно востание во Македонија било забележано од рускиот и австро-унгарскиот дипломат во Цариград Зиновјев и баронот Калиќе[313]. Истите за ова им рапортирале на своите влади. И за српската дипломатија скорешното востание во Македонија не било тајна.[314] Истово било забележано и од бугарската[315] и од турската дипломатија[316]. Тоа не преставувало тајна ниже за бугарскиот егзарх Јосиф I.

По сите овие дипломатски рапортирања и алармирања, истиве дипломати презеле акции и се искажале доколку букне востание во Македонија, тоа нема да биде порогнато од Русија и Австро-Унгарија. Во таа смисла споменативе дипломати Зиновјев и Калиќе, тргнувајќи од политиката на статус кво на Балканот, се искажале со несимпатии спрема претстојното востание во Македонија и му претскажале брза капитулација [317]. Заради тоа тие од егзархот Јосиф I побарале негова брза акција, да тој делува сред својата подведомствена паства и преку строги наредби го одвраќа народот од востание[318]. Истово ова можда со посилна жестина било барано и од Портата[319]. Турската дипломатија барале од егзархот да тој го употреби сето свое влијание сред своите верници и го сопре востанието во Македонија[32o].

И бугарската влада превзела курс против скорешното востание во Македонија. Поточно, бугарската влада дејствувала против секакво успешно востание во Македонија. Нејзе ѝ конвенирало едно

313) Томоски Томо, Документи од Виенаката архива... 78.
314) Лапе Љубен, Извештаи од 19o3 год. на српските конзули...8o-81. Дипломатска преписка краљевине Србије... 4o.
315. Архив на Македонија, фонд: ДНК,15/2,Кратово,15.IV.19o3 год.
316) Брѣзицов Д. Христо, Екзар Иосиф... 192.
317) Томоски Томо, Документи од Виенската архива... 78.
318) Дипломатска преписка краљевине Србије... 3o2
319) Исто.
320)

неуспешно востание, за да може после тоа да ја развие својата дипломатија, за да истакнува дека македонското прашање е неразделиво од бугарското, за да ги собира плодовите од идната дипломатска акција во врска со македонското прашање. Заради тоа и бугарската влада на Стојан Данев дејствувала пред егзархот, за да тој го одвраќа македонскиот народ од востание. Владата на Данев интервенирала и преку Бугарските агентства во Македонија за истава цел. Како и Егзархијата така и бугарската влада дејствувала за да се стави крај на нередите во Македонија и го одвраќала народот од востание.[321]

Во дадениов момент Егзархијата се нашла во многу тешка ситуација. Таа и по природа дотогаш била против секаква револуционерност и востание на својата паства во Македонија. Но сега приклештена од разни дипломатски притисоци таа морала да делува за одвраќање на македонскиот народ од востание. Наоѓајќи се во многу тешка положба, егзархот искрено резонирал "дека неговото влијание (сред македонското население -б.м.) многу се преценува и дека тој е наполно надкрилен од многу развиената и во македонските вилаети раширената Револуционерна организација". Понатаму егзархот се жали дека "населението доброволно ја следи оваа Организација." Заради ваквото негово сознание, како истакнува друг еден австриски документ, егзархот "се чувствувал многу депремиран".[322] Меѓутоа, и покрај тоа, егзархот не се откажал од преземање соодветни акции за

---

32о) ..."Македонија е во пламенот... Вие просто треба да наредите населението да ги сложи пушките; Да се прибери во своите домови Да ги отвори своите дуќани!.." - вака му се обраќа на егзархот Јосиф, големиот везир Ферид -паша, Брѣзицов Д. Христов Екзарх Иосифъ... 192.

321) Во таа смисла, "кога Бугарското трговско агентство во Битола ги поканил некои првенци за да се откажат од востанието,...зашто моментално Бугарија не е спремна,... тие првенци се изнасмеале и рекле: "Ние сме Македонци и советите на некаков бугарски министер за нас немаат никаква важност".- М-евъ д-ръ ,Окрѫжнитѣ на д-на д-ръ Даневъ , Свѣто дѣло,Кюстендилъ,I,19о3,кн.6,с.266-269.

322)Томоски Томо, Документи од Виенската архива... 79,115.

одвраќање или намалување учеството на својата македонска паства во востанието. Со посебен циркулар, тој изискувал од своите верници да не се подаваат на "измамниците и подстрекателите на бунтовите" во Македонија.[323]

Во споменатиов циркулар егзархот обрнува внимание на "опасната положба на работите", дека "духовите на населението уште не се смириле", па заради тоа бара од своето подведомствено духовенство "да бидат строги и да ги прогонуваат оние коишто се готват за бунт, а на народот да му соопштат да не презема ништо што би било против султанот и неговата управа."[324] Понатаму во циркуларот егзархот советува на "благоразумност, лојалност и полноверност кон престолот на Н.И.В. Султанот. Нека му се даде добро да разбере дека само со почитување на законите и редот во земјата, со легални средства, верност спрема престолот тоа може... да осигура свој општествен развиток, како народност со граѓански и духовни привилегии осигурани со царски грамоти и да се чека разрешување на тие правдини".[325]

Меѓутоа, кога споменатава интервенција на егзархот не вродила плод и Илинденското востание избувнало, Егзархијата дејствувала со сите средства кон ограничување на востаничките дејствија на што помали подрачја во Македонија. Ваквата интенција се базирала од фактот, за да востанието доживее што побрз неуспех. Тоа било интимна желба на егзархот Јосиф I.

---

323) Силяновъ Христо, Освободителнитѣ борби на Македония, том I... 1-23.

324) Zografski Dančo, Nekoliko dokumenata o prilikama i dogagjajima u Makedoniji 1903 god, Arhivist, Beograd, 1953, br.1-2, 5-17; Пандевски д-р Манол, Националното прашање во македонскотоослободително движење... 135.

325 Архив на Македонија, фонд: Българската Екзархия, Н-202, Цариградъ, 28.II.1903 год.

# III Д Е Л

## ЕГЗАРХИЈАТА И МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНООСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ ОД ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ ДО МЛАДОТУРСКАТА РЕВОЛУЦИЈА (1893 -1908) ГОДИНА

## 1. Егзархијата и Илинденското востание

Политиката на Егзархијата во Илинденското востание била негативна и штетна по Македонското националноослободително движење. Доследен на своите еволуциони методи за мирно и постепено преобразување на Македонците во Бугари, како најдобро средство за приклучувањето на Македонија во границите на проектираната Сан-Стефанска Бугарија, егзархот Јосиф I бил против револуционерноста на својата македонска паства. Меѓутоа македонскиот народ не ја прифатил неговата еволуционост и во најголем дел прегрнувајќи ги револуционерните методи на ТМОРО, како најдобро и најефикасно средство за извојување на својата слобода, се дигнал на вооружено востание. Востанатите македонски маси во Илинденското востание од 1903 година ја има токму таа намеcка поставеност, присилно рушење на изживеаниот турски апсолутистички систем и образување на слободна или автономна Македонија во границите на нејзиниот етникум.

Ваквата поставеност на македонскиот народ, чија реализација со Илинденското востание сега биле на повидок, се коселе со политиката на Егзархијата во Македонија водена и усовршувана со децении. Природно поради тоа, Егзархијата се изјаснува против секакво масовно движење во Македонија. Секаков успех на востанието во Македонија би бил фатален за Егзархијата. Имено, едно успешно Илинденско востание, а предводено од здравите сили на македонското националноослободително движење, би довело до образување на слободна или автономна македонска државна творевина. Тоа само по себе би наложило образување на автономна македонска црква, независна од Егзархијата, можда под името Охридска архиепископија, чии спомени во свеста на македонските маси никогаш не избледиле. Тоа би било резултатно од фактот што Егзархијата ги изгубила првобитните симпа-

тии сред македонските маси кон себе. Но, Егзархијата исто така се плашела и од едно неуспешно востание во Македонија. Таа се плашела од евентуално разочарување на македонските маси од неа, поаѓајќи од сознанието дека е непожелна и омразната сред Македонците. При едно неуспешно востание и при реформните акции на европските сили за Македонија, што природно потоа би следувале, Егзархијата се плашела да не би македонските егзархиските верници, доколку не можат да основаат своја самостојна црква, ја побараат јурисдикција на некоја друга црква.

Стравот на егзархот од едно успешно но и неуспешно востание, го натерало тој во еден најголем временски период во текот на востанието да остане повеќе прикриен и пасивен сведетел на немилите настани во Македонија. Навистинам пред самото востание тој издал еден циркулар до своите потчинети органи во Македонија, од кои изискувал воздржување од учество на народот во востанието и потполна лојалност кон Турција. Слични вакви барања егзархот издал и во текот на востанието. За истово навистина врз него вршела притисок Портата[326] и други дипломатски сили во Цариград. Меѓутоа, поголеми акции во таа смисла егзархот превзел во моментот кога се назирал крајот на востанието. Таквата ситуација Егзархијата знаела рационално да ја искористи. Таа побрзала пред Портата официјално да се огради од востанието и истото да го прикаже како дело на ТМОРО. Со тоа Егзархијата како единствен виновник за ~~востаноста~~ исревањето на македонскиот народ на востание ја посочила ТМОРО. Со истото Егзархијата како да сакала на Внатрешната организација да и зададе последен ми

---

326) Меѓу последните турски дипломатски притисоци врз Егзархијата за да таа делува умирително сред македонскиот народ во врска со Илинденското востание, била онаа од 18.VIII.1903 год., кога султанскиот пратеник Решид -паша ноќта ја посетил Егзархијата и изискувал од егзархот интервенција врз неговата македонска паства за напуштање на оружјето и воопшто смирување.-Изводоци на документи од ЦДИА... I/51-53.

можда смртоносен удар. За да ги придобие уште повеќе турските симпатии,а во моментот кога ги отворила училиштата во Македонија затворени во текот на Илинденското востание, таа изрично барала од своите подведомствени егзархиски органи во Македонија да бидат назначени за таа цел само некомпромитирани учители, кои не зеле учество во востанието и со ништо не се огрешиле спрема султанската власт.[126a] Сите учители - револуционери Егзархијата ги оставила без егзистенција а уште полошо со тоа ги оставила како сомнителни и компромитирани во рацете на турските власти. Поради тоа најголем дел од нив морале да емигрираат. Со ваквата егзархиска дејност разрушените и опустошените македонски училишта од востанието останале и без свои учители. За таквата ~~положба~~ несносна положба секако ~~удел~~ голема вина сноси и егзархиската политика во Македонија во текот и особено по Илинденското востание.

## 2. Егзархијата и македонското националноослободително движење по Илинденското востания

Тешки и катастрофални биле последиците од Илинденското востание за македонскиот народ. Врз воздигнатото македонско население во востанието турската власт вршела крвави репресалии.[327] Положбата на македонските маси станала многу понесносна ~~неголи~~ одколку пред самото востание[328]. Со настапувањето на тешката и студена зима,настапил глад кај населението во најголем дел од Македонија.[329] Од многубројните документи, предимно егзархиски, со кои во моментот ни најмногу располагаме, регистрираме многубројни смртни случаеви од глад и од многубројните заразни болести, кои немилосрдно го коселе македонското население по востанието[330]. Гневот и репресалиите на турските власти и башибозук биле присутни низ цела Македонија.Нас-

126a). Доревъ Панчо, Документи за българската история. IV— Документи из турскитѣ държавни архиви (1863-1909), София, 1942, 244-246.

тапило општо "клање, обесчестување, опустошување и горење на селата, грабежи... се добивала една ужасна слика" на опожарена и унесреќена Македонија, се вели во еден егзархиски документ.[331]

Турскиот вандализам го осетило на својот грб и црковно-училишното дело во Македонија. Многу цркви, манастири, особено училишта се наоѓале во развалини и пепел.[332] Во најголем број случаи учителите на споменативе училишта во Македонија биле принудени да емигрираат, заради тоа што биле прогонувани и затворани од турските власти, во која атака улогата на Егзархијата по нив биле негативна. Место да ги заштити компромитираните пред турската власт македонски учители, место да ги вработи или премести на друго место и така ја сокрие нивната трага пред Турците, Егзархијата за да ѝ угоди на Султанската власт, учителите-револуционери ги прогласила за компромитирани и по таков начин ги оставила како готов плен во рацете на Турците. По тој најлесен начин Егзархијата мислела да се ослободи од македонските учители-револуционери па и од самата Револуционерна организација.

Секако дека Илинденското востание оставило длабоки траги врз понатамошниот врвеж на ТМОРО. Еден знатен дел од нејзините членови изгинале во востанието и по него. Поголем дел поради жестоките турски репресалии емигрирале и тоа најмногу во Бугарија. Поради споменативе тешкотии кои настапиле по неуспешното востание, Централниот Комитет на ТМОРО во Солун на 13.IV 1904 година се самораспуштил, ~~таа привремено била принудена да се повлече од теренот, да ја прекине сво~~ преобразувајќи се во Окружен комитет само на

327) Историја на македонскиот народ, книга втора... 255; Изводоци на документи од ЦДИА... II/16-19.
328) Положението въ Македония, Куриер, бр.1, Соф., 1.VII.1904, 1-2.
329) "Низ цела Македонија се слушало болното офкање (на македонскиот народ-б.м.) и молбата за корка леб за да ги залажат своите огладнети деца" се вели во еден егзархиски документ-Изводоци од документи од ЦДИА... V/36-37; исто: VI/1; исто: VI/3-4.
330) Исто:... VI/12 1-2; исто: V/36-37; исто: II/47-50.
331) ЦДИА, ф.246, оп.1, арх.ед.220, л.76.
332) Изводоци на документи од ЦДИА... I/35; исто II/45-67.

Солунскиот реон ~~дата револуционерна дејност~~.Поради истиве тешкотии Организацијата останала без Централен комитет сѐ до 19о5 година.[333]

Илинденското востание го обрнала вниманието и на европската јавност. Со цел да ја санкционираат турската целост, заради неопходниот мир и спокојство на Балканското полуостроно, за најшир рока распределба на своите капиталистички стоки а кој мир и равнотежа биле разнишани ~~полуљан~~ со Илинденското востание, европските дипломатски сили побарале кој знае по кој пат да го гарантираат статус квото на Турција. Европската дипломатија,како што е познато, за да го помири воздигнатото на востание македонско население, побарала да го задоволи по реформен пат.[334]

Меѓу споменативе реформни акции за санкционирање на македонското прашање, од европските дипломатски дворови ,пред сѐ руски от и австро-унгарскиот, бил преземен еден интересен дипломатски предлог, за основање на автокефална македонска црква на чело со патријарх и Св.Синод.Овој проект најблизок до рускиот двор[335],имал за цел смирување духовите во Македонија а воедно и за поголемо руско

333) Лапе Љубен, Документи за положбата во Македонија и во Организацијата во првата половина од 19о4 год.Г-ИНИ,V/2,Скопје,1961, 245-277.

334) Европската дипломатија била далеку од тоа да дејствува за една автономна Македонија која брзо би тргнала по патот на економската еманципација," и тогаш нејзиниот капитал ќе треба да се задоволува само со оние проценти,коишто"даваат воопшто капиталистите,пласирани во разни балкански држави". -Пенчевъ П., По нашитѣ спорни въпроси, Соф. 19о6,11-13.

335) Во текот на 19о3 год. во Русија (Сан Петербург) било основано "Славјано-Македонско друштво" кое имало за цел да ја пропагира идејата за македонската самобитност.Како што се жалел Христо Шалдев во едно писмо до егзархот Јосиф од 19.VII.19о4 год., друштвото пропагирало,дека "Славјаните во Македонија не се ни Срби ни Бугари а се одделно словенско племе,коешто претставува нешто одделно како од Србите,така и од Бугарите и дека едновремено самиот народ и многу претставители од интелигенцијата се признаваат за синови на одделно словено-македонско племе,коешто стои многу поблиску до руското,отколку до Србите и Бугарите.Тогаш бидете уверени, понатаму го разубедува Шалдев егзархот Јосиф, дека многу руски дејци ќе ги изменат своите први погледи во полза на славјано-македонската самобитност".- Документи снимени од ЦДИА... Архив на Македонија,МФ 3.

земји, не можеле да се помират со една обновена Охридска архиепископија т.е. со една автономна македонска црква, чии територии тие веќе ги замислувале како свои.

Споменатиот проект за основање на автономна македонска црква ја исплашил не само бугарската влада, но и до корен ја затресол Егзархијата. Особено тој страв за нив бил уште посилен, кога во крајот на 1903 год. во Софија излегла од печат книгата на Крсте П. Мисирков "За македонцките работи". Во неа Мисирков пропагирал национални идеи "за обединувањето на сите македонски словени под името "Македонци""[339], зашто Македонија претставува одделна етнографска целост"[340]. Понатаму Мисирков во својата книга истакнува дека во Македонија нема Бугари, Срби и Грци, -а само "Македонци од словенска происход"[341]. Потоа Мисирков пропагира ~~кон~~ прифаќање на единствен јазик[342] на Македонците и един-

336) "Ако дојде до обединување на патријаршистите и егзархистите во една црковна општина (преку основањето на македонската самостојна црква-б.м.), по таков начин ќе се премавнат причините на соперништвото... непријателските дејствија ќе се прекратат и може да се предвиди дека ќе настапи општо успокојство, а пред сѐ ќе се засили христијанскиот елемент".-Автокефална църква въ Македония, Македоно-Одрински прѣгледъ, I/23, Соф., 10.IV.1906, 370-371.

337) Документи снимени од ЦДИА ...Архив на Македонија, МФ.3.

влијание во Македонија. Воедно со овој проект се предвидувало помирување помеѓу закараните македонски патријаршисти и егзархисти и засилувањето на христијанскиот елемент во Македонија.[336]

Спрема проектот се предвидувало обновување на Охридската архиепископија. Административен црковен јазик бил предвиден да биде македонскиот, за чија цел во Русија се подготвувал еден славјано-македонски буквар и граматика.[337]

Иако, како што истакнува д-р Славко Димевски, Портата била убедена од полезноста по неа од една обновена Охридска архиепископија, а Хилми паша веќе пристапил кон подготовки за реализирањето на проектот[338], сепак до негово целосно реализирање не дошло. Реакцијата против создавањето на самостојна македонска црква била голема. Пред сè Егзархијата и бугарската влада па и другите балкански

ствена "Охридска архиепоскопија,која ќе биде "Архиепископија на сите "Македонци""[343].

Од споменатиов проект за посебна македонска црква и од изложениве програмски национални начела на Мисирков за посебна Македонија, Егзархијата и бугарската влада уште повеќе биле заплашени. Поради тоа набрго книгата на Мисирков била цензурирана и готово целосно забранета да се продава.За да ги зацврсти разнишаните егзархиски позиции во Македонија егзархот Јосиф превзел редица мерки.Така во март 19о3 год. тој апелирал сред бугарската јавност и барал од "Софија, мозокот на Бугарија, да се соберат сите видни мажи (учени, писатели,државници) за да спечалат некои влијателни европски весници во Европа и во тие дела,брошури и статии,да ја ранат бугарската кауза во вилаетите"[344]. Апелот на егзархот Јосиф, видните бугарски општественици да заминат во Европа и таму да ја [illegible] убедат европската јавност во бугарскиот карактер на Македонија и да агитираат за приклучувањето на Македонија кон Бугарија, меѓу првите го реализирал самиот егзарх Јосиф. На пат за Европа, при краткиот престој во Софија, егзархот Јосиф дал кратко интервју за состојбата на црковно-училишното дело во Македонија по Илинденското востание.Тој истакнал дека од востанието црковно-училишното дело во Македонија тешко настрадало, дека во моментот во Македонија постојат само развалини. За да се постигне статус кво во Македонија требало да се уништи Револуционерната организација и да се премине кон мирно културно-просветно дејствување.[345]

---

338) За споменатиов обид за основање на автокефална македонска црква види поопширно кај : Димевски д-р Славко,Црковна историја на македонскиот народ... 184-186.
339) Мисирков П.Крсте, За Македонцките работи,Скопје,1946,66.
34о) Исто,96.
341) Исто,8о.
342) Исто, 114-115.
343) Исто, 19.
344) Црковенъ Архивъ , Книга I и II,Соф., 1925,183-184.
345) Наспроти ваквиот еволуционен став на егзархот Јосиф по однос на ТМОРО и македонските учители-револуционери [illegible]

За подобрување на тешката положба на својата паства во Македонија Егзархијата презела мерки, како и другите европски и балкански земји. Станува збор за хуманата акција за материјална и парична помош на унесреќеното македонско население. Таква помош Егзархијата испраќала во текот на 1903 и 1904 година.[346] За таа цел и за уште поголема експанзија на бугарската пропаганда во Македонија , буџетот на Егзархијата од 1.180.000 во 1903 год., се покачил на 2.180.000 лева во 1904 год.[347] . Меѓутоа, при разделувањето на споменатава помош се извршувале редица шпекулации и изигрувања, така да помошта стасала многу покасно до македонските страдалници, тогаш кога веќе тешкотиите била наджиевани.[348]

Првите чекори кон заздравување по трагичното Илинденско востание ТМОРО ги направила со зајакнување на своите учителски сили. Организацијата најпрво, интервенирала кај Егзархијата за отворање на училиштата, кои биле затворени за време на востанието, и од неа изискувала враќање на работа на учителите -революционери. За таа цел Организацијата испратила список на повидни учители-револуционери. Егзархијата требало да ги вработи на посочените места[349] . Во друго едно писмо до Егзархијата е истакнато дека крвавите борби во Македонија завршиле а македонското прашање од бојното поле се преселува на дипломатското, па спрема тоа немало потреба зашто да се држат македонските училишта затворени. Во врска со тоа од Егзар-

---

на горецитираниот извор од весникот "Македонски преглед"е на мнение дека "Револуционерната организација треба да постои и да се засилува ". Спрема него македонската интелигенција не плаче толку за затворените цркви и училишта,а повеќе за фактот оти "Слободата не ја сака Егзархот, а ја сака Караџата".-
... Македонски прѣгледъ,I/3,Соф.,1905, 34-35.

346) Извадоци на документи од ЦДИА... II/36-37; исто:II/47-50;исто: VI/1-3.

347) Лапе Љубен, Ехото на Илинденските настани во извештаите на српските дипломатски претставници во Бугарија,Г-ИНИ,XVII/2,Скопје,1973,185-235.

348) Извадоци на документи од ЦДИА... II/40-42;исто:V/40-42.

349) Зографски Данчо,Извештаи од 1903-1904 г. на Австриските претставници во Македонија,Скопје,1955,198,212-213.

хијата е барано истите да ги отвори а и е предаден еден список "за протурување на сите наши (организациони -б.м.) учители". Во истово писмо Егзархијата е замолена да ги назначи учителите -револуционери, било да се тие компромитирани пред турските власти, или не. "Многу сакаме Св. Егзархија да не не поставува во тешка положба за да ја сметаме виновна за невозможноста од нашето оставување во земјата која ќе има потреба од Организацијата. Во случај да биде принудена од власта да назначува Св.Егзархија само некомпромитирани луѓе, тоа би можела (стига да сака да помогне и да излезе од одговорноста) да ги привлече и нашите, правејќи се како да не ги познава. Ние се надеваме дека власта нема многу да пречи,зашто ќе ја постави Св. Егзархија во тешка положба по немање на некомпромитирани учители". Тоа Организацијата го предвидувала зашто била уверена дека турската власт ќе настојува пред европската јавност,положбата во Македонија да ја прикаже како нормална по востанието, и по секој начин ќе настојува да ги отвори училиштата во Македонија. Поради тоа од Егзархијата се барало да ја искористи таа желба на турската власт."Ако Св.Егзархија,се вели и понатаму во писмото, благоволи да ја земи оваа наша молба под внимание, би било пожелно да не отпушта ни еден од бившите учители и учителки од нејзиниот ресор,а отпуштените да бидат преместени... Ние се надеваме дека Св.Егзархија нема да не принудува за да влегуваме во несакана и опасна борба со неа, завршува писмото.[350]

Егзархијата меѓутоа го избрала токму спротивното. Таа се солидизирала со турското становиште македонските компромитирани учители,кои зеле активно учество во Илинденското востание, да не можат да се вработат во Европска Турција. За амнестираните учители кои з

350) Лапе Љубен,Нови документи за Илинденското востание,во книгата Илинденски зборник 19о3-1953,Скопје,1953,1о7-1о8.

ле учество во востанието, Портата барала од Егзархијата гаранција, "дека еди кој си не е зел никакво учество во револуционерното движење во земјата и дека за однапред ќе води безсомнително поведение и ќе биде најкоректен спрема Султанската власт"[351]. Само во такви случаи Портата допуштала вработување во Европска Турција на македонските учители. Меѓутоа, и во овој случај Егзархијата дала негативен одговор за македонските учители- революционери и ги оставиле без егзистенција. Веројатно во оваа ситуација Егзархијата мислела да ѝ зададе смртоносен удар на Организацијата и дефинитивно да се ослобо од неа. Само така го сфаќаме потегот на егзархот кој им соопштил на своите подведомствени органи во Македонија "апсолутно да не даваат никаква гаранција за учителите... Треба да се одговори усно, дека по скоро ќе се согласиме да ги предадеме клучевите на училиштата,отколку да издадеме гаранција на учителите"[352].

Ако Егзархијата со ваквата своја политика се стремела да се ослободи од учителите -революционери, таа во извесна мера постигнала успех. На место на протераните македонски учители-револуционери македонските училишта Егзархијата "ги наполнила со свршеници на Духовната семинарија во Цариград, чиј број бил доста голем", се вели во една статија во весникот "Македоно-Одрински преглед". Од спомнатиов потег на Егзархот, за македонската интелигенција било"јасно дека со таквите назначувања егзархот се стреми да ги оствари своите одамнешни реакционерни стремежи, да ги замени со чисто реакционерен елемент -негово лично орудие. И треба да се признае дека моментот е чудесно избран... Нема да минат две -три години и училиштата во Македонија ќе бидат преполнети со фабрикувани од Духовната семинарија (со или без расо- се едно) учители, зашто и последните се на добра

351) Изводоци на документи од ЦДИА... III/12-16; исто:II/63-65.
352) Архив на Македонија,фонд: СБМ, Н-2226,Скопје,18.XII.19о3 год.

цена денеска во Егзархијата... ", констатира документот.[353]

Ваквата егзархиска политика била подвргната на жестока критика во тогашната публицистика и периодика од македонската општественост. Во неа се истакнувало дека Егзархијата го лишило македонското учебно дело од најспособните учители, кога таа не се застапила пред Портата за враќање правата на компромитираните македонски учители.[354] Потоа Егзархијата ја критикувале дека таа во Македонија поставува такви неспособни учители, кои не само што не се способни за револуционерна дејност, ами не се ни за легална работа,[355] дека таквата егзархиска политика води кон создавање на училишен пролетеријат во Македонија и сл.[356]

---

353) Реакционерни стремления, Македоно-Одрински прегледъ, II/9, Соф., 9.IX.19о5, 132. На друго место е речено дека таквите учители што ги поставува Егзархијата директно од Духовната академија од Цариград, не можат да го носат вистинското име учител, ниту претставуваат некаков капитал за бугарската кауза. "Одете во Битола, во Солун, во Скопје и ќе се уверите ,дека тие не го познаваат народот, ниту пак народот нив ги познава. Тие се туѓи исто како и српските учители". Тие се орудие на Егзархијата која "сака со нив да ја потиснува интелигенцијата за да ја поддржува бугарската кауза"". -По възвръщането на македонската интелигенция, Куриеръ, бр.2, Соф., 18.VII.19о4, 1-2.

354) Егзархията и интелигенцията, Революционенъ листъ,II/9-1о, Соф. , 4.XII.19о6, 4-6.

355) Пакъ за Македонската интелигенция, Куриеръ, бр.8,Соф., 22.VIII 19о4, 2.

356) В., Училищата , църквитѣ и общинитѣ въ Македония, Куриеръ, бр.11, Соф., 12.IX.19о4 , 1.

3. Судирите на Тајната Македоно-Одринска револуционерна организација со егзархискиот црковно-просветен апарат во Македонија по Илинденското востание до Младотурската револуција.

Односите помеѓу Егзархијата и ТМОРО по Илинденското востание навлегле во уште подлабока фаза на перманентни конфронтации и борби. Од Илинденското востание и двете конфронтирани страни излегле незадоволни. Едната страна била обвинувана од другата за негативната политичка дејност во врска со востанието а другата за хегемонизмот во револуционерните акции и поткренувањето на масите на востание.

Познати ни се ставовите на Егзархијата кон ТМОРО за нејзиното учество во востанието. Изјаснувајќи се против револуционерната дејност на Организацијата, особено против учителите-револуционери, Егзархијата започнала со една перманентна атака против сѐ што е револуционерно во Македонија. Прогласувајќи ги учителите за компромитирани и нелојални спрема султанската власт, ги оставила без егзистенција и на нивно место поставила "некомпромитирани" учители, најмногу "јабанции" донесени од Бугарија - нејзини проверени орудија. Како да се сакало на ТМОРО да ѝ се зададат смртоносни удари со крајна цел дефинитивно да се потисне Револуционерната организација, а сета црковно-училишна власт во Македонија да ја приграби Егзархијата и да го поведе македонскиот народ кон плановите на великобугарската буржоазија - кон бугаризирање на Македонија. И моментот бил чудесно одбран. По доживејаната катастрофа во Илинденското востание, кога организационите врски на ТМОРО биле во голема мера ослабнати или раскинати, Егзархијата превзела мерки за дефинитивно нејзино уништување. За таа цел

егзархот се поврзал со Портата за заедничка акција против ТМОРО и на 25.III.1904 година помеѓу турската и бугарската влада била постигната согласност[357], со основна интенција за уништување на револуционерното движење и давање приоритет на егзархиската дејност во Македонија. Спрема согласноста било предвидено и давање на уште два берати за егзархиски митрополити за Воденската и Полјнската епархија[358]. Меѓутоа, против ваквата егзархиска дејност, особено против егзархиските барања нови нејзини берати во Македонија, се дигнала силна реакција.[359]

Високиот егзархиски клир во Македонија, примајќи ги директивите од егзархот Јосиф од Цариград и преку исполнувајќи ги неговите команди, стекнал големи антипатии и неповерение сред македонските маси. Високиот егзархиски клир се солидизирал со турската власт во прогонувањето на македонските учители -револуционери и дискредитирањето на ТМОРО. Таквата нивна дејност била поддржувана и од дел од пониското егзархиско свештенство, пред сѐ од архиерејските намесници, од некои претседатели на црковно-училишните општини во Македонија. Меѓутоа, регистрираме маса примери каде дел од таквите пониски егзархиски свештеници или пониски претставници и службеници на Егзархијата ,да даваат отпор против егзархиската ненародна и асимилаторска дејност во Македо-

357) Димевски Славко,Македонското националноослободително движење -... 66.

358) Извештаи на српските конзулати во Македонија,Српски генерален конзулат во Солун,Солун,19.IV.1904,ПП,Н-238,Архив на Македонија, МФ.709.

359) Македонската интелигенција од Егзархијата по Илинденското востание очекувала да ~~истата~~ делува пред Портата за отворање на затворените од востанието училишта во Македонија и враќање на работа на македонските учители-револуционери а не очекувала нови егзархиски берати за бугарски митрополити во Македонија. Поради истово таа го искажува својот гнев па и револтирано истакнува: " Ќе се гнасиме повеќе од секогаш ако егзархот побара во најматните времиња во замена на народните жртви нови фермани за нови владици. Народот не им го виде аирот на досегашните,се истакнува во еден документ,а(виде -белешка на авторот) големи штети.Чисто совесно не може и

нија а од друга страна активно да ја помагаат Револуционерната организација и да земаат активно учество во револуционерното движење во Македонија[360]. Додека локалното пониско егзархиско свештенство во Македонија,кое во најголем дел потекнувало од месното македонско население, сета своја поддршка и ја укажувала на ТМОРО, особено за време на Илинденското востание,[361] кога несебично и нежалејќи ги своите животи зело учество во него.

Поради асимилаторската дејност на Егзархијата во Македонија, водена по Илинденското востание, неминовно морало да дојде до силна конфронтација со ТМОРО, скоро низ цела Македонија.ТМОРО бранејќи ги македонските црковно-училишни општини, за поголемо зачувување на нивните прерогативи и месна самостојност и автономност, бранејќи го личниот живот и егзистенција на македонските учители, барајќи го нивното изедначување со учителите донесени од Бугарија[362], борејќи се за подобрување положбата на македонската емиграција во Бугарија и сл., влегла во отворена и безпоштедна борба со севкупниот егзархиски антураж во Македонија. Отворените судири помеѓу револуционерно расположеното граѓанство, интелигенција и други прогресивни македонски сили од една страна и егзархиските митрополити, архиерејските намесници ,егзархиските претседатели на црковно-училишните општини,пониските реакционерни егзархиски свештеници од друга страна, биле водени низ цела Македонија перманентно.

---

самиот тој да покаже ниту една полза од нив":Лапе Љубен, Документи за положбата во Македонија... 255.

360) Во тој склоп го истакнуваме примерот на претседателот на серската црковно-училишна општина,отец Чешмециев, кој играл двојна улога. Тој бил егзархиски раководител на Серската митрополија и општина а во исто време бил и илегален активист во Серскиот револуционерен округ.Меѓутоа,по Илинденското востание,откако неговата револуционерна дејност била разобличена од турските власти, истиот бил уапсен и обвинет :

1."Дека во својство претседател на бугарската црковна општина , при назначувањето на учители по селата, тој собирал пари од најзначајните учители,коишто пари подоцна ги

До жестоки судири помеѓу еден висок егзархиски митрополит и македонското прогресивно граѓанство и интелигенција доаѓа во Скопскиот револуционерен округ. Иако овде доминирала вољата на проврховистички настроениот по Илинденското востание - Христо Матов [redacted], сепак Скопскиот револуционерен округ располаг со достаточно здрави месни сили на ТМОРО, кои незадоволни од асимилаторската дејност на митрополитот Синесија го атакувале и ја критикувале неговата политика. Поради ненародната дејност на митрополитот населението во Скопската епархија "гледало со одвратност на Бугарската митрополија"[363].

Против митрополитот Синесија во Скопје избувнал голем училишен бунт. Бунтот бил предводен од учениците и учителите револуционери, а истиов бил помаган и од месното граѓанство. Заради учеството во бунтот по предлог на митрополитот Синесија, Егзархијата исклучиле неколку ученици и учители революционери и членови на

---

внесувал во касата на Македонскиот револуционерен комитет;
2. Дека тој знаел оти учителите комити Делчев и Гуцаков (Димитар Гуштанов-б.м.) пред да заминат за село Баница и го подбуцнуваат таму населението, ќе нокеваат неколку ноќи во куќата на училишниот служител Константин;
3. Дека сите назначени од него учители по селата биле "кумити". Доказ за тоа е дека сите сега се наоѓаат во затвор за "комитлук";
4. Дека кога учителите Делчев и Гуцаков биле убиени во Баница, во нив била пронајдена една чанта, којашто содржела многу писма, адресирани до разни комити и коишто писма претходно требало да бидат испратени во Бугарската митрополија во Серес". - Извадоци на документи од ЦДИА... II/3о-31.

361) Архив на Македонија, фонд: АНК/28, Кратово, 7.IX.19о3 год.

362) Месните учители по востанието примале од 7оо до 12оо гроша, а во споредба со учителите "јабанџии" т.е. донесени од Бугарија примале многу помали принадлежности. Како оваа плата била многу мала за лична егзистенција, а дополнителните приходи по востанието се пресушиле, нивниот живот многу им бил загорчен и тежок. - За Екзарха, Куриеръ,... 1.

363) "Ако злото макар и толку големо ,се ограничеше само во Скопје тоа немаше да биде така уништувачки. Со малку исклучоци, тврди понатаму еден документ, злото е такво на секаде -по цела Македонија". - Висшето духовенство въ Македония, Реформи, VII/46, Соф., 5.X.19о5, 1.

месниот революционерен училишен кружок или на Месниот революционерен комитет, Но под силен притисок на домашното граѓанство и Организацијата, митрополитот Синесија бил приморан да ги поврати назад отпуштените учители, врати исклучените ученици и отвори вратите на затворената од него гимназија.

Во врска со неисполнувањето на барањата на Организацијата за реализирање на списокот за вработување на посочените учители, врз митрополитот Синесија реонското началство на Скопскиот революционерен округ во крајот на 1904 год. извршува притисок и го заплашува : "Сега, за последен пат Ве предупредуваме да престанете еден пат за секогаш да се мешата во работата на Организацијата. Ако и понатаму и покрај оваа, продолжете да врвите по истот пат, ние ќе бидеме приморани да се послужиме со оние крајни мерки, коишто се предвидени со законот и правилникот на Организацијата спрема оние, коишто со знаење ѝ се спротивставуваат".[364]

И во Кратовско и во Злетовско во Кратовското архиерејско намесништво постоело огромно незадоволство од политиката на митрополитот Синесија и Кратовскиот архиерејски наместник. Поради истово во 1905 година Кратовскиот казалишен совет ја прекинува врската со митрополитот Синесија и побарува директна кореспонденција со Егзархијата во Цариград. Меѓутоа, Егзархијата одново се оградила и побарала нивно повторно враќање во канонските врски со Скопската митрополија. Како и во ова не успеале Кратовчани своето незадоволство сега и против Егзархијата го искалиле врз Кратовскиот архиерејски наместник, и сметајќи го него за виновен во споменатава немила кореспонденција со Егзархијата, го смениле споменатиов наместник и на негово место поставиле месен свештеник, член на Месниот комитет на ТМОРО[365].

364) Писмо до негово Високопрѣосвещенство Синесий Скопски Български Митрополитъ, Революционенъ листъ, бр.9, Соф., 9.XII.1904, 11-12.
365) Силяновъ Христо, Освободителнитѣ борби... 521.

Конфронтациите помеѓу митрополитот Авксентија и велешкото граѓанство и интелигенција а предводени од Организацијата се воделе долго време во Велес. Особено жестоки борби се воделе околу начинот на управувањето на месната општина т.е. околу управувањето на севкупното црковно-просветно дело во Велес . Месниот комитет неколку пати го предупредувал митрополитот Авксентија за да овој му ја предаде управата на црковно-училишните работи. Како на ова се спротивставил Авксентија, месниот војвода Дачо Јотов му запретил во текот на септември 1906 год. со смртна егзекуција. Во споменатиов ултиматум од војводата Јотов стоело дека доколку во рок од 24 часа митрополитот не постапи спрема правилникот на Организацијата,а изработен од народот, ќе има работа со војводата.[366]

Уплашен од ултиматумот на месната организација митрополитот Авксентија попуштил и власта над црковно-училишните установи им ја предал на Месниот комитет. Последниот за епархијални советници и училишни настојатели поставил луѓе свои сомисленици. Споменатиов пораз митрополитот Авксентија многу болно го поднесол. Во врска со тоа, тој се жалел на скопскиот бугарски трговски агент Т.Недков: "До ден денеска поднесував навреди и заплашувања , но одсега натаму не можам. Јас не можам да одам ни в црква, ни на прошетка. Положбата ми станува неподнослива, затоа ќе го напуштам Велес".[367]

Истата година Авксентија ги реализира своите наговестувања.На 17.X.1906 год. тој го напушта Велес, а Егзархијата го ракоположува за Пелагониски митрополит,[368] додека на негово место доаѓа митрополитот Мелетија.[369]

---

366) Исто; истото -Димевски Славко, Некои моменти од борбата на Велешкото граѓанство со Егзархијата... 182.
367) Исто.
368) Авксентија во својство митрополит на Пелагониската митрополија го заменил починатиот во 1906 год. митрополит Григорија.-Извадоци на документи снимени од ЦДИА... Архив на Македонија,М МФ.1.

И новиот велешки митрополит набргу дошол во судир со велешкото граѓанство. Најпрво се обидел во училишното настојателство и епархиските совет да постави што повеќе егзархиски приврзаници. Против ова истапило велешкото граѓанство и во 19о8 год. на предвидените избори успеало да го наложи мнозинството на своето еснафство. Меѓутоа, со оваа не престанале неговите конфронтации со споменатиов митрополит. Со помали или поголеми жестини тие се одвивале сѐ до 1913 год. Особено жестоки борби се воделе околу управувањето со велешките манастири.

Слично како и во Велес, исто така и во Битола и Охрид се воделе жестоки борби помеѓу месното граѓанство и интелигенција предводени од ТМОРО од една страна и егзархиските митрополити Григорија и Методија, од друга страна особено при прашањето за управувањето со месните општини и по прашањето за назначувањето на општинските и егзархиските учители.[37о] Во ова особено преднажел во поилинденскиот период Охридскиот митрополит Методија. Во таа смисла располагаме со документација каде се истакнува дека односите помеѓу споменатиов владика и неговата паства се ненормални.[371]

Незадоволството на Охриѓани спрема Методија пораснало непосредно по Илинденското востание, особено по неговиот нехуман однос спрема пострадаsucceeded население, кое насобрано по црквите, училиштата и Митрополијата барало помош за да се спаси од грозната и ладна зима и гладта што настапила.[372)]

---

369) Митрополитот Мелетија управувал со Велешката епархија од 19о6 до 1913 год. Иако по потекло Македонец-Битолчанец, тој исцело бил на страната на бугарската егзархиска денационализаторска служба во Македонија.- Албумъ Алманахъ-"Македония ... 71.

37о) Егзархијата и интелигенцијата , Революционенъ листъ... 4-6.

371) Изводоци на документи од ЦДИА... VI/17-19;Архив на СИП-Београд,Конзулат Србија-Битоља,ПП,Н-374,21.VII.19о4 год.

372) Споменативе верници митрополитот Методија просто ги набркал со следните зборови: "Махнете се од црквите, училиштата и Митрополијата и одете во куќите на револуционерните војводи". -Изводоци на документи од ЦДИА... VI/19-21.

И Дебарскиот Епархиски совет се побунил против митрополитот Козма кој приоритет им давал на учителите доведени од Бугарија,додека месните учители револуционери ги запоставувал или отстранувал од служба. Поради тоа во учебната 1904-1905 год. дошло до побуна. Слична таква побуна дошла и во Малореканскиот предел. Но поради јаките врски во овој крај на Македонија со српската пропаганда, митрополитот Козма морал да води поумерена политичко-религиозна дејност, како не би ги изгубил своите верници во корист на српската пропаганда.

До силна конфронтација помеѓу Егзархијата и Организацијата дошло во Серскиот револуционерен округ. Така во Демир Хисар, бившиот учител, а ~~сега~~ во тогашниот момент војвода -Стоју Хаџиев,изгонил еден селски учител и на негово место поставил друг - револуционер. Ова го направил без дозвола на Митрополијата.И не само тоа, споменатиов војвода од Митрополијата барал таа да назначува учители членови на Организацијата. "Војводата сакал дури за писар и слуга во општината да назначи свои луѓе,посочени од него и секое негово барање до претседателот на општината се придружувало со неминовно закaнување со убиство" за неисполнување на неговите барања[373].

Слични акции презел и Јане Сандански. Тој испратил до архиерејското наместништво во Серес список на учители, кои требало да се назначат. За неисполнувањето на барањето, наместникот одговарал лично пред Сандански.[374]

И врз митрополитот Иларион во Неврокопската епархија Организацијата вршела притисок за поставување на учители-револуционери, спрема списокот на последнава. За неисполнување на истото митрополитот бил земен на одговорност од Организацијата. Поради тоа Иларион во едно писмо го моли

373) Силјановъ Христо, Освободителнитѣ борби,... 521-2.
374) Исто.

егзархот "да може барем делумно да ги задоволи барањата на коми тетот", во спротивно "тие луѓе нема да мируваат и не ќе ме остават и мене на мир, како не ќе сум слободен во својата работа при никаде"[375]. Веројатно оваа негова молба не била задоволена од егзархот, кога Иларион плашејќи се од месната организација за својот живот "се заклучил во Митрополијата како аскет, се истакнува во еден извор и со никого не се гледа, со никого не се среќава, се плаши од сенката и ништо не сака да знае, знае само за својата плата..."[376].

До силни спротивности и борби помеѓу архимандритот Неофит, претседател на Солунската црковно-училишна општина и солунското граѓанство доаѓа во Солун. Против преостриот и неконтролиран речник на архимандритот интервенирала Организацијата, пред кој притисок Неофит морал да попушта.

Во текот на 19о5 год. доаѓа до судир помеѓу Организацијата и претседателот на црковно-училишната општина во Еници -Вардар т.е. со свештеникот Ник. Шкутев, инаку познат контрареволуционер. Истиов делувал за откажување на населението од Револуционерната организација. Поради тоа тој бил предупредуван и заплашуван од околискиот војвода Апостол Петков "Еницевардарското сонце". Како и тоа не вродило плод, војводата директно се обраќа кон Егзархијата: "јас се чудам зашто го држите тој лажлив и страшлив претседател, кога целиот народ не го сака и ако Вие не го дигнете одтука, како куче ќе го убијам", запретил војводата на Егзархијата.[377]

Меѓутоа, најжестоки борби помеѓу еден висок егзархиски чиновник и претставници од македонското ослободително движење во

375) Исто.
376) Висшето духовенство въ Македония, Реформи,... 1.
377) Силяновъ Христо , Освободителнитѣ борби,... 522.

поилинденскиот период се одиграле во Струмичкиот револуционерен округ. Изнесувајќи ги горespоменативе борби помеѓу егзархиското клир во Македонија и ТМОРО а наспрема она што се случувало во Струмица, Христо Силјанов ги споредува "како цвет во споредба со трагедијата што се разиграла во Струмичко."[378]

Располагаме со редица документи од кои се согледува дека борбата помеѓу митрополитот Герасим и Струмичкиот револуционерен комитет била долготрајна и исцрпувачка. Тоа биле жестоки судири помеѓу митрополитот Герасим и началникот на Струмичкиот револуционерен комитет - Христо Чернопеев. Помеѓу нив се расплamtила една жестока и непомирлива борба на смрт, во чии расплети биле умешани и бугарската и егзархиската дипломатија.

Конфронтациите настапиле поради отворениот непријателски однос на Герасим кон ТМОРО. Тој не дозволувал никакво мешање на Организацијата во црковно-училишните работи. Поради тоа Организацијата против него презела редица репресалии. Една од нив бил и неуспешниот атентат врз него, кога на 26.III.1904 год. во Струмичката митрополија го извршиле двајца атентатори на Организацијата.[379] Друга мерка била потполната блокада на Струмичката митрополија од страна на Струмичкиот револуционерен комитет. На месното население споменатиов организационен орган му забранил да ја посетува Митрополијата. Се сакало да се изолира Герасим, со цел или да се потчини на барањата на Организацијата или да ја напушти Струмица.[380]

---

378) Исто.
379) Извадоци надокументи од ЦДИА... VI/13.
38о) Документи за дејноста на бугарските владици... 82-83.

Од друга страна Чернопеев сакал да управува во својот круг независно од митрополитот Герасим. Во таа смисла тој "разгледувал брачни работи, потврдувал и заменувал членови на општинскот и епархиски от совет,судел и осудувал супрузи, исполнувал пресуди,егзекутирал и друго... се мешал во училишните работи , истерувал учители и ги заменувал со други коишто ги делат неговите погледи и идеи..."[381] Но како Герасим упорно се спротивставувал на сите овие налети на Организацијата, "несакајќи да стане патерица во круната на Чернопеев"[382] уште повеќе си ја влошил ситуацијата. Како резултат на тоа од страна на Организацијата била преземена крајна санкциона мерка донесена на 27.V.19о5 год. на Окружниот струмички конгрес на Организацијата, каде под точка десет, Протокол бр.1, митрополитот Герасим бил повторно осуден на смрт.[383]

Во својство поглавар на Струмичката епархија, митрополитот направил многу недела во Струмица и Струмичко и многу му нанел штета на понатамошниот врвеж на револуционерното движење и на самата Организација во Струмичкиот револуционерен округ. Сите тие обвинувања што митрополитот Герасим ги извршил се содржат во писмото што Струмичкиот револуционерен округ го упатил до Герасима на 6.VII.19о5 год. Ги приложуваме во целост деветте обвинителни точки против Герасима. Имено Герасим бил обвинуван за следните дела:

---

381) Исто, 9о-93.
382) Исто,95.
383) Изводоци на документи од ЦДИА... III/9-11; Документи за дејноста на бугарските владици... 95; 4. Революционенъ листъ, бр.16, Соф., 5.VII.19о5 , 13.

Пресъжда

1. Во 1903-1904 учебна година исползувајќи го општото раслојување на Организацијата, Вие не назначивте ниту еден учител-револуционер, а се заобиколувавте со разни превоугодници (гурменџии) и слепи Вам орудија; Оправдувањата Ви беа дека нема кој да ги препорачува;

2. По силното настојување на Организацијата го преместивте тука Х.Јорданов, којшто после атентатот го фрлија во затвор;

3 . Кога през 1904 год. селаните од чифлиците,потпомогнати од Организацијата, се обидоа да го сметнат од својот грб двојното ропство на ангарија, тогаш вие повикавте некои селани од Пехчево, Добрејци,Градомирци и други и ги заплашивте за да работат во недели и празнични денови ангарија на беговите. Селаните место да Ве послушаат, поведоа борба и ја добија;

4. На секого пак и на Вас Ви се познати извесните безобразлуци коишто се вршат од беговите над жетварките -Малешевки. През 1904 год. Организацијата за да го сопре развратот, им забрани на малешевките да доаѓаат на жетва по турските чифлици. Тогаш беговите прибегнаа до Вас и Вие место да им откажете, им ја дадовте својата визит карта со писмо до малешевските попови, да им дадат аргати на беговите. Благодарение на тоа ваше контрарасположение жетварките тргнаа воопшто на пат, чекани од четата,го убија субашијата и жетварките се вратија. Вашата картичка се најде во убиениот субашија;

5. За да Ве разуми, Организацијата во Струмица Ви наложи 1904 год. расписка од 150 л.т.; воопшто Вие и до денеска ниту ја исплативте, дури и не сакате да знаете за тоа;

6. За Во 1904-1905 год. Ви се престави список за учители. Вие место да назначите некои од них, ги направивте најголе-

мите незгоди и не сакате да знаете дека народот го сака своето ослободување, а од препораките на Организацијата не назначивте ниту еден. Се извинивте дека Вам не Ви било даден на време списокот, кое е лага, зашто како може по Ваше настојување Вашиот љубимец Варналиев да се премести во октомбар од Кукуш во Струмица, а пак ние Ви бевме дале список во месец август. Не Ви беше доста за тоа, но требаше по Вашата доставува на Х. Јорданов да замине врзан за своето родно место и сите препорачани од нас учители да останат без работа, се разбира дека тие се виновни, зашто се посветени во служба на својот народ. Малку е за нив турската власта, а требаше и Вие да ги испитувате;

7. Во есента 1904 год. Христо Чернопеев, началник на реонската чета, се испрати за покупки по материјали во Бугарија, за кое Вие, после како се научивте, побрзавте да испратите клеветнички свој рапорт до Егзархијата, а таа до бугарската влада, рапорт преполн со гнасни клевети, дека другарот Чернопеев убивал само христијани и ниту еден Турчин, дека бил помаган од Грците и други некои клевети. Вашата цел беше да се раскринка нашиот реон, којшто се разбира ќе станеше, ако се фатеше Чернопеев или се фатеа парите од бугарската влада, коишто му беа поверени за доставување материјали на својот народ;

8. Искористувани од Вашите љубимци и од старите управни тела, коишто не превзеле никакви строги мерки спрема Вас, едно момче од градот по своја иницијатива, после тоа имаше од четата писмо, со коешто се искажа, дека откинувањето на мојата облека стананало по нивна заповед и ме заплашија да не го издавам момчето, а да сум соопштел дека сум го испратил да ми ги земе алиштата, кога слугата на параклисот беше ја кажал сета вистина, што не е по-

чесна иницијатива. Решението да Ви се одземе одеднаш и патерицата со цел да Ви се достави расписка за исплата. Освен тоа, уште на другиот ден Ви се дадоа горните нешта, Вие пак го предадовте момчето на власта од кадешто тоа се принуди да избега;

9. После Куклишката крвава драма, кајмакамот, за да го прикрие бројот на убиените и обесчестени трупови, Ве покани да ги погребете. Вие место да го позабавите погребувањето до пристигнувањето на европската комисија, веднаш испративте свештеници да ги погребат, воопшто не го направивте тоа, зашто видовте дека не се 13 човечки трупа, како што Вие им бевте кажале, а беа 36, поради кое стана причина да останат и да стојат и на другиот ден, кога пристигна европската комисија. Кајмакамот беше прав во случката: како турски чиновник во негов интерес беше да се сокријат од очите на европската комисија жестокостите и безобразијата, извршени од Турците. Тоа е објаснувањето за должноста на еден кајмакам, но за Вас?...".

После вака наредедените недела на митрополитот Герасим, Струмичкиот револуционерен округ ги превзеде следниве санкции:

а) "Ве осудува во срок од еден месец да исплатите преку расписка во двоен пример триста л.т.;

б) Ве предупредува однапред да не пречите и да ги исполнувате желбите на Организацијата;

в) Им се забранува на сите граѓани и селани што се под Ваше ведомство да доаѓаат при Вас; и

г) Во случај да не го исполнувате горново, ќе Ве осудиме на смрт".[384]

384) Извадоци на документи од ЦДИА... VI/13-17.

Понатаму Герасим бил обвинуван поради неговата забрана да се погребе војводата самоубиец- Крсто Георгиев. Во врска со оваа тој изјавил дека не сака да погребува царски душмани и им забранил на своите потчинети духовници тоа да го направат, само за да ѝ угоди на турската власт. Спротивно на неговите наредби попот Цандо торжествено го погребал народниот херој, војводата Крсто Ѓеоргиев, за што набргу добива анатема и отпус од Герасима.[385]

Долга е листата за неделата што Герасим ги направил во својата епархија. Меѓу него и месната организација ќе се води љута борба сѐ до неговото дефинитивно заминување од Струмица.

На крајот ќе констатираме дека конфронтациите помеѓу Егзархијата и нејзиниот антураж во Македонија и ТМОРО се одвивало некогаш со посилен, некогаш со ослаб интензитет за сето време на егзархиското управување со македонското црковно-училишно дело во делокругот на македонските верници. Егзархијата била туѓа црква за македонскиот народ. Како таква таа била прифатена од македонските маси, кои никогаш не престанале да мечтаат за основањето на автономна македонска црква, можда во обновената Охридска архиепископија.

385) Силјанов Христо, Освободителните борби... 527.

## 4. Училишните кружоци и бунтови против егзархиската денационализаторска дејност во Македонија во поилинденскиот период.

Училишните бунтови, училишните афери по интернатите, многубројните училишни протести и испади против егзархиската асимилаторска и денационализаторска дејност во Македонија продолжиле да се одвива со несмалена жестина во првата деценија на XX век. Македонската училишна младина незадоволна од езуитската и касарниската дејност на егзархискиот просветен апарат во Македонија сè почесто го искажувала своето незадоволство, барајќи притоа порадикални патишта за еден поснесен однос кон нив.

И во поилинденскиот период Егзархијата и нејзиниот просветен кадар во Македонија го задржале строгиот однос кон своите воспитаници -учениците. Слободата на учениците била сведена на минимум. Се ограничувало слободното движење на учениците, особено на оние коишто живееле по интернатите. Ова се преземало со цел да се оневозможи секаков контакт и допир на учениците со Револуционерната организација и со други прогресивни организации и групи. Со ваквата езуитска дисциплина Егзархијата намеравала младите Македончиња да ги изолира од надворешното революционерно и социјалистичко влијание и од нив да фабрикува млада бугарска интелигенција, идеен спроводник на бугарските мегаломански планови за остварување сонот на Голема Бугарија.

Како во предилинденскиот, така и во поилинденскиот период меѓутоа, Егзархијата не успеала да воспостави потполна изолација на македонската училишна младина. Последната во своите класови, особено во средните училишта се организирала во револуционерни училишни кружоци. Во најголем број случаи, ваквите револуционерни кручоци биле поддржувани и раководени од Револуционер-

ната организација, пред сѐ од учителите - револуционери и членови на ВМОРО. Членовите на револуционерните кружоци одржувале почести меѓусебни состаноци, каде се дискутирало со револуционерен и социјалистички речник. Исто така членовите на кружоците добивале револуционерна и социјалистичка литература и периодика, за да индивидуално во своите домови ги дооформуваат своите револуционерни и социјалистички погледи на свет. Ваквите училишни кружоци со право може да се констатира дека претставувале ~~расадници~~ резервоари на Организацијата,од каде последнава ги потполнувала своите интелектуални кадри. Заради тоа Организацијата на училишните кружоци им обрнувала посебно внимание, ја пратела и диригирала нивната дејност и активност.

Сознанијата што учениците и членовите на револуционерните кружоци ги здобивале на многубројните состаноци ~~на истиве кружоци~~, за време на училишните распусти ги пренесувале во своите родни места и таму ги ширеле сред своите мештани. На традиционалните македонски седенки и вечеринки, истиве ги ширеле револуционерните идеи . "Училишните излети по селата (во Костурско-б.м.) извршија цел превват во сознанијата на селаните, истакнува во своите спомени Пандо Кљашев а и сам учесник на истиве ученички среди. Учениците пееја патриотски песни и агитираа, понатаму истакнува Кљашев... Се подигаше националното сознание кај селаните патријаршисти и егзархисти. Како резултат на ова се намалија непријателствата помеѓу нив, се отвораше погодна почва за работа"[386]

Кога зборуваме за училишните кружоци и бунтови против егзархиската дејност во Македонија во поилинденскиот период,неминовно мораме да истакнеме дека маса од овие училишни немири и

---

386)Освободителната борба въ Костурско (до 1904 год.). По спомени на Пандо Кљашевъ, Соф., 1925,13; Пандевски Манол,Учителското движење во Македонија... 19-26.

протести биле задоени со социјалистички идеи и дирижирани од македонските социјалисти. Во скоро сите училишни кружоци и бунтови во поилинденскиот период влијанието на социјалистите било засилено ~~примарно~~

Македонските социјалисти кои по илинденската катастрофа уште посилно се ангажирале [redacted] во ВМРО [redacted] преориентирајќи се кон нејзиното лево крило на чело со Јане Сандански, Димо Хаџи Димов и други прогресивни македонски дејци, зеле активно учество во македонското националноослободително движење. Во склопот на таквата нивна активност спаѓа и нивното сесрдно завземање и помагање на македонската училишна младина. Особено кога по Рилскиот конгрес редакцијата на органот на ВМРО -"Револуционен лист" му била поверена на видниот македонски социјалист Димо Хаџи Димов, социјалистите можеле поефикасно да ги шират социјалистичките идеи и разбирања сред македонските маси и да бидат актери на многубројни работнички штрајкови, тарифни акции, училишни бунтови и др. и да ја будат и пропагираат револуционерната и социјалистичката свест на својот поробен македонски народ.

Еден од најголемите училишни бунтови против егзархиската дејност во Македонија по поилинденскиот период секако претставува Скопскиот училишен бунт. Истиов се одиграл во Скопската егзархиска гимназија во ноември 1905 год.

Учениците во споменатава гимназија биле разделени помеѓу себе на два табора. Едните го сочинувале членовите на училишната литературна дружина -т.н. "литерарци", кои делувале по мирни методи во литературните вечеринки и средби. Групава работела по директива на врховизираната ВМРО, чија дејност се поклопувала со егзархиската еволуциона метода. Биле поддржувани и од учителите егзархисти.

Другата група имала револуционерен карактер и била под силно влијание на социјалистите. Таа била исто така под влијание на дел од своите учители -социјалисти. Спрема училишниот протокол Н-15 од 26.XII.1905 год., кружокот на револуционерно настроените ученици поседувал и свој устен Устав. Целта на кружокот била да се постигне револуционерен дух меѓу учениците и младината воопшто. За таа цел, преку Австрискиот конзулат, кружокот добивал весници и социјалистичка брошури со револуционерна содржина.[387]

Помеѓу двете струи во гимназијата а поткрепувани единствено од врховизираното крило на ВМРО а другите од социјалистите, доаѓа до конфронтации особено по прашањето за уредување на вечеринките. Иако на првото гласање победиле приврзаниците на револуционерниот кружок, со помошта на учителите -егзархисти и врховизираното крило на ВМРО, раководството на вечерниките им припаднало на "литерарците". По оваа конфронтација преминала во отворен бунт , кој Егзархијата едвам успејала да го локализира, а притоа истерала еден дел од учениците членови на револуционерниот кружок.[388]

Друг исто така крупен училишен бунт против егзархиската дејност во училиштата бил бунтот во Солунската машка, женска и трговска гимназија од 1908 год., И во овој бунтот улогата на социјалистите била доминантна.

Револуционерниот училишен кружок во Солунската машка гимназија бил задоен со социјалистички идеи многу порано пред споменатиов бунт.Во учебната 1907/1908 год. водач на револуционерниот социјалистички кружок на учениците бил учителот -социјалист Михаил Небреклиев. Тоа го дознаваме од едно тајно писмо од 20.IX 1908 година на ученикот Михаил Дараганов, упатен до директорот

387) Димевски Славко,Скопскиот училишен бунт од 1905,Разгледи,бр 1, Скопје,1970 ,94-103.

388) Димевски Славко, Просветната политика на Егзархијата и учил ните бунтови во Македонија... 63-82.

ти. Во врска со тоа архимандритот Неофит известува дека "од ред година наваму меѓу учениците се организираат патриотски кружоци, чии активисти се членови на Организацијата.... Нивната дејност е насочена само кон популаризирање на револуционерните идеи и врбување членови на таа Организација". Нивната активност спрема архимандритот Неофид била насочена кон тоа "да се собираат пари од населението за некакви си пушки и да го сметаат за непријател секого којшто по своите погледи не е со нив". Архимандритот Неофит исто таака известува дека овие учители-социјалисти, ги врбуваат виднитe граѓани и своите ученици и им пропагираат некакви "превратни учења". Учениците во Солунската машка гимназија, истакнува архимандритот "се воспитуваат или во духот на социјализмот или во духот на револуцијата од социјалистичко гледиште".[390]

---

389) Пламенот на Солунскиот светилник.. 277-278. (Цитираниве документи од овој зборник потекнуваат од ЦДИА, Егзархиска архива Софија, ф.246).

390) Исто, 274-277.

гимназијата Антон Поп Стоилов. Спрема овој документ, уште пред учебната 1907/1908 год. учениците биле разделени на две фракции. Едните ја сочинувале социјал-револуционерната а другите контра-револуционерната фракција. Според истиов документ, првата фракција постоела во гимназијата многу порано и била управувана од учители социјалисти.[389]

Појавата на социјалистичкото учење сред солунските ученици не било тајна за егзархискиот духовен и просветен апарат. Уште 1906 година претседателот на Солунската црковно-училишна општина, архимандритот Неофит, во едно писмо Н-15 од 28.V.1906 г. до егзархот Јосиф I, го известува дека Солунската машка гимназија е претворена во центар на учителите револуционери и социјалис-

Поради ова директорот на гимназијата Антон Поп Стоилов превзема соодветни акции. Така од гимназијата биле исклучени учителите Димитар Влахов , Далчев, покасно М. Небреклиев, обвинети за пропагирање на социјализам и атеизам.

Против ваквиот чекор на директорот а во одбрана на учителите социјалисти, исто така против езуитскиот однос на егзархиските учители кон учениците, против калугерскиот начин на живеење на учениците особено на ученичките по интернатите,во текот на октомври 1908 год. во Солунската машка гимназија избива голем училишен бунт. Наскоро со него се солидираат ученичките од Солунската женска гимназија и учениците во Трговската гимназија и тие се дигаат на бунт.

По двомесечно дејување Егзархијата успеала да го угуши бунтот и исклучи 24 ученици.[391]

На крајот ќе констатираме дека училишните бунтови и протести против егзархиската црковно-просветна дејност во Македонија постоел се до крајот на егзистирањето на егзархиската јурисдикција во македонското црковно -просветно дело.Меѓутоа,скоро секоја година Егзархијата била потресувана од разни училишни судири,немири, бунтови,протести и сл., што реално претставувало очигледен пример дека егзархиската црковно-просветна дејност во Македонина е непожелна и туѓа за македонското младо поколение и македонската младина воопшто.

---

391) К., Егзархијата и интелигенцијата, Революционенъ листъ...4-6.

## 5. Ставот на ВМРО спрема Егзархијата на окружните конгреси на Организацијата и на Рилскиот конгрес

По Илинденското востание пред раководителите на дејците на ТМОРО се наметнало прашањето за поскорешно организационо зацврстување на Организацијата. Тоа особено било потребно заради побрзото залекување раните од илинденската катастрофа што го снашла македонскиот народ и ТМОРО. Било потребно да се направи неопходна анализа на десетгодишнотото постоење и делување на ТМОРО, да се согледаат нејзините слабости и грешки и да се извлечат соодветни поуки за идната нејзина активност. Тоа особено било потребно да се согледа по илинденската катастрофа заради запазување единството на Организацијата и за понатамошно задржување борбениот дух на македонските маси, на кои требало да им се вдахнат нови импулси, за нивна понатамошна борба против непријателите на слобода или автономна Македонија.

За спроведување во дело на ваквите потфати било неопходно потребно делување на едно централно и авторитетно тело во земјата. Во дадениот момент Централниот комитет на ТМОРО не можел да ја одигра таа улога, заштото по востанието тој формално егзистирал, заради тоа што го изгубил својот углед и авторитет. Поправо во текот на 1904 год. ЦК на ТМОРО се самораспуштил и сè до 1905 год. тој не постоел како највисоко организационо тело на ТМОРО.[392] Поради тоа, се почувствувало потреба за што поскорешно излегување од аномалната организациона ситуација и создавање услови за свикување на општ конгрес на Организацијата, преку кој би се избрал нов највисок орган на ТМОРО.

---

392) Лапе Љубен, Документи за положбата во Македонија... 245-277.

За таа цел биле одржани неколку окружни конгреси на ТМОРО во скоро сите револуционерни окрузи во Македонија, да би преку делегатите избрани на споменативе конгреси би се ~~отишло~~ одело на еден општ конгрес на Организацијата. И не само тоа. На овие конгреси се дискутирало за многу проблеми и настани кои нашле заедничко место на општиот конгрес на Организацијата. На скоро сите овие конгреси биле донесени проекти, правилници, проект устави и др., кои покасно исто нашле своe соодветно место на Рилскиот конгрес.

По Софиското советување на Организацијата, прв таков конгрес бил Прилепскиот, одржан во крајот на месец мај 1904 год. во неколку прилепски села. Меѓу 43-те делегати на конгресот учествувале: Д.Груев, Ѓ.Петров, П.Тошев и др. После острите препирањето за централизацијата или децентрализацијата на Организацијата, победила струјата за децентрализација во Организацијата, за широки изборни права на членовите на ТМОРО, како најдобро средство за оневозможување на идните навлегувања на врховистичките елементи во Македонија и преземање едностранни решенија на Организацијата. На конгресот меѓу другото се дискутирало и по националното прашање, особено за засилувањето на вооружените пропаганди на соседните монархии.[393]

Окружниот конгрес на Скопскиот револуционерен округ се одржал во текот на јануари 1905 год. На него присудтвувале 200 делегати. ~~Централна личност на конгресот претставува членот на ЦК на ТМОРО~~ Христо Матов иако не присуствувал но под негово силно проврховистично влијание целиот конгрес донел десничарски решенија. Имено со тоа се отежнувал обидот за поефикасно делување при поставувањето на учители-револуционери на одредени пунктови во Скопскиот револуционерен округ.

Во Солунскиот револуционерен округ биле одржани два кон-

---

393) Историја на македонскиот народ, Книга втора... 275-277.

гресот. На Првиот конгрес од јуни 19о5 год. од поставката 7 е истакнато: "Се осудува идентификацијата на Внатрешната организација со дејноста на Егзархијата и егзархиските чиновници и се предлага од сега да се остави Егзархијата спокојна како установа а Организацијата да функционира самостојно".[394]

Важен за нас и темата што ја обработуваме е Вториот солунски конгрес одржан во текот на август 19о5 год. Особена важност за нас претставува протоколот донесен на овој конгрес.[395] Спрема него се прави разлика помеѓу Егзархијата и Организацијата. Понатаму во протоколот се истакнува дека бугарските елементи во Македонија "се проголтани" од Егзархијата, зашто под нејзина јурисдикција се наоѓаат македонските цркви, манастири, општини, училишта, училишни одбори и др. Се истакнува дека "учителите се потполно зависни од Егзархијата". Заради потиснатоста и економската зависност на учителите од Егзархијата, кое неминовно се одразувало и на зависноста на Организацијата од Егзархијата, се ~~пропагира~~ настојува во документот одземање од рацете на учителите раководната улога на Организацијата а истава да им се препушти на луѓе независни од Егзархијата. Во врска со тоа се истакнува дека Организацијата "ќе бидеме сила само тогаш кога ќе се јават насекаде добри организирани групи и кога насекаде работата ќе премине од рацете на учителите во рацете на независните мештани. Ако Организацијата е искрено предана на својата девиза, се истакнува понатаму во документот, таа во Егзархијата треба да гледа непријател толку опасен, колку се за нашата самостојност Патријаршијата, српската пропаганда и различните други пропаганди. Организа-

394) Динев Ангел, Илинденска епопеја, II дел, Скопје, 1949, 316.
395) Катарџиев Иван, Прилог кон проучувањето положбата на ВМРО по илинденското востание. Записник на Вториот конгрес на Солунски от революционерен округ, Г-ИНИ, IX/1, Скопје, 1965, 231-251.

цијата треба да се погрижи за ограничување влијанието на Егзархијата во Македонија и да ги замени сите егзархиски институции со народни", резонира понатаму[130] документот. Институцијата која би ги презела прерогативите на Егзархијата, спрема записникот донесен на Вториот конгрес на Солунскиот револуционерен округ, требало да бидат македонските црковно-училишни општини. Понатаму записникот критикува дека "кај нас на училишните општини не им се придава никакво значење... а се гледа како на чисто духовни установи". Меѓутоа, истакнува понатаму документот," општините не се само црковни институции, но и општествени. Во општините треба да влезат интелигентни и самостојни луѓе, кои ќе го ограничат влијанието на претседателит (на општините -б.м.) а заедно со тоа и влијанието на Егзархијата. Општините треба да останат народни установи, а не Егзархиски.

Добро ќе биде насекаде да се поставаат школски одбори со иста цел; да изнајдат средства и извори за самостојно издржување на училиштата" се заклучува во ~~резонира~~ документот.[396]

Односите помеѓу ТМОРО и Егзархијата биле третирани и на Струмичкиот конгрес одржан летото 1905 год. На овој конгрес била осудена егзархиската денационализаторска дејност во Македонија, а егзархискиот митрополит на Струмичката епархија Герасим најпрво било решено да се казни парично а потоа и со смртна егзекуција, доколку не се потчини на барањата поставени од Струмичкиот револуционерен комитет.[397]

За превземање прерогативите на осудениот егзархиски митрополит, Револуционерниот комитет создал специјална судска институција, која би се грижела за општествено-културните и религиозно-просветните потреби на населението во Струмичкиот револуционерен округ.[398]

---

396) Исто.
397) Изводоци на документи од ЦДИА... VI/13-17.
398) Документи за дејноста на бугарските владици... 82-83.

Окружниот конгрес на Серскиот револуционерен округ бил одржан во текот на јули 19о5 год. И на овој конгрес била осудена дејноста на Егзархијата. Заради тоа на конгресот бил направен распоред на учителите по селата и градовите а за таа цел се донесло решение да се бара од егзархиските духовници и училишни власти да бидат вработени месните учители -революционери, посочени од Окружниот комитет.

На сите окружни конгреси освен на Скопскиот ,победила левицата на Организацијата. Исто така скоро на сите конгреси освен на Скопскиот, била осудена егзархиската дејност во Македонија. Скоро на сите конгреси освен на Скопскиот од Егзархијата се барало спроведување во живот договорот помеѓу ТМОРО и Егзархијата за вработување на учители -революционери на важни пунктови во Македонија.

По одржаните конгреси на Организацијата во месец октомври 19о5 год. во Рилскиот манастир во Бугарија бил одржан општ конгрес на Внатрешната организација. Во работата на конгресот зеле учество 21 делегат меѓу кои и Д.Груев, Ѓ.Петров, П.Тошев, Ј.Сандански и др. На конгресот биле третирани најразлични организациони прашања. Бил избран нов Централен комитет во кој влегле: Д.Груев,П.Тошев, и Т.П.Антонов. Спрема новиот Устав организацијата се нарекува Внатрешна македонска одринска революционерна организација - ВМОРО.

Меѓу другите важни прашања конгресот особено внимание му обрнал на односите спрема бугарскиот државен национализам,Егзархијата, врховистите и друготе пропаганди во Македонија. Во врска со тоа конгресот ја донел следната одлука: "Сите појави во делата и постапките на Егзархијата и нејзините органи, кои се насочени во духот на бугарскиот национализам, Организацијата ги смета за пакосни на нејзините цели и им се спротивставува."[399]

399) Силјанов, Хр., Освободителните борби... 518.

Здравите сили на Организацијата -левицата, која на Рилскиот конгрес однесла апсолутна победа, се спротивставила против секакво приклучување на Македонија кон Бугарија и со тоа уште повеќе се конфронтирале и разотишле со Егзархијата. Исто така левицата на Организацијата влегла во силна конфронтација со сите ракционерни сили на ВМРО т.е. десницата на групата на Матов-Татарчев-Сарафов кои застапувајќи ги врховистичките позиции ја пропагирале идејата за присоединувањето на Македонија кон Бугарија. Помеѓу двете конфронтирани линии на ВМРО доаѓа до жестоки борби и судири. Бранејќи ја чистотата на Организацијата и принципот на слободна и автономна Македонија, левото крило на ВМРО на чело со Јане Сандански, Димо Хаџи Димов и целата Серска група извршуваат егзекуција над врховистите Борис Сарафов, Иван Гарванов и Михаел Даев во 19о7 год. Со тоа врските помеѓу левицата и десницата на ВМРО дефинитивно се раскинуваат.

## 6. Егзархијата и Македонското националноослободително движење по Рилскиот конгрес до Младотурската револуција

Односите помеѓу Егзархијата и ВМРО и по Рилскиот конгрес биле жестоки и во перманентна борба. Егзархот Јосиф I раководејќи се од своите еволуциони начела, за една мирна црковно-просветна дејност во Македонија, како најдобро средство за реализирање сонот на Сан -Стефанска Бугарија, во чии граници требало да влезе и Македонија, се спротивставувал на авантуристичката политика на бугарскиот кнез Фердинанд,кого честo го сметал за обичен австро-унгарски агент, потоа се спротивставувал на честите врховистички провокации во Македонија,кои спрема него ги слабееле бугар-

ско-турските мирни односи. Значи, егзархот сеуште ги негувал при јателските односи со Русија и Турција. Егзархот сметал дека сеуште Бугарија не е подготвена за една војна со Турција за приграбување на Македонија. Заради тоа, како што истакнавме, тој пропагирал мирни односи со Портата и се спротивставувал против сите потстрекатели на мирот во Европска Турција. Во таа насока вакви односи егзархот п седувал и спрема националноослободителното движење во Македонија. Одсекогаш противник на револуционерното движење и воопшто спрема револуционерноста во Македонија, егзархот поседувал перманентен непријателски однос спрема ВМРО; и со нејзината левица и со десниц та.

Тргнувајќи од горниве начела, во текот на јануари 1906 год. во Солун Егзархијата образувала л и г а за борба против македонското националноослободително движење. Како што истакнува Ангел Динев, со тоа била образувана уште една фаланга на Егзархијата во борбата против Организацијата и била создадена уште една форма на егзархиски врховизам.[400]

Основната интенција на лигата била да се ослабнат позициите на ВМРО или целосно да се отстранат масите од неа и воопшто од револуционерноста, да се прифати егзархиската еволуциона политика, да се сведе Организацијата до степен на пропаганда, за Егзархијата раководи со севкупниот општествено-политички и економски живот во Македонија.

Лигата била раководена од видни егзархиски високодостојници, потоа од претставниците на Бугарското трговско агентство во Македонија. Исто така треба да истакнеме дека во лигата влегле и еден дел од домашниот чорбациски елемент, коишто за да ги зачува своите лични класни интереси, во случајов гарантирани од Егзархијата и

400) Динев Ангел, Илинденска епопеја, II дел...367.

турската власт,го прифатиле еволуционизмот и станале противници на националноослободителното движење а со тоа и се вброиле во редот на непријателите на својата земја т.е. во редот на внатрешните врховисти.

На чело на лигата се наоѓал егзархискиот архимандрит и претседател на Солунската црковно-училишна општина Неофит,подоцнеш митрополит на Скопската егзархиска епархија. Потоа видна улога во лигата завземале :митрополитот Авксентија, егзархиските учители Наум Арнаудов и Сребрен Поп Петров, видните чорбаџии Дамјан Петров Пенушлиев и др.Меѓутоа над сите овие доминирала личноста на бугарскиот агент во Солун Атанас Шопов.[401]

Од Солун лигата се проширила и во внатрешноста на Македонија, каде отворила свои филијали. Такви постоеле во Скопје, Кукуш Ениџе Вардар, Радовиш, додека тајни групи на лигата и поединечни такви случаеви постоеле во повеќе македонски градови и села.Сите овие пунктови на лигата во внатрешноста на Македонија добивале инструкции од Солун, а пак централата на лигата во Солун такви директиви добивала од Егзархијата во Цариград.[402]

Меѓу лигата, оценета од ВМРО како егзархиско и неоврховистичко орудие и Организацијата неминовно доаѓа до жестоки судири. Најпрво преку пишаниот збор била дискредитирана егзархиската и великобугарската политика во Македонија а потоа се преминало кон директни физички акции. Во оваа смисла вреди да се истакне Ѓорчевата оценка за Егзархиската и великобугарската непријателска дејнос во Македонија, овој пат сервирана преку најновото егзархиско оруди

401) Исто,369.
402) Исто.

-лигата. Ѓорче Петров истакнува дека "Владата (бугарска -б.м.) и Егзархијата многу грешат во својата упорност да ја сочувaат старата идеологија,па место да го признаат ослободителното дело како самостојна кауза,како силен фактор за реализирање на идеалот, ја прикриваат за себе и бугарскиот свет вистината за таа кауза... ... Бугарската влада и Егзархијата треба да ги остават термините "национална слава и "Сан Стефанска Бугарија" и да ги заменат со нови термини "Автономна Македонија". Меѓутоа, ниту Егзархијата, ниту бугарската влада можат да ја напуштат својата политика спрема Македонија,политика што ја градат со години... ", завршува Ѓорче Петров.[403]

Потоа како што истакнавме ВМРО преминала во практична акција и настојувала да ја [redacted] истисне лигата,да го отстрани од Солун архимандритот Неофит. Во одбрана на ова се завзема Егзархијата бугарскоот агент Шопов и внатрешните врховисти. Во споменатиов судир во корист на ВМРО интервенирал и [redacted] Даме Груев но без резултатно. Како сето ова и многубројните заканувања не вродиле плод,се преминало кон физичко накажување и терористички акции. Како резултат на овие жестоки судири од страна на лигата физички бил унакажан терористот на месниот Солунски комитет Милан Мирев. Спротивставувајќи се на оваа и воопшто на севкупната егзархиска и лигашка дејност во Македонија, Организацијата преминува и сама во контранапад. За кратко време биле егзекутирани лигашите Дамјан Петров, Дино Поп Чупев, радовишкиот и кукушкиот архиерејски намесник Јосиф Тасев и Антон Врбанов и др.

Од своја страна лигашите одговориле со бројни предавства на видни личности на ослободителното движење. Жртва на споменативе предавства станале истакнатите македонски војводи: [redacted] Пандо Кљашев, Алексо Турунџев, Митре Влавот, Кузо Поп Динев,неколку

403) Петровъ Гьорче, Македонското ослободително дѣло,Македонски прѣгледъ, I/2 Соф., 10.VI.1905 г., 2.

соборци од четата на Сандански и др.

Борбата помеѓу ВМРО и лигата со слична ваква жестина се одвивала сѐ до крајот на егзистирањето на последнава.

Улогата на егзархот Јосиф I во овие долги и жестоки конфронтации помеѓу Егзархијата и Организацијата повторно била евидентна и секогаш непријателска во однос на македонското национално-ослободително движење. Неосврнувајќи се на многубројните жртви што ги давал македонскиот народ, а негувајќи го и понатаму егзархиското традиционално пријателство со Турција, а непријателството со Организацијата, егзархот придонел до уште поголеми катастрофи и жртви сред својата македонска паства. Летото 1907 год. тој испраќа окружница до своите подведомствени органи во Македонија, од кои барал строги контроли спрема учителите -революционери како за време на наставата, така и за време на нивната вонучилишна активност. Против револуционерите и сите прекршители на султановиот мир во Империјата, егзархот барал преземање најстроги санкции.[404]

Во почетокот на 1907-1908 учебна година во друга една окружница егзархот барал "сите замешани во Револуционерната организација учители да бидат отпуштени..." од егзархиска служба.[405] После ваквите егзархиски алармирања егзархиските митрополити и архиерејските намесници во Македонија оставиле без егзистенција повеќе од 60-тина учители. Со тоа како што се истакнува во еден документ, митрополитите и егзархиските чиновници во Македонија "денеска станувaат спроводници на реакцијата...." во земјата.[406]

---

404) Архив на Македонија, фонд: КАН/69, Кратово, 7.VIII.1907 г.
405) К. Хр., Икономъ Томо Николовъ, Първитѣ дѣконъ въ Битолѣ, Ил. Илинденъ, кн.3 /113/, Соф., 1940, 3.
406) Резолюция на Първия учителски конгрес на селскитѣ основни учители въ Неврокопската околия, Единство, I/10, Солунъ, 1.XI.1908, 2.

Покрај отворениот непријателски однос на Егзархијата спрема левото крило, слични такви непријателски односи таа имала и спрема десното врховизирано крило на Организацијата и воопшто спрема врховистите внатрешни и надворешни. Ова е парадоксално кога се знае дека и Егзархијата и врховистите дејствувале под една заедничка идеја за идно приклучување на Македонија кон Бугарија. Меѓутоа, во начинот на интерпретирањето на тие тенденции тие се разотидувале. Десното врховизирано крило на ВМРО и воопшто врховистите, идното приклучување на Македонија кон Бугарија мислеле да го реализираат по револуционерен или превратнички пат, за чија цел во Македонија испраќале разни ~~врховистички~~ вооружени банди, за да ја бојкотираат турската државна власт и го предизвикаат европското внимание дека Македонија е составен дел на Бугарија и дека македонското прашање е неразделиво од бугарското. Егзархот не можел да се сложи со ова, реално согледувајќи дека Турција е доста-тачно силна да се спротивстави на една посилна бугарска интервенција за приклучување на Македонија кон Бугарија, па поради тоа и понатаму упорно ја негувал својата традиционална еволуциона политика во Македонија, а од друга страна одржувајќи мирни односи со Портата.

Поаѓајќи од овие начела егзархот неминовно влегол во конфронтација со бугарскиот кнез Фердинанд, врховистите и десното врховизирано крило на ВМРО. Меѓу последната и Егзархијата на теренот во Македонија се развила една постојана и жестока борба, водена со најразлични средства. Борбата достигнала до таму што на егзархот му се претело со санкции доколку тој не престане со жестоки напади на адреса на врховистите и нивните пакосни и штетни четнички провокации во Македонија.

Ваквите непријателски односи помеѓу Егзархијата и внатрешните врховисти особено евидентно биле прокламирани на Ќустендилскиот врховистички конгрес 1908 година. Во врска со ова конгресот ги донел следните начела: "Конгресот наоѓа дека Егзархијата, како единствена културно-просветна установа на неослободените Бугари, треба да биде неутрална спрема револуционерното движење. Усвоената на крајот политика на Егзархијата, изразена во дејствијата преку непријателствата на Организацијата, ќе се гони, колку тоа да е непожелно. За последиците од таа политика, Организацијата ќе ги земе на одговорност како централната егзархиска власт, така и нејзините црковно-училишни органи"[407]

Конфронтациите помеѓу Егзархијата и ВМОРО- левицата и десницата за момент биле прекинати со Младотурската револуција во Турција 1908 година. Но за време на Хуриетот Егзархијата останала отворен непријател на левото крило на ВМОРО. Во новонастанатата ситуација таа силно агитирала против Организацијата во своите конституциони клубови. Претседателите на црковно-училишните општини, главните учители и други повидни егзархиски службеници, насекаде превземале жива агитација и клевета сред масите спрема Организацијата, дека истава ја изиграла својата улога и сл. Прогонувањата и преместувањата на учителите продолжиле и по хуриетскиот период. Сите учители што завршиле соодветна учителска школа како егзархиски стипендијанти, не можеле да добијат свидетелства на соодветна своја струка, додека не отишле на служба онаму каде што ги распоредува Егзархијата[408]. Тоа е само еден пример од многубројните

---

407) Силјановъ Хр., Освободителнитѣ борби..., 559
408) Архив на Македонија, фонд: Българска Екзархия - Училишен Оддел, Н-2864, Цариградъ, 27.II.1909 год.; Безрасъдни прѣдисвикателства, Конституционна заря, I/9, Солунъ, 14.IX.1908, 1.

егзархиски денационализаторски дејности во Македонија. Ваквите интенции на Егзархијата воделе кон една единствена цел, одземање од ВМРО политичко-културното раководство на македонските маси и воспоставување потполна монополска власт сред егзархиските македонски верници во духовно-просветен и политичко-културен поглед.

## З А К Л У Ч О К

Разгледувајќи ја историјата на македонскиот народ од втората половина на XIX век,поточно од 7о-ите години на тој век до Балканските војни, ќе установиме дека Македонија станала арена, покрај на политички борби и судири, исто така и арена на црковно-просветни борби за превласт на оваа или онаа туѓинска црковно-просветна институција. Постепено таа станала центар на постојани борби и свери на влијанија како на балканските монархии така и на големите европски држави. Големата верска раздробност и шаренило од конфесионални и етнички групи и групации, особено биле евидентни по основањето на Бугарската егзархија 187о година. По нејзиното формирање и проникнување на македонско тло,во Македонија се создало верско двовластие, кое го разделило македонскиот народ на големи конфесии - егзархисти и патријаршисти а потоа на католици (унијати) и протестанти. Оваа област на верско шаренило во Македонија во многу се одразила во задоцнувањето на националното конституирање на македонскиот народ во нација.

Борбите на македонскиот народ за еманципација од Цариградската патријаршија, а за создавање на посебна македонска автокефална црква од 6о-тите и 7о-тите години на минатиот век се завршиле неуспешно. Поради делувањето на бројни субјективни и објективни фактори, обидите на македонското граѓанство за создавање на посебна македонска црквае , се слеале со сличната таква идеја на бугарската буржоазија, бројна и економски појака, која на крајот го узурпирала и македонското црковно прашање како свое. По создавањето на Егзархијата голем дел од ма-

кедонските маси, несакајќи и понатаму да останат под јурисдикциј та на смрзнатата Цариградска патријаршија, а како не успејала македонската буржоазија да основа посебна македонска црква, македонските маси наоѓајќи се во ситуација да избираат помеѓу грчката црква и грчкиот јазик од една страна, и бугарската црква и бугарскиот јазик од друга страна, се определиле кон втората институција, како словенска црква и како најблиска и најсродна на својот менталитет и бит. Поради тоа поголем дел од македонскиот народ по пат на плебисцит-пребројување, откажувајќи се од јурисдикцијата на Грчката цариградска патријаршија, влегол под ведомството на Бугарската егзархија. Меѓутоа, влегувањето во составот на Егзархијата, за поголем дел од македонскиот народ значело заменување на една црковна јурисдикција со друга. Заради тоа реакциите против новиот црковен туто ќе се јават одма по основањето на Егзархијата, а особено од конституирањето на македонското националноослободително движење од 90-тите години на минатиот век.

Уште на почетокот сакаме да истакнеме дека црковно-просветната дејност на Егзархијата во Македонија била национално - политички обоена со единствена цел од Македонците да создава Бугари, а Македонија да ја присоедини кон Бугарија. За таа цел и за што поголемо раширување на својата јурисдикција во Македонија, Егзархијата вршела асимилаторско - денационализаторска дејност преку македонските цркви и училишта, кои во најголема мера биле во нејзини раце. Поради тоа констатираме дека зад превезот на црковно-просветната и културната дејност на Егзархијата во Македонија, била застапена и национално-политичката

активност на истата во смисла на пројавени територијални претензии кон Македонија.

Во таа смисла Егзархијата систематски дејствувала да ги искорени сите етнички и национално-културни белези на македонскиот народ како такви.Основната интенција на Бугарската егзархија со ова била пополека да ја угуши македонската духовна култура. Во таа насока сите училишни помагала и културни споменици од практична или културна вредност, пишувани на старословенски и македонски јазик, како стари книги, учебници,ретки ракописи и друго, Егзархијата правела напори да ги собери од теренот, да ги склони во Бугарија а некои и уништи или да ги замени со такви пишувани на бугарски јазик.

Иницијативата на Егзархијата откако се проширила во Македонија, била во македонските училишта да воведе задолжително изучување на бугарската историја и воспитување на македонската училишна младина во големобугарски дух. Покрај тоа Егзархијата настојувала да ги замени грчките училишта и грчкиот јазик во просветата со бугарски а таму кадешто тие се изведувале на македонски народен јазик и од домашни македонски учители да ги замени со бугарски учители и бугарски јазик.

Поради ова во македонските училишта Егзархијата предимство им давала на учителите доведени во Бугарија, како на свои проверени и испитани орудија и на дел од веќе бугаризираната македонска интелигенција. Од друга страна Егзархијата како обрач ги стегала домашните учители, кои природно бидејќи го познавале само македонскиот народен јазик, наставата во училиштата ја изведувале на тој јазик. Егзархијата се противела на секакви порадикални училишни и учителски групирања, истапувања

и движења. Таа од учениците и учителите барала една езуитска или касарнска покорност, на постојана нивна приврзаност кон нивното работно место; истите поголем дел од своето работно време да го поминат во училишната зграда, како би ја избегнале возможноста од некакво нивно контактирање со претставниците и сомислениците на македонското националноослободително движење.

На училишното дело во Македонија Егзархијата му придавала примарно значење, заради тоа што преку него требало да излезат воспитаниците на првата генерација на македонските егзархиски учители, кои требало да бидат идни заштитници на бугарштината во Македонија.

Непомала задача на Егзархијата во Македонија била да ги потисне македонските црковно-училишни општини, да го одстрани нивниот изборен систем и по пат на нивна централизација да ги стави нив под своја контрола. Преку уништувањето на старата македонска општинска изборна система што си имала своја долга традиција, Егзархијата се стремела да ги умртви општините во Македонија и сите нејзини компетенции да ги преземе во свои раце.

Другата основна задача на Егзархијата била да го дискредитира или потполно уништи македонското националноослободително движење. Егзархијата од секогаш се плашела од револуционерното движење на својата македонска паства, и постојано дејствувала за негово обезличување, потиснување пред јавноста, постојано истакнувајќи дека македонскиот народ не треба да се подава и предводи од "багабонтите", "сепаратистите", "авантуристите" и слично, но да биде мирен, послушен и лојален кон

султанот и Империјата и да го чека своето "ослободување" од Бугарија. Основната поставка на еволуционизмот пропагиран од Егзархијата било начелото: "Ништо да не се превземе против Турција, зајакнување на Егзархијата, борба со унијатите".

Против ваквата егзархиска дејност во Македонија среќаваме редица незадоволства и отпор. Против централистичката и асимилаторската егзархиска дејност во македонското црковно-училишно дело, особено против нејзината национално-политичка и асимилаторска дејност, против егзархиското посегнување за одземање на автономноста и самостојноста на најдемократските македонски институции - црковно-училишните општини, нивното претварање во послушни орудија на Егзархијата и големобугарската идеја, против егзархискиот обид на деградирање на македонското националноослободително движење и неговото дискредитирање како несериозно движење, се спротивставиле голем дел од македонските еснафи, трговци, особено училишната младина,потоа црковно-училишните општини, македонските социјалисти и други групи и струи во македонското националноослободително движење, а се разбира најмногу од разбудената и свесна македонска интелигенција и буржоазија.

Црковно-училишните општини во Македонија се спротивставувале против егзархиската интенција за губењето на својата аутономност и самостојност во доменот на своите црковно-просветни, културни и традиционални компетенции. Во таа смисла го истакнуваме примерот на Прилепската црковно-училишна општина, која љубоморно го чувала своето црковно-училишно дело и културно дело во Прилеп, избегнувајќи дури и формално врзување

со Егзархијата. Севкупната егзархиска дејност во Македонија од македонските социјалисти била оценета како пакосна и асимилаторска по македонскиот бит и етникум. И македонската младина пред сѐ средношколската, организирана во тајните и револуционерни училишни кружоци, почесто го искажувала својот револт и незадоволство против егзархиската централизација и езуитизам во просветата. Како резултат на оваа регистрираме бројни училишни бунтови и протести за цело време на постоењето на Егзархијата во Македонија. Како што истакнува еден егзархиски извор, Егзархијата секоја година била потресувана од разни судири, бунтови, немири, протести и сл., што реално преставува очигледен пример дека егзархиската црковно-просветна дејност во Македонија била непожелна и туѓа за македонското младо поколение и македонската младина воопшто.

Меѓутоа, на прво место овде го истакнуваме отпорот против политичката дејност на Егзархијата во Македонија од страна на македонската интелигенција и граѓанска класа, организирани во ТМОРО и други револуционерни организации и струи во македонското националноослободително движење.

Основната појдовна интенција на организираното македонско националноослободително движење, посебно во лицето на ТМОРО и другите револуционерни организации и струи, а изразени во вооружените акции против постоечкиот економски и политички систем на турско-султанскиот апсолутистички режим, биле понесен од идејата за извојување на политичка автономија на Македонија. За реализирањето на таа цел основоположниците на ТМОРО покрај опасноста од турскиот државен апарат, тешкотии срекавале и од

пропагандите на соседните балкански монархии. Така да ТМОРО како организирана политичка сила на македонскиот народ, својата революционерна дејност ја насочила првенствено во борба со турскиот постоечки апсолутистички режим а воено и против империјалистичките насилни посегнувања кон Македонија на соседните балкански буржоаски монархии. Значи покрај прокламираната борба против турското ропство, ТМОРО се прогласила и за непријател на трите соседни балкански пропаганди. Балканските монархии во лицето на своите духовни институции , Егзархијата, Патриаршијата и српскиот пропаганден апарат, преку насадувањето врз македонските маси туѓи национални имиња, јазик, вероисповед и просветна дејност со цел за бугаризирање, грцизирање, односно србизирање на Македонија, нашле свои најдобри сојузници за реализирањето на своите експанзионистички планови кон Македонија. Поаѓајќи од тие свои цели трите споменати пропагандни институции биле против секаква еманципација на македонскиот народ, како самостојна државна единица, зашто со тоа се фрлале во вода нивните дотогашни интереси во Македонија изградувани со децении со многу труд и средства.

Против ваквите завојувачки и асимилаторски стремежи на соседните балкански монархии и против постоечкиот турски режим ,ТМОРО ги прокламира своите ослободителни цели. Ослободителната намена на ТМОРО во таа смисла најдобро се содржани во првите членови на Уставот на Организацијата каде е речено дека "ТМОРО има за цел да ги сплоти во едно цело сите незадоволни елементи во Македонија и Одринско, а за извојување преку револуција, полна политичка автономија на овие области". До реализи-

рањето на таа цел требало да се поведе активна борба за "одстранувањето на шовинистичките пропаганди и националните расправи кои го цепат и обесилуваат македонското и одринското население во неговата борба против општиот непријател".

Со самото основање на ТМОРО констатираме дека таа во значителна мера била ангажирана против пропагандните акции на соседните монархии. Значи основниот противник на организираното македонско националноослободително движење по неговото конституирање во Револуционерна организација, не била турско-султанската апсолутистичка власт, туку пред сè дејноста на црковно-просветните институции на соседните монархии. Овде на прво место ја посочуваме великобугарската пропаганда и нејзиниот експонент - Егзархијата. Поради тоа на борбите на македонскиот народ против Бугарската егзархија им придаваме значително место.

Конфронтациите помеѓу македонското националноослободително движење и Егзархијата биле скоро неизбежни со самото основање на ТМОРО. Дури и пред нејзиното формирање, како што истакнува Ѓорче Петров, неосетно се појавило едно движење сред македонската младина, против владиците, егзархиските претседатели на општините, егзархиските учители и службеници, "едно струење против посегнувањето на Егзархијата безконтролно да господари во црковно-училишните работи во Македонија". Ова движење, иако од почетокот неорганизирано и стихијно, Ѓорче Петров го смета "просто како реакција против долгогодишниот стремеж на Егзархијата да го сосредоточи во свои раце раководењето на општествениот живот а освен тоа го смета и за прв чекор кон самостојноста во Македонија". Тоа исто првобитно

антиегзархиско движење, спрема Ѓорче Петров неосетно се претворило во револуционерно движење против национално-политичката дејност на Егзархијата во Македонија.

Претставниците на македонското национаноослободително движење во борбата против егзархискиот апсолутизам, покрај делувањето во стеснувањето и ограничувањето на егзархиската црковно-просветна дејност во македонското црковно-училишно дело, дејствувале пред сè против егзархиската национално-асимилаторска политика во Македонија. Во најголем број случаеви конфронтациите помеѓу ТМОРО и Егзархијата се одвивале поради егзархиската централизација и апсолутизам во македонските училишта и општините. Во такви случаи претставниците на македонското националноослободително движење ги земале во заштита македонските учители - револуционери, а особено црковно-училишните општини, за нивната поголема самостојност и аутономност. Тоа го правеле бидејќи биле убедени дека општините се во најдобра состојба да ја гарантираат целоста и трајноста на Македонија, дека општините претставуваат најверен толкувач и изразител на сите настани на македонското население во доменот на задоволувањето на неговите духовни, просветни, културни и други потреби, желби и идеали. Интенцијата на Организацијата во таа смисла била да се назначат за учители во сите училишта, општински и егзархиски, што повеќе нејзини сомисленици или симпатизери, блиски на нејзината ослободителна кауза, потоа да се превземат општинските и училишните одбори, кои дотогаш биле во рацете на Егзархијата, за да истите се управуваат од луѓето блиски на Организацијата.

Конфронтации помеѓу ТМОРО и Егзархијата постоеле и поради начинот и методот на делувањето за ослободувањето на Македонија. Додека ТМОРО како вооружена и организирана револуционерна сила во македонското националноослободително движење, ослободувањето на македонскиот народ го прокламирала преку политичка автономија на Македонија, дотогаш Егзархијата се застапувала и делувала за цело време на своето 42 годишно постоење во Македонија, по мирен или еволутивен пат Македонците да ги претворат во Бугари, како најефикасен начин за приклучувањето на Македонија кон Бугарија. Заради тоа од страна на претставниците на македонското националноослободително движење, Егзархијата била третирана како пропагандна институција на бугарската буржоазија. Поради тоа што нејзината пред се национално-политичка дејност била насочена во духот на бугарскиот национализам, која била многу пакосна и штетна по македонската самобитност, претставниците на ТМОРО и се спротивставуваат на таквата големобугарска политика. Тоа особено е прокламирано и акционо подвлечено на Рилскиот конгрес на Организацијата од 1905 година, каде се истакнува дека таквата егзархиска дејност во Македонија во иднина ќе се прогонува и казнува од страна на Организацијата.

Конфронтациите помеѓу македонското националноослободително движење и Егзархијата се одвивале некогаш посилно, некогаш со послаб интензитет за цело време од 42 години колку што Егзархијата била присутна на македонско тло. Во еден временски период, додека здравите сили на ТМОРО биле компактни, успевале да се наложат над Егзархијата за несметано поставување на најдобрите револуционерни снаги на бараните места од Орга-

низацијата, онаму каде за тоа ќе се покажело потреба. Меѓутоа, и откако Револуционерната организација заслабнала и се поделила на две крила, таа се потешко можела да се справи со егзархиската национално-политичка дејност во Македонија.

Неотфрлувањето во целост на Егзархијата од македонска почва, на една туѓа за македонските маси институција, која делувала во наметнувањето на големобугарското сознание сред македонскиот народ и го зацврстувала врховизмот во Македонија, која дејност носела многу пакосни последици за македонското националноослободително дело, во незнатна мера им го препишуваме пред сѐ на дел од претставниците на организираното македонско националноослободително движење. Меѓутоа, треба да истакнеме дека борбите против Егзархијата и нејзиниот севкупен апарат во Македонија, за претставниците на македонското националноослободително движење не биле од примарно значење. Основното за ТМОРО и другите организации и струи во македонското националноослободително движење било извојувањето на македонска национална држава во границите на македонскиот етникум. Во склопот на ова биле содржани и други компоненти на националното и социјалното ослободување, на црковно-просветната и културната еманципација на македонскиот народ од туѓите верски институции.

x x
x

Изучувајќи ја егзархиската смислена големобугарска пенетрација во Македонија и нејзината религиозно-просветна, а пред сѐ национално-политичка дејност на тлото на Македонија, констатираме дека некаде околу 1897 година Егзархијата успеала максимално да се наложи над повеќе македонски епархии и црковно-училишни општини. Во овој временски интервал Егзархијата успеала да воспостави црковно-просветно ведомство бад 7 македонски епархии (Скопската, Охридската, Велешката, Неврокопската, Пелагониската, Струмичката и Дебарската), над 21 архиерејски намесништва во 2о црковно-училишни општини, над 1.18о македонски цркви, 43 манастири и 89 параклиси, устоличувајќи во нив свои митрополити, архиерејски намесници и други пониски црковни лица. Во исто време Егзархијата успеала да отвори повеќе основни и средни училишни институции во Македонија. Некаде околу 1899-19оо година Егзархијата управувала во Македонија со неколку гимназии (машката, женската и трговската гимназија во Солун, потоа гимназиите во Битола, Скопје и Серес), со бројни полугимназии (Скопје, Куманово, Кр. Паланка, Велес, Прилеп, Охрид, Кукуш, Воден, Серес, Мелник, Неврокоп, Битола, Ресен, Лерин, Костур и други места), и со неколку стотици основни училишта. За задоволување на црковните потреби на Егзархијата во Цариград постоела Духовна семинарија.

Споменативе егзархиски црковно-просветни институции и кадрите што излегувале од нив, требало да станат столбови и стожери на егзархиската национално-политичка дејност во Македонија, за реализирање на нејзината еволуционистичка политика, која се состоела во постепено преобразување на Македон-

ците во Бугари и претворањето на Македонија во бугарска земја.

Евидентно е значи дека околу 1897 година Егзархија та го достигнала својот врвен територијален развиток на својата распространетост во Македонија и во воспоставувањето на црковно-просветно ведомство над поголем дел од македонското население во црковно- училишното дело. Навистина при крајот на егзархиската јурисдикција во Македонија, до колку им веруваме на изнесувањата на егзархискиот секретар од 1905 година - Димитар Мишев, бројките на егзархиската распространетост во Македонија се наоѓале во мал пораст. Така во 1912 година Егзархијата во Македонија имала ведомство над 7 митрополитски катедри 40 архиерејски намесништва во 60 црковно-училишни општини, т.е. над 60 претседатели на општини, 62 манастири, 1.294 цркви, 1.132 свештеници, 1.141 училишта, 1.776 ученици и друго.

Меѓутоа, ние сме сепак склони да сметаме дека 1897 година е година на најголема егзархиска рашереност во Македонија. По Грчко-турската војна од 1897 година при привремената поддршка на Егзархијата од страна на Портата, кога на нејзината страна се префрлиле маса македонски патриаршисти, како би го спречиле брзиот прилив на македонското население на страната на Егзархијата и за воспоставувањето на рамнотежата меѓу цвете црковни институции, Турција брзо се преориентира пак кон активна поддршка на Патриаршијата.

По Винишката афера 1897 година, кога ТМОРО била разоткриена пред турските власти, влијанието на Егзархијата сред македонските маси било намалено од односот на Портата кон Егзархијата и Бугарското кнежевство. Имено, Турција била убеде-

на дека Егзархијата е вмешана во револуционерното движење во Македонија и во самата Организација, заради тоа што претставници те на ТМОРО во најголем број случаеви ги завршиле егзархиските училишта, или биле егзархиски учители и службеници.

Во времето на засилените вооружени четнички навлегувања во Македонија на соседните пропаганди 1903-1908 година, Егзархијата во прилична мера губи свои приврзаници во Македонија. Под притисок на грчките и српските вооружени четнички дејствија, нивните заплашувања и осветнички акции, особено од притисокот на андартските чети, маса македонски егзархисти ја напуштаат Егзархијата и се префрлуваат под јурисдикцијата на Грчката патријаршија.

Меѓутоа, после Младотурската револуција од 1908 година, кога четите се легализирале, тоа исто македонско население во најголем број случаеви повторно се враќало под ведомството на Егзархијата. Но тогаш егзархиската дејност во Македонија во незнатна мера ја отежнува младотурскиот апарат,кој пројавил желби да биде повеќе присутен во просветните прилики во Македонија.

За сето време на постоењето на Егзархијата во Македонија еден друг фактор во прилична мера ја ослабнувал нејзината дејност и влијание сред нејзините македонски верници. Имено, во самата Егзархија дејствувале потенцијални сили ко ѝ се спротивставиле на нејзината еволуционистичка и големобугарска политика по однос на Македонија. Пред сè тоа се однесува на голем дел од македонската интелигенција, еснафството и граѓанството, училишната младина, македонските социјалисти и други струи и групации во македонското националноослободителн

движење, кои најчесто произлегле низ егзархиските црковно-училишни институции, кои не само што одбиле да ги спроведуваат политичките задачи на Егзархијата, туку преку македонското националноослободително движење, чии предводник станале тие, најактивно им се спротивставувале на политичките цели на Егзархијата, бугарскиот двор, Бугарските трговски агентури во Македонија, Врховниот комитет во Софија и други штетни надворешни и внатрешни припагандни сили.

x x
x

Бугарската егзархија, иако во поедини делови на Македонија делувала околу 40-тина години, таа сепак не успеала да го наметни сред македонскиот народ бугарското национално сознание , ниту да го наметне бугарскиот јазик сред своите македонски верници. Освен од високиот клер, побогатиот граѓански конзервативен слој и од дел од високата интелигенција, таа не била прифатена од Македонците и претставувала туѓа и омразната црковна институција за македонските широки маси.

Како последица на црковната, просветната, културната а особено на политичката егзархиска дејност во Македонија, како и од дејноста на другите пропаганди во Македонија, придонело во отежнувањето и на онака задоцнетиот од други причини и фактори спречуван процес на национално конституирање и осознавање на македонскиот народ во нација. Планираната и

систематски спроведувана во Македонија егзархиска политика делувала во отклонувањето на природниот развоен пат на националната свест кај одделни делови од македонската интелигенција и граѓанство. Поради тоа дејноста на Егзархијата во Македонија ја оценуваме како негативна за интересите на македонскиот народ. Како бугарско национална црква, бранејќи ги бугарските претензии во Македонија од другите пропаганди и црковни институции таа им служела на интересите на бугарскиот двор и буржоазија, за реализирање сонот за Голема или Сан - Стефанска Бугарија.

# Б И Б Л И О Г Р А Ф И Ј А *

## I. Извори

### А. НЕОБЈАВЕНИ АРХИВСКИ МАТЕРИЈАЛИ

1. Централен државен исторически архив, Егзархиска архива, Софија:

   а) Арх. фонд: N -176 на Министерството на внатрешни работи и исповеданијата.

   б) Арх. фонд: N - 246 на Бугарската егзархија

   в) Арх. фонд: N - 321 на Бугарскиот дипломатски агент во Цариград

   г) Арх. фонд: N -331 на Бугарскиот дипломатски агент во Битола.

2. Архив на Македонија - Скопје:

   а) Фонд: Скопска егзархиска митрополија (СЕМ)

   б) Фонд: Велешка егзархиска митрополија (ВЕМ)

   в) Фонд: Пелагониска егзархиска митрополија - Битола (ПЕМБ)

   г) Фонд: Дебарско-Кичевска егзархиска митрополија (ДКЕМ)

   д) Фонд: Охридска егзархиска митрополија (ОЕМ)

   ѓ) Фонд: Архиерејско намесништво -Кратово (АНК)

   е) Фонд: Архиерејско намесништво - Тетово (АНТ)

   ж) Фонд: Црковна општина Битола (ЦОБ)

   з) Фонд: Црковна општина Дебар (ЦОД)

   и) Фонд: Училишно настојателство -Тетово (УНТ)

   ј) Фонд: Бугарска егзархија - Училишен оддел -Цариград

   к) Протоколи на Прилепската општина.

---

* За споменатава проблематика располагаме со мошне голема бројка на библиографски единици. Поголем дел од нив ќе бидат објавени во сп. Историја бр.1 и 2 за 1974 год. Овде ги прилојуваме само најважните библиографски единици или оние кои директно или индиректно имаат врска со предметот на темава што ја обработуваме.

- Документи снимени во ЦДИА, Егзархиска архива, Софија - МФ.1 до 3.
- Документи снимени од Министерството за надворешни работи на Кралевина Србија, Политичко-просветно одделение - МФ. 709,729 и мн. други.

3. Архив на СИП, Београд
   а) Фонд: Скопски конзулат Скопље
   б) Фонд: Српски конзулат Битољ
   в) Фонд: Српски конзулат - Солун

4. Архивско одделение на Институтот за национална историја-Скопје:
   - Изводоци на документи од ЦДИА, Егзархиска архива, Софија: фотокопии во ИНИ - фотокопија I до VI.
   - ДИМЕВСКИ д-р Славко и ТЕРЗИОСКИ Растислав, ИСПИСИ од Архивот на СИП, Скопје, 1962, 154. (Изводоци на документи во ИНИ).
   - ДОКУМЕНТИ за дејноста на бугарските владици во Македонија до 1912 година, Скопје, с.а. 259 (Изводоци на документи во ИНИ).
   - КИРОВ -МАЙСКИ Никола, Леринско въ моитѣ спомени и преживѣлици презъ учебната 1902/3 и 1905/6 година.- (Материјали за историјата на македонското освободително движение), Софија, 1943, 145 (Ракописи во ИНИ).
   - ЛОЗАНЧЕВЪ Анастасъ, Спомени , Софија , 1936 (Ракописи ИНИ

- ПЕТРОВ - РУСИНСКИ Никола, Спомени (Ракописи во ИНИ).
- ПЕТРОВ - РУСИНСКИ Никола, Революционни борби въ Охридско и Струшко, с.а. 1941, 66 (Ракописи во ИНИ)
- ЌАМИЛОВ Киро, Материјали од Битолската митрополија - коментари (Ракописи во ИНИ)
- ШАЛДЕВ Христо, Спомени,с.а., с.а., 15о (Ракописи во ИНИ)


Б) ОБЈАВЕНИ АРХИВСКИ И ДРУГИ МАТЕРИЈАЛИ


- АПОСТОЛОВ д-р Александар, Еден нов документ за положбата на Македонија кон крајот на XIX и почетокот на XX век, Г-ИНИ, VII/1, Скопје, 1963,247-267.
- АРНАУДОВЪ М., Константинъ Стоиловъ и Българската Екзархия въ 1882 год., Годишникъ на Соф. университет, XXXXVII/194о-41, София, 1941, 3-23.
- АРНАУДОВЪ М., Къмъ историята на Българската Екзархия, I. Документи отъ 1881 до 189о год., Годишникъ на Соф., университет, том XL, год.1943-1944, София, 1944,27-15о.
- ВЪСТАНИЧЕСКО движение въ Югозападна Македония (до 19о4 год.)
- По спомени на Славејко Арсов, София, 1925.
- Герчевъ Христо, Сръбски признания за Македония, Сборник: Македанскиятъ въпросъ, кн. 7, София, 1918, 1-54.
- (ГРУИЌ Сава), Како је постала Бугарска Егзархија, Београд, 1897,.
- ДИМЕВСКИ д-р Славко, Дипломатската активност околу разрешувањето на црковното прашање во Македонија (1897-1898),Г-ИНИ, IX/1. Скопје, 1965, 257-28о.

- ДИМЕВСКИ Славко, Скопскиот училишен бунт од 1905, Разгледи, XII/1, Скопје, 1970, 94-103.
- ДИМЕВСКИ, Славко, Преписка за преговорите на Скопскиот митрополит Теодосиј со Римокатоличката црква за обновата на Охридската архиепископија, Разгледи, XIII/1, Скопје,1971,112-122.
- ДИПЛОМАТСКА преписка Краљевине Србије, књ.прва (1 јануар 1902 1 јуна 1903), Београд, 1933.
- DOKLESTIĆ Ljubiša, Kroz historiju Makedonije.- Izbrani izvori, Zagreb 1964.
- ДОРЕВЪ Панчо, Костурско въ македонската революция. Официални документи изъ тайнитѣ турски архиви на Великото везирство и на Хилми паша, София, 1937.
- ДОРЕВЪ Панчо, Документи за българската история. IV-Документи изъ турскитѣ държавни архиви (1863-1909), София, 1942,308.
- ЕГЗАРХИСКИ протоколи за премин на македонски села од Патриаршијата во Егзархијата (1896-1900), 6 (Ракописи во ИНИ).
- ЗОГРАФСКИ Данчо, Македонскиот таен револуционерен комитет и "Отм'штение", Скопје, 1954.
- ЗОГРАФСКИ Данчо, Извештаи од 1903-1904 година на Австриските претставници во Македонија, Скопје, 1955.
- ЗОГРАФСКИ Данчо, Неколико докумената о приликама и догађајима у Македонији 1903 годима, Архивист,III/1-2, Београд,1955, 5-17.
- КАТАРЏИЕВ Иван,Два документи од втората половина на XIX век за историјата на школството во Македонија, Просветно дело, X/7-8, Скопје, 1954, 417-422.

- КАТАРЦИЕВ Иван, Еден документ за школската пропаганда во Македонија, Г-ИНИ, I/1, Скопје, 1957, 293-314.
- КАТАРЦИЕВ Иван, Прилог кон проучувањето положбата на ВМРО по Илинденското востание. Записник на Вториот конгрес на Солунскиот револуционерен округ, Г-ИНИ,IX/1, Скопје,1965,231-251
- КЪМЪ БОРБИТѢ въ Югозападна Македония. Революционните действия въ Битолско и Леринско, Спомени на Георги Поп Христовъ, София, 1926.
- ЛАПЕ Љубен, Нови документи за Илинденското востание, во книгата: Илинденски зборник 19о3-1953, Скопје, 1953,3-151.
- ЛАПЕ Љубен, Извештаи од 19о3 год. на српските конзули, митрополити и училишни инспектори во Македонија, Скопје, 1954.
- ЛАПЕ Љубен, Протоколи на заседанијата на Прилепската општина (1872-1886), Скопје , 1956 .
- ЛАПЕ Љубен Документи за положбата во Македонија и во Организацијата во првата половина од 19о4 год., Г-ИНИ,V/2,Скопје, 1961, 245-277.
- ЛАПЕ Љубен, Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ, II дел, Скопје, 1965.
- ЛАПЕ Љубен, Спомени на Даме Груев. По повод 1оо години од неговото раѓање, Историја,VII/2, Скопје, 1971,192-2о9.
- ЛАПЕ Љубен, Ехото на Илинденските настани во извештаите на српските дипломатски претставници во Бугарија,Г-ИНИ,XVII/2, Скопје, 1973, 185-235.
- МАКЕДОНИЯ и Одринско (1893-19о3). (Мемоари на Вѫтрѣшната организация, София, 19о4.
- МАТЕРИЯЛИ за историята на македонското освободително движение,

Кн.4, Спомени на Лазаръ Димитровъ за борбитѣ въ Дебарско, Софиѧ, 1926.

- МИТРЕВ Анастас, Мемоари, огледи, статии (Избор , превод , предговор и редакција д-р Манол Пандевски).- Скопје,1974.
- ОДБРАНИ статии за работничкото и социјалистичкото движење во Македонија (1895-1914), Скопје, 1962.
- ОСВОБОДИТЕЛНИТЕ борби въ Костурско (до 19о4 год.). По спомени на Пандо Клѧшевъ, Софиѧ, 1925.
- ПЛАМЪКЪТ на Солунскиѧ светилник.- Сборник од статии,спомени, документи и други материали по случай 9о години от създаването на Солунската българска гимназиѧ и 5о години от съществуването й в Благоевград) Софиѧ, 197о.
- РЕВОЛЮЦИОННАТА борба въ Битолскиѧ окрътг, Спомени от Георги П. Христов, (Софиѧ ,1953).
- СБИРКА отъ документи за уредбата и духовните правдини на Българската екзархиѧ, Цариградъ, 1919.
- СПОМЕНИ на Дамѧнъ Груевъ, Борисъ Сарафовъ и Иванъ Гарвановъ Софиѧ, 1927.
- СПОМЕНИ на Ѓорче Петров, Скопје, 195о.
- СТАТИСТИКА НА българските училища въ Европейска Турциѧ(Македониѧ и Одринско) за 1894/5. учебна година, Пловдивъ, 1896.
- СТАТИСТИКА на българските училища въ Европейска Турциѧ презъ учебната 19о7-19о8 год., Солунъ, 191о.
- ТАТАРЧЕВЪ Христо, Първиѧтъ централенъ комитетъ на ВМРО. Спомени на д-р Хр. Татарчевъ , Софиѧ, 1928.
- ТОМОСКИ Томо, Документи од Виенската архива за Македонија од 1879-19о3, Скопје, 1955.
- ЦЪРКОВЕНЪ Архивъ, Книга I и II, Софиѧ, 1925.

### В. ЕЛАБОРАТИ ВО ИНИ


- ДИМЕВСКИ Славко, Македонското национално-ослободително движење на Егзархијата, Скопје, 1961, 176.
- ДИМЕВСКИ д-р Славко, Просветните прилики во Македонија во втората половина на XIX век, Скопје, 1965,232.
- КАТАРЏИЕВ Иван, Создавање и развој на школството во Македонија и пропагандите, Скопје, с.а., 26.
-


## II. ПЕРИОДИКА ( весници и списанија)


- Балканъ, София, 19о3
- Борба, София, 1897-1899.
- Сп. Българска сбирка, Пловдивъ, 1894.
- Весник на Македонската православна црква, Скопје, 196о-1975.
- Вести, Цариградъ, 1899-19о9
- Глас Македонски , София, 1897-1898.
- Дѣло , София, 19о2.
- Единство , Солунъ, 19о8
- Зорница , Цариградъ, 1869-1894.
- Сп. Илюстрация Илинденъ, София, 1927-1943.
- Конституционна заря , Солунъ, 19о8.
- Куриеръ, София, 19о4.
- Македония, Цариградъ,1871.
- Македонски прѣгледъ, София, 19о5.
- Сп. Македонски глас (Македонскiй Голосъ/- Орган на привврзаниците на независна Македонија 1913-1914, Скопје, 1968.
- Сп. Македонски прѣгледъ, София, 1924-1933.

- Македонски вести , София, 1933-1935
- Македоно-Одрински Прѣгледъ, София, 1906
- Нова Македонија, Скопје, 1945-1975.
- Новини , Цариградъ, 1892-1911.
- Политическа свобода , Орган на македонските социјалисти револуционери , София, 1898.
- Право, Цариградъ, 1869-1873
- Право , София, 1894-1901.
- Прогресъ, София, 1900
- Революция, Орган на македонските револуционери , София, 1895.
- Революционенъ листъ, София, 1904-1906
- Реформи, София, 1905.
- Сп. Свято дѣло, Кюстендилъ, 1903
- Църковенъ Вѣстникъ, София, 1900-1906.


## III. ЛИТЕРАТУРА


- АБАЏИЕВ Ѓорѓи, За училишната политика на Бугарската егзархија во Јужна Македонија, Просветно дело, VII/4-5, Скопје,1951.
- АЛБУМЪ- АЛМАНАХЪ "Македония ", София , 1931
- АМФИТЕАТРОВ А В., Македонија во 1901 година. (Извадоци од книгата "Земја на раздорот" објавена 1903 год.), Нова Македонија, XXVII,Скопје,6.V.1971 до 22.V.1971 год.
- АНДОНОВ - ПОЛЈАНСКИ Х., Околу прашањето за ненаучното толкување на македонската историја и проблемот на "Сан-Стефанска Бугарија", Историја, IV/1, Скопје,1968,131-150.
- АНДОНОВ - ПОЛЈАНСКИ Х., Гоце Делчев во спомените на современиците, Скопје, 1963,340.

- АНДОНОВ - ПОЛЈАНСКИ Х., Македонското прашање низ страниците на "Глас Македонски" од 1898 година, Историја, V/2, Скопје, 1969, 151-16о.
- АНДОНОВ - ПОЛЈАНСКИ Х., Гоце Делчев, том I до IV, Скопје, 1972
- АНДОНОВ - ПОЛЈАНСКИ Х., Велика Британија и Македонското прашање на Париската мировна конференција во 1919, Скопје, 1973, 167.
- АНДОНОВСКИ Христо, Вистината за Егејска Македонија, Скопје, 1971, 252.
- АНКЕТА на Балканахъ. Докладъ представенни дирекціи " Dotation Carnegie " членамй анкетнои комисіи , Софиѣ, 1918, 48.
- ANCEL Jacques, Peuples et des Balkans - Géographie politique, Paris, 193o, 22o.
- ANCEL Jacques, L'unite de la politique Bulgare 187o-1919, Paris, 1919, 75.
- АРНАУДОВЪ М., Екзархъ Йосифъ и българската културна борба следъ създаването на Екзархиѣта (187о-1915), том първи , Софиѣ, 194о, 666.
- АРНАУДОВЪ, М., Българското възраждане , Софиѣ, 1941, 19о
- АРНАУДОВЪ М., Творци на българското възраждане, Софиѣ, 1942.
- АРНАУДОВЪ М., Живот и дейност на Екзарх Йосиф , Софиѣ, 1965, 3о4.
- АРНАУДОВЪ Михаил, Творци на българското възраждане. Поети и герои, том II, Софиѣ, 1969, 5о7.
- АТАНАСОВ Йордан, Пере Тошев, Съюз на македонските културно-просветни дружества в България , Софиѣ, 1973, 37.

- АТАНАСОВ Йордан, Гьорчо Петров, съюз на македонските културно-просветни дружества в България, София, 1969, 37.
- БАДЕВЪ Йордан, Даме Груев . Живот и дѣло, София, 1943, 164.
- БАЛКАНСКИ Марко, Страници отъ политическото ни възраждане, София, 19о4, 483.
- БАЛКАНСКИ П., Српски народ у скопској епархији, Београд, 1899
- БАЖДАРОВЪ Г., Духот на Македония, София, 1923.
- БЕЛЕЖИТИ Българи 1879-1923, IV том, София, 1971.
- БИТОСКИ д-р Крсте, Дејноста на Пелагониската митрополија (1878-1912). Грчки религиозно-просветни и вооружени акции, Скопје, 1968.
- БИТОСКИ д-р Крсте, Отпорот на Македонците против асимилаторските стремежи на грчката вооружена пропаганда (1878-19о8), JIČ br.4, Beograd, 1969, 125-128.
- БЛАГОЕВ Димитар, Сьчинения, т.8, 1оо-1о3.
- БЛАГОЕВ Димитар, Принов кьм история социализма в България, Москва, 1944.
- БОРБЧЕВ С.С., Письма о Македонiи и македонском вопросѣ, София, 1889), 84.
- BRANCOFF M.D., La Macédoine et sa population chrétienne, Paris, 19о5, 257.
- БРѣЗИЦОВ Д. Христо, Екзарх Йосиф I, София, 1973, 214.
- БУРМОВ Т., Българо-грецката църковна распра, София, 19о2.
- БЪЛГАРСКАТА Екзархия, Кратка българска енциклопедия, том I 4о7 .
- ВАРДАРСКИ (Петар Поп Арсов), Стамболовщината въ Македония и нейнитѣ прѣдставители, Виена, 1894, 64.
- ВЛАХОВ Димитар, Моменти од историјата на македонскиот народ,

Скопје, 195о, 646.

- ГИМНАЗИЈАЛНО образование во Битола, Битола, 1965, 182.
- ГРУЈИЌ Р., Егзархијска црква у Јужној Србији, Енциклопедија Ст. Станоевиќ, Књига I, 7о4.
- ДИМЕВСКИ Славко, Некои моменти од борбата на Велешкото граѓанство со Егзархијата, Г - ИНИ, III/1, Скопје, 1959, 173-196.
- ДИМЕВСКИ Славко, Битолскиот училишен бунт во 1899 година, Просветно дело, XV/1-2, Скопје, 1959, 44-51.
- ДИМЕВСКИ Славко, Просветната политика на Егзархијата и училишните бунтови во Македонија, Скопје, 196о, 1оо.
- ДИМЕВСКИ Славко, Некои моменти од антиегзархиското движење до создавањето на ВМРО, Г-ИНИ, V/2, Скопје, 1961,179-2оо.
- ДИМЕВСКИ Славко, Македонското националноослободително движење и Егзархијата (1893-1912), Скопје, 1963, 1о9.
- ДИМЕВСКИ д-р Славко, Црковните борби во Кумановско во 9о-те години на XIX век, Г-ИНИ, VIII/2, Скопје, 1964,1о9-144.
- ДИМЕВСКИ д-р Славко, Црковна историја на македонскиот народ, Скопје, 1965, 23о.
- ДИМЕВСКИ д-р Славко, Митрополитот Скопски Теодосиј - живот и дејност (1846-1926), Скопје, 1965, 2о5.
- ДИМЕВСКИ д-р Славко, Создавањето, структурата и компетенциите на македонските црковно-школски општини, Г-ИНИ, XIX/1, Скопје, 197о, 35-54.
- ДИМОВСКИ -ЦОЛЕВ Ѓорѓи, Ѓорѓи Сугарев - живот и дело, Битола, 1968, 1о4.
- ДИНЕВ Ангел, Илинденската епопея, I том, София, 1945,45о.

- ДИНЕВ Ангел, Илинденската епопеја, Скопје, 1949,558.
- ДОКЛЕСТИЌ д-р Љубиша, Српско-македонските односи во 19 век до 1897 година, Скопје, 1973,515.
- ДОРОВСКИ Иван, Фаитовиот придонес за познавањето на Македонија, Историја, VIII/1, Скопје, 1972, 85-1o9.
- DOROVSKI Ivan, Česke zeme a Balkán kapitoly z déjin česko-makedonsých a makedonsko-českých stukú , spisy University J.E. Purkyné u Brně , Filosofská fakulta, č.196,236
- DRAGANIF , La Macédoine et les Reformes, Paris, 1906,326.
- ЕДИНЪ МАКЕДОНЕЦЪ (Петар Бошнаков), Българската пропаганда въ Македониѩ и Одринско, Софиѩ, 19o2, 32.
- ЗОГРАФСКИ Д., Ѓ. Абациев, А. Митрев и М. Керамитчиев, Егејска Македонија во нашата национална историја, Скопје, 1951, 391.
- ZOGRAFSKI Dančo, Proces konstituisanja makedonske nacije, JIČ, br.4, Beograd, 1969, 1-12.
- ИВАНОВ Ив., Положението на Българитѣ въ Македониѩ, Софиѩ, 1895.
- ИВАНОСКИ Орде, Балканските социјалисти и македонското прашање од 9o-те години на XIX век до создавањето на третата Интернационала , Скопје, 197o, 438.
- ИВАНОСКИ д-р Орде, "Револуција" и "Политическа свобода" први македонски социјалистички весници, во зборникот: Počeci socijalističke štampe na Balkanu, Beograd, 1974, 2o5-222.
- ИВАНИЌ Иван, Из црквене историје Срба у Турској у XVIII и XIX веку, Београд и Нови Сад, 19o2, 157.
- ИЛИЕВСКИ Доне, Автокефалноста на македонската православна црква, Скопје, 1972, 242.

- ИЛИНДЕНСКО - преображенско въстание 1903-1968, София, 1968, 459.
- ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД, книга втора, Скопје, 1969, 453.
- ЈОВАНОВИЌ - КОЦА Алекса, Постанак Егзархије Турска, Русија и Србија, Скопље, 1936.
- КАНДИЛАРОВЪ Ст. Георги, Българскитѣ гимназии и основни училищта въ Солунъ, София, 1930, 200.
- КАРАПЕТРОВ П.П., Сбирка отъ статии, Срѣдецъ, 1898, 391.
- КАРДЕЛ Едвард, Развој на словенечкото национално прашање, Скопје, 1959, 517.
- КАНТАРЏИЕВ д-р Ристо, Македонското преродбенско училиште, Скопје, 1965, 226.
- КАТАРЏИЕВ Иван, Македонизирање на градовите во Источна Македонија во XIX век, Разгледи II/3, Скопје, 1959, 290-297.
- КАТАРЏИЕВ д-р Иван, Серската област (1780-1879) Економски, политички и културен преглед, Скопје, 1961, 322.
- КАТАРЏИЕВ д-р Иван, Серскиот округ од Кресненското востание до Младотурската револуција. Национално-политички борби, Скопје, 1968, 465.
- КАТАРЏИЕВ Иван, Создавање на Македонскиот комитет во Софија и неговата акција 1895 година во Источна Македонија, Г-ИНИ, IX/2, Скопје, 1965, 71-112.
- КИРИЛ патриарх български, Натанаил митрополит Охридски и Пловдивски (1820-1906), София, 1952.
- КИРИЛ патриарх български, Граф Н.Г. Игнатиев и българският църковенъ въпрос, София, 1958.
- КИРИЛ патриарх български, Екзарх Антим (1816-1888), София,

1956.

- КИРИЛ патриарх български, Авксентий Велешки , София, 1965,32.
- КИРИЛ патриарх български , Българската Екзархия в Одринско и Македония след освободителната война 1877-1878, том първи 1878-1885, книга първа , София, 1969, 751.
- Кирил патриарх български , 100 години от учредяването на Българската Екзархия. Сборник статии под редакция на академик Кирил патриарх български, София, 1971, 352.
- КИРИЛ Патриарх български , Българското население в Македония в борбата за създаване на Екзархията, София, 1971.
- КОЛИШЕВСКИ Лазар, Историја, стварност , аспирација, Скопје, 1958, 89.
- КОЛИШЕВСКИ Лазар , Аспекти на македонското прашање, Скопје, 1962, 534.
- КОНЕСКИ Блаже , Македонските учебници од 19 век.-Еден прилог кон историјата на македонската преродба, Скопје, 1949,99.
- КОПРОВСКИ Љупчо, Неколку белешки за училишната политика на Екзархијата во Македонија во втората половина на минатиот век, Просветно дело, бр.5-6, Скопје, 1956,280-296.
- КЪНЧОВ Васил, Избрани произведения, том I, София, 1970,533 и том II, София, 1970, 679.
- КЪОСЕВ Г. Дино, Борбите на македонския народ за освобождение, София, 1950.
- КЪОСЕВ Г. Дино, История на македонското национално революционно движение (София, 1954).
- ЛАПЕ Љубен, Никола Петров Русински како извор на раниот период од ширењето на социјалистичките идеи во Македонија, Исто-

рија, V/2, Скопје, 1969, 31-42.

- MACH Von Rishard , Macedonishe Frage, Wien 1895,66
- MACH Von Rishard, Aus Bewegter Balkanzeit 1879-1918, Berlin,1928, 274.
- МАРТЫНЕНКО А.К. Русско -болгарские отношения в 1894-19о2 гг., Киев, 1967.
- МИЛАДИНОВА - Алексиевна Царевна, Епоха, земя и хора , София, 1939.
- МИЛИКОВЪ Тодоръ, Антимъ, първи българ. екзархъ, Пловдивъ,1899.
- МИСИРКОВ Крсте, За македонцките работи , Скопје, 1946,123.
- МИШЕВЪ Д., Начало на българската пробуда , София, 1925,27.
- МИШЕВЪ Д., Македония въ своето културно-просветно развитие, Ил. Илинденъ, год. XII, кн.1/111 , София, 194о, 13-15.
- НЕГОВО БЛАЖЕНСТВО Българский Екзархъ. Глава ли е на българската църква ? София, 1911, 35.
- НОВАКОВИЌ Коста, Македонија на Македонците ! Земјата на земјоделците , Скопје, 1959.
- НИКОВ Петър, Възраждание на Българския народ . Църковно-национални борби и постижения, София, 1971, 4о2.
- О.М. и Б., Погледъ върху дѣятелностьта на българската Екзархия. 1877-19о2 г. (По поводъ на 25-годишния юбилей на Н.Блаженство Българский Екзархъ Йосифъ I), Leipzig, 19о2,166.
- ПАЛАТОШ Эмиль , Из дипломатической истории македонского вопроса на исходе XIX века, Budapest, 1963.
- ПАНДЕВСКИ Манол, Обиди на ВМРО за воспоставување на внатрешни и надворешни врски во текот на Илинденското востание, Г-ИНИ, III/2, Скопје, 1959, 47-68.

- ПАНДЕВСКИ Манол, Политиката на бугарското кнежевство спрема македонското ослободително движење и бугарско-турските односи (1903-1904), Г-ИНИ, V/2, Скопје, 1961, 125-164.
- ПАНДЕВСКИ Манол, Учителското движење во Македонија (1893-1912 Скопје, 1962, 167.
- ПАНДЕВСКИ д-р Манол, Внатрешната македонска револуционерна организација во борба за национално-политичко единство на македонските маси во периодот до Илинденското востание ,Г-ИНИ XII/2, Скопје, 1968, 47-90.
- ПАНДЕВСКИ Манол, Револуционерно ослободителното движење од крајот на XIX и почетокот на XX век како повисока фаза во македонскиот национален развиток, JIČ, br.4, Beograd, 1969, 120-125.
- ПАНДЕВСКИ д-р Манол и Ѓорѓи Стоев - Трнката, Струмица и Струмичко низ историјата, Струмица, 1969, 592.
- ПАНДЕВСКИ д-р Манол, Националното прашање во македонското ослободително движење (1893-1903), Скопје, 1974, 318.
- ПАНОВ Бранко, Црковно-просветните борби во Струмичко во XIX век, Г-ИНИ, III/2,Скопје, 1969, 82-120.
- ПЕТРОВ Ѓорче, Македонското ослободително дело, - приредил: д-р Гане Тодоровски, Скопје, 1971, 227.
- РАДЕВЪ Симеон , Македония и българското възраждание въ XIX век, Частъ III, София , 1928.
- РАДЕВ Симеон, Рани спомени , София, 1969, 336.
- РИСТОВСКИ д-р Блаже, Крсте П.Мисирков (1874-1926), Скопје, 1966.
- (РУМЕНОВ Вл.), Положението на българщината въ Скопската

епархия и дѣятелиността на сърпската пропаганда , (София , 1901).

- СИЛЯНОВЪ Христо, Освободителнитѣ борби на Македония , том I, София, 1933, и том II, София, 1943, 568.
- СОЛАРОВЪ К., Българи и македонският въпрос , София,1925.
- СТОЈАНОВ Петар, Петар Поп Арсов во национално-револуционерното движење на македонскиот народ (1868-1919), Скопје, 1963, 155.
- СТОЈАНОВ д-р Петар, Македонија во време на Балканските и Првата светска војна (1912-1918), Скопје, 1969, 451.
- SCHEFER , Das Bulgariscge Eharchat und Macedoinsche, Kirchenstreit , 1909.
- ТАШКОВСКИ Драган, Раѓање на македонската нација, Скопје, 1967, 295.
- ТЕПЛОВЪ В., Греко - болгарскій церковный вопросъ по неизданнымъ источникамъ, С. Петербургъ, 1889.
- ТОДОРОВСКИ д-р Глигор, Малореканскиот предел. - Општествено-економски и просветни прилики во периодот од 80-те години на XIX век до крајот на Првата светска војна, Скопје, 1970,439.
- ТОДОРОВСКИ Гане, Пет писма на Коне Самарџиев до Димитар Ризов од 1888/9 год., Разгледи, VI/4, Скопје, 1963,408-426.
- ТОДОРОВСКИ Гане, Претходниците на Мисирков , Скопје, 1968,198.
- ТОДОРОВСКИ Гане, Прилози кон проучување животот и делото на Ѓорче Петров, Год. на Ф.Ф., кн.23, Скопје, 1971,197-216.
- ТОДОРОВСКИ Гане, Трактат за сонцељубивите, Скопје, 1974 .
- ТРУБЕЦКОЙ Григорий , Руската политика на изток (Българската схизма), превел Сл. Д. Мишев , София, 1910, 54.

- ХАЏИ ДИМОВ Димо, Македонското прашање. Одбрани статии, Редакција и предговор д-р Гане Тодоровски, Скопје,1974,232.
- ХАЏИ ВАСИЉЕВИЌ Јован, Јужна стара Србија - Историска, етнографска и политичка истраживања.-Кумановска област, Књига прва Београд,1909, 528.
- ХАЏИ ВАСИЉЕВИЌ д-р Јован, Бугарска екзархија и њен утицај на Балканске словене Београд, 1913, 30.
- ХАЏИ ВАСИЉЕВИЌ Јован, Просветне и политичке прилике у Јужним српским областима у XIX в., Београд, 1928, 457.
- ХАЏИ ВАСИЉЕВИЌ д-р Јован, Патриаршисте и егзархисте у Скопској епархији, Београд, 1938, 41.
- ХЕРМАН Вендел, Бугари и Македонско питање, с.а.,с.а., 108.
- ХЕРМАН Вендел, Борба Југословене за слободу и јединство, Београд, с.а. 744.
- ХРИСТОВ д-р Александар , Задграничното претставништво на ВМРО. (Осврт на документи од дејноста на задграничното претставништво во Софија), Годишник на Правниот факултет во Скопје, 1972, 59-82.
- ХРИСТОВ Христо,Българските общини през възраждането, София, 1973,250.
- ШАТЕВЪ П. Павел , Въ Македонія подъ ропство. Солунското съзаклетие (1903), София, 1943.
- ШОПОВЪ А., Материяли за българското възраждание въ Македония. Средецъ,1885.
- ШОПОВЪ А., Изъ живота и положението на Българитѣ въ вилаетитѣ, Пловдивъ, 1893.
- ЙОСИФЪ I Екзархъ български (1877-1902). Юбилеенъ сборникъ, София, 1940.

# Објаснение на кратенките

А.е. - архивска единица

А-ИНИ -Архивско одделение на Институтот за национална историја

АМ - Архив на Македонија

Б.м. - белешка моја

БЦОБ - Бугарска црковна општина Битола

БЦОД - Бугарска црковна општина Дебар

В. - весник

ВМОРО - Внатрешна македоно-одринска револуционерна организација

Г-ИНИ - Гласник на Институтот за национална историја

Ил. Илинден - Илюстрация Илиденъ

ИНИ - Институт за национална историја

КАН - Кратовско архиерејско намесништво

МФ - микрофилм

ППО - Политичко просветно одделение

СБМ - Скопска бугарска митрополија

СИП - Секретаријат иностраних послова

Соф. - София

Ск. - Скопје

Сп. - списание

ТАН - Тетовско архиерејско намесништво

ТМОРО - Тајна македоно-одринска револуционерна организација

Ц.д. - цитирано дело

ЦДИА - Централен државен исторически архив.

А Н Е К С   К О Н

Т Е М А Т А



ЕГЗАРХИСКА ЈУРИСДИКЦИЈА
ВО МАКЕДОНИЈА
Размер 1:1000000
СКОПСКА ЕГЗАРХИСКА ЕПАРХИЈА
ВЕЛЕШКА ЕГЗАРХИСКА ЕПАРХИЈА
ОХРИДСКА ЕГЗАРХИСКА ЕПАРХИЈА
НЕВРОКОПСКА ЕГЗАРХИСКА ЕПАРХИЈА
ПЕЛАГОНИСКА (БИТОЛСКА) ЕГЗАРХИСКА ЕПАРХИЈА
СТРУМИЧКА ЕГЗАРХИСКА ЕПАРХИЈА
ДЕБАРСКА ЕГЗАРХИСКА ЕПАРХИЈА
СЕДИШТЕ НА ЕГЗАРХИСКА ЕПАРХИЈА
СЕДИШТЕ НА АРХИЕРЕЈКО НАМЕСНИШТВО
ЦРКОВНО-УЧИЛИШНА ОПШТИНА
СКОПСКА ЕПАРХИЈА
ДЕБАРСКА ЕПАРХИЈА
ОХРИДСКА ЕПАРХИЈА
ПЕЛАГОНИСКА ЕПАРХИЈА
СТРУМИЧКА ЕПАРХИЈА
М. НАГОРИЧАНЕ
КУМАНОВО
СКОПЈЕ
КАТЛАНОВО
СВ. НИКОЛЕ
ТЕТОВО
ГОСТИВАР
ГАЛИЧНИК
ЛАЗАРОПОЛЕ
КИЧЕВО
БРОД
СТРУГА
ОХРИД
ОТЕШЕВО
ПОДГРАДЕЦ
КОРЧА
ЛЕРИН
НЕВЕСКА
КЛИСУРА
КОСТУР
ХРУПИШТА
КАЈЛАР
КОЖАНИ
СЕРФИЏЕ
ВОДЕН
НЕГУШ
СТАВРОС
БЕР
ЕНИЏЕ ВАРДАР
ГУМЕНЏА
ФУШТАНИ
КАРАСУЛЕ
КУКУШ
ГЕВГЕЛИЈА
БОГДАНЦИ
ДОЈРАН
ВАЛАНДОВО
КАВАДАРЦИ
ПЕТРИЧ
СВ. ВРАЧ
МЕЛНИК
ДЕМИР ХИСАР
Д. ЏУМАЈА
ПРОСЕНИК
СЕРЕЗ
НИГРИТА
ЛАГАДИНА
СОЛУН
ДАФИНИ
ПОДГОРЈАНИ
ПРОСЕЧЕН
ДРАМА
ПРАВИШТА
КАВАЛА
КСАНТИ




Размер 1 : 1000000

УЧЕНИЦИ ВО ШКОЛИТЕ

ЕГЗАРХИСКИ

ПАТРИЈАРШИСКИ

ВЛАШКИ

СРПСКИ

## ПРОСВЕТНИТЕ ПРИЛИКИ ВО МАКЕДОНИЈА ВО 1902 ГОДИНА

КАРТАТА И БРОЈЧАНИТЕ ПОДАТОЦИ СЕ ИЗРАБОТЕНИ ВРЗ ОСНОВА НА ТРУДОТ ОД D. M. BRANCOFF, LA MACÉDOINE ET SA POPULATION CHRÉTIENNE, PARIS, 1905., КАРТА БР. 2.

Табеларен преглед број 1

# ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД ЗА БРОЈОТ НА МАКЕДОНСКОТО ЕГЗАРХИСКО НАСЕЛЕНИЕ И ПРОСВЕТА ЗА ВРЕМЕНСКИОТ ПЕРИОД 19о2-19о4 ГОД. *

| | Население | | | | | | Егзархиска просвета | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Егзархисти | Патриаршисти: Гркомани | Патриаршисти: Србомани | Унијати | Протестанти | Вкупно население | Основни училишта | Класни училишта | Учители и професори | Вкупно ученици |
| **Кукушка каза со 51 егзархиско село** | | | | | | | | | | |
| Кукуш | 9.712 | - | 4о | 592 | 16 | 1о.36о | 2 | 1 | 9 | 58о |
| Долно Тодорак | 1.24о | - | - | - | 8о | 1.32о | 1 | - | 1 | 44 |
| Драгомирци | 616 | - | - | + | - | 616 | 1 | - | 1 | 44 |
| Грамадна | 8оо | - | - | - | - | 8оо | 1 | - | 1 | 47 |
| Морарци | 1.6оо | - | - | - | - | 1.6оо | - | - | - | - |
| Матулово | 1.344 | - | - | - | - | 1.344 | 1 | - | 1 | 78 |
| ВКУПНО: | 28.168 | 376 | 264 | 848 | 96 | 29.752 | 32 | 1 | 39 | 1.299 |
| **Дојранска каза со 2о егзархиски села** | | | | | | | | | | |
| Дојран | 2.о72 | 1.о4о | 16о | | | 3.272 | 1 | 1 | 9 | 345 |
| Пирава | 36о | | | | | 36о | 1 | | 1 | 18 |
| Фурка | 52о | | | | | 52о | | | | |
| Валандово | 321 | 65о | | | | 872 | 1 | 2 | 2 | 34 |
| ВКУПНО: | 6.288 | 1.6оо | 16о | 384 | - | 8.432 | 11 | 1 | 21 | 615 |
| **Енице Вардарска каза со 41 егзарх.село** | | | | | | | | | | |
| Енице- Вардар | 2.8оо | 2.8оо | 24о | 32о | 8о | 6.24о | 1 | 1 | 7 | 27о |
| Варовица | 1.28о | | | | | 1.28о | 1 | | 1 | 33 |
| Гуменце | 2.56о | 2.44о | | | | 5.ооо | 1 | 1 | 6 | 274 |
| Крива | 1.6оо | | | | | 1.6оо | | | | |
| Оризари | 48о | | | | | 48о | 1 | | 1 | 48 |
| Петрово | 928 | | | | | 928 | | | | |
| Постол (Пела) | 72о | | | | | 72о | | | | |
| Тумба | 672 | | | | | 672 | 1 | | 1 | 46 |
| ВКУПНО: | 2о.о8о | 1о416 | 24о | 32о | 8о | 31.136 | 15 | 2 | 26 | 877 |

* Табеларниве податоци ги направивме спрема книгата на D. BRANCOFF, La Macédoine et sa population chrétinne, Paris. 1905, 257.

Тиквешка каза со 66 егзархиски села

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Кавадарци | 3.04o | - | - | - | 16 | 3.056 | 1 | 1 | 9 | 33o |
| Неготино | 2.728 | | | | | 2.728 | 1 | 1 | 6 | 22o |
| Градец | 712 | | | | | 712 | 1 | | 1 | 23 |
| Ваташа | 1.88o | | | | | 1.88o | 1 | 1 | 4 | 176 |
| ВКУПНО: | 25.848 | | | | 16 | 25.864 | 15 | 3 | 31 | 971 |

Струмичка каза со 4o егзархиски села

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Струмица | 1.8oo | 4.44o | | | 144 | 6.384 | 3 | 2 | 18 | 359 |
| Барбарево | 56o | | | | | 56o | 1 | | 1 | 15 |
| Дабилjа | 584 | | | | 8 | 584 | 1 | | 1 | 24 |
| Моноспитово | 976 | | | | 184 | 1.16o | 1 | | 1 | 78 |
| Муртино | 48o | | | | 1o8 | 68o | 1 | | 2 | 5o |
| Ново Село | 1.28o | | | | | 1.28o | 1 | | 2 | 81 |
| Костурино | 936 | | | | | 936 | 1 | | 1 | 31 |
| ВКУПНО: | 12.736 | 8.992 | | | 624 | 22.352 | 21 | 2 | 38 | 861 |

Разлошка каза со 12 егзархиски села

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Мехомиjа (Разлог) | 4.04o | | | | 16o | 4.2oo | 1 | 1 | 8 | 367 |
| Банско | 9.2oo | | | | 4oo | 9.6oo | 2 | 1 | 8 | 335 |
| Банија | 1.36o | | | | 8o | 1.44o | 1 | 1 | 3 | 1o7 |
| Бачево | 816 | | | | | 816 | 1 | | 1 | 59 |
| Белица | 2.944 | | | | | 2.944 | | | | |
| Добиница | 2.16o | | | | 8 | 2.168 | 1 | | 2 | 84 |
| Елошница | 1.92o | | | | 12o | 2.04o | 1 | | 2 | 1o1 |
| Горна Драглишта | 1.28o | | | | | 1.28o | 1 | | 1 | 39 |
| Јакурда | 2.92o | | | | 1o4 | 3.o24 | 1 | | 3 | 122 |
| ВКУПНО: | 29.32o | | | | 872 | 3o.192 | 13 | 4 | 35 | 1.53o |

Горно-Џумаjска каза со 35 егзархиски села

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Горна Џумаjа | 1.312 | | | | 16 | 1.312 | 1 | 1 | 5 | 143 |
| Бистрица | 1.464 | | | | | 1.464 | 1 | 1 | 2 | 57 |
| Добрава | 536 | | | | | 536 | 1 | | 1 | 23 |
| Градево | 1.84o | | | | | 1.84o | 1 | | 1 | 38o |
| Железница | 1.472 | | | | | 1.472 | 1 | | 1 | 4o |
| Лешко | 1.648 | | | | | 1.648 | 1 | | 1 | 35 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Падеш | 1.6oo | - | - | - | - | 1.6oo | 1 | - | 1 | 39 |
| Србиново | 2.36o | | | | | 2.36o | 1 | 1 | 2 | 6o |
| ВКУПНО: | 25.52o | | | | 16 | 25.536 | 19 | 3 | 25 | 659 |
| Неврокопска каза со 46 егзархиски села | | | | | | | | | | |
| Неврокоп | 1.o16 | 288 | | | | 1.3o4 | 1 | 1 | 6 | 151 |
| Долно Броди | 1.696 | | | | | 1.696 | 1 | | 2 | 92 |
| Гајтаниново | 1.416 | | | | | 1.416 | 1 | | 1 | 74 |
| Велотинци | 1.6oo | | | | | 1.6oo | 1 | | 1 | 84 |
| Ковачевица | 1.728 | | | | | 1.728 | 1 | | 2 | 37 |
| Либјехово | 1.8oo | | | | | 1.8oo | 1 | | 1 | 27 |
| Старчишта | 2.32o | 96 | | | | 2.416 | 1 | | 2 | 79 |
| Т'рлис | 2.24o | | | | | 2.24o | 1 | | 1 | 3o |
| Жирново | 2.36o | | | | | 2.36o | 1 | | 2 | 1o5 |
| ВКУПНО: | 44.2oo | 1.1o4 | | | 4o | 45.344 | 38 | 1 | 52 | 1.743 |
| Скопска каза со 85 егзархиски села | | | | | | | | | | |
| Скопје | 9.832 | 216 | 344 | 48 | | 1o.44o | 9 | 2 | 36 | 1.364 |
| Драчево | 1.o8o | | | | | 1.o8o | 1 | | 2 | 57 |
| Љубанци | 1.o32 | | | | | 1.o32 | 1 | | 1 | 81 |
| Мирковци | 44o | | 456 | | | 896 | 1 | | 2 | 79 |
| ВКУПНО: | 27.257 | 216 | 5.864 | 48 | | 33.384 | 32 | 2 | 61 | 1.954 |
| Велешка каза со 68 егзархиски села | | | | | | | | | | |
| Велес | 13.816 | | 56 | | | 13.872 | 2 | 2 | 23 | 1.o79 |
| Башино Село | 1.2oo | 272 | | | | 1.472 | 1 | | 3 | 98 |
| Бистрица | 1.184 | | | | | 1.184 | 1 | | 1 | 31 |
| Богомила | 152 | 1. o96 | | | | 1.248 | 1 | | 1 | 12 |
| Никодим | 664 | | 368 | | | 1.o32 | | | | |
| Војница | 1.216 | | | | | 1.216 | 1 | | 1 | 5o |
| Извор | 472 | | | | | 472 | | | | |
| ВКУПНО: | 35.48o | 1.368 | 3.28o | | | 4o.128 | 2o | 2 | 44 | 1.586 |
| Тетовска каза со 4o егзархиски села | | | | | | | | | | |
| Тетово | 6.688 | | 1.72o | | | 8.4o8 | 3 | 1 | 16 | 71o |
| Лешок | 488 | | | | | 488 | 1 | | 2 | 44 |
| Теарце | 648 | | | | | 648 | 1 | | 1 | 54 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Валковија | 600 | - | - | - | - | 600 | 1 | - | 1 | 81 |
| ВКУПНО: | 15.760 | | 5.640 | | | 21400 | 15 | 1 | 29 | 1.252 |
| **Гостиварска каза со 25 егзарх.села** | | | | | | | | | | |
| Гостивар | 320 | | 24 | | | 344 | 1 | | 3 | 38 |
| Леуново | 720 | | 120 | | | 840 | 1 | | 2 | 60 |
| Маврово | 840 | | 320 | | | 1.160 | 1 | | 2 | 58 |
| Вратница | 344 | | | | | 344 | 1 | | 1 | 18 |
| Вруток | 480 | | | | | 480 | 1 | | 1 | 35 |
| ВКУПНО: | 22424 | | 11.504 | | | 33.928 | 25 | | 44 | 1.629 |
| **Кумановска каза со 76 егзархиски села** | | | | | | | | | | |
| Куманово | 7.032 | | 1.560 | | | 8.592 | 2 | 1 | 10 | 571 |
| Градиште | 600 | | | | | 600 | 1 | | 1 | 160 |
| Романовце | 400 | | | | | 400 | 1 | | 1 | 32 |
| Старо Нагоричани | 160 | | 1.200 | | | 1.360 | 1 | | 1 | 6 |
| ВКУПНО: | 30.656 | | 8.680 | | | 39.336 | 31 | 1 | 39 | 1.167 |
| **Кратовска каза со 65 егзархиски села** | | | | | | | | | | |
| Кратово | 2.056 | | 232 | | | 288 | 2 | 1 | 11 | 265 |
| Барбарево | 848 | | | | | 848 | 1 | | 1 | 13 |
| Шопско Рудере | 680 | | | | | 680 | 1 | | 1 | 6 |
| Злетово | 280 | | 184 | | | 960 | 1 | | 2 | 64 |
| Страцин | 1.000 | | | | | 1.000 | 1 | | 1 | 29 |
| ВКУПНО: | 19.000 | | 880 | | | 19.880 | 13 | 1 | 23 | 582 |
| **Кочанска каза со 60 егзархиски села** | | | | | | | | | | |
| Кочани | 4.232 | | 64 | | | 4.296 | 2 | 1 | 11 | 243 |
| Блатец | 1.120 | | | | | 1.120 | 1 | 1 | 7 | 103 |
| Пресека | 1.080 | | | | | 1.080 | | | | |
| Виница | 944 | | | | | 944 | 1 | 1 | 6 | 91 |
| Зрновци | 720 | | | | | 720 | 1 | | 2 | 49 |
| Саса | 648 | | | | | 648 | 1 | | 2 | 46 |
| ВКУПНО: | 23.592 | | 1.040 | | | 24.632 | 19 | 3 | 42 | 881 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Штипска каза со 79 егзархиски села** | | | | | | | | | | |
| Штип | 7.744 | - | - | - | - | 7.744 | 2 | 1 | 1o | 524 |
| Неманица | 1.28o | | | | | 1.28o | 1 | | 1 | 3o |
| Ново Село | 3.616 | | | | | 3.616 | 1 | 1 | 9 | 286 |
| Свети Николе | 1.44o | | | | | 1.44o | 1 | 1 | 4 | 133 |
| ВКУПНО: | 24.328 | | | | | 24.328 | 12 | 3 | 31 | 1.126 |
| **Радовишка каза со 32 егзархиски села** | | | | | | | | | | |
| Радовиш | 2.48o | | | | 24o | 2.72o | 1 | 1 | 9 | 282 |
| Дедино | 8oo | | | | | 8oo | 1 | | 1 | 4o |
| Долни Липовиќ | 24o | | | | | 24o | | | | |
| Горни Липовиќ | 584 | | | | | 584 | | | | |
| Инево | 88o | | | | | 88o | 1 | | 1 | 56 |
| Лубница | 48o | | | | | 48o | | | | |
| Подареш | 56o | | | | | 56o | 1 | | 1 | 23 |
| ВКУПНО: | 1o.92o | | | | 32o | 11.24o | 6 | 1 | 14 | 463 |
| **Пехчевска каза со 35 егзархиски села** | | | | | | | | | | |
| Пехчево | 848 | | 16 | | | 864 | 1 | 1 | 8 | 115 |
| Берово | 1.84o | | 1.184 | | | 3.o24 | 1 | | 4 | 126 |
| Будинарци | 64o | | | | | 64o | 1 | | 1 | 46 |
| Каменица | 32o | | | | | 32o | | | | |
| Митрашинци | 1.216 | | | | | 1.216 | 1 | | 1 | 36 |
| Робово | 96o | | | | | 96o | 1 | | 1 | 32 |
| Русиново | 1.752 | | | | | 1.752 | 1 | | 2 | 77 |
| Смојмирово | 76o | | | | | 76o | 1 | | 1 | 52 |
| Владимирово | 2.ooo | | | | | 2.ooo | 1 | 1 | 6 | 12o |
| ВКУПНО: | 18.688 | | 1.2oo | | | 19.888 | 22 | 3 | 41 | 1.o11 |
| **Криво Паланечка каза со 45 егзархиски села** | | | | | | | | | | |
| Крива Паланка | 1.464 | | | | | 1.464 | 1 | 1 | 9 | 199 |
| Градец | 1.12o | | | | | 1.12o | 1 | | 1 | 29 |
| Конопница | 1.168 | | | | | 1.168 | 1 | | 1 | 1o |
| Луке | 1.o8o | | | | | 1.o8o | 1 | | 1 | 17 |
| Огут | 984 | | | | | 984 | 1 | | 1 | 18 |
| Петарница (?) | 1.92o | | | | | 1.92o | 1 | | 1 | 17 |
| Тирново | 1.o8o | | | | | 1.o8o | 1 | | 1 | 16 |
| ВКУПНО: | 23.68o | | 8 | | | 23.688 | 13 | 1 | 21 | 417 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Прилепска каза со 111 ег-зархиски села | | | | | | | | | | |
| Прилеп | 17.085 | - | 240 | - | - | 17.325 | 2 | 2 | 32 | 1.755 |
| Бешишта | 1.280 | | | | | 1.280 | 1 | | 1 | 15 |
| Долнени | 480 | | | | | 480 | 1 | | 1 | 40 |
| Дуње | 1.024 | | | | | 1,024 | 1 | | 1 | 12 |
| Кривогаштани | 680 | | 240 | | | 920 | 1 | | 1 | 37 |
| Плетвар | 456 | | | | | 456 | 1 | | 1 | 33 |
| Сланско | 660 | | | | | 600 | 1 | | 1 | 30 |
| Варош | 1.680 | | | | | 1.680 | 1 | | 4 | 146 |
| Витолишта | 1.320 | | | | | 1.320 | 1 | | 1 | 32 |
| ВКУПНО: | 47.286 | 2.848 | 4.584 | | | 54.718 | 28 | 2 | 61 | 2.479 |
| Дебарска каза со 43 егзархиски села | | | | | | | | | | |
| Дебар | 3.120 | | | | | 3.120 | 3 | 1 | 11 | 309 |
| Луково | 816 | | | | | 816 | 1 | | 1 | 35 |
| Селце | 1.144 | | | | | 1.144 | | | 1 | 33 |
| ВКУПНО: | 13.640 | | 160 | | | 13.800 | 17 | 1 | 25 | 762 |
| Кичевска каза со 66 егзархиски села | | | | | | | | | | |
| Кичево | 1.440 | 32 | 32 | | | 1.504 | 2 | 1 | 7 | 137 |
| Белица | 824 | | | | | 824 | 1 | | 1 | 25 |
| Карабуница | 600 | | | | | 600 | 1 | | | 22 |
| Латово | 480 | | | | | 480 | 1 | | 1 | 18 |
| Локвица | 800 | | | | | 800 | 1 | | 1 | 22 |
| Слатино | 520 | | | | | 520 | 1 | | 1 | 28 |
| Вранештица | 960 | | | | | 960 | 1 | | 1 | 39 |
| ВКУПНО: | 20.224 | 32 | 8.048 | | | 23.304 | 18 | 1 | 23 | 545 |
| Охридака каза со 80 егзархиски села со Охрид и Струга | | | | | | | | | | |
| Охрид и Струга | 7.768 | 168 | 56 | | | 7.992 | 5 | 1 | 23 | 1.047 |
| Ботун | 400 | | | | | 400 | 1 | | 1 | 8 |
| Белчишта | 752 | | | | | 752 | 1 | | 1 | 38 |
| Годивле | 576 | | | | | 576 | | | | |
| Лактиње | 560 | | | | | 560 | 1 | | 1 | 27 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Мешишта | 1.o4o | – | – | – |
| Пештани | 72o | | | |
| Слатино | 1.o4o | | | |
| Врбјани | 64o | | | |
| Велмеј | 784 | | | |
| Велгошти | 1.44o | | | |
| Струга | 3.528 | 56 | | |
| Охтиси | 1.o16 | | | |
| Вевчани | 3.384 | | | |
| ВКУПНО: | 41.928 | 848 | 1.o48 | |
| **Битолска каза со Битола, Ресен, Крушево и со 197 егзархиски села** | | | | |
| Битола | 8.844 | 6.3oo | 72 | |
| Брусник | 456 | 488 | | |
| Добрушево | 384 | | | |
| Логоварди | 48o | | | |
| Обршани | 448 | | | |
| Ресен | 2.o96 | 1.296 | | |
| Дупени | 48o | | | |
| Перово | 6oo | | | |
| Царев Двор | 76o | | | |
| Златари | 432 | | | |
| Подмочани | 688 | | | |
| Јанковец | 1.2oo | 2oo | | |
| Бесвина | 576 | | | |
| Граждино | 4oo | | | |
| Рудари | 36o | | | |
| Герман | 1.16o | | | |
| Лубојно | 744 | | | |
| Крушево | 548 | 776 | 4oo | |
| Пуста Река | 4oo | | | |
| Горно Дивјаци | 4oo | | | |
| Бабино | 48o | | | |
| Брезово | 8oo | | | |
| Големо Илино | 624 | | | |
| Журче | 4oo | | | |
| Слепче | 8oo | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - | 1.040 | 1 | - | 1 | 59 |
| | 720 | | | | |
| | 1.040 | 1 | | 1 | 54 |
| | 640 | 1 | | 1 | 21 |
| | 784 | 1 | | 1 | 33 |
| | 1.440 | 1 | | 2 | 134 |
| | 3.584 | 2 | 1 | 9 | 580 |
| | 1.016 | 1 | | 1 | 63 |
| | 3.384 | 2 | | 3 | 203 |
| | 44.432 | 38 | 2 | 65 | 2.898 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 36 | 15.252 | 9 | 2 | 38 | 1.441 |
| | 844 | 1 | | 1 | 45 |
| | 384 | 1 | | 1 | 12 |
| | 480 | 1 | | 1 | 17 |
| | 448 | 1 | | 1 | 32 |
| | 3.392 | 1 | 1 | 6 | 248 |
| | 480 | 1 | | 1 | 27 |
| | 600 | 1 | | 1 | 28 |
| | 760 | 1 | | 1 | 36 |
| | 432 | 1 | | 1 | 25 |
| | 688 | 1 | | 1 | 30 |
| | 1.400 | 1 | | 3 | 104 |
| | 576 | 1 | | 1 | 42 |
| | 400 | | | | |
| | 360 | | | | |
| | 1.160 | 1 | | 1 | 34 |
| | 744 | 1 | | 1 | 65 |
| | 7.024 | 2 | 1 | 9 | 484 |
| | 400 | 1 | | 1 | 19 |
| | 400 | 1 | | 1 | 20 |
| | 480 | 1 | | 1 | 31 |
| | 800 | 1 | | 1 | 32 |
| | 624 | 1 | | 1 | 28 |
| | 400 | | | | |
| | 800 | 1 | | 1 | 35 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Слоештица | 720 | - | - | - | - | 720 | 1 | - | 1 | 30 |
| Сапитница | 640 | | | | | 640 | 1 | | 1 | 30 |
| Цер | 1.960 | | | | | 1.960 | 1 | | 2 | 103 |
| Велмевци | 960 | | | | | 960 | 1 | | 1 | 67 |
| Ѓавато | 1.800 | | | | | 1.800 | 1 | | 2 | 92 |
| Смилево | 2.500 | | | | | 2.500 | 1 | 1 | 5 | 213 |
| Цапари | 1.904 | | | | | 1.904 | 1 | | 2 | 135 |
| ВКУПНО: | 76.956 | 21.844 | 584 | | 36 | 99.420 | 72 | 5 | 121 | 4.354 |
| **Леринска каза со Лерин и 46 егзархиски села** | | | | | | | | | | |
| Лерин | 800 | 3.544 | | | | 4.344 | 2 | 1 | 8 | 168 |
| Арменско | 1.440 | | | | | 1.440 | 1 | | 1 | 105 |
| Баница | 2.000 | | | | | 2.000 | 1 | 1 | 4 | 165 |
| Бух | 1.440 | | | | | 1.440 | 1 | | 2 | 90 |
| Горничево | 1.344 | | | | | 1.344 | | | | |
| Нерет | 2.336 | | | | | 2.336 | 1 | | 1 | 35 |
| Пателе | 1.936 | 64 | | | | 2.000 | 1 | 1 | 6 | 212 |
| Попојани | 1.088 | | | | | 1.088 | 1 | | 1 | 54 |
| Тарсие | 1.280 | | | | | 1.280 | 1 | | 1 | 80 |
| Воштарани | 1.032 | 56 | | | | 1.088 | 1 | | 1 | 78 |
| Атос | 1.064 | | | | | 1.064 | 1 | | 1 | 65 |
| Екси- Су | 2.200 | 136 | | | | 2.336 | 1 | | 4 | 225 |
| Прекопани | 1.600 | | | | | 1.600 | 1 | | 2 | 119 |
| ВКУПНО: | 34.008 | 9.480 | | | | 43.488 | 28 | 3 | 48 | 2.040 |
| **Кајларска каза со 10 егзархиски села** | | | | | | | | | | |
| Дебре | 960 | | | | | 960 | 1 | | 2 | 69 |
| Емборе | 1.640 | 120 | | | | 1.760 | 2 | 1 | 1 | 197 |
| Ракита | 960 | | | | | 960 | 1 | | 2 | 95 |
| ВКУПНО: | 5.640 | 5.040 | | | | 10.680 | 10 | 1 | 15 | 627 |
| **Костурска каза со 66 егзархиски села** | | | | | | | | | | |
| Бабчор | 1.360 | | | | | 1.360 | 1 | | 1 | 53 |
| Бобишта | 840 | | | | | 840 | 1 | | 1 | 89 |
| Долно Нестрам | 1.400 | 200 | | | | 1.600 | 1 | | 2 | 40 |
| Д'мбени | 1.640 | | | | | 1.640 | 2 | | 2 | 139 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Горно Нестрам | 1.24o | 2oo | - | - | - | 1.44o | 1 | - | 2 | 73 |
| Кономлади | 1.136 | 4oo | | | | 1.536 | 1 | | 2 | 9o |
| Косинец | 1.56o | | | | | 1.56o | 2 | | 2 | 98 |
| Мокрени | 1.464 | | | | | 1.464 | 1 | | 2 | 153 |
| Смрдеш | 2.36o | | | | | 2.36o | 2 | | 2 | 158 |
| Вишени | 1.28o | | | | | 1.28o | 2 | | 2 | 1o1 |
| Хрупишта | 56o | 1.616 | | | | 2.44o | 1 | | 2 | 37 |
| Загоричани | 3.144 | 48o | | | | 3.624 | 2 | | 3 | 31o |
| ВКУПНО: | 42.816 | 14.584 | | | | 57.o75 | 43 | 1 | 56 | 2.281 |
| **Реканска каза со 19 егзархиски села** | | | | | | | | | | |
| Битуше | 576 | | | | | 576 | 1 | | 1 | 53 |
| Галичник | 4.84o | | | | | 4. 84o | 1 | | 3 | 213 |
| Гари | 1.56o | | | | | 1.56o | 1 | | 1 | 46 |
| Лазарополе | 3.3o4 | | | | | 3.3o4 | 1 | | 3 | 198 |
| Осој | 688 | | | | | 688 | 1 | | 1 | 55 |
| Росоки | 6oo | | | | | 6oo | 1 | | 1 | 28 |
| Тресонче | 1.68o | | | | | 1.68o | 1 | | 2 | 123 |
| ВКУПНО: | 16.2oo | | | | | 16.2oo | 17 | | 22 | 979 |
| **Петричка каза со 63 егзархиски села** | | | | | | | | | | |
| Петрич | 3.392 | 1.o8o | | | | 4.472 | 1 | 1 | 5 | 173 |
| Богородица | 76o | | | | | 76o | | | | |
| Долна Рибница | 1.o88 | | | | | 1.o88 | 1 | | 1 | 19 |
| Игралишта | 1.112 | | | | | 1.112 | 1 | | 1 | 15 |
| Палат | 992 | | | | | 992 | 1 | | 1 | 39 |
| Смоларе | 784 | | | | | 784 | 1 | | 1 | 31 |
| Ститник | 896 | | | | | 896 | 1 | | 1 | 7 |
| Цапарево | 1.32o | | | | | 1.32o | 1 | | 1 | 51 |
| ВКУПНО: | 29.16o | 2.376 | | | | 31.536 | 17 | 1 | 21 | 564 |
| **Демирхисарска каза со 3о егзархиски села** | | | | | | | | | | |
| Шугово | 1.8oo | | | | | 1.8oo | 1 | | 1 | 41 |
| Голешово | 1.8oo | | | | | 1.8oo | 1 | 1 | 2 | 8o |
| Киршово | 1.424 | | | | | 1.424 | 1 | | 1 | 48 |
| Лаихово | 1.68o | | | | | 1.68o | 1 | | 1 | 57 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Спатово | 1.28o | 72o | - | + | - | 2.ooo | 1 | - | 1 | 1oo |
| Долни Пороj | 1.368 | | | | | 1.368 | 1 | 1 | 4 | 79 |
| Горни Пороj | 3.84o | | | | | 3.84o | 1 | 1 | 5 | 16o |
| Крушово | 2.4o8 | 76o | | | | 3.168 | 1 | 1 | 2 | 9o |
| Петрово | 1.224 | | | | | 1.224 | 1 | | 1 | 26 |
| Сеѓулево | 1.536 | | | | | 1.536 | 1 | | 1 | 46 |
| ВКУПНО: | 26.626 | 7.112 | | | | 33.738 | 2o | 5 | 32 | 1.oo3 |
| Воденска каза со 31 егзархиско село | | | | | | | | | | |
| Воден | 3.6oo | 6.28o | 12o | | | 1o.ooo | 2 | 1 | 12 | 441 |
| Месимир | 296 | 96o | | | | 1.256 | 1 | | 1 | 37 |
| Острово | 768 | 272 | | | | 1.o4o | 1 | | 3 | 118 |
| Поjарско | 2.24o | | | | | 2.24o | 1 | | 2 | 52 |
| Саркиново | 1.o16 | | | | | 1.o16 | 1 | | 3 | 169 |
| Сборско | 1.2oo | | | | | 1.2oo | 1 | | 2 | 63 |
| Тресино | 8oo | | | | | 8oo | | | | |
| ВКУПНО: | 17.384 | 13.632 | 12o | | | 31.136 | 2o | 1 | 38 | 1.4oo |
| Мелничка каза со 52 егзархиски села | | | | | | | | | | |
| Белево | 1.28o | | | | | 1.28o | 1 | | 1 | 37 |
| Дебрене | 52o | | | | | 52o | 1 | | 1 | 36 |
| Остава | 1.44o | | | | | 1.44o | 1 | | 1 | 23 |
| Пирин | 1.28o | | | | | 1.28o | 1 | | 1 | 38 |
| Влахи | 2.24o | | | | | 2.24o | 1 | 1 | 2 | 69 |
| Свети Врач | 56o | | | | | 56o | 1 | | 1 | 35 |
| ВКУПНО: | 22.4oo | 1.648 | | | | 24.825 | 26 | 3 | 33 | 88o |
| Гевгелиска каза со 32 егзархиски села | | | | | | | | | | |
| Гевгелиjа | 1.84o | 2.24o | 8o | 8 | | 4.168 | 1 | 1 | 9 | 343 |
| Богданци | 1.4oo | 1.48o | 166 | 144 | | 3.184 | 1 | 1 | 4 | 13o |
| Грчиште | 68o | | | | | 68o | 1 | | 1 | 2o |
| Мачуково | 1.312 | | | | | 1.312 | 1 | | 2 | 141 |
| Миравци | 48o | 28o | | | | 76o | 1 | | 1 | 15 |
| Сеово | 1.12o | | | | | 1.12o | 1 | | 3 | 72 |
| Стоjаково | 1.68o | | | | | 1.68o | 1 | 1 | 4 | 129 |
| ВКУПНО: | 19.o16 | 5.952 | 352 | 432 | 15 | 25.752 | 25 | 3 | 46 | 164 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Серска каза со 31 егзархиско село** | | | | | | | | | | |
| Баница | 1.080 | - | - | - | - | 1.080 | 1 | - | 1 | 38 |
| Бутково | 520 | | | | | 520 | 1 | | 1 | 15 |
| Долно Фраштани | 1.120 | | | | | 1.120 | 1 | | 1 | 54 |
| Горно Фраштани | 768 | | | | | 768 | 1 | | 1 | 14 |
| Горно Броди | 6.480 | 340 | | | | 6.720 | 1 | 1 | 8 | 354 |
| Календара | 624 | 224 | | | | 848 | 1 | | 1 | 28 |
| Равна | 640 | 384 | | | | 1.024 | 1 | | 1 | 370 |
| ВКУПНО: | 21.288 | 26.114 | | | 128 | 47.560 | 27 | 4 | 55 | 3.426 |
| **Солунска каза со 26 егзархиски села** | | | | | | | | | | |
| Солун | 5.600 | 2.160 | | 160 | 80 | 8.000 | 3 | 2 | 37 | 821 |
| Бугариево | 720 | | | | | 720 | 1 | | 1 | 44 |
| Градобор | 760 | 280 | | | | 1.040 | 1 | | 2 | 53 |
| Горно Куфалово | 1.440 | | | | | 1.440 | | | | |
| Ново Село | 552 | 464 | | | | 1.016 | 1 | | 1 | 25 |
| Средно Куфалово | 656 | | | | | 656 | 1 | | 1 | 58 |
| Ватидак | 640 | | | | | 640 | 1 | | 1 | 44 |
| ВКУПНО: | 14.796 | 17.876 | | 386 | 80 | 31.120 | 13 | 2 | 48 | 1.184 |
| **Лагадинска каза со 4 егзархиски села** | | | | | | | | | | |
| Богородица | 240 | | | | | 240 | | | | |
| Негован | 1.540 | 1.072 | | | | 2.616 | | 1 | 2 | 87 |
| Зарово | 1.896 | | | | | 1.896 | | 1 | 3 | 112 |
| ВКУПНО: | 3.776 | 11.012 | | | | 14.788 | | 2 | 5 | 199 |
| **Зилјаховска каза со 5 егзархиски села** | | | | | | | | | | |
| Горенци | 480 | 720 | | | | 1.200 | | | | |
| Калипаково | 3.200 | | | | | 3.200 | | 1 | 2 | 129 |
| Клепошна | 880 | 320 | | | | 1.200 | | 1 | 1 | 28 |
| Скрижово | 2.488 | | | | | 2.488 | | 1 | 1 | 66 |
| Егри -Дере | 1.264 | | | | | 1.264 | | | | |
| ВКУПНО: | 8.312 | 12.920 | | | | 21.232 | | 3 | 4 | 223 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Драмска каза со 6 егзархиски села | | | |
| Дујоредјик | 1.36о | – | – |
| Плевна | 1.92о | 784 | |
| Кабалишта | 44о | | |
| Волак | 96о | 32о | |
| Просочен | 1.296 | 568 | |
| Височан | 1.84о | | |
| ВКУПНО; | 7.816 | 3.о88 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| - | - | 1.360 | - | 1 | 1 | 45 |
| | | 2.704 | | 1 | 3 | 135 |
| | | 440 | | 1 | 1 | 20 |
| | | 1.280 | | 1 | 1 | 67 |
| | | 1.864 | 1 | 1 | 5 | 90 |
| | | 1.840 | | 1 | 1 | 50 |
| | | 11.016 | 1 | 6 | 13 | 407 |

Табеларен преглед број 2

ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД ЗА БРОЈНОСТА НА ЕГЗАРХИСКИТЕ СЕЛА И КУЌИ ВО МАКЕДОНИЈА ПО КАЗИ И НАХИИ ЗА ВРЕМЕНСКИОТ ПЕРИОД ОКОЛУ 19оо ГОДИНА *

| | |
|---|---|
| Серската каза | од вкупно 132 села,62 биле егзархиски со 3.76о егзархиски куќи |
| Нигритската нахија | од 39 села, 22 биле егзархиски со 862 егзархиски куќи |
| Демирхисарска каза | од 74 села 58 биле егзархиски со 5.235 егзархиски куќи |
| Петричка каза | од 74 села, 6о села биле егзархиски со 3.349 егзархиски куќи . |
| Мелничка каза | со 51 село, 46 биле егзархиски со 2.382 егзархиски куќи . |
| Горно Џумајска каза | од 37 села, 33 биле егзархиски со 3.о52 егзархиски куќи. |
| Неврокопска каза | сите 87 села биле егзархиски со 5.893 куќи. |
| Разлошка каза | Сите 13 села биле егзархиски, со 3.544 куќи. |
| Битолска каза | со 123 села од вкупно 7.128 куќи,5.1о8 биле егзархиски. |
| Горна Преспа | во 3о села од вкупно 2.227 куќи, 1.674 биле егзархиски. |

* Табеларниов преглед бр.2,3 и 4 го направивме спрема статистичките податоци на Васил Кнчов - Избрани произведенија, том I и II, София, 197о.

| | |
|---|---|
| Долна Преспа | во 37 села и од 1.668 куќи, 1.398 биле егзархиски. |
| Охридска каза | од 1оо села, 94 биле егзархиски. |
| Велешка каза | од 89 села во 77 живееле егзархисти,од 5.234 куќи, 3.532 биле егзархиски. |
| Малешевска каза | во 15 села од 2.68о куќи, 2.о2о биле егзархиски а од вкупно 17.44о жители, 14.14о биле егзархисти. |
| Кочанска каза | имала 42 егзархиски села, а од вкупно 19.5оо жители, 18.ооо биле егзархисти. |

Табеларен преглед број 3

# ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД ЗА СКОПСКАТА ЕГЗАРХИСКА ЕПАРИЈА

Скопската егзархиска епархија во 1900 година имала 497 села со 30.902 куќи. Од нив 24.760 куќи биле егзархиски а останатите 6.133 куќи патријаршиски.

Во Скопската каза имало 4.066 егзархиски куќи со 709 патријаршиски,

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Кумановска каза | 2.932 | егзарх.куќи | со | 810 | патриаршиски |
| Тетовска каза | 2.904 | " | " | 870 | " |
| Кочанска каза | 2.750 | " | " | 162 | " |
| Кратовска каза | 2.504 | " | " | 108 | " |
| Паланечка каза | 3.104 | " | " | 12 | " |
| Штипска каза | 3.492 | " | | - - - - - | |
| Малешевска каза | 3.117 | " | " | 140 | " |
| Во Скопје имало | 1.647 | " | " | 123 | " |
| " Тетово " | 860 | " | " | 150 | " |
| " Гостивар " | 45 | " | " | 5 | " |
| " Кр. Паланка " | 245 | " | " | 6 | " |
| " Куманово " | 870 | " | " | 124 | " |
| " Кратово " | 255 | " | " | 45 | " |
| " Кочани " | 445 | " | " | - - - - - - | |
| " Пехчево " | 164 | " | " | - - - - - - | |
| " Штип " | 1.700 | " | " | - - - - - - | |

## ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД брoj 4

Спрема вториот том од Васил Кнчов, стр.592 еве како изгледало македонското егзархиско население по кази во проценти:

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Малешевска каза | 97% | биле егзархисти | | | |
| Разлошка " | 96% | " | Битолска каза | 6о% | егзархисти |
| Тиквешка " | 92% | " | Кочанска " | 58% | " |
| Криво Паланечка " | 88" | " | Струмичка " | 57% | " |
| Кратовска " | 82% | " | Скопска " | 55% | " |
| Воденска " | 82% | " | Кукушка " | 5о% | " |
| Прилепска " | 8о% | " | Дебарска " | 48% | " |
| Неврокопска " | 8о% | " | Штипска " | 45% | " |
| Горно Џумаjска " | 8о% | " | Радовишка " | 45% | " |
| Кичевска " | 79% | " | Гевгелиска " | 42% | " |
| Енице Вардарска | 76% | " | Тетовска " | 4о% | " |
| Реканска " | 73% | " | Серска " | 38% | " |
| Охридска " | 73% | " | Дojранска " | 37% | " |
| Кумановска " | 71% | " | Драмска " | 34% | " |
| Петричка " | 69% | " | Лагединска " | 25% | " |
| Костурска " | 68% | " | Кajларска " | 2о% | " |
| Велешка " | 66% | " | Солунска " | 18% | " |
| Мелнишка " | 63% | " | Берска " | 16% | " |
| Леринска " | 63% | " | Кавалска " | 15% | " |
| Демир Хисарска " | 61% | " | | | |

# С О Д Р Ж И Н А

- Предговор. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 1
- Осврт на изворите и литературата . . . . . . . . . . . 4

ПРВ ДЕЛ

ДЕЈНОСТА НА БУГАРСКАТА ЕГЗАРХИЈА ВО МАКЕДОНИЈА ОД НЕЈЗИНОТО ОСНОВАЊЕ ДО ФОРМИРАЊЕТО НА ТАЈНАТА МАКЕДОНО-ОДРИНСКА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОРГАНИЗАЦИЈА 187о-1893 год.

1. Општествено-политичките прилики во Отоманската империја и Македонија во втората половина на XIX век. . . 1
2. Борбата за еманципација од Цариградската патријаршија и стремежот на македонскиот народ за посебна македонска автокефална црква . . . . . . . . . . . . . . 3
3. Основање на Бугарската егзархија . . . . . . . . . . 7
4. Политиката на Бугарската егзархија во Македонија од нејзиното основање до формирањето на Тајната Македоно-Одринска револуционерна организација (187о-1893) 15
5. Отпорот против егзархиската дејност во Македонија од нејзиното основање до формирањето на Тајната Македоно-Одринска револуционерна организација(187о-1893) 35

ВТОР ДЕЛ

ЕГЗАРХИЈАТА И МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНООСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ ОД ОСНОВАЊЕТО НА ТАЈНАТА МАКЕДОНО-ОДРИНСКА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОРГАНИЗАЦИЈА ДО ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ 1893 - 19о3 год.

1. Општествено-политичките претпоставки за создавањето на Тајната Македоно-Одринска револуционерна организација . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 55
2. Егзархиската политичка дејност во Македонија по формирањето на Тајната Македоно-Одринска револуционерна организација. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .58

3. Отпорот против политичката дејност на Бугарската егзархија првите години по формирањето на ТМОРО. . 76

4. Обид за централизација и узурпирање на македонските црковно-училишни општини и отпорот против таквата егзархиска дејност . . . . . . . . . . . . . . . 99

5. Обид на ТМОРО за поставување учители - револуционери на важни пунктови во Македонија. Средба на Ѓорче Петров со егзархот Јосиф I . . . . . . . . . . . . . 12о

6. Судирите на Тајната Македоно-Одринска револуционерна организација со егзархискиот црковно-просветен апарат во Македонија по средбата помеѓу Ѓорче Петров и егзархот Јосиф I . . . . . . . . . . . . . . . . 125

7. Односите помеѓу ТМОРО и Егзархијата во Солун пред и по основањето на Револуционерното братство . . . . . 151

8. Ставот на Бугарското кнежевство и Егзархијата спрема Македонското националноослободително движење. . 16о

9. Училишните кружоци и бунтови против егзархиската денационализаторска и асимилаторска политика во Македонија . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 166

1о. Ставот на Македонските социјалисти спрема Македонското националноослободително движење и Бугарската егзархија . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 172

11. Егзархијата и мак донското националноослободително движење во предилинденскиот период . . . . . . . . . . 179

## ТРЕТ ДЕЛ

### ЕГЗАРХИЈАТА И МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНООСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ ОД ИЛИНДЕНСКИОТ ПЕРИОС ДО МЛАДОТУРСКАТА РЕВОЛУЦИЈА (19о3-19о8) год.

1. Егзархијата и Илинденското востание. . . . . . . . . 184

2. Егзархијата и Македонското национооанлноослободително движење по Илинденското востание . . . . . . . . . . 186

3. Судирите на Тајната Македоно-Одринска револуционерна

организацијата со егзархискиот црковно-просветен апарат во Македонија по Илинденското востание до Младотурската револуција. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 195
4. Училишните кружоци и бунтови против егзархиската денационализаторска дејност во Македонија во илинденскиот период . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 210
5. Ставот на ВМРО спрема Егзархијата на окружните конгреси на Органозацијата и на Рилскиот конгрес . . . . 216
6. Егзархијата и македонското националноослободително движење по Рилскиот конгрес до Младотурската револуција . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 221
7. Заклучок . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 229
- Библиографија . . . . . . . . . . . . . . . . . . 245
- Објаснение на кратенките . . . . . . . . . . . . . 263

АНЕКС КОН ТЕМАТА

- Карта I, - Егзархиската јурисдикција во Македонија . . .
- Карта II,- Просветните прилики во Македонија во 1902 год.
- Табеларен преглед бр.1,- Табеларен преглед за бројот на македонското егзархиско население и просвета за временскиот период 1902-1904 година . . . . . . . . . . . . 1
- Табеларен преглед број 2,- Табеларен преглед за бројот на егзархиските села и куќи во Македонија по кази и нахии за временскиот период околу 1900 година . . . . . . . . . 13
- Табеларен преглед број 3,- Табеларен преглед за Скопската егзархиска епархија . . . . . . . . . . . . . . . . 15
- Табеларен преглед број 4 . . . . . . . . . . . . . 16